ЕДИЦИЈА ВО ЧЕСТ НА БЛАГОЈА КОРУБИН
МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ЈАВНОТО ОПШТЕЊЕ
Редактор на едицијата: Снежана Велковска

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК**
**„КРСТЕ МИСИРКОВ“**
Јазикот наш денешен кн. 21

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНИОТ СОБИР

# СОВРЕМЕНИТЕ ЛИНГВИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА ВО МАКЕДОНИСТИКАТА

# ПРИДОНЕСОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ЛИНГВИСТИ ВО СТАБИЛИЗАЦИЈАТА И ВО СТАНДАРДИЗАЦИЈАТА НА ЈАЗИЧНАТА НОРМА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

одржан на 11-12 мај 2011 година

Скопје, 2012

**Редакциски одбор**:

д-р Снежана Велковска
д-р Снежана Веновска-Антевска
д-р Олгица Додевска-Михајловска
м-р Катица Топлиска-Евроска
м-р Фани Стефановска-Ристеска

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
**811.163.3(062)**

СОВРЕМЕНИТЕ лингвистички истражувања во македонистиката; Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик : зборник на трудови од научниот собир одржан на 11-12 мај 2011 / [редакциски одбор Снежана Велковска... и др.]. - Скопје : Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2012. - [175] стр.; 24 см - (Едиција во чест на Благоја Корубин „Јазикот наш денешен“ ; кн. 21)

Фусноти кон трудовите. - Библиографија кон трудовите

**ISBN 978-608-220-018-7**

а) Македонски јазик - Собири
**COBISS.MK-ID 91167498**



Традиционалната манифестација ***Денови на Благоја Корубин***, овојпат збогатена со одбележањето на 90 годишнината од раѓањето на Благоја Корубин а со поддршка на Собранието на Република Македонија, се одржа на 11 и 12 мај 2011 година во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков". Оваа година научниот собир се одвиваше на две теми: првата, *Современите лингвистички истражувања во македонистиката* и втората, *Придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик.* Традиционално, Собирот се одвиваше во два дела. Во првиот дел беше промовиран Зборникот од минатогодишниот собир. Зборникот со реферати го промовираше д-р Светлана Дваковa-Ѓоргиева. Во работниот дел, на двете теми беа презентирани вкупно 33 реферата. На сите учесници срдечно им благодариме.

УДК 929 Корубин,Б.
811.163.3

*Снежана ВЕЛКОВСКА*

# 90 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА БЛАГОЈА КОРУБИН

Годинава имавме среќа и задоволство Собранието на Република Македонија да го прифати предлогот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" да се одбележи 90 годишнината од раѓањето на Благоја Корубин. Всушност, тука се совпаѓаат неколку јубилеја покрај веќе споменатиот. Ова е 15. научен собир од манифестацијта *Денови на Блаīоја Корубин* која еве стана традиција и си доби свое место во нашиот лингвистички центар и можеби влијаеше на споменатата одлука. Понатаму, Зборникот што денес го промовиравме е 20-та книга од едицијата *Јазикоѿ наш денешен* посветена првенствено на јубиларот, значи зборници од одржаните собири, но и монографски трудови почнувајќи со кн. 5 и 6 *Јазикоѿ наш денешен*, книги кои Корубин ни ги остави во аманет ние да ги подготвиме за печат во духот на претходно од него подготвените четири книги. Тука морам да го споменам неговиот прерано починат син син, Јован Корубин, кој даде свој придонес во креирањето на сите погоре наведени манифестации. Значи, сè што е направено и сè што правиме, и се надевам ќе правиме во иднина е договорено, односно е во согласност со семејството, првенствено со неговиот син Јован Корубин и кој самиот пишуваше за јазикот од социолошки поглед, пред сè.

Најпрвин да се потсетиме кој беше Благоја Корубин особено што тука има и помлади колеги кои не го затекнаа жив и

не го запознаа, туку слушаат и учат од него од напишаното и од нашите спомени.

Благоја Корубин е роден во Прилеп на 1 март 1921 година, каде што се здобива со основно и средно образование. Во учебната 1940/41 година се запишува на Филозофскиот факултет на Белградскиот универзитет во Скопје. Војната ги прекинува неговите студии. По ослободувањето преминува во Скопје (1946) на работа во Издавачкото претпријатие „Култура", како јазичен редактор. Во учебната 1947/48 Благоја Корубин се запишува на новоснованиот Филозофски факултет во Скопје, на групата за македонски јазик. Како член на КПЈ активно е вклучен во прогресивното движење на студентите. Забележан и неговиот говор на македонски јазик на мартовските демонстрации во Скопје, по пристапувањето на Кралството Југославија кон Пактот во 1941 година. Во октомври 1941 година излегува со првиот партизански одред „Гоце Делчев" во Прилеп и учествува во востаничката акција на 11 октомври. По некој ден паѓа во рацете на окупаторските власти и, осуден како учесник во Одредот, времето до крајот на војната, септември 1944, го поминува во фашистичките затвори, во Скопскиот затвор и во Хасково. Тука ги напишал и првите стихови на македонски јазик. Зачувани се неколку литературни дела на Корубин меѓу кои најпозната е „Песна на скопските затвореници", која се пеела, како и некои други. За расказот „Првите излегуваат" добива прва награда на конкурсот за најдобра литературна творба за 1947 година. Од разговорите со него знам за неговата желба да пишува повеќе, можеби роман или нешто слично, но изгледа преокупацијата со јазичните прашања не му оставија време за таква активност.

По ослободувањето Бл. Корубин извесно време раборел во Прилеп, а потоа, во 1946 година преминува во Скопје како јазичен редактор во Издавачкото претпријатие „Култура". Во моментот кога го завршува факултетот со одличен успех (1952), на работа е во Институтот за здравствено просветување на СРМ, во кој го раководи одделот за печат. Следната година (1953) станува асистент на Одделението за јазик на Институтот за фолклор, кое по два месеца, на 1 март 1953 се

осамостојува во Институт за македонски јазик. Всушност, тој е првиот вработен во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Се пензионира во 1986 како раководител на Одделението за современ јазик при Институтот.

Благоја Корубин рано почнува да се интересира за јазичната проблематика. Неговиот прв напис „Повеќе вера во нашиот јазик“ објавен скоро на цела страница во в. Нова Македонија од 23. 02. 1947, одигра значајна улога при дополнувањето на „паравописот“ во врска со таканареченото ***уење***, односно во врска со глаголите од типот ***кӯпува, кажува, седнува, сӣанува*** кои во првиот правопис се смесетнени во **е-** групата (***кӯпуе, кажуе, седнуе, сӣануе***). Веќе во следната 1948 година се прави промена на еден дел од Правописот во прилогот „Промени и дополненија на нашиот правопис“, Нова Македонија, 15. 04. 1948 година во кој се врши измена токму кај овие глаголи кои се преместуваат во **а-**група и го го добиваат ликот ***кӯпува, кажува, седнува, сӣанува*** итн.

Влијанието на Корубин врз нормата на македонскиот стандарден јазик ќе биде континуирано во текот на целокупната негова активност на полето на јазикот, а тоа е сѐ до неговата смрт во 1995 година на 17 февруари 1995 година.

Благоја Корубин е еден од составувачите на Речникот на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања во три тома. Автор е на делот со почетните букви: **а, б, е, ј, л, љ, м, н, о, т, ќ, у, ч, џ** и **ш.** За значењето на Речникот тука нема да зборувам. По завршувањето на работата над Речникот, Благоја Корубин веќе во звањето научен соработник, станува раководител на Одделението за современ македонски јазик, со основна задача: **проучување на граматичката структура на македонскиот јазик.**

Уште од неговите први студентски и асистентски трудови, а особено со солидната дипломска работа ***Јазикоӣ на Крсӣе Мисирков***, објавена 1956 година во едицијата *Диӣломски рабоӣи* на Филозофскиот факултет во Скопје, започнува обемната и плодна дејност на Благоја Корубин на полето на лингвистичката наука. Тој е автор на повеќе од 200 научни и стручни трудови од областа на јазикот во кои се зафатени повеќе

тематски подрачја како што се: литературните јазици - норма и развој, прашања од синтаксата и морфологијата на македонскиот јазик, зборообразувањето, адаптирањето на туѓата лексика во македонскиот јазик, ономастиката, практичната проблематика на македонскиот литературен јазик, јазичното планирање и др. Бидејќи поширок осврт на неговата работа е прикажан по повод неговиот шеесетти роденден од неговите соработници: Лилјана Минова-Ѓуркова, Живко Ст. Ризовски, Димка Митева, Љубица Станковска, Славко Здравковски и библиографија на неговите трудови - Снежана Периќ-Корубин, во сп. Литературен збор бр. 6 за 1981 година, тука ќе дадеме само покуси видувања со цел да се потсетиме на ликот и делото на Благоја Корубин. Целосната библиографија на трудовите на Бл. Корубин, дополнета и одобрена од самиот Корубин, ќе биде објавена во зборникот од овој научен собир а изработена пред многу години, пред тој да почине, од Снежана Велковска.

Почнувајќи од далечната 1956 година, најпрвин како ***Поуки за јазикот***, а потоа како ***Јачино катче***, Благоја Корубин цели 35 години редовно соработува, пишува во в. Нова Македонија, уредувајќи го толку популарното Катче кое стана своевиден белег, препознатлив знак на Нова Македонија, изјава на тогашниот уредник на одделот култура во в. Нова Македонија, г. Глигор Стојковски (НМ, 22 март „Уредникот на *Јазичното катче*). Плод на таа долгогодишна и неуморна активност се шесте книги (1969, 1976, 1980, 1986, 2000 и 2001) објавени под заеднички наслов ***Јазикот наш денешен*** во склад со библиското *Лебот наш насушен.*

При обработката на поставените прашања во Катчето, Корубин не се определува за принципот, како што самиот вели во предговорот кон првата книга *Јазикот наш денешен* „**’не така - туку вака’**, сметајќи дека е потребно не само да се научува напамет ова или она од јазикот, како нешто еднаш дадено еднаш за секогаш, ами да се подига свеста за него, да се изградува однос спрема него“. На изградувањето на свесниот однос кон јазикот, Благоја Корубин работи целиот свој живот.

Поставените проблеми секогаш настојува да ги разјасни со едно стручно и научно објаснение, не задоволувајќи се и не

сведувајќи ги прашањата на чиста рутина. „Практиката не задоволува со чиста рутина, ами бара да се осмисли со науката, како што бара и нуката да ја најде својата смисла во практиката" е мисла од споменатиот предговор, но, слободно можеме да речеме и мисла водилка низ целиот работен век на Благоја Корубин. Низ целата своја работа тој го бара и го наоѓа оној „мост преку кој се оди од теоретските ставови кон нивното практично спроведување". Колку Корубин се внел во оваа работа и колку тоа имало позитивен одглас во народот е и податокот дека тој добивал многу писма од читатели со прашања, коментари, пофалби и критики. Замислете што би било кога тоа би се одвивало во време на денешните можности со електронските комуникации и социјалните мрежи.

Една од задачите што си ја постави Бл. Корубин пред себе е да даде „динамична слика на развојот на македонскиот литературен јазик и на неговите норми во определен период; или поинаку кажано, жива (филмска, кинематографска) слика на динамиката на тој развој". Корубин го зафаќа „прашањето за нормите во нивниот живот, земајќи ги во нивното настанување, стабилизирање, понатамошно развивање и менување, значи, во нивната динамика".

Речиси нема тема и подрачје во науката за јазикот за која Корубин нема пишувано, за која го нема дадено своето компетентно мислење, честопати со решение што е општо прифатено во македонистиката. Едноставно, доволно беше пред него, така да се рече, на кафе пиење, да се спомене одреден јазичен проблем и тој да почне да зборува на таа тема, да размислува и дома, како што ни советуваше и на нас, неговите асистенти, па честопати од тоа да произлезеа и соодветни трудови. Почнувајќи од правописот и од фонетиката со темите за слоговното делење на зборот, за туѓиот акцент, белешките за правописот на одредени зборови, преку морфологијата и зборообразувањето (збирната множина, глаголските именки на **-ње**, одглаголските именки со суфиксот **-ба**, за сложените придавки, развојот на девербативните придавки, партиципите на презентот) до синтаксата (значењето и употребата на предлогот **на**, предлошки објект, за релативната реченица и за некои

кондензатори на релативната фраза, местото на глаголот **сум** како помошен и како врска, апозицијата и идентификацијата на планот на изразот, за членот) сè до синтаксата на глаголот, Благоја Корубин ни нуди оригинални решенија за најразлични прашања од македонскиот стандарден јазик.

Не случајно Корубин ја изделува синтаксата на реченицата од синтаксата на глаголот („На македонистички теми" ИМЈ 1990). Тоа е област со која Корубин се занимаваше последните десетина и повеќе години од својот живот, област во која Корубин го дал својот најголем придонес за македонистиката, славистиката и воопшто на планот на јазичните универзалии. Ќе ги споменеме само неговите трудови за дезаргументацијата на преодните и аргументацијата на непреодните глаголи, за безличната глаголска форма со **се**, за пасивот со **се**, за дезаргументацијата на агенсниот субјект во однос на семантичката структура на реченицата. Тоа се трудови со кои Корубин се вбројува меѓу најдобрите познавачи на македонскиот јазик, како во домашни така и во меѓународни рамки.

Треба посебно да се одбележи учеството на Бл. Корубин во работата на Меѓународната комисија за изучување на граматичката структура на словенските јазици. Од работата во оваа Комисија, произлезени се многубројни одговори на круцијални прашања од областа на македонскиот јазик, од загатнување на проблемот, предлог за негово решавање до негово целосно разрешување.

Секојдневната преокупација со прашањата на литературниот јазик, нужно го навеле и на некои општественојазични проблеми, на некои социолингвистички прашања. Со книгата *На македонски историосоциолингвистички теми* (1994) во која се отпечатени трудовите на Бл. Корубин од областа на социолингвистиката, тој се вбројува во основоположниците на оваа гранка од лингвистиката кај нас. Терминот ***литературнојазична норма*** покрај многу други се негово дело.

Како круна на неговата дејност доаѓа првиот том од ***Интенцијално-синтаксичкиот речник на македонските глаголи А-Ж*** подготвен заедно со неговите соработници и Анексот кон

речникот во кој е изнесен методолошкиот и теоретскиот пристап за обработка на речникот. На Речникот му претходеше ***Пробнаѿа свеска*** изработена од него самиот. Самиот тој овој свој труд го сметаше за *лебедова ӣесна*, чувствувајќи го скорешниот крај. Од Речникот излегоа вкупно шест тома (том 2 - 1997 З-К; том 3 - 2000 Л-О; том 4 2001 П; том 5 2001 Р-С; том 6 2001 Т-Ш). Во меѓувреме се случуваа секакви работи, не се за споменување во еден ваков свечен момент, но факт е дека неговото име остана до крај на Речникот како што веројатно нема друга таква пракса во светот (в. го речникот на Де Бреј, на пр.). Речникот ја доби наградата „13 Ноември".

Благоја Корубин беше најпознатиот од лингвистите меѓу народот. Го препознаваа на улица, во продавница, на пазар, прашувајќи го и таму за ова или она прашање од јазичната проблематика. Оваа препознатливост доаѓаше не само од ***Јазичноѿо каѿче***, ами и од честите емисии на радиото и телевизијата за кои тој наоѓаше време, покрај сите други преокупации, да учествува сè со цел, како што самиот велеше, да се гради свеста меѓу народот.

Како раководител секогаш беше подготвен за соработка. Корубин не разговараше по телефон со своите соработници, се разбира ако беа во Институтот. Знаеше кај секој да појде, да поразговара, многупати да биде *рамо за ӣлачење* со татковска грижа за секој од нас.

Еднаш на еден научен собир посветен на Благоја Корубин, проф. Лилјана Минова-Ѓуркова, една од неговите први соработнички рече дека Корубин, парафразирам, добил повеќе чествување и признание по смртта отколку додека бил жив и можел на тоа да му се радува. Вистина, тој никогаш не стана директор на Институтот или претседател на Научниот совет. Дури, поради неговото минато, кога јас почнав да работам кај него, бев предупредена како тогашен член на СК, да внимавам, бидејќи тој бил на Голи Оток. А се знае кои и какви луѓе оделе таму. Јас не почувствував дека од нешто треба да се пазам во контактите со него, напротив.

Иако неговото лингвистичко дело е навистина импозантно, досега ниту една улица или училиште или друга установа не го

добила неговото име. Останува ние во Институтот секоја година да ја потсетуваме јавноста на делото на Благоја Корубин. И сега доаѓаме до еден фразеолошки израз во македонскиот јазик што многу личи на многу излитена фраза ***великаните никогаш не умираат***, бидејќи при комеморациите на видни личности сите го кажуваат посоченото или слично на тоа, колнејќи се дека никогаш нема да го заборават покојникот и дека ќе го следат неговото дело. Овој фразеолошки израз, во случајот на Благоја Корубин престанува да биде излитена фраза. Ние не го заборавивме нашиот учител. Учител во вистинска смисла. Тој остави зад себе кадар што продолжи по неговиот пат исполнувајќи ги задачите што дадениот момент ги налагал. Зборниците што ги објавуваме од научните средби посветени на Благоја Корубин се високо оценети и барани и во другите славистички центри. И тоа е најголемото благодарам што можеме да му го кажеме на нашиот раководител, на нашиот учител.

И пред да завршам, би сакала, особено пред младите колеги да искажам една мисла, едно нешто што за жал не го научивме од постарите, од првата и славна тројка на Институтот: Корубин, Димитровски, Стаматоски. Не го научивме или го заборавивме или некој ни рече дека тоа не е во мода. А тоа е дека тие и покрај сите нивни професионални и лични недоразбирања, можеби дури и кавги, секогаш кога беше во прашање Институтот, односно прашањето за јазикот беа единствени. Единствени и неприкосновени.

Да не се заборави!

УДК 811.163.3(038)

*Олīица ДОДЕВСКА-МИХАЈЛОВСКА*

# РЕЧНИКОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК – ЗНАЧАЈНА ПРИДОБИВКА НА МАКЕДОНСКАТА НАУЧНА МИСЛА

Во рамките на овој настан, со оваа тема се вклучуваме во одбележувањето на 50-годишниот јубилеј од објавувањето на првиот том на Речникот на македонскиот јазик.

Инспирацијата доаѓа, пред сè, од чувството на длабока почит и признание кон основачите на македонската научна мисла, но и кон сите научни и културни дејци коишто вложија извонредни јазикотворечки напори, особено во првиот период од долговековниот историски развој на македонскиот јазик во кој тој можеше да се развива во нормални услови и да ги остварува сите функции на еден јазик.

Анализите од проучувањето на развојните тенденции во лексиката на македонскиот јазик во периодот од 1945 до 1970 година, упатува на заклучокот дека историјата и природата на тоа импозантно и разнообразно дело е по многу нешта, истовремено, и своевидна историја на македонската наука за јазикот.

А развојот на македонистичката мисла е неразделно поврзан со аналитичката мисла на Крсте П. Мисирков и со неговото претходништво во процесот на македонскиот национален развој. Идеите за кодификација на македонскиот јазик ги изведе тој врз автентичната природа на македонскиот јазик, но и врз неговата специфична развојност дотогаш. Па затоа, и при кодификацијата на македонскиот литературен јазик тие становиш-

та беа најприродно и скоро безрезервно прифатени како основа за создавањето на македонскиот литературен јазик.

Периодот 1945-1970 година е период на големи и значајни датуми за стандардизацијата на македонскиот јазик поврзани со основачите на лингвистичките проучувања во Република Македонија: кодификацијата на македонскиот литературен јазик (1945), Граматиката на македонскиот јазик од Круме Кепески (1946), Првиот македонски правопис (1950), Граматиката на македонскиот јазик од Блаже Конески, (прв дел 1952, втор дел 1954), Речникот на македонскиот јазик во три тома 1961,1965 и 1966 година и Македонскиот правопис со правописен речник (1969). Правописите од 1950 и 1969 година се изданија со правописни речници. *Правописот на македонскиот литературен јазик со правописен речник,* издаден во 1970 година, понуди дополнувања и доуточнувања на старите правописни правила, но врз основа на тритомниот Речник понуди и нови решенија за порано незасегнати прашања. Овој правописен речник се ориентира кон поголема диференцијација на стандардната од дијалектната лексика.

Ќе одбележиме дека во овој период од посебно значење е развојот на македонската литература, што се одрази и во јазикот, на планот на лексиката. Напоредно со развојот на македонистиката и општо на филолошката наука отпочна и иследувањето на јазикот на уметничката литература.

Познато е дека придонесот на проф. Блаже Конески при решавањето на клучните прашања сврзани со нормирањето на јазикот е од непроценливо значање. При ваков повод не сме во можност да ги наброиме имињата на сите творци што придонесоа за унапредувањето на македонската лингвистичка мисла во овој период, но им изразуваме длабока благодарност за нивното дело.

Следејќи го живо сестраниот развој на македонскиот литературен јазик, Блаже Конески прв ќе сигнализира на расчекорот меѓу барањата на практиката и реагирањето на науката. Токму затоа, во 1950 година почна да излегува првото стручно списание *Македонски јазик*, во почетокот како билтен на Катедрата за македонски јазик, а од основањето на Инсти-

тутот како негов орган. Во својство на главен и одговорен уредник на Списанието, Конески иницира голем број дискусии по разни прашања, што ги наложуваше јазичната практика во тоа време и повика на акција за собирање и средување на речнички материјал. Покрај ова, тој ги одреди и рамките во кои треба да се движи целокупната дејност во областа на лексиката. Во списанието *Македонски јазик* тој ги собра сите сили што работеа на полето на јазикот и разви жива јазична активност. Неговата проникливост покрена темелнички процес кој незапирливо тече до денес.

Во 1954 година, тројца асистенти од првата генерација дипломирани студенти на Групата македонски јазик на Филозофскиот факултет во Скопје, Т. Димитровски, Б. Корубин и Т. Стаматоски, во штотуку основаниот Институт за македонски јазик, започнаа со обработка на лексички материјал за познатиот *Речник на македонскиот јазик* со српскохрватски толкувања под раководство на Блаже Конески. Ним им претходеше преведувачка, лекторска и друга дејност на културен план. Нивната лингвистичка ориентираност, особено кон актуелните прашања од јазичната практика, ја регистрираме уште кон крајот на првата деценија од кодификацијата. Иако веќе беа поставени принципите врз кои требаше да се создава речничкиот фонд на македонскиот литературен јазик, нашите културни дејци имале многу сложена и одговорна задача: од еден народен јазик да се создаде литературен јазик што ќе може да одговори на сите општествени потреби. Тие, пак, диктирале да се дејствува во јазичната практика бидејќи, природно, постоеле празнини и неотпорности. Во овој период, во прво време, ќе се јави извесен отпор кон зборообразувачките неологизми од страна на дел од македонската интелигенција што го стекнала своето образование на српски или на бугарски јазик. Благоја Корубин, уште во 1947 година јавно ќе се вклучи во општата дискусија за зборообразувачките неологизми и ќе застане против конзерватизмот во одредени кругови од интелегенцијата: цитирам: „... тие, новосоздадените (зборови), отпрвин звучат некако празно, не го носат целиот товар на заменетиот збор... Подруго би било кога наедно со новиот збор би се создавал и

внесувал и нов поим. Тешкотијата е, во случајов, во тоа што ние треба содржината на еден поим, на една претстава да ја одделиме од формата преку која што сме ја попримиле и да ја пренесеме во нова форма. А за тоа треба извесен напор. Токму во избегнувањето на тој напор, во предавањето на навикот, се состои тој конзервативизам" (Б. Корубин 1947: 5). Во истата статија од весникот *Нова Македонија*, Благоја Корубин го разгледува и проблемот околу тешкото восприемање на имперфектизираната глаголска форма со *-уе* и именските образувања од овие основи. Причината за ваквата состојба, според него, лежи во недоволната елаборација на причините и предноста за нејзиното внесување како стандарднојазична норма. На крајот од статијата Благоја Корубин ја актуелизира важноста на свесното насочување во развојот и установувањето на стандарднојазичната норма и тоа повеќе како практична проверка на планираното, како следење, опис и проучување на она што се јавува како ново во јазикот. Во ова статија тој ќе го изведе заклучокот: „Јазикот наеднаш не се гради. Она што поради долгата употреба се вгнездило длабоко во свеста на нашиот човек не може да се премавне како со нож" (Б. Корубин 1947: 5).

Ќе истакнеме дека тројцата обработувачи на Речникот стекнуваа плодотворно искуство во јазичната практика (особено во преводите на делата од руската и тогашната југословенска литература) и дејствуваа во насока на установувањето на стандардната лексика во македонскиот јазик. Од самиот лингвистички почеток објавуваа прилози во сп. *Македонски јазик*, во други стручни списанија (*Културен живот, Современост и Литературен збор*) и во весникот *Нова Македонија*, особено во рубриката *Поуки за јазикот*.

Појавувањето на првата книга од *Речникот на македонскиот јазик* во 1961 година, во домашната јавност, беше окарактеризирано како *голем настан во културата на македонскиот народ*, што кореспондира со ставот на Мисирков во врска со натамошниот национален развој: *развојот на јазикот е неразделен дел од развојот на македонската култура.*

Речникот на македонскиот јазик го претстави зборовното богатство на македонскиот јазик и во значајна мера ги

класифицира зборовите и нивните значења со соодветни ознаки на стилистичката и функционално ограничената употреба. Овој колективен труд покажа дека лексичкиот корпус е доста развиен, дека се потпира на традицијата и дека се збогатува во согласност со основните принципи прокламирани при кодификацијата. Приведените еквиваленти од српскиот, односно хрватскиот јазик, особено во првиот том, имаат објаснувачки карактер.

*Редакцијата*, ќе забележи Т. Димитровски, *се раководеше од мислата дека е потребно лексиката на нашиот јазик да ѝ се претстави на научната, посебно на славистичката јавност преку друг попознат словенски јазик.*

Во 1962 година, истакнатиот полски македонист, академик Зузана Тополињска, во својот приказ на првиот том од Речникот, објавен во германско славистичко списание, меѓу другото, ќе истакне: *По правописот и граматиките Речникот е трета и секако најсуштествена работа од гледиштето на широко сфатената компаративна лингвистика, која, на македонскиот јазик ќе му обезбеди едно независно место во секоја славистичка библиотека.*

Речникот на македонскиот јазик е од темелно значење за установувањето на стандарднојазичната лексика, зашто врз него се работеше во период на манифестација на нејзините најсложени и најделикатни процеси. Тој одигра значајна улога во утврдувањето и усвојувањето на стандарднојазичната лексика, но истовремено го посочи понатамошниот пат во развојот на стандардниот јазик и во затврдувањето на неговата норма. Речничките единици послужија како дескриптивен научен материјал на огромен број сериозни и комплексни студии во македонистиката, но и во славистиката општо, но и како основа за двојазичните речници со македонска варијанта објавени во овој временски отсек (*Бугарско-македонски речник, Италијанско-македонски речник, Руско-македонски речник, Српскохрватско-македонски речник*) и многу други, објавени подоцна. Сегашната генерација македонски лингвисти - истражувачи на македонскиот збор му посветува сериозно внимание на овој капитален лексикографски труд. Денешните истражувачи не почнуваат од

нула. Тие ги имаат во наследство, прецизните и драгоцени инструкции на генерација истражувачи како Т. Димитровски, Б. Корубин и Т. Стаматоски кои работеа полетно и фанатично инспирирани од осмислувачот и редакторот на Речникот, професорот Блаже Конески. Оваа значајна придобивка на македонската научна мисла треба да остане патоводна ѕвезда во сегашниве и идните предизвици на македонистиката. Составувачите на тритомниот речник со својот творечки однос останаа столбови во издигнувањето на оваа наша научна институција. Должни сме постојано да се навраќаме на она што го направија тие за своите следбеници, зашто нивниот вид знаење по однос на лексикографската дејност нè задолжува сите. Тој однос е наша должност, наша одговорна задача, наша голема обврска.

УДК 811.163.3’367

*Живко ЦВЕТКОВСКИ*

# СТАРО-НОВИ ПРОБЛЕМИ НА КОНГРУЕНЦИЈАТА

Конгруенцијата е постојана преокупација на многу граматичари поради нејзината актуелност и комплексност. Сите обиди во оваа сфера, колку и да се исцрпни, никогаш не ги даваат очекуваните резултати. Врз примери од јазикот на медиумите, пред сè од дневните весници, ќе претставиме мал дел од многубројните старо-нови проблеми на согласувањето во нашиот современ јазик.

Јазикот на медиумите во денешно време, особено во сферата на музиката, е преплавен со неграматичко несогласување по број на подметот со прирокот. По сè изгледа, ова е една од најзабележливите и „најкреативните“ нови појави во нарушувањето на сосема стабилизираната норма за согласување по форма. Но како да се биде во тренд, современ, инвентивен, свој и сл., ако се држиме за вообичаеното, традиционалното, стандардното, кое налага формално усогласување и во примери кога подметот го претставува сингуларна колективна именка која означува множество.

Економичноста и контекстуалната анализа, покрај противречноста на колективната именка, се фактори кои му отвораат пат на ова контрадикторно согласување. Само неколку примери за ова „иновација“: *„Некст тајм“ ќе патуваат во Москва. – „Баклава“ изведоа суптилен концерт за уживање. – „Тотално опуштање“ ќе пеат за ритам и блуз. – „Бјело*

*дугме" доаѓаат во август. – „Франц Фердинанд" во Белград стигнуваат со нови песни. – „Паркети" сака да ја гали Елена Ристеска.*

Дека застранувањата од овој вид се во експанзија, сведочат и следниве нејасни наслови од *Дневник* и *Време*: *Врело најдлабоко во Европа.* (=пештера). – *Центар ги надминала надлежностите.* (= општина). – *Обвинителството го испра „Злетовица".* (= случајот, скандалот). – *Еколозисти ја чистеа „Калиманци".* (=акумулацијата). – *„Утки" носи вселенска тага.* (=поетска збирка).

Јазикот на печатот не е имун на грешките што се прават во врска со множинските форми на именките за лица пред кои стои бројната именка, односно посебна бројна форма изведена од прости броеви. Во Граматиката на Блаже Конески јасно се укажува дека *„Избројаната множина не е никако обична кај именки што означуваат лица"*. Денес, иако не е толку често, среќаваме примери кои отстапуваат од правилото за условеноста на видот на множината од бројната форма: *Претходно, грчките власти уапасија уште двајца члена на криминалната банда во Солун. – Марјан доби поени и од двајцата македонски члена на интернационалното жири. – Кај тројца учесника видлива беше тремата при настапот пред белградската публика.* Наспрема други контексти за кои важат, како што е познато, доста флексибилни правила, во овој случај нормата е децидна: Со бројни именки се употребуваат форми на обичната множина. Причини за грешењето од овој вид на условена конгруенција треба да се бараат и во влијанието однадвор – од некој јужнословенски јазик.

Од поновите конгруенциски проблем во новинарскиот потстил, на реченично ниво, е и отстапувањето од формалното согласување по род при метафоризација на некои именки за лица, при што станува несоодветство на граматичкиот и природниот род на двете именки, како во следниов пример: *Уапсен легендата на српскиот фудбал Драган Џаиќ.* Зборoформата *уапсена* наместо *уапсен* само делумно го решава проблемот. Со промена на зборoредот се добива сосема коректна реченица: *Уапсен Драган Џаиќ, легендата на српскиот фудбал.*

Во примерите од овој вид а тие не се ретки, апозицијата е добро решение бидејќи таа не мора да воспоставува согласувачка врска со членот на кој се однесува.

Ако се има предвид состојбата во практиката, во старо-новите проблеми на конгруирањето треба да се вклучат и бројните изрази што завршуваат на *еден.* Иако нормата вели дека во вакви случаи во рамките на именската група се врши согласување по блискост, што значи дека треба да се употреби еднинската именска форма, а на реченично ниво глаголот треба да е во множинска форма, сепак во некои ситуации не е лесно да се прави разлика меѓу синтагматското и реченичното рамниште, посебно ако станува збор за елиптичен начин на искажување предикација – со испуштање на некој дел од резултативната конструкција. Дали треба да кажеме: *Затворот во пламен, 21 загинат* (наслов од весникот *Дневник*). или: *Затворот во пламен, 21 загинати. – Уапсен 31 педофил и спасени две деца* или: *Уапесени 31 педофил и спасени две деца. – Украдена 21 икона во струшко Луково* или: *Украдени 21 икона од струшко Луково.* И при целосна експликација на предикатската конструкција има двојности во согласувањето. Во еден случај среќаваме еднинска форма: *...било скршено 21 стакло на 14 прозорци. – Најмалку 31 лице е убиено, а околу 40 се ранети.* Наспрема нив стојат множинските форми: *Најмалку 21 полицаец се полесно повредени. – ...до половината на 2007 година 91 обвинет беа притворени.*

Дека авторот/новинарот се двоуми, и не само тој, за согласувањето од овој вид, ни покажува следниот пример од весникот *Време*: *Од 1988 година вкупно 13.351 илегален иммигрант загинал на границите со Европа, од кои 5131 лице го загубиле животот во море.* – каде што прирокот во двете дел-реченици е различен: во првата е во еднина, а во втората е во множина.

Се греши и во „чисти" случаи, кога постои јасна граница меѓу синтагматското и реченичното рамниште, секако поради вкрстувањето на согласувањето по блискост и по смисла, но и поради туѓојазичното влијание: *во досегашните напади во Мумбаи загина 101 лице. – Наспроти 21 делегат што гласаше за Петров, другите беа воздржани. –... пожар во кој загина 21 лице.*

Суштината на проблемот, всушност, е во тоа што ова согласување се смета за еден вид асимилација на два соседни члена од една јазична единица, не се однесува на целината, туку на дел од една поголема единица. Дури и во рамките на именската група различно е согласувањето по број: членовите пред бројот се во множинска форма, а по него во еднинска: *Од странските 31 пријавен учесник не дојдоа само двајца. – Во сите застапени 51 расказ провејува духот на минатото.*

Практиката покажува дека бројот *еден* е проблематичен и во случаите со децималните броеви, без оглед на тоа дали е пред или по запирката. Овде станува збор, пред сѐ, за судир на начинот на бележењето/пишувањето на децималниот броен израз со начинот на изговарањето/читањето, но и за конкуренцијата на две можности – согласување со првиот или со вториот број од изразот. Во печатените медиум далеку почести се примерите на согласување со бројот пред запирката, што секако се коси со правилото за конгруенција по блискост. Еве неколку примери од овој вид, а претставуваат наслови во *Дневник*: *Крава тешка 1,3 тон. – Странците чуваат 1,3 билион евра во швајцарските банки. – Измолзени 1,2 милион зрна икра од охридската пастрмка. – Пандев ќе заработува 1,6 милион евра годишно. – Невработеноста паднала на 1,5 процент.*

Бројот *еден* создава посебен проблем кога е во состав на некоја апозитивна определба каде што има неконгруентност по род, како во следниве примери: *...главен адут на Билјана Дебарлиева, една од тројцата водители на „Раноден“. – ...долетаа од Вашингтон, придружувани од Керолајн Кенеди, една од раководителите на екипата. – Според Славица Јовановиќ, една од лекарите што го следат здравјето на населението во овој крај...*

Во вакви случаи граматичкиот проблем може лесно да се реши со феминативите ако тие не ја засегаат содржинската страна, а овде тоа би се случило, бидејќи сите водители, раководители или лекари ќе бидат лица од женскиот пол. Едно решение со кое би се одбегнало формалното несогласување би било да се употреби некоја именка – епиценум, со придавка изведена од именката во партитативната синтагма: *Билјана*

*Дебарлиева, една од трите водителски лица. – Каролјан Кенеди, една од раководните лица на екипата...*

Очигледно е дека согласувањето по блискост во поново време е „во мода“. Се шири и во контексти поинакви од погоре рзагледуваните. Се работи за погрешно приспособување на единиците од именската група со предикативната конструкција. Најчесто се во пршање т.н. групи зависни од име, при што наместо со основниот/независниот именски збор, согласувањето се врши со зависниот дел од синтагмата, затоа што е тој поблиску до прирокот. Воопшто, близината е мошне значен фактор за формалното согласување. Еве неколку од многубројните примери на некоректното приспособување со зависниот дел од синтагмата: *Дел од дрогата е најдена во внатрешноста на електрична бандера. – ...мачорот кој денес има осум години има лавовска глава, но остатокот од телото му е голо. – Користењето на такси-превозот е исклучително поволен, особено во Каиро. – ...сепак голем дел од населението е сѐ уште неписмено. – ...најголемиот дел од енергијата ќе биде насочена кон внатрешни реформи во државата.*

Ретки се примерите каде што согласувачката врска е, исто така, погрешна, но овде поради антиципираноста и елипсата: *Тој објаснува дека Кокино важела за света планина каде што се славеле култовите.*

Дури кај некои согласувачки именски атрибути среќаваме несоодветна конгруенција: *Бебето Ричард на свет дошол два дена пред Божиќ. – Ах, дете, колку си глупав.,* се разбира, во овие примери и поради судирот на граматичкиот и природниот род.

Не треба да се биде многу упатен во нормите на стандардниот јазик, за да се забележи несоодветното согласување од овој вид, туку само малку поголемо внимание и свест кај говорителите на македонскиот јазик. Дека новинарот не е баш загрижен за коректен јазичен израз, покажува и примерот со насловот во весникот *Дневник* од 27 април оваа година: *Почина едното од трите новородени тигри.* А можеби новинарот имал намера да ги тестира двете лекторки по македонски јазик

(Стојковска и Ендековска) за нивната компетентност или заспаност во работата. За истиот настан во *Нова Македонија*, насловот гласи: *Почина едно од новородените тигарчиња.* Само, прашање е дали тигарчињата починуваат или пцовисуваат!?

УДК 81:39(497.7)

*Еленка СТОЕВСКА-ДЕНЧОВА*

# КОН ЕТНОЛИНГВИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ВО МАКЕДОНИЈА

Етнолингвистиката како дел од науката за јазикот или, пошироко, правец во науката за јазикот, го разгледува односот и поврзаноста на јазикот и духовната култура, јазикот и народниот менталитет, јазикот и народното творештво, нивната заемна зависност и различните облици на нивна коресподенција. Иако етнолингвистиката како научна дисциплина која го проучува односот меѓу јазикот и културата по својата природа е интердисциплинарна, таа не е обичен хибрид од науката за јазикот и етнологијата, или мешавина од одделни елементи (фактолошки или методолошки) од едната и од другата. Изучувајќи го јазикот во светлината на наговиот однос со етносот (јазик : етнос), етнолингвистиката заедно со социолингвистиката би можеле да се сметаат како две основни компоненти (гранки) на една поширока дисциплина, со таа разлика што првата ги зема предвид пред сè специфичните (национални, народни, племенски) особини на етносот, а другата – особините на социјалната структура на конкретниот етнос (социум). Во практиката понекогаш етнолингвистиката и социолингвистиката се спротивставуваат како дисциплини со различна хронолошка насоченост: првата работи првенствено со историски значајни податоци, обраќајќи ѝ се на „живата историја“, на „живата старина“ и стремејќи се во современиот материјал да пронаоѓа и историски да толкува факти и процеси, достапни

на историската класификација; другата се темели скоро исклучиво на современ јазичен материјал и го изучува пред сè во комуникативно-функционален, структурно-описен и нормативно-синхронен аспект (Толстој, 2000 : 316-317).

Во словенската лингвистика постои традиција на истражувањата од оваа област; етнолингвистичките проучувања особено се актуелизираат во последните две децении од дваесеттиот век и тие систематски се одвиваат во повеќе научни (лингвистички) центри во Русија, Полска, Бугарија, Србија и најчесто се однесуваат на проучувањето на обредите на премин (раѓање, свадба и смрт), на календарскиот циклус, на народната митологија и сл.

Развојот на етнолингвистиката може да се следи од 18 век; историчарите на науката за јазикот откриваат некои етнолингвистички идеи уште кај И.Г. Хердер (18 век), потоа во 19 век (Хумболт, Афанасјев, Буслајев, Потебња), низ целиот 20 век (Боас, Сапир во 40-тите години, семиотичарите Иванов и Топоров), особено етнолингвистичките проучувања се интензивираат во последните две децении од 20 век, кога настануваат и посебните етнолингвистички школи – руската и полската. Методолошките поставки на рускиот славист Никита Илич Толстој, творецот на руската етнолингвистичка школа, влијаат на развојот на словенската етнолингвистика. Толстој тргнува од премисата дека јазикот, иако е автономен семиотички систем, прави неразделна целина со културата која ја изразува, со која структурно е изоморфен. Етнолингвистиката тој ја дефинира како правец во науката за јазикот во чии рамки се изучува јазикот во светлината на неговиот однос со етносот, т.е. со духовната и материјалната култура, со менталитетот и народното творештво на етносот. Прашањето за односот на јазикот и етносот е старо колку и самата наука за јазикот. Јазикот се смета за основен, најизразен и постојан показател на етносот. Него го следат други, историски помалку стабилни и променливи обележја – обележја на единство на територијата, културата, етничката /националната самосвест, државното уредување, економскиот ареал, социјалниот организам и, најпосле, антрополошкиот тип (Толстој, 2000 : 324).

Етнолингвистиката може да се определи и да се прифати двојно: на широк и на стеснет план, конкретизиран или специјализиран. На широк план етнолингвистиката ги вклучува во себе дијалектологијата, јазикот на фолклорот, и дел од историјата на јазикот, поврзан со историската дијалектологија и со културната и етничка историја на народот, и, скоро сите аспекти на изучување на јазикот како социјална појава (Толстој, 2000 : 322).

Предмет на етнолингвистиката би бил односот на народната култура и нејзиниот јазик, а целта е сродна со целите на етнологијата, на словенската компаративистика, на фолклористиката – реконструкција на древната словенска култура. Вака замислена, етнолингвистиката е интердисциплинарна наука, а нејзината методологија е сложена и се состои од неколку етапи.

Првата и нужна фаза Толстој ја заснова на воочување на важните особини на културата која, секогаш постоела како дијалектна (територијално и социјално), што како последица има различни елементи и микросистеми. Тој применува методи на дијалектологијата и на лингвистичката географија во проучувањето на народната култура. Втората фаза тргнува од неговото сфаќање на обредниот јазик, чии основни особини се разнокодираност и синонимност. Во таа смисла разликува синтагматски и парадигматски план на обредниот јазик. Тргнувајќи од оваа методска премиса еден обреден текст може да се истражува и следи по длабочина (парадигматски низи на неговите компоненти) и по ширина (синтагматски споеви на поедини компоненти во други обредни текстови). Со тоа се открива мрежа од значења кои ја градат традиционалната словенска култура (Шиæ, 2002 : 211-212).

Зборувајќи условно за фазите на истражувањето доаѓаме и до „врвот“ т.е. до семиотиката, со која се користи и етнолингвистиката, но само по претходно направени истражувања. Толстој сметал дека семиотиката, и покрај големата примена во толкувањето на народната култура, слабо излегува од кругот на општите проблеми и слабо проникнува во поединечните и конкретни дисциплини. Во тоа тој гледа полезност на етнолингвистиката и за семиотички истражувања. Древната

словенска традиција, значи, може да се посматра по направени претходни истражувања, во систем на бинарни опозиции, што го прават многу етнолингвисти (Iliæ, 2002 : 212).

Во словенската етнолингвистика како основни првично се поставени лексикографски цели: во Москва се работи словенски етнолингвистички речник *Славўнские древности* – планиран во пет тома (од 1995 до 2009 објавени се четири тома); потоа изданието *Славўнскаў мифологиў, ўнциклопедическиé словарй* (Москва 2002). На истата лексикографска матрица е и белградското издание *Словенска митологија, енциклопедијски речник.* Во лексикографски правец е конципирана и полската етнолингвистика. Напоредно со овие големи тимски проекти тече и истражувачката работа на членовите на тимовите, која резултира со концепциски различни монографии. Концептот на етнолингвистиката кај бугарските и кај романските автори го илустрира зборникот од трудови *Етнолингвистични проблеми на балканските народи* (Софиў 2000). Од голема важност за афирмирање на современата балканска етнолингвистика се двата успешно завршени проекти: тимската работа на меѓународниот проект *Мал дијалектолошки атлас на балканските јазици* (МДАБЈ) и студијата на А.А.Плотникова *Етнолингвистичка географија на јужните Словени* (објавена во 2004 г.). Проектот *Мал дијалектолошки атлас на балканските јазици* е базиран исклучиво на теренската работа на истражувачкиот тим и од 1996 г. тој паралелно се работи во Институтот за лингвистички истражувања при Руската академија на науки во Санк-Петербург и во Институтот за словенска филологија во Марбург, Германија. Предвидениот резултат од овој проект се два тома со карти, едниот опфаќа синтаксички прашања, а другиот ја опфаќа лексиката на материјалната и духовната култура на Балканот. Картографиран е дијалектен материјал од единаесет пунктови кои ги репрезентираат дијалектите на сите основни генетски подгрупи на балканските јазици (грчки, албански, романски и јужнословенски). Од македонската јазична територија во овој проект застапен е пунктот Пештани, Охридско.

Картографирањето на појавите од традиционалната духовна култура се развивало пред сè во рамките на етнографи-

јата, но терминологијата и особеностите на нејзиното функционирање во јазичниот простор главно останувале занемарени, надвор од видокругот на истражувачите. Од друга страна, ареалното истражување на словенската лексика е ограничено на опис на распоредот на самите лексеми или на нивните значења во лингвистичкиот простор. Во студијата на Плотникова *Етнолингвистичка географија на јужните Словени* (2004), врз основа на десетина карти со јужнословенски материјал, покажани се можностите за картографирање во етнолингвистиката (картографирани се појави кои истовремено припаѓаат и на лингвистиката и на етнографијата). Основната цел на студијата на Плотникова е одредување на „дијалектите" на традиционалната духовна култура на јужните Словени. Идеографскиот прашалник опфаќа прашања од годишниот календар, некои земјоделски обичаи, опфатени се и прашања од обичаите на животниот циклус (со поттеми *раѓање, свадба* и *смрт*) и прашања од областа на народната митологија.

Во рамките на овие универзални теми издвоен е збир особености кои авторката, врз основа на свои претходни истражувања, ги сметала за „балкански", односно – заеднички за неколку балкански традиции, а нерегистрирани надвор од Балканот или својствени само на една традиција, по типот и по карактерот вклопени во балканскиот модел на светот. Применетата методолошка постапка може да се спореди со постапките во изработката на атласите на културните дијалекти на јужните Словени: имено, постојат неколку слични обиди на лингвогеографско и лингвистичко проучување на јужнословенскиот дијалектен континуум.

Границите на добиените ареали се определени со снопови од изоглоси и изодокси. Анализата ги покажува зоните на иновација, зоните на балканизмите и сл.

Студијата на Плотникова поаѓа од граѓа со нееднаков степен на сигурност, таа ги комбинира и рамноправно ги превзема резултатите како на актуелните теренски истражувања, водени според однапред предвиден прашалник, така и различна објавена етнографска граѓа која временски опфаќа распон од стотина години.

Истражувањата на јазикот како извор на културата и на говорот како на културна практика, се актуелни и во западноевропската и во американската антрополошка лингвистика. Историјатот на антрополошката лингвистика го одразуваат осцилации на бројни термини кои не секогаш се синонимни, па така во употрба се: лингвистичка антропологија, антрополошка лингвистика, етнолингвистика и социолингвистика. Од методолошки аспект се практикува исцрпно документирање на секојдневниот говор, но и говорот во посебни ситуации во кои спаѓа интервјуто.

Од средината на деведесеттите години на 20 век заживува етнолингвистиката во Србија, базирана главно на методите на руската етнолингвистичка школа. Во комбинација со други лингвистички методи етнолингвистичкиот пристап е присутен и во одделни трудови на некои етимолози, потоа во трудовите на некои автори кои се занимаваат со етнолошки и митолошки проучувања, како и во трудовите на некои фолклористи и семиотичари. За промоцијата на овој метод во Србија придонесува и преводот на избраните дела на Толстој *Јазикот на словенските култури* (*Језик словенских култура,* превод: Љубинко Раденковиќ), како и списанијата: *Кодови на словенските култури* (*Кодови словенских култура*), специјализирано за етнолингвистички трудови, *Расковник, Српски језик, Јужнословенски филолог, Наш језик.* Иако етнолингвистичките истражувања се сè поинтензивни, сè уште не може да се зборува за етнолингвистичка школа во Србија.

Етнолингвистички насочените истражувања во Србија кои почнуваат од деведесеттите години на дваесеттиот век, како појдовна основа го имаат прашалникот на Плотникова 1996, кој инсистира на текст главно само ако тој е дел од бараната, етнолингвистичка лексикографска дефиниција. Подоцна овие истражувања спонтано се развиваат со проширување на прашалникот: се почнало со водење сматка и за конкретните географски фактори на истражуваното население (со определување на култни места, патишта) и со други аспекти на традициската култура (народната метеорологија, медицина, ветерина, верувања во животните и сл.) (Сикимиќ, 2005 : 238).

Во Македонија етнолингвистиката далеку заостанува зад европските и светските текови што е резултат на различни причини; иако во рамките на бројни дијалектолошки и етнолошки трудови е засегната и лексиката од областа на духовната и материјалната култура, сепак од аспект на терминологијата досега не се вршени некои посистематски истражувања. Во нашата средина веќе се појавуваат одделни етнолингвистички трудови, насочени кон различни аспекти на традициската култура, но систематски етнолингвистички истражувања со дефинирана методологија и со определени и зацртани цели не се вршени во македонската наука[1].

Овде би сакале да укажеме на потребата за иницирање и формулирање концепциска рамка за едно посериозно и подинамично етнолингвистичко истражување, коешто би започнало и би се засновало врз автентичен теренски материјал, но како извори би се користеле и некои етнолошки и дијалектолошки материјали, како и објавени научни трудови од овие области. Првичната цел би можела да биде создавање полифункционална база на податоци со научно-документациски карактер. Материјалот, главно, би се обезбедувал преку теренски истражувања, засновани на веќе утврдените методолошки постапки. Исто така, во прилог на покомплексни етнолингвистички проучувања се и материјалите од етнолошките проекти на одделни научни центри во Македонија. На пр.: Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје располага со етнографски материјали од проектите архивирани во Архивот за етнолошки и антрополошки ресурси (АЕАР) и со Дигитален архив за етнолошки и антрополошки ресурси (ДАЕАР) при Институтот за етнологија и антропологија.

Во Одделот за етнологија во Институтот за фолкор „Марко Цепенков" во Скопје (за истражување на духовната култура), се реализирани повеќе научноистражувачки проекти: *Прозниот фолклор од крајот на 60-те до крајот на 80-те го-*

[1] Зборник на трудови од научниот собир *Културата и јазикот*, ИМЈ, Скопје 2009.

*дини на нашиот (XX) век* (**1996-1998**), *Македонско фолклорно наследство* (**1996-1998**), *Извори и материјали за проучување на фолклорот во Македонија од домашна и странска провиниенција* (**1996-1998**), (**1998-2000**), *Македонски фолклорни материјали од Архивот на САНУ* (**1998-2000**), *Современата состојба на фолклорот во Охридско-Струшкиот регион* (**1998-2003**), *Македонски фолклорни материјали од минатото* (**1998-2000**), *Прозното народно творештво во Република Македонија* (**1998-2002**), *Вербална и невербална комуникација во сферата на социјалната и духовната култура во обичаите и верувањата* (**2000-2002**), *Интерферентни односи меѓу народното творештво и обичајната традиција* (**2002-2004**), *Фолклористички истражувања во интеркултурален контекст* (**2002-2004**), *Традицијата и секојдневието* (**2004-2006**).

Во Институтот за старословенска култура во Прилеп се реализирани проектите: *Македонска народна митологија* и *Речник на митови и на народната култура на Македонците.* Во Одделението за македонска народна литература при Институт за македонска литература е реализиран проектот *Македонско фолклорно наследство* и др.

Секако, мошне значајно е и изданието на МАНУ *Етнологија на Македонците* (1996), како и богатиот лексички материјал од картотеката на проектот *Македонски дијалектен атлас*, кој се работи во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков".

Преку емпирискиот материјал собран на терен можат да се проследат специфичните елементи што го градат етничкиот идентитет на Македонците, афирмирајќи ја националната култура и јазикот како духовно културно наследство. Исто така би се создала можност и за понатамошно научно проучување во насока на правење споредби од аспект на балкански, јужнословенски и словенски контекст.

Значењето на етнолингвистичките истражувања произлегува од фактот што овие истражувања се базираат на проучување на народната култура, обичаите и обредите, нивните лексичко-семантички и симболички вредности. Анализата на

лексиката и дефинирањето на терминологијата од областа на одделни обичаи и обреди, играат важна улога во конструирањето на идентитетите, во развивањето чувство на заеднички врски и припадност кон поширокиот социјален домен. Етнолингвистичките истражувања се непосредно поврзани со културата и културните симболи, културните и цивилизациските процеси кои се случуваат во различни етнички групи, но и во различни човечки групи и општествени слоеви, во кои културните феномени постепено се менуваат, се испреплетуваат или исчезнуваат. Современите истражувања инсистираат појавите да не се разгледуваат како скаменети историски феномени, туку во контекст на современите состојби со диференцирање на утврдените факти и потреби.

Истражувањето ќе резултира со утврдување на обредната лексика што е специфична за целата македонска јазична територија, како потврда за единството на македонската културно-јазична традиција. Исто така дел од оваа лексика е карактеристичен за одделни региони. Лексиката упатува на обреди и обичаи што може да се сметаат за балкански, балканскословенски, јужнословенски и општословенски феномени.

Првично конкретните истражувања би биле насочени кон лексиката и терминологијата што е поврзана со духовната и материјалната култура на Македонците и би се оформила базата на податоци. Потоа вниманието би се насочило кон прашањата за научната обработка на добиениот материјал, што подразбира и постојано усовршување на самите истражувачи и нивна максимална активност (во подготвување на терен, во работата со информаторите, во научната обработка и презентацијата на снимените материјали). Една од можните задачи и правци на работата би можела да биде и етнолингвистичката лексикографија и нејзините методолошки проблеми.

Во насока на иницирање поинтензивни систематски етнолингвистички истражувања е и нашиот предлог-проект *Етнолингвистички истражувања на животниот циклус*[2], кој

[2] Проектот е пријавен на Конкурсот за 2011 година на Министерството за образование и наука.

би ја опфатил лексиката и терминологијата што е во врска со обичаите и обредите на премин во животниот циклус, поточно со трите најважни моменти во животот на човекот – раѓање-свадба-смрт.

Во истражувањето ќе се користи веќе вообичаената методологија на собирање и обработка на дијалектен и етнолошки материјал. Основа во истражувачката постапка е теренското анкетирање, со што се добива автентичен материјал кој понатаму подлежи на научна обработка и презентација. Од методолошко гледиште се смета за потребно исцрпно документирање на секојдневниот говор, но и говорот во посебни ситуации во кои спаѓа и интервјуто. Ќе се собира материјал на терен и според соодветен прашалник, но и со звучни записи на слободни кажувања на информаторите. Потоа звучните записи ќе се пренесат во пишана форма, по што ќе следи ексцерпција на теренскиот материјал, а ќе се екцерпираат и материјали од објавени лексикографски, етнолошки, дијалектолошки и лингвистички трудови.

Резултатите од лексичко-семантичката анализа на терминологијата на обредите на премин во животниот циклус кај Македонците ќе овозможат согледување на културните и јазичните традиции кои доаѓаат од различни македонски подрачја, а кои се значаен дел од македонското културно наследство и сведоштво за културното единство на Македонците. Ова би претставувало основа и за понатамошно научно проучување во насока на правење споредби од аспект на балкански, јужнословенски и словенски контекст.

Традициските обреди на премин претставуваат суштина на обредната практика на традициската заедница**.** Со оглед на тоа дека станува збор за трите најважни моменти во животот на секој човек, целокупната обредна структура е проследена со изграден обредно-религиски систем, кој има за цел да изврши постепен, сигурен и успешен премин од светот од кој се доаѓа во светот во кој се пристигнува или успешно преминување од една фаза во животот во друга (Неделков, 2005: 1). Врз основа на емпирискиот материјал собран на терен се создава моделот на *обредни̅те с̅трук̅тури – раѓање, свадба, смр̅т*, преку

кои можат да се следат специфичните елементи што го градат етничкиот идентитет на Македонците.

Етнолингвистичките истражувања би отвориле широки перспективи за научни анализи од различни аспекти во македонската наука за јазикот.

ЛИТЕРАТУРА


Вражиновски Т., 2000: *Речник на народнаӣа миӣологија на Македонциӣе,* Скопје.

Етнологија на Македонците, 1996: Зборник на трудови (ур.) Томовски К., Паликрушева Г., Крстева А., МАНУ, Скопје.

Китевски М., 1996: *Македонски народни ӣразници и обичаи*, Скопје.

Мирчевска М., 2005: *Селаӣа во еӣнографскиоӣ ӣредел Горна Река како религиозно-обредни заедници*, ЕтноАнтропоЗум, бр. 5, Скопје.

Неделков Љ., 2005: *Обреднаӣа сӣрукӣура раѓање кај Македонциӣе во Тиквеш*, ЕтноАнтропоЗум, бр. 5, Скопје.

Петреска В., 1998: *Пролеӣниӣе обичаи, обреди и верувања кај Мијациӣе,* Скопје.

Петреска В., 2002: *Свадбаӣа како обред на ӣремин кај Македонциӣе од Брсјачкаӣа еӣнографска целина*, Скопје.

Плотникова А. А., 1996: *Маӣериалы для эӣнолингвисӣического изучения балканославянского ареала*, Москва.

Плотникова А.А., 2000: *Еӣнолингвисӣичкаӣа ӣрограма во македонскиоӣ ӣункӣ на „Малиоӣ дијалекӣолошки аӣлас на балканскиӣе јазици"*, ЕтноАнтропоЗум, бр. 1, Скопје.

Плотникова А. А., 2004: *Этнолингвистическая география Южной Славии*, Москва.

Ристески Љ., 1999: *Посмрӣниоӣ обреден комӣлекс во ӣрадицискаӣа кулӣура на Мариово,* Прилеп.

*Сикимић Б., 2005: Изазов ӣеренског рада – еӣнолингвисӣика или анӣройолошка лингвисӣика?, Зборник ЕИ САНУ 21, Београд, 235-243.*

*Славўнская мифолоīия, энцикло Sедический словарь,* ред. С. М. Толстоя, Т. А. Агапкина, О. В. Белова, Л. В. Виноградова, В. - . Петрухина, Москва 2002, http://www.antmir.ru.

*Славўнские древности, Ýтнолингвистический словарь йод общей редакцией Н. И. Толстого,* Москва 1995–2009, том. 1-4.

*Словенска мишолоīија. Енциклоиедијски речник,* ред. С. М. Толстој, Љ. Раденковић, Београд 2001.

Толстој Н., 2000: *Ешнолинīвисшика у круīу хуманисшичких дисциилина*, Методологија лингвистичких истраживања, Преглед и христоматија, Приредио: Предраг Пипер, Београд.

Ilić M., 2002: *Etnolingvistika u Srbiji*, Zbornik Matice srpske za slavistiku 62, Novi Sad.

УДК 811.163.1:[091:003.349.8(497.7)

*Димитар ПАНДЕВ*

# МАКЕДОНСКАТА ВАРИЈАНТА НА ЦРКОВНОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК
## (во македонистичките проучувања од 1991 до 2009)

Целта на овој реферат е надополнување на досегашните синтетизирани пристапи во определувањето на особеностите на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик со примери од најновите монографски проучувања на старите ракописи во последниве две децении, од аспект на современите лингвистички пристапи во соодветниот период. Притоа, имаме предвид дека бројот на ваквите монографии не е мал и секако дозволува допрецизирање на воспоставените погледи за едно особено значајно прашање од историјата на словенската писменост во Македонија, какво што е прашањето, имено, за македонската варијанта на црковновнословенскиот јазик.

Токму оваа одамна воспоставена дихотомија: *словенска писменост во Македонија – македонска варијанта на црковнословенскиот јазик* низ призмата на современите лингвистички пристапи, пред се, на когнитивниот и на културолошкиот, се претставува и низ нови содржини од кои произлегуваат редица нови погледи и за писменоста во Македонија (која патем речено е импозантна по својот обем и по разновидноста, особено со средновековната литература) и за варијантноста на црковнословенскиот јазик (кој безмалку еден милениум функционирал како општ, заеднички јазик за словенските јазици и, независно дали се одрекува или се нагласува тоа, во одделните словенски

национални науки за јазикот, имал значајно место во оформувањето на одделните словенски стандардни јазици, во тој контекст, секако, и во македонскиот Впрочем, тој влог на црковнословенскиот јазик во современите словенски јазици се претставува во различни национални филологии во опсег од признавање до негирање, во зависност од актуелните во дадено време научни погледи во одделните филологиии. (по однос на макеоднската јазична проблематика, сп. Р. У. Скаловска – Учество на црковнословенскиот јазик во формирањето на современиот македонски писмен јазик 1976).

Притоа имаме предвид дека когнитивистиката, меѓу другото, особено инсистира на сознанието на личностите кои дале значаен придонес во афирмацијата на националните вредности, а општата културологија, меѓу другото, инсистира на прецизно вклопување на националните влогови во цивилизациските текови на човештвото.

Погледнато од овој аспект, некои од шаблоните на словенската филологија и на словенските национални науки за јазикот може да се разгледуваат и поинаку.

Првото прашање се однесува и на односот средновековна литература – словенска писменост во повеќе словенски општественојазични средини, во тој контекст и во македонската, од аспект на Средновековието кое како културна формација во Европа функционира од 5 до 14 век.

Горната граница на Средновековието, всушност, се поклопува со горната граница на беспрекорното функционирање на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик како препознатлива македонска културна вредност, истото се однесува и за почетната точка на препознатливиот македонски јазичен тип, со кој македонскиот јазик се изделува како одделен јазик во словенското јазично семејство. Без да отвораме културолошка стихија, само да истакнеме дека прашањата поврзани со писменоста во Македонија од 15 до 18 век се составен дел од културните формации на хуманизмот и ренесансата, отпосле и на рационализмот и емпиризмот (солиден материјал на оваа тема, бездруго дава монорадијата „Крнински дамаскин“ од Петар Хр. Илиевски.).

Кристализацијата на прашањето за македонската варијанта на црковнословенскиот јазик се сосредоточува меѓу функционалната стилистика и социолингвистиката, надминувајќи ја вообичената терминолошка неусогласеност, која се наложува на допирните точки меѓу филологијата, историската лингвистика и структуралнофункционалната лингвистика, низ дијапазонот на пристапите кон старите ракописи, од прашањето за нивното потекло, преку припадноста кон дадена школа, и прифаќањето на одделна редакција.

Прашањето за потеклото на ракописите во основа е палеографско и се врзува со клучните параметри време и место кои безрезервно ја вклучуваат палеографијата во почетоците на формалната лингвистика (на излезната линија Фортунатов – Шчепкин, при што имаме предвид дека оваа тема речиси истовремено со Хумболд ја разгледува и Копитар), прашањето за школата е хуманистичко и, бездруго, по однос на Средновековието, се поврзува со процесот на десакрализација на книгата и ја отвора когнитивнокултуролошката димензија на писменоста (остварувана во контекст на класичниот тривиум и со јасно нагласена комуникативност, дијалог во форма на прашања и одговори, во дадена општественојазична средина), а прашањето за редакцијата е текстолошко и се поврзува со патиштата на книгата (воведно дефинирана од Јагиќ). Бездруго, во Средновековието најсигурен патник била книгата, а најчест патник - словенската книга. Во емпиризмот, пак, никој не бил сигурен.

Прашањето за варијантноста на јазикот е лингвокултуролошка константа. Во тој поглед, лингвокултурологијата безрезервно ја потврдува социолингвистиката, која преку теоријата и методологијата на социјалната дијалектологија го решава парадоксот на Сосир за односот меѓу синхронијата и дијахронијата и ги издвојува општественојазичните променливи.

Темата за варијантите на еден литературен јазик е воведна и во синтетизираното предавање на Блаже Конески „Карактеристики на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик“ (1973).

Блаже Конески, всушност, една централна тема на современата социолингвистика од тоа време, имено, јазичната ситу-

ација во современиот свет, тема зародена во турболентното, постколонијално и предблоковско, современие од средината на 20 век, би рекле, виртуелно (збор што во актуелно значење бездруго прв го употребил Шарл Бали, следејќи го Сосир) ја пренесува во турбулентното Средновековие.   иста семиотика, на која би му позавидел и Умберто Еко.

Теоријата на Лабов, всушност, ги следи принципите на Прашката школа и го претставува минимумот доловлива дијахронија. По истите принципи, всушност, по поставките на Николај Дурново, претходно тргнал и Блаже Конески, како што пред него тргнал и Бернштајн, а Дурново, всушност, тргнал и по Фортунатов, Куртене и Куљбакин, кои пак се надоврзале на Срезневски и Григорович, кои само го потврдуваат Востоков и неговото време. Востоков, всушност, пред Сосир отворил соодветен парадокс по однос на Македонија, исто како што и самиот Сосир инспиративно на предавањето на јазичната разновидност, ќе го истакне она што го забележал и Востоков, илустрирајќи ја разновидноста пак со Македонија: *Зарем не ӣледаме дека секој час се развива еден заеднички јазик, ӣокрај локалниӣе дијалекӣи.*

Односот локален дијалект – заеднички јазик и развивањето на локалните дијалекти во заеднички јазик, илустративно е претставен и во статијата „За некои особености на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик" од Радмила Угринова-Скаловска.

Од школата на Конески и Угринова произлезе цела една серија монографски претставувања на старите македонски текстови. Впрочем, Конески и Угринова во голема мера се заслужни за синтетизираната претстава за македонската варијанта на црковнословенскиот јазик. (Во тој поглед, особено треба да се истакне заложбата на Угринова-Скаловска на современиот македонски читател да му се приближи преводот на студиите на Јагиќ за Добромировото евангелие, од кои јасно се согледуваат особеностите на македонските ракописи и на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик, токму преку јазичните особености на овој најстар кирилски споменик по потекло од Македонија.). Особеностите на македонската варијанта се пред-

мет на интерес во серијата монографии во издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков"м почнувајчи од изданието на „Македонското евангелие на поп Јован" подготвено од Владимир Мошин (Владимир Мошин „Македонско евангелие на поп Јован"М Стари текстови I, ИМЈ, Скопје 1954) и монографијата на Конески *Вранешнички апостол,* Стари текстови, II, ИМЈ, Скопје 1956, како и во неговите студии: „Што дава Добромировото евангелие за историјата на македонскиот јазик" и „Јазикот на евангелието на поп Јован, Македонски јазик, XXVI, Скопје 1975. Монографските претставувања на старите макеоднски ракописи ја зацврстуваат претставата за македонската варијанта на црковнословенскиот јазик. Во тој поглед особено се значајни монографиите на Р. Угринова и З. Рибарова, Радомирово евангелие, Стари текстови, IV, Скопје 1988, на Вангелија Десподова, Григоровичево евангелие бр. 9, ИСК, Прилеп 1988

Во прилог на тоа, ги надополнуваме познатите примери од старите македонски ракописи ексцерпирани уште од времето на Востоков и Јагиќ, до Конески и Угринова-Скаловска, со нови јазичните особености, ексцепирани од монографските претставувања на од старите македонски ракописи во изминативе две децении. Притоа, имаме предвид дека особеностите на макеоднската варијанта доаѓаат особено до израз ако се наведат примери за иста јазична особеност од различни ракописи:

- вокализација на ерови во силна позиција: ѕол, възопнѫ, бл҃гоѹестна Битолски Триод, вопнемь, меѹемь Загрепски триод, вопнтн, ѕолъ, несоѕданнѣн, весь, Кичевски октоих агнець, де҃н ѡпрѣснокь Карпинско евангелие, прьвѣнець ѡвець Орбелски триод, дождь Радомиров псалтир како и примери на именка и показна заменка во постпозиција: градось, дне҃с Загрепски триод, де҃о ть Карпинско евангелие, дне҃с Трескавечки еухологиум;

- постар развој на секундарен ер во о: восокь Радомиров псалтир, како и понов во ѫ: стѫѕы Дечански псалтир, мѫѕды Македонско евангелие, мѫглоѫ Хлудов паримејник

- употреба на јат (наместо прејотирано а) во финална позиција: ѕемѣ Карпинско евангелие, ѕемлѣ Трескавечки еухологиум, мл҃стннѣ Македонско евангелие;

- бележење на вокално р без еров знак скрьѣтн Карпинско евангелие;

- замена на јери со и: покрн Кичевски октоих, и обратно: вьѕлюбыть, вашымь Македонско евангелие;

- мешање на носовките според познатото правило спроведено во ракописите од македонската варијанта: прнстѫпншѫ Карпинско евангелие, тыѫ птнцѫ н҃бсныѫ, ѕемѧ Радомиров псалтир;

- различни рефлекси за ѫ: ѡбрьүннкъ Македонско евангелие, како и меѓусебна замена на јер и големиот јус: сѫбѫдет, сѫборнцшнχь Македонско евангелие

- замена на малиот јус со јат: грѣдеть Карпинско евангелие, тоу птнцн вьгнѣѕ҄ѣт сѧ Радомиров псалтир, вьѕдвнже мѣ Хлудов паримејник,

- замена на јат со а зад з: ѕало Радомиров псалтир , нцалѣѫ Хлудов паримејник

- употреба на s: ѕнжднтелю Битолски триод;

- непрејотирани вокали: сѣатн Карпинско евангелие;

- губење на епентетско л: копне, на ѕемн Загрепски триод, на ѕемн Кичевски октоих ѕемѣ, ѕемѧ, на ѕемн Карпинско евангелие , ѕемѧ Орбелски триод;

- едначење по звучност: где, ѕдравь, тѧшко Карпинско евангелие, ѕборомь Дечански псалтир, где Хлудов паримејник;

- наставка -ови во датив еднина: монсеѡвн Кичевски октоих;

- наставка -ие во номинатив множина (збирност): цр҃не Радомиров псалтир;

- наложување наставки од тврдата промена кај именки од претходно меки промени: н прндошѫ птнцн небе҃сныѫ н поѕобашѫ ѧ, на новыї мц҃ы Карпинско евангелие;

- појава на членувани форми: үл҃овѣкоть Карпинско евангелие;

- заменката за трето лице еднина гласи тој, а за множина -тие: тон Карпинско евангелие, тон, тне Радомиров псалтир;

- губење на наставката -т во трето лице еднина сегашно време: ѹстрои Битолски триод;

- наставка -ме во прво лице множина: м̑ме Загрепски триод, поклонимє, м̑нмє Кичевски октоих;

- испуштање на помошниот глагол во формата за трето лице еднина на перфектот: ̑вил людємь своимь жєстока̑ Дечански псалтир;

- наложување на наставка -ле во трето лице перфект (кај старата партиципна форма): да бышѫ пилє Хлудов паримејник;

- упростување на синтетичката деклинација (замена на акузатив со номинатив): ѹвѣдѣ жє адамь єва жєна своа Орбелски триод, азь придоχь на рѣка вєлика Хлудов паримејник;

- замена на генитив со датив: начѧлиика животѹ Кичевски октоих, бь градь ѡбстоѩнию Дечански псалтир, особено со посесивно значење: бѣ жє адрє̑ брать симоноу пєтроу Карпинско евангелие;

- замена на инструментал со акузатив: видѣχ тѧ подь смоковьницѫ Карпинско евангелие;

- предложен инструментал со значење средство: съ Кичевски октоих;

- наложување на морфеми од тврдата промена во партиципни форми: ицѣлѣвьшомоу Карпинско евангелие

удвојување на објектот : тѧ б҃цє п҃ѣми д҃χовныӥми. тєбє вєличаємь Битолски Триод, ωбѣщашѧ сѧ ємоу срєбрьникы дати ємоу Карпинско евангелие, слоуχоу моємоу даси ми радо҇ и̇ вєсєлиє Радомиров псалтир;

- на-објект: и призрѣ г҃ь на авєла и на дари єго а на каина и на дарь єго нє виѧть Орбелски триод;

Повторувањето на иста особеност во ист пример во различен ракопис упатува на спознајна зацврстеност на зборови кои стануваат културеми, независно дали се реалии, па се одраз на материјалната култура (сп. Макариовска) или се концепти, па прераснуваат во концептосфери.

Второ значајно прашање е:

Во кој новопроучен ракопис која особеност, веќе забележана како македонска во друг ракопис, најмногу доаѓа до израз:

- отсуството на наставката -т во трето лице еднина сегашно време во повеќе примери се јавува во Македонското евангелие, според проучувањата на Весна Костовска;

- наставката -ме за прво лице множина сегашно време е забележана во Охридскиот апостол, но во поголем број примери ја среќаваме во Загрепскиот триод, според проучувањата на Е. Црвенковска.

Овие особености сфатени како наддијалектни стануваат обединувачки фактор најпрво на варијантата а потоа и на јазикот што произлегува од варијантата.

Надоврзувајќи се на воведниот параграф во статијата на Конески за македонската варијанта на црковнословенскиот јазик, би спомнал дека своевремено Конески (1973) зборува за две варијанти на српскохрватскиот јазик, кои во тоа време, шеесеттите години, јасно се изделуваа на рамниште на форсирани идиолекти преку медиумите (например изразот *т̄очно* на Оливер Млакар воведуван во хрватскиот, за нам ни звучеше чисто македонски а никако српскохрватски; впрочем, и столетија station наназад едно токмо во српските ракописи би имало иста спознајна поврзаност), денес зборуваме за два јазика, српски и хрватски. Во истиот надвременски контекст, би ја спомнал и старата босанчица, денес кога зборуваме за босански јазик, (и во варијантноста значи има варијантност која може да прерасне во јазик) и би го спомнал црногорскиот, кој израснува од својата варијантност во јазик преку една суштествена особеност на крајните западномакедонски говори, зачуваната мекост на ч и ж, всушност, едно од најразгледуваните прашања по однос на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик и на историјата на македонскиот консонантизам, претставени преку мешањето на носовките, како нееднородна појава. Нееднородноста и неистовременоста на јазичните појави, исто така е разлику-вачка особеност на словенските јазици. Можеби по некој век ќе се развијат има/нема конструкции и во бугарскиот: имам печени прасета (примерот е преземен откај Рина Усикова), но кои се иновации ќе ги има тогаш македонскиот, особено на планот на модалноста

Македонската лингвистика му дала значајно место на проучувањето на старите македонски ракописи. Тие нудат

јазичен материјал за проучувања во опсег од палеографија и историска лингвистика до когнитивна лингвистика и лингвокултурологија. Во тој контекст, прецизно можат да се реконструираат не само историските податоци за развојот на словенските јазици туку и дилемите и размислувањата на лингвистите за иднината на јазиците. Иднината на македонскиот јазик ја согледале и Востоков, и Јагиќ (кој ја согледал и иднината на босанскиот), како и Селишчев и Бернштајн, во онаа смисла во која Конески (1945) категорично ќе истакне „наша е иднината, тоа значи наше стануе и минатото", (следејќи го и Јакоб Грим и неговата девиза дека историјата на народите е во историјата на јазиците, за денес цитирајќи ја позната мисла на Реџиналд де Бреј, да дополниме: македонскиот јазик денес не е најмладиот словенски литературен јазик. И неговата писмено засведочена историја основно засведочена преку величествената средновековна парадигма на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик не е за пренебрегнување ниту пак за историско потклекнување. Современата лингвистика, всушност, ги бележи и најмалите јазични осцилации кои во кое било време можат да прераснат во јазик.

## ОСНОВНА ЛИТЕРАТУРА:

Конески Блаже, „Карактеристики на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик", *Предавања на Семинарот за македонски јазик, литература и култура*, Охрид 1973

Угринова-Скаловска Радмила, „За некои особености на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик", Слово, 25-26, Загреб 1976, 175-184

Димитар Пандев, *Вовед во македонистиката*, Македонска реч, Скопје 2009

Димитар Пандев, *Македонска хрестоматија*, Филолошки факултет, УКИМ, Скопје 2011

## НАГЛЕДНА ЛИТЕРАТУРА:


В. Мошин, *Македонско еванѓелие на поп Јована*, Стари текстови I, Скопје, 1954

Блаже Конески, *Вранешнички апостол*, Стари текстови II, Скопје 1956

Петар Хр. Илиевски, *Крнински дамаскин*, Стари текстови, ИМЈ, Скопје 1972

Р. Угринова-Скаловска, З. Рибарова, *Радомирово еванѓелие*, Стари текстови IV, Скопје, 1988

Вангелија Десподова, *Григоровичево еванѓелие број 9*, Институт за словенска култура, Прилеп 1988

Е. Блахова, З. Хауптова, *Струмички (Македонски) апостол*, МАНУ, Скопје 1990

Стоја Поп Атанасова, *Лингвистичка анализа на Битолскиот триод*, Посебни изданија 23, ИМЈ, Скопје 1995

В. Десподова, К. Бицевска, Д. Пандев, Љ. Митревски, *Карпинско еванѓелие*, Македонски средновековни ракописи, IV, Скопје-Прилеп 1995

Мито Миовски, *Хлудов паримејник - лингвистичка анализа*, Скопје 1996

Лилјана Макариовска, Радомиров псалтир, Стари текстови V, ИМЈ, Скопје 1997

З. Рибарова, З. Хауптова, *Григоровичев паримејник, текст со критички апарат*, МАНУ, Скопје 1998

Емилија Црвенковска, *Загрепски триод*, Стари текстови, VII, Скопје 1999

Љупчо Митревски, *Дечански псалтир*, Македонски средновековни ракописи V, Прилеп 2000

В.Десподова, Е. Јачева-Улчар, Љ. Митревски, С. Новотни, М. Чичева-Алексиќ, *Трескавечки еухологиум*, Прилеп 2000

Ѓорѓи Поп Атанасов, *Кичевски октоих*, Скопје 2000

Весна Костовска, *Македонското еванѓел*ие, Стари текстови VIII, ИМЈ Скопје 2004

Емилија Црвенковска, Лилјана Макариовска, *Орбелски триод*, Стари текстови X, ИМЈ, Скопје 2010

УДК 811.163.2/.6'373.72

*Јаворка МАРИНКОВИЋ, Драгана МАРИНКОВИЋ*

# САВРЕМЕНИ СТАТУС ИДИОМА УРБАНИХ СРЕДИНА У ЈУЖНОСЛОВЕНСКИМ ЈЕЗИЦИМА

1. Дијалектологија је током XX века била најнапреднија лингвистичка дисциплина. И данас се она позитивно развија користећи и развијајући модерне токове лингвистичког метода. Међутим, од средине шездесетих година прошлог и почетком овог века, увелико се разрађује и једна раније непозната област лингвистичких студија – урбана дијалектологија у оквирима социолингвистике.

2. Ова, најмлађа грана лингвистичких дисциплина, која, према мишљењу многих, највише обећава, темељи се на уверењу да се језик испољава у различитим видовима, зависно од тога ко њиме говори, коме говори и зашто говори. И став који из ових проучавања произилази: Варијантност је основна одлика језичког система а не хомогеност. Ова, основна поставка социолингвистике је сасвим у складу са идејама које су и раније излагали поједини теоретичари језика, као што је Роман Јакобсон[1] у словенској лингвистици, а Dell Hymes[2] у савременој америчкој лингвистичкој школи. Међу

[1] Roman Jakobson, *Lingvistika i poetika,* Nolit, Beograd 1966;
Исцрпна библиографија Р. Јакобсона публикована је у књизи Roman Jakobson, *A. Bibliography of His writings* (= Janua Linguarum, Series Minor, 134) У њој се дају подаци закључно са 1971. годином, а наводе се и радови који су у припреми.

[2] Dell Hymes, *The Ethnography of Speaking,* Washington 1962.

јужнословенским језицима, најзначајније истраживаче на плану социолингвистике, добили су: српски језик у имену Душана Јовића, а македонски Благоја Корубина и Илије ×ашула.

За разлику од традиционалне лингвистике, социолингвистика не издваја посебно стандардни језик насупрот осталим облицима језичког општења; једнаку пажњу она поклања и коректном културном изразу, и професионалним жаргонима и народним говорима. У склопу ових размишљања, последњих деценија су настале бројне студије о језичкој стандардизацији, о језичким укрштањима и другим сродним појавама.

3. Методолошке поставке урбане дијалектологије засновала је америчка социолингвистичка школа. С друге стране, шездесетих година XX века независно од америчке школе, у словенским, социјалистичким земљама[3], разумљиво, расло је интересовање за друштвени значај језичких феномена. А врло компетентно и обавештено, о овом проблему, на примеру српскохрватског језика пише Душан Јовић, професор Универзитета у Београду. Међутим, најпотпуније дело које доноси и нову методологију, објављено на српском језику, о датом проблему, је монографија *Говор Ниша и околних села* – Пол-Луј Томе.

4. Нагли развој индустрије, па према томе и трговине и промета, који је јужнословенски простор[4] захватио у XX веку, скратио је даљине, сузио просторе. Непосредна последица ових промена је огромно померање становништва пре свега на релацији село – град. Из тога је уследила урбанизација, не само градска (у многим областима су урбанизацијом обухваћена и сеоска насеља). Сабијање људске масе на узан урбани простор има разноврсне и далекосежне последице на свеукупно живљење, на готово све егзистенцијалне манифестације човековог живота. Последице су очигледне у свим видовима понашања, па се само по себи разуме и у језику. Развој језика у

[3] A. D. əvejcer, *O mikrosociologii i makrosociologii jazyka,* Moska 1970

[4] Словенија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Република Српска, Црна Гора, Македонија и Бугарска

таквим случајевима, по правилу, има веома много стихијних, а мало предвидљивих процеса.

У процесу урбанизације језичке промене зависне су од неколико фактора:

1. од интензитета миграција;

2. од социјалне структуре становништва која се урбанизира;

3. од тога да ли је становништво истог језичког састава;

4. да ли је становништво из исте дијалекатске формације;

5. од процентуалних односа језички различитог становништва;

6. од односа раније урбанизованог становништва према ономе што се досељава;

7. од степена образовања средине која досељенике прима и становништва које се досељава.

На јужнословенским просторима, као и у неким другим, постоји специфичан феномен; становништво истог социјалног и језичког састава урбанизира се тако што из брдских и планинских предела где су насеља била дисперзивног карактера, силази у долине, поред већих магистралних путева, ближе градским центрима. У таквим околностима и језички и други процеси почињу убрзаније живети јер се становништво концентрише на мањи простор. Уз то интензивнији саобраћај условљава више контаката и више могућности и за бројне језичке међуутицаје. Јер, готово је сигурно да постоји нека врста изоморфизма између друштвеног и језичког понашања. До прецизнијих података се може доћи ако се изуче сродне језичке средине, као што су јужнословенске сличне по укрштању језичких и социолошких параметара, и ако се изгради бар релативна типологија социјалних стања појединих заједница.

У урбаним срединама јужнословенског језичког простора, до почетка масовних миграција, укрштала су се три битна чиниоца:

1. језик непосредне дијалекатске околине;

2. књижевни језик;

3. већ формирани систем језика урбаних средина.

Урбане средине формирају језички идиом које носи облике и дијалекатског и књижевног и то је основа за стварање оног специфичног које карактерише сваку урбану средину понаособ. Тако се објашњава постојање, често, крупних језичких разлика у говору појединих градова на територији једнога језика. На говорном простору српскога језика, и данас, могу се регистровати карактеристике по којима се разликује: говор Београда од говора Крушевца, Ниша, Врања, Чачка, Новог Сада… или разлике између говора на простору хрватског језика: Загреба, Сплита и Карловца; између говора Скопља, Прилепа Охрида и Битоља, Куманова и Тетова на простору македонског језика.

5. Како поменуте појаве делују на језички развој јужнословенских језика?

Први фактор са којим се синхронично језичко истраживање суочава јесте ф а к т о р   п р е в и р а њ а језичких ф а к а т а. Ово се нарочито односи на говор градских насеља, али и поред тога неке компоненте савременог стања могу се идентификовати.

Прво, данас се више не може говорити о чувању ч и с т и х   д и ј а л е к а т с к и х   с и с т е м а, зато што урбанизација, својим факторима, врши јак утицај не само на градске већ и на бројне сеоске урбанизоване средине. Скуп заједничких изоглоса, основно језгро сваког дијалекта, нападан је са свих страна, тако да је обележје савременог стања дијалекта нарушеност система.

Друго, несумњива је чињеница да је књижевни језик присутан у свим дијалектима јужнословенских језика, на одређени начин. И обрнуто, миграције су учиниле да је дијалекатско присутно и у језичким манифестацијама које су раније биле резервисане само за стандардни језик. Ове ставове потврђујемо следећим примерима:

1) Губљење инфинитива карактеристично за призренско-тимочки говорни простор српског језика захатило је и

београдски центар, што се, најпре и најаутентичније, може сагледати у језику медија. Експанзија аналитичке форме *да + ӣрезенӣ,* присутна и у дијалекту и у књижевном језику довела је до потискивања инфинитива иако је њено ширење супротно законима језичке економије.

2) У говору великог броја становника Београда, али и у језику београдских електронских медија боја неких вокала је као у косовско-ресавској и смедеревско-вршачкој дијалекатској зони. Нарочито се истиче шири и отворенији изговор (**о**) и (**е**), под кратким акцентом, што се јасно разликује од изговора сарајевских и загребачких спикера.

Артикулација вокала овог типа представља престижни облик изражавања младих, а преко њих као најфреквентније групе, утиче и на остале генерације и почиње да представља модел изговора, пре свега, на телевизији, али све чешће и на радију.

3) Политонија акцента стандардног српског језика данас је угрожена. У говору који користи велики број београдских електронских медија поред стандардног, четвороакценатског система, и призренско-тимочке експираторне акцентуације врло је честа појава чувања књижевног места акцента, али са дијалекатским квалитетом.

Млађе генерације у Београду често кратке акценте трансформишу у неку врсту експираторног, као у речима: о́ртак, партѝзан, ресто́ран.

Разуме се да акценатска укрштања оваквог типа у језику медија не могу аутоматски довести до промене интонацијског система у целости. Међутим, појаве које се јављају у језику једне генерације могу постати релевантне за даљи развој језика. Поступне квалитативне промене, у току времена, могу довести до промене у систему

4) Елементи урбане цивилизације намећу се и стандарду и дијалектима у низу појединости и категорија, пре свега у лексици. Културни и економски центри: Београд, Загреб, Љубљана, Скопље, Софија... јужнословенских језика престижни су у свему, па и у моделу језика који изграђују. Језички модели

тих урбаних центара постају узори језичког понашања, па су због тога пожељни и прихватљиви.

**Закључак**

1. Урбане заједнице су данас моћне силе које у себи сажимају различите стилове, ломе дијалекатске системе, али и стандард, стварајући услове за јединствено језгро неопходно и заједничко за све.

2. Ови, у суштини социолошки разлози, који ломе различите системе и о којима се тек однедавно говори и пише пред лингвистичку јавност отварају питање методологије описивања урбаних говора и њихово разграничење од дијалекатских и стандардних.

3. Процеси који делују у урбаним срединама: укрштање књижевног стандарда, дијалекатскога и говора урбаних средина одређују будућност језика. И због тога задатак јужнословенске и светске лингвистике је да изучава то ново што у нашој епоси настаје.

## Литература

1. Бугарски, Ранко (1983). Град и језик. У: *Лингвистика о човеку.* Београд: Просвета. 210-223.

Бугарски, Ранко (1996). *Језик у друштву*. Београд: Чигоја штампа – XX век.

*2. Говор Новог Сада. Свеска 1: Фонетске особине.* (2009). Нови Сад: Филозофски факултет, Одсек за српски језик и лингвистику.

Живковић, Новица (1987). *Речник пиротског говора.* Пирот: Музеј Понишавља.

3. Dell Hymes, *The Ethnography of Speaking,* Washington 1962.

4. Ивић, Павле (1986). Наши дијалекти и модерно доба. У: *Српски народ и његов језик.* Београд: Српска књижевна задруга. 91-106.

5. Ивић, Милка (1997). *О Вуковом и вуковском језику*. Београд: Библиотека XX век – ×игоја штампа. 158-169.

6. Jakobson Roman, *Lingvistika i poetika,* Nolit, Beograd 1966;

7. Joviæ, Dušan (1976). Jezik urbanih sredina. *Gledišta,* Zagreb. 17/7-8 (jul-avgust): 732-744.

8. Joviæ, Dušan (1978). Jezièke i društvene osnove nekih promena u govoru urbanih sredina. *Gledišta.* Zagreb. 6 (jun): 492-504.

9. Joviæ, Dušan (1983). Knjiћevni jezik i urbani idiom. U: *Jezik u savremenoj komunikaciji: tribina.* Beograd: Centar za marksizam Univerziteta u Beogradu. 34-52.

10. Јовић, Душан (1982). Ми и наш језик. *Наше теме,* 5, стр. 823-829.

11. Jutroniæ-Tihomiroviæ, Dunja (1986a). Jedna moguæa sociolingvistièka univerzalija. *Radovi Filozofskog fakulteta u Zadru, Razdio filoloških znanosti.* Zadar. 15: 17-28.

12. Љубиш, Владислав (1981-1982). Суштината на градската дијалектологија. *Македонски јазик.* Скопје. 32/33: 417-431.

13. Михајловић, Јован (1977). *Лесковачки говор.* Лесковац: Библиотека народног музеја.

14. Пол-Луј, Тома (1998). Говори Ниша и околних села. *Срӣски дијалекӣолошки зборник 45.*

15. Radovanoviæ, Milorad (1982). Naše glavne jezièke teme. *Naše teme.* Zagreb. 5: 813-822.

16. Radovanoviæ, Milorad (1986). *Sociolingvistika.* Novi Sad: Književna zajednica Novog Sada – Dnevnik.

17. Реметић, Слободан (1996). Српски призренски говор. *Срӣски дијалекӣолошки зборник.* Београд. 42: 319-614.

18. Реметић, Слободан (1997). Српски призренски говор у светлу језичке интерференције. У: *О срӣским народним ӣоворима.* Дани духовног преображења IV (Научни скуп, Деспотовац, 21-22.8.1996). 155-165.

19. Стевановић, М. (1950). Ђаковачки говор. *Срӣски дијалекӣолошки зборник* XI

20. Станковић, Станислав (1997). Градски власотиначки говор(и) – социолингвистички процеси (опште карактеристике). У: *О срӣским народним ӣоворима.* Дани духовног преображења IV (Научни скуп, Деспотовац, 21-21.8.1996). 167-179.

21. Æupiæ, Drago (1983). Urbanizacija i dijalekat. U: *Jezik u savremenoj komunikaciji: tribina.* Beograd: Centar za marksizam Univerziteta u Beogradu. 53-61.

22. ×ашуле, Илија (1981). Некој аспекти на социјална дијалектологија. *Лиӣераӣурен збор.* Скопје. 28/2.

23. Škiljan, D. (1980). Od horizontalne k vertikalnoj stratifikaciji jezika. *Naše teme 6.*

24. Švejcer A. D., *O mikrosociologii i makrosociologii jazyka,* Moska 1970.

УДК 811.163.3'373.2
811.163.3'26

*Мери МОМИРОВСКА*

# ОНОМАСТИКАТА И СТАНДАРДИЗАЦИЈАТА

Предмет на овој труд е соодносот меѓу ономастиката и стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик, односно прашањето кое ги засега стандардизирачките процеси во македонската ономастика. Во тој контекст ќе бидат претставени три суштински состојби: законодавството во ономастиката, стандардизацијата во антропонимијата и стандардизацијата во топонимијата.

Во Толковниот речник на македонскиот јазик за лексичката единица **законодавство** е дадено следново толкување: **1.** Дејност на подготовка и донесување закони. **2.** Севкупност од закони во една држава или во една област (ТРМЈ ИИ: 79). Поаѓајќи од ова толкување, под поимот **законодавство во ономастиката** се подразбира севкупност од изготвените и од донесените закони во областа на ономастиката; односно, законодавство во ономастиката е севкупност од законодавните документи кои се однесуваат на антропонимијата и на топонимијата, сместени и опишани во една специфична законска рамка. Тоа подразбира анализа на прашањето: колку ономастиката кореспондира со правниот систем во сопствената држава и колку националната стандардизација ги применува достигнувањата на интернационалната стандардизација? Затоа, првата суштинска состојба во однос на прашањето за примената на јазичниот стандард во системот на именување, во целост треба да се сфати како политика или прагматика на имињата во соп-

ствената држава. Во тој контекст, македонската онимија е само делумно опфатена со правната регулатива и со законодавните документи установени од страна на државните институции под чијашто ингеренција потпаѓа ова прашање.

Претставувањето на фактичката состојба на релацијата „ономастика -законодавство“ изгледа вака:

1. **Сојузен закон за личните имиња**, донесен само неколку години по Втората светска војна во времето на ФНРЈ, поточно во 1947 година. Со овој закон се пропишува дека „личното име се состои од фамилијарно име и од родено име“. Како дополнување кон овој пропис Законодавецот во одделен член прецизира уште дека: „граѓаните што досега покрај роденото име не го употребувале и фамилијарното име, должни се во срок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон да изберат фамилијарно име што сакаат постојано да го носат“. Од вака пропишаните членови од овој закон, јасно се согледува дека на Законодавецот му била позната состојбата на неупореба на пезимето во некои ограничени средини; макар што во тоа време презимето кај нас е веќе затврдена категорија (Стаматоски 1990: 170). Гледано од ономастички аспект, овој закон придонесува во утврдувањето на паспортната (официјалната) именска формула од лично име и презиме; како и во создавањето на ономастичката содржина на презимето, којашто се постигнува преку придружбата на презимето кон определена личност.
2. **Републички закон за личното име**, подоцнежен закон донесен во рамки на СРМ во 1972 година, речиси идентичен со претходниот Сојузен закон за личното име. Во времето кога Македонија беше република во составот на СФРЈ, односно сѐ до 1991 година, правосилни се овие два закона за личното име. Тие се карактеризираат со максимална слобода во изборот на личното име, при што нивната либералност оди дотаму што, тие се демократични дури и кога станува

збор за промена на личното име. Во поглед на презимето, Законодавците не налагале задолжителни ликови, со што покажале голема еластичност, која давала можност дури и за неоправдлива промена на презимето. Од една страна ова треба да се оцени позитивно, доколку се земе предвид дека претходните ненародни режими кај нас спроведувани од страна на српската администрација (која владеела во периодот меѓу двете светски војни) и од страна на бугарската администрација (која владеела за време на Втората светска војна), налагале строго утврдени презименски модели, идентични на нивните. Но, од друга страна, пак, еластичноста на овие закони се оценува и негативно и тоа од повеќе причини. Како прво, недопустливо е човек да може да го промени своето презиме без да има некои поголеми проблеми, освен во случаите кога постојат посебни и оправдани причини за тоа да мора да се случи. Зошто е недопустливо? Бидејќи тоа се коси со факторот на традицијата, ја губи генетичката информација на презимето за крвното сродство кај луѓето и доведува до појава на грешки во кодот. Како второ, луѓето, поведени од претходните наметнати практики во презименските модели, ги соочува со дилеми околу одлуката за конечниот лик на сопственото презиме, коешто не само што ќе треба да го следи низ целиот живот, ами ќе треба и да се пренесе на поколението. Ваквите дилеми дури резултирале и со примери кога родени браќа без причина носат различни презимиња (пр. *Петар Т. Бошковски* и *Бранко Момировски* по потекло од село Острилци, Крушевско, каде што формата *Бошковки* е по име на дедо на браќата, а формата *Момировски* е по име на прадедо). Како трето, земајќи ги предвид претходните аргументи, сосема логична е следнава констатација: законодавството во ономастиката поради својата демократичност, еластичност и либералност „во практиката

не ретко доведува до своевидно јазично насилство“ (Стаматоски 1990: 256).

3. **Национална стандардизација** (условно кажано закон, или поточно правилник за нејзино усогласување кон правилата за меѓународна стандардизација на географските имиња наложени од страна на меѓународните комитети и комисии по однос на ова прашање при ООН.

   Под поимот **меѓународна стандардизација** се подразбира систем од закони, договори и препораки донесени од страна на светските судови и организации во врска со стандардизацијата на онимите. Една таква организација е Групата од експерти за географски имиња при Обединетите нации - **УНГЕГН**).

4. **Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија** (во: „Службен весник на РМ“, год. LX, 16 август 2004 година). Овој закон треба да се сфати како закон со кој е направен обид за преведување на имињата на населените места во РМ од македонски на албански јазик. Во него нема систематичност, ниту пак доследност; нема критериуми по кои се вршел изборот на она што може да се преведе и кога е допустливо таквото преведување. Да бидам попрецизна во она што го мислам не само јас, туку и сите мои колеги лингвисти, а пред сè ономастичари: „овој закон е крајно контрадикторен бидејќи за неговата реализација безрезервно нема поткрепа во науката за јазикот, т.е. тој е во спротивност со правилото за непреведливост во ономастиката“. Тој нуди само рамка на дејствување, којашто често носи заблуди кои може да доведат до измени во македонскиот именски систем и лошо да се одрази во јазикот. Затоа, овој закон наиде на реакции од страна на научните работници, кои за таа цел организираа јавна трибина на тема Стандардизацијата на географските имиња во Република Македонија, одржана на 30 септември 2004 година. На

трибината тие официјално дадоа научно и стручно мислење за оваа јазична проблематика, коешто набрзо потоа беше и отпечатено во Зборник на трудови од оваа трибина во рамки на едицијата *Јазикот наш денешен*.

5. **Проект за изготвување на македонски топографски карти** (тековен долгорочен проект кој опфаќа преку 1000 карти кои се работат под ревизија на Ономастичкото одделение при ИМЈ, Државниот завод за геодетски работи и Управата за заштита на културното наследство, а е под покровителство на Министерството за култура на РМакедонија). Задачата на ономастичарите вклучени во овој проект е да се извршат корекции на грешките кај топонимите опфатени со овие топографски карти. Тоа се грешки кои најчесто се направени при транскрипцијата на топонимите од српскохрватскиот јазик, потоа грешки направени при транслитерацијата на топонимите од латинично на кирилично писмо, како и правописни грешки. Корекциите имаат цел да ги претстават топонимите во духот на македонскиот јазик и да спроведат нивна стандардизација.

Како што наведов на почетокот, стандардизацијата во антропонимијата и стандардизацијата во топонимијата се втората и третата суштинска појава во односот меѓу ономастиката и стандардизацијата.

**Стандардизацијата во антропонимијата** ги подразбира процесите на стандардизација кои се однесуваат на две антропонимиски категории: личното име и презимето. Тука се обрнува внимание врз тековните правни можности за нормирање, преведување или промена на личните имиња и на презимињата во согласност со законскиот систем. Дополнително тука може да се разгледува и стандардизацијата од историски аспект, а која се однесува на имињата на истакнати историски личности.

Стандардизацијата на антропонимите се темели на правописните норми на македонскиот јазик. Можна е блага отстапка

во акцентирањето кај презимињата, која се толкува како почитување на изворниот, дијалектен изговор. Тие отстапувања при акцентирањето се толерираат и заради избегнување на ономастичката ентропија и постигнување поголема дистинкција и идентификација на луѓето. Со правна регулатива се опфатени презимињата при склучување брак (Коробар 2002: 285).

**Стандардизацијата во топонимијата** е многу посложена од онаа во антропонимијата. Прифатено е мислењето дека тие не подлежат на нормирање и дека се примаат во формата што се употребува кај месното население. Сепак, Стаматоски пишува дека: „овој принцип кај топонимите почива врз здрави основи и тој треба да биде излезна позиција, ..., но тој тешко може наполно доследно да се примени, па и од него ќе има извесни отстапувања. Мора да се води повеќе сметка и за практичните моменти, имајќи ја особено предвид целокупноста на јзичната територија, и разбирливо за она што го налага традицијата. Наполно доследното фонетско бележење останува само за строго научни цели“ (1990: 214-215).

Постои поделба на топонимите на оние со поширок ареал на употреба (како што се имињата на градовите, на селата, на областите, на поголемите хидроними), каде што е потребна стандардизација и на оние што функционираат во ограничен и мал арел (поточно микротопонимите). Кај првите е потребна стабилна форма, особено во официјалните документи и во јавното општење. Додека пак кај вторите, разбирливо треба да се земе предвид и да се почитува традицијата. Придржувањето строго на нормата во топонимијата во некои случаи може да даде опортуни решенија кои се косат со традицијата, со културното наследство и воопшто со генезата на еден народ.

Во однос на топонимијата, како дополнување на законодавните документи за националната топонимија и на нејзината кореспондирачка законска рамка, се јавуваат и докиментите од Обединетите нации кои пак се однесуваат на активностите и на препораките за националната стандардизација, а со цел да се постигне интернационална стандардизација во топонимијата. Поаѓајќи од ова становиште, стандардизацијата во топонимијата треба да се разграничи на два дела: стандардизација на

домашната топонимија (која вклучува микротопоними, урбаноними, правила за употреба на топонимите во комуникацијата) и стандардизација на егзонимите (вклучувајќи ја и употребата на топонимите во области со јазични контакти, како и транскрипцијата и транслитерацијата на топонимите). Прашањето за стандардизацијата на егзонимите (официјално признати месни имиња што се надвор од сопствената јазична територија и кои се разликуваат од имињата што се вообичаени на туѓата јазична територија, пр.: *Солун*, *Виена*) е во директна корелација со односот и ставот кон ендонимите (имиња со кои локалните жители ги именуваат местата и објектите). По тоа прашање познат е ставот на Обединетите нации и УНГЕГН во врска со проширувањето на употребата на ендонимите и ограничувањето на егзонимите.

Од досеганаведеното, со сигурност може да се констатира дека во РМ изборот, функционирањето и употребата на онимите се со неограничени слободи. Во стандардизацијата на сопствените имиња во македонскиот јазик нема пуристички стремежи. Нејзино основно обележје, или поточно кажано, нејзина препознатливост е либералноста којашто понекогаш се покажува и како контрадикторна.

За крај, како предизвик или поттик, ќе го оставам отворено прашањето: дали и во колкава мера Правописот на македонскиот литературен јазик успешно ги решил прашањата на релацијата ономастика - норма?

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Коробар Б. М., „Политика и прагматика на имињата во државата“, во: *S³owaiñska onomastyka – encyklopedia,* tom I, Warszawa-Kraków 2002, стр. 284-286.

ОСТСО: *Основен систем и терминологија на словенската ономастика*, редакциски колегиум, Скопје 1983.

ПМЛЈ: *Правопис на македонскиот литературен јазик*, ред. Димитровски Т., Скопје 1998.

СГИРМ: *Стандардизација на географските имиња во Република Македонија*, зборник на трудови од истоимената трибина, ред. Велковска С., Скопје 2004.

Стаматоски Т., *Македонска ономастика*, Скопје 1990.

ТРМЈ II: *Толковен речник на македонскиот јазик* II. З-К, гл. ред. Конески К., Скопје 2005.

УДК (038)=163.3=163.4(049.3)
811.163.3'374(049.3)

*Лидија ТАНТУРОВСКА*

# „РЕЧНИКОТ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК СО СРПСКОХРВАТСКИ ТОЛКУВАЊА"– ОСНОВА ЗА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ РЕЧНИЦИ

Со појавата на компјутерите се затвора вратата на традиционалната разработка во лексикографијата (работа со испишување на фиши, пополнување на картотеки), но се отвораат нови начини на работа, при што обемот на корпусот не е ограничен и тој лесно се пределува, се преработува, се пренаменува. Со компјутерската техника се забрзува работата и што е најважно, еднаш веќе внесената база на лесикографски единици, дава можност за различни лексикографски потфати, со што лексикографот има можност за плодна работа.

Не можеме да зборуваме за македонската лексикографска работа, ако не се навратиме кон нејзините почетоци. Речниците ако се сведоци за резултатите од лексикографките истражувања, со кои може да се одговори од кога почнува соодветната лексикографија и колку речника има оттогаш, најпрвин треба да се одговори на теориското прашање што се подразбира под лексемата *речник*. Дефинирањето, како што е познато, под речник (во потесна смисла на зборот) опфаќа: книга во ракопис или печатена, во која се организирани лексичките единици во определен ред (азбучен или тематски) и се одредува значењето на зборовите во тој јазик или се даваат еквиваленти на еден или на повеќе јазици. Во поширока смисла под речник се подразбираат и разни индекси во книги.

Според ова, македонската лексикографија има своја историја, а се смета дека најстариот македонски глосар, кој е толкуван со грчки зборови и е пишуван со грчка азбука, потекнува од XVI век[1]. Кон крајот на XVIII и во текот на XIX век во Македонија се јавуваат т.н. речници-разговроници, од кои е најпознат „Четиријазичникот“ од москополскиот поп Даниил, кој опфаќа грчки, романски, македонски и арабански зборови. Има две изданија, од 1794 и од 1802 година, а речникот е печатен со грчка азбука. Македонската паралела е претставена со охридскиот говор. Во 1841 година, во Солун, Теодосија Синаитски ги препечатува грчкиот и македонскиот текст, кон кои додава турска паралела. Подоцна овој речник е препечатен на кирилица. Два вакви речници-разговорници издава и Ѓорѓи Пулевски: „Речник од четири јазика“ (Белград, 1873) и „Речник од три јазика“ (Белград, 1875). Шест години подоцна е објавен речникот на Константин Миладинов „Slova“ (Загреб, 1961) за кој сметаме дека претставува прв двојазичен речник на македонскиот со некој словенски јазик. Како дел од „Зборникот на народни песни“, овој објавен диференцијален речник е само мал дел (само една третина) од полниот речник на Константина, кој содржел 2 000 одредници.

Такви речници, како додаток кон собирачката македонска книжевност, се јавуваат и подоцна, во делата на Марко Цепенков (Македонски народни умотворби, Скопје, 1972) и на Кузман Шапкарев (Избрани дела од Кузман Шапкарев, Скопје, 1976). Меѓутоа, потребата од составување речник на македонскиот јазик останува и понатаму, што може да се види од заложбите на Крсте Петков Мисирков и на Димитрија  уповски, кои особено ја истакнуваат ваквата потреба. Неминовноста за составување речник на македонскиот јазик доаѓа до израз за време на Втората светска војна, кога почнува да се собира лексички материјал. По ослободувањето, во 1945 година, доаѓа на свет една скромна но бележита книшка со наслов „Правопис

[1] Се чува во Ватиканската библиотека, како дел од ракопис од костурскиот крај и содржи околу 300 зборови.

на македонскиот јазик“[2], во која се фиксирани нормите за понатамошниот развиток на македонскиот литературен јазик, па беа вложени големи напори за обработката на македонската граматика[3], поткрепена со издаваштвото на учебници по македонски јазик и остана нереализиран уште лексиколошко-лексикографскиот дел за да се заврши „една етапа во работата на изучувањето на македонскиот литературен јазик“ (Предговор, РМЈ, том I стр. III), а тоа ќе се случи со објавувањето на „Речникот на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања в(1961-1966). Првиот том со материјал од А до Н е испечатен 1961 год., во 1965 година е испечатен вториот том, во чиј состав е обработен материјалот од буквите О и П, а во 1966 година - третиот том, каде што е вклучен материјалот од буквите од Р до Ш.

Работата над материјлот за речникот, како што пишува во Предговорот на првиот том од Речникот, е почната во 1951 година и која е организирана од Специјалната комисија за македонски речник во состав: Блаже Конески, д-р Михаил Петрушевски и Крум Тошев. Како што понатаму стои во Предговорот, зборовите се ексцерпирани од современите литературни, научни и публицистички дела, од народните умотворби, од одделни лексички прилози во работи посветени на македонските дијалекти итн. Секако дека екцерпцијата продолжува и во текот на обработката[4], особено и со зборови од разговорниот јазик, со што се заокружува опфатеноста на сите сфери на употреба на македонскиот јазик.

Со основањето на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (1953 год.) во Скопје, работата над речникот ја презема Институтот „како една од своите најважни задачи“. Сама-

[2] Во 1950 година излезе од печат: „Македонскиот правопис со правописен речник“ од Бл. Конески и Кр. Тошев.

[3] Во 1950 год. се појави „Македонската граматика“ од Крум Тошев, во 1952 година - „A grammar of the Macedonian Literary Language“ од Хораст Лант, а во 1953год. „Граматика на македонскиот литератуен јазик“ во Блаже Конски, која беше преиздадена во 1956, па во 1965 итн.

[4] Предговор, Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања, том I, стр. III.

та обработка над речникот е започната во 1955 година, а материјалот за првата книга од Речникот е обработена од тогашните асистенти на Институот за македонски јазик: Тодор Димитровски, кој ги има обработено буквите Г, Ѓ, З и Ѕ, Благоја Корубин, кој ги има обработено буквите А, Б, Е, Ј, Љ, М и Н, Трајко Стаматоски, буквите В, Ж и К, а првата обработка на буквите Д и И ја има извршено Борис Марков. Како и секоја почетна работа и работата над првиот македонски речник е врзана со ред тешкотии. Кон тоа, ако се додаде и природната катастрофа[5], е разбирливо пролонгирањето на објавувањето на следните два тома. Како што е наведено во предговорот на вториот том: „Се предвидуваше работата врз Речникот на македонскиот јазик да се зарши до крајот на 1963 година. Меѓутоа, катастрофалниот земјотрес што го погоди Скопје на 26. VII 1963 година попречи да се исполни таа намера. Материјалот на Речникот за среќа, не беше оштетен и веднаш по земјотресот беше пренесен во Титов Велес[6], каде што се чуваше во Градскиот архив. Требаше да поминат повеќе месеци дури се создадоа услови за довршување на Речникот." По создавањето услови, материјалот од вториот и од третиот том се изработени од тогаш веќе научните соработници: Тодор Димитровски, кој се јавува како автор на материјалот од буквата П, Благоја Корубин, кој е автор на буквите О, Т, Ќ, У, Ч, Џ и Ш и Трајко Стаматоски, кој го изработил материјалот од буквите Р, С, Ф, Х, Ц. Буквите О и П се влезени во вториот том, а останатите букви - во третиот том. Во последниот, третиот том, на десетина страници се дадени географски и други имиња, како и зборови изведени од нив (имиња на жители). Со овој прилог се отвораат нови области во проучувањето на македонистиката: правописот и зборообразувањето, кои подоцна ќе имаат своја реализација преку завршени трудови. На крајот од третиот том, на десет страници (597-606) има и Дополнение (на зборови од речиси сите букви од А до Ш), а кое е подготвено од Кирил Конески, тогашен асистент во Институтот.

[5] Во 1963 година се случи кастастрофален земјотрес во Скопје, поради што беше пролонгирана работата и издавањето на Речникот.

[6] Станува збор за градот Велес.

Од приложеново, можеме да сумираме дека годинава македонската лексикографија, а и македонстиката воопшто, прославува големи јубилеи:

**150 години** од првиот двојазичен речник на македонскиот со некој словенски јазик („Слова“);

**50 години** од првиот том од „Речникот на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања“ (1961-1966), односно **60 години** од почетокот со работата над материјалот за речникот (според податоците од Предговорот на првиот том од Речникот).

Од временска дистанција, со сигурност можеме да потврдиме дека објавувањето на Речникот во тој период ја пополни празнината што недостигаше во македонскиот јазик, како во рамките на лексикологијата и на лексикографијата, така и воопшто на македонскиот јазик. Секако дека со појавувањето на Речникот се стабилизира речничкиот фонд на македонскиот литературен јазик. Ако се погледне низ страниците на Речникот, се забележува присуството на голем број дијалектни зборови, на архаизми (пред сè од народната поезија и проза), на интернационалнизми, на термини (за поширока употреба во културната средина) итн., со што не му се дава строго нормативна форма на Речникот, за што е забележено и во Предговорот. Меѓутоа, токму тогаш на македонскиот јазик му беше потребен таков речник.

Особено сакаме да го истакнеме прилогот Објасненија (IX-X) , кој се наоѓа на почетокот од првиот том на Речникот, веднаш по Предговорот, а во кои постојат објаснувања поделени во седум точки. Наведените фонетско-фонолошки, акцентски, морфолошки карактеристики, карактеристиките на именските групи, нивните граматички категории, карактеристиките на морфонолошките промени, изведувањето на глаголските форми ... итн., па сѐ до стилските ознаки, ја претставуваат сржта на македонскиот систем преточен во правила. Така, првата точка, која е насловена „Азбука“, ја содржи македонската азбука, каде што се укажува на редоследот на буквите во азбуката, а се дадени и некои фонетско-фонолошки караткеристики, како на пример: „Буквите *ќ* и *ѓ* не идат никогаш во почетокот на зборот

пред *и*." или „Буквата *ѕ* го обележува зучниот парник на *ц* („остро *з*"): *ѕвезда, ѕид* итн.", како и „ Во македонскиот литературен јазик нема зборови што почнуваат со *њ*." и сл. Втората точка е насловена „Акцент" и во овој дел е истакнато дека во Речникот се бележи само онаму каде што има отстапување од третосложното акцентирање, карактеристично за македонскиот стандарден јазик и тоа, главно, кај туѓите зборови. Дадени се и примери, со кои се покажува „местењето на акцентот на третиот слог од крајот" ако дојде до промена на збор, кој „нараснал за некој слог". Третата, четвртата, петтата и шестата точка се резервирани за зборовните групи: за именките, за придаките, за прилозите и за глаголите. Може слободно да се каже дека во четириве точки е претставено како се дадени и што содржат лексичките единици на именките, на придавките, на прилозите и на глаголите во Речникот. Во објаснувањата се гледа основната морфолошка структура дадена накусо преку формите на овие зборовни групи од македонскиот јазик, како и морфофонолошки промени што настануваат од различни јазични причини. Се наведуваат правилата како се презентирани едносложните, двосложните и повеќесложните именки со граматичките категории; потоа се истакнува употребата на формата за женски род кај придавките; како и формите на прилозите ако е нивната употреба честа, а за глаголите се подвлекува дека се претставени со формата за трето лице еднина сегашно време, со што се покажува во која од трите групи спаѓа глаголот. Како карактеристики на македонскиот јазик се истакнуваат: поголемото изведување на несврешните глаголи од свршените префиксирани и од други, изведувањето на глаголските именки од таквите несвршени глаголи, како и големата продуктивност на некои префикси кај глаголите, сето тоа во споредба со српскохратскиот јазик. Во последната точка, насловена „Стилски ознаки", се дадени ознаките на различните сфери на употреба на зборовите. На пример, за зборовите што се употребуваат во разговорниот стил, ознаката е (разг), за дијалектните зборови (дијал), а за застарените или зборовите излезени од употреба се наведува дека се обележени со ознаката (арх). Со ознаката (фраз) во составот на единицата се наведува дека „примерот или примерите што следат по неа претставуваат фразеолошки изрази",

што како појава има големо значење не само за Речникот, туку и за македонската фразеологија. Меѓу шеесетината скратеници се вброени оние за зборовните групи, како на пример: адј (за придавка), адв (за прилог), интерј (за извици) итн., за граматичките категории: аор (аорист), ф (за именки од женски род) ... итн., потоа стручни области од типот: бот (ботаника), геогр (географија), истор (историја), мат (матматика), мед (медицина) итн.

Факт е дека „Речникот на македонски јазик со српскохрватски толкувања" изврши двојна улога. Сето досега што го кажавме е подведено под првичната улога на Речникот, што можеме да ја сведеме на постулатот дека македонскиот јазик, пред сѐ, ја пополни лексиколошко-лексикографската сфера. Меѓутоа, овде треба да се нагласи дека заглавните зборови се дадени на македонски јазик, а толкувањата[7] се на српскохрватски јазик. Со вториот дел од овој исказ, што секако се гледа и во вториот дел од насловот на Речникот - „ ... со српскохрватски толкувања", Речникот ја вршеше втората функција, што беше навестена во Предговорот од првиот том: „.. тој треба да изврши уште една важна културна улога, како прирачник што ќе им го олесни достапот кон македонската литература на луѓето од другите југословенски народи." Од денешна гледна точка, слободно можеме да кажеме дека според околностите кога е создаден, овој Речник ја изврши *културно-историската улога.*

Како нераскинлива алка на „Речникот на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања", е „Обратниот речник на македонскиот јазик" (чиј составувач е Владимир Миличиќ, редактори: Кирил Конески и Александар Џукески, а е издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 1967). Иако се „скоро сите зборови од РМЈ" и иако има извесни разлики во споредба со него (пред сѐ, поради природата на речникот), „Обратниот речник" претставува *индекс* на тритомниот Речник. Тоа било и една од целите што си ги поставил и самиот автор, кој ја наведува потребата на

[7] Каде што е нужно, за „македонскиот читател" се даваат, во заграда, објаснувања на значењата на зборовите на македонски јазик.

современото лингвистичко истражување за зголемениот број на обратните речници или како што ги нарекуваат „индекси а терго“.

Како што е наведено во Предговорот, Обратниот речник е подготвен компјутерски[8] и од денешен аспект може да се каже дека во тој период е направен прогресивен чекор во лексикографијата, кој потоа е пример за други обратни речници што се направија, како во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“[9], така и во македонистиката воопшто.

„Речникот на македонскиот јазик со српскохратски толкувања“ спаѓа во речниците средни по обем, кој содржи околу 65 000 лексички единици. Ова се потврдува со броевите што се наведени на крајот од сите три тома: во првиот том е регистрирано дека има 29 359, во вториот – 17 799 и во третиот – 17 364 заглавни зборови. На крајот од третиот том е даден и прецизниот број за вкупниот број од заглавни зборови, кој изнесува 64 522 заглавни зборови.

Особено треба да се истакне фактот дека по завршувањето на работата на тритомниот речник, во 1966 година, се организираше понатамошната работа во Институтот. Тогаш се формирани пет одделенија што требаше да покриваат исто толку значајни области на македонскиот јазик: Одделението за современ јазик, Одделението за дијалектологија, Одделението за лексикологија и лексикографија, Одделението за ономастика и Одделението за историја на македонскиот јазик. Ако се погледне издавачката дејност, ќе се забележи дека од работата над проектите, произлегоа речници со непроценлива важност за македонскиот јазик во кои се вклучени научните работници од Институтот: „Правопис на македонскиот литературен јазик со правописен речник“, „Речник на македонската народна поезија“ (во 3 тома), „Синтаксичко-генеративен речник на маке-

[8] Користен е компјутер IBM 620, а материјалот од РМЈ „е обрнат“ во Комјутерскиот центар на Западниот вашингтонски државен колеџ, Белингхам, во Вашингтон, во учебната 1965-1966 година.

[9] На пример, речникот на д-р О. Иванова: „Обратен речник на презимињата кај Македонците“, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 2007.

донските глаголи", Пробна свеска, „Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи" (во 6 тома[10]), „Речник на презимињата кај Македонците" (во 2 тома), „Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница", „Толковен речник на македонскиот јазик" (досега се излезени 5 тома), „Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција" (се работи II том) „Речник на грчко-црковнословенски лексички паралели", „Обратен речник на македонските презимиња", „Речник на лични имиња во македонското народно творештво" итн.

Институтот и понатаму е препознатлив по лексиколошко-лекикографската работа, како на тимски, така и на индивиуални авторски остварувања. Во поново време, во Институтот почнаа поинтензивно да се работат специјализирани речници, па така, покрај „Речникот на антонимите во македонскиот јазик" се работат и „Речник на синоними во македонскиот јазик", и „Речник на колоквијализмите". Речниците од ваков вид се особено потребни како во рамките на научноистражувачката работа, така и во секојдневната употреба од пошироката јавност. Се надеваме дека бројот на проекти – специјализирани речници ќе се зголемува во иднина.

Сведоци сме дека од крајот на дваесеттиот век, кога Република Македонија стана независна и самостојна држава, се зголеми печатарската дејност, па така порасна и бројот на објавени речници[11]. Тука особено сакаме да го подвлечеме фактот дека во сите новонастанати речници, без разлика од кој вид се, или кој е нивниот автор, е вграден „Речникот на македонски јазик со српскохрватски толкувања", со што во целост се потврди констатацијата дека работата над овој македонски речник претставуваше „... школа во која се стекна опит што корисно ќе послужи во натамошната разработка на македонската лексикографија." Затоа, без никој да ни забележи, сметаме дека може да се каже оти „Речникот на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања" беше и остана повеќе од речник.

[10] По објавувањето на Речникот, тимот ја доби наградата „13 Ноември", во 2002.
[11] Се издаваат речници (најмногу двојазични) подготвени институционално или пак приватно (од одделни автори).

На крајот, со истакнувањето на јубилеите особено значајни за македонската лекикографија и лексикологија, дозволете ми да кажам дека често пати јубилеите не пртеставуваат само „просто“ одбележување на години изразени преку бројки, туку даваат можност за нови размислувања, нови навраќања, нови сопоставувања, чие поминато време нуди и поглед кон нови научни согледувања.

ЛИТЕРАТУРА:

Димитровски, Т., Корубин, Бл., Стаматоски, Тр., (1961 - том I, 1965 - том II, 1966 - том III), ред. Конески, Бл. *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања*, Скопје.

Каталог на изданијата (1999) Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Каталог на изданијата 1999 – 2011 (2011) Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Конески, Бл., Тошев, Кр. (1950) *Македонски правопис со правописен речник*, Скопје.

Конески, Бл. (1953, 1956, 1965, 1982) *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Скопје.

Миличиќ Вл. (1967) ред.: Кирил Конески и Александар Џукески, *Обратен речник на македонскиот јазик*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Тошев, Кр. (1950) *Македонската граматика*, Скопје.

Lunt, H. G. (1952) *A Grammar of the Macedonian Literary Language*, Skopje.

http://imj.ukim.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=90&Itemid=85

УДК 811.512.161:811.163.3’373.45

*Марија ЛЕОНТИЌ*

# ПРИДОНЕСОТ НА ОЛИВЕРА ЈАШАР–НАСТЕВА ВО ЗБОГАТУВАЊЕТО, СТАБИЛИЗАЦИЈАТА И СТАНДАРДИЗАЦИЈАТА НА ТУРСКИТЕ ЛЕКСИЧКИ ЕЛЕМЕНТИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

## 1.Вовед

Многу лингвисти во првите децении од развојот на факултетите во Македонија, поради недостиг на кадар беа должни паралелно да дејствуваат во повеќе области. Еден од овие лингвисти е и Оливера Јашар-Настева, која целиот свој работен век го помина во проучувањето и достоинственото презентирање во земјава и во странство на македонскиот и на турскиот јазик и култура, нивните взаемни контакти, влијанија и интерференции. Како резултат на познавањето на македонскиот и на турскиот јазик објави бројни трудови кои се однесуваат на обата јазика, но и на нивното место во балкански контекст.

Од денешен аспект, најважните трудови на Оливера Јашар-Настева се за турските лексички заемки кои квантитативно и квалитативно го збогатиле македонскиот јазик и кои во голем дел се употребуваат денес во различни области. Оливера Јашар-Настева во текот на целиот нејзин живот ги проучуваше овие турски лексички заемки во нестандардната и во стандардната лексика и го збогатуваше македонскиот јазик со нив. Меѓутоа нејзината работа влијаеше и на стабилизацијата и на стандардизацијата на турските лексички заемки во македонскиот јазик. Сите нејзини авторски трудови или лексиколошки трудови што таа ги редактирала или раководела се беспрекорни

и денес се најсигурни извори во однос на турските лексички заемки во македонскиот јазик.

## 2. Животот и делото на Оливера Јашар-Настева

Оливера Јашар-Настева е родена на 25 ноември 1922 година во Белград. Основното и средното образование го завршила во Скопје, а матурирала во Белград. Студиите ги започнала во Белград, а дипломирала во 1949 година на Групата за француски јазик и литература при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј". Во текот на студиите и по дипломирањето работела како професор по француски и по македонски јазик во средното образование. Во 1959 година се вработила како асистент по предметот Историја на македонскиот јазик на Катедрата за јужнословенски и балкански јазици при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј". Во 1962 година на истиот факултет ја одбранила својата докторска дисертација под наслов „Турските лексички елементи во македонскиот јазик". По одбраната на докторската дисертација почнала да работи како професор, во 1969 година била избрана за вонреден професор, во 1975 година за редовен професор по истиот предмет, а во 1981 година за редовен професор по предметот Општа лингвистика. Покрај наставно-образовната и научноистражувачката дејност, Оливера Јашар-Настева се залагала и за оформување на катедрите за турски и албански јазик.[1] Поради балканистичката определба, таа била ангажирана да предава на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, на Катедрата за турски јазик и литература,

[1] Димитар Пандев овој период на Оливера Јашар-Настева суштински го има опишано: „...Универзитетскиот ангажман на Настева се совпаѓа токму со периодот на зацврстувањето на македонистиката на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици и на постапно оформување на нови катедри на тогашниот Филозофски факултет со програми кои во одредена мера претходно се предавале на Катедрата за јужнословенски и балкански јазици. Во тој поглед, основен е токму придонесот на Оливера Јашар – Настева во оформувањето на катедрите за албански и за турски јазик, како и осмислувањето и продлабочувањето на балканистичките проучувања на Катедрата за македонски јазик, прво во рамките на постдипломските студии (од 1971), а потоа и во редовните студии (од 1977)..." Види: (2000). *Споменица посветена на Оливера Јашар-Настева, редовен член на Македонската академија на науките и уметностите.* МАНУ – Скопје, 15-16. Оливера Јашар – Настева како иницијатор

на која била и нејзин прв раководител, и на Катедрата за албански јазик и литература. Паралелно со овие активности, го презентирала македонскиот и турскиот јазик, пред сè во балкански контекст, во земјава и во странство.

Ако добро се анализира библиографијата на трудовите на академик Оливера Јашар-Настева може да се согледа дека лексикологијата, а пред сè турските лексички елементи се доминантни во нејзините научни трудови и дека темата на докторската дисертација доживотно ја надоградувала, усовршувала и применувала во разновидни области и кај разновидни автори. Доказ за тоа се околу половина од нејзините 136 научни трудови-студии што директно или индиректно ги обработуваат турцизмите во рамките на македонскиот јазик и литература или во балкански контекст, двете нејзини објавени монографии под наслов „Турските лексички елементи во македонскиот јазик“ и „Турски елементи во јазикот и стилот на македонската народна поезија“ директно се поврзани со турцизмите, а во третата монографија под наслов „Македонски текстови 10-20 век“ што ја работела заедно со Блаже Конески може да се следи застапеноста и на турцизмите во овие текстови според вековите.

Иако докторската дисертација на Оливера Јашар-Настева под наслов „Турските лексички елементи во македонскиот јазик“ беше одбранета во 1962 година, таа беше објавена по триесет и девет години, во 2001 година, речиси година и половина по нејзината смрт (2000 година), со залагање на редакторот д-р Олга Иванова.[2] Постојните копии на докторската дисерта-

за основање и за основач на Групата за турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ се спомнува и во Монографиите на истиот факултет. Види: (1996). *Монографија, 50 години Филолошки факултет 1946-1996*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, 39; (2006). *Монографија, 60 години Филолошки факултет „Блаже Конески“ 1946-2006*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, 43.

[2] Според мене не случајно академик Оливера Јашар-Настева, кога била тешко болна и сфатила дека не ќе може интензивно да работи на објавувањето на ова дело, редакторската работа до конечното објавување на трудот ѝ ја доверила на Олга Иванова, која многу ја почитувала како колешка и пријателка, но пред с# верувала во нејзината педантна работа до совршенство.

ција пишувани на машина за пишување со децении се користеа од многу домашни и странски лингвисти.[3] Но, по објавувањето, ова дело стана достапно за поширок круг читатели и пробуди голем интерес. Со тоа уште еднаш се потврди вистината дека факторот време не влијае на квалитетот на добро подготвените научни трудови.[4]

[3] Примерок од докторската дисертација „Турските лексички елементи во македонскиот јазик" се наоѓа во Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски". И јас по дипломирањето ја фотокопирав оваа докторска дисертација и учев од неа за турцизмите. Верувам дека бројни странски лингвисти што се интересираа за турцизмите на ист начин се сретнуваа со ова дело и го носеа во странство. Неколку глави од оваа докторска дисертација се објавени во реномирани лингвистички списанија во Македонија и со децении се користеа при обработување на турцизмите.

[4] По објавувањето на „Турските лексички елементи во македонскиот јазик" бројни лингвисти изнесоа свое мислење за оваа книга. Речиси сите дојдоа до истиот заклучок до кој дошле Лидија Ѓоргиевска Тантуровска и Убавка Гајдова. Лидија Ѓоргиевска Тантуровска во својот приказ го напишала следново: „...Несомнено дека монографијата *Турските лексички елементи во македонскиот јазик* од акад. Оливера Јашар-Настева има голема научна вредност. Меѓутоа, особено треба да се истакне фактот дека оваа книга може да ја земе и обичниот читател и без некоја тешкотија да навлезе во некои од тајните на македонскиот јазик, за што е заслужен богатиот илустративен материјал при научната анализа. На крајот, во чест на делото што акад. Јашар-Настева ѝ го посвети на македонистиката, ќе го напишам следново: „Deðerli kitap kýymetini kaybetmez". Види: Тантуровска Ѓоргиевска Лидија. (2002). Добрата книга не губи вредност (Оливера Јашар Настева, Турските лексички елементи во македонскиот јазик). *Македонски јазик*, LIII (1), 139. Убавка Гајдова во својот приказ вели: „...Сепак кога ќе се разгледа *Индексот на турцизмите*, кој опфаќа околу 3500 нумерирани турцизми обработувани во различни поглавја од оваа книга, ќе се констатира дека голем број од турцизмите имаат сè уште жива употреба во народниот и во разговорниот јазик, а дел се вкорениле длабоко во македонскиот лексички фонд и се чувствуваат како составен дел на македонската лексика. Токму затоа, уверени сме дека објавувањето на монографијата *Турските лексички елементи во македонскиот јазик* од акад. Оливера Јашар-Настева ќе им овозможи не само на лингвистите туку и на пошироките круг читатели да задоволат голем дел од својот интерес за оваа проблематика. Овде ќе можат да најдат одговори на повеќе свои прашања и секако, уште многу други интересни податоци за тоа колку и како турскиот јазик влијаел врз оформувањето на современиот македонски јазик, особено на неговиот лексички фонд." Види: Гајдова, Убавка. (2001). Што има ново-ветво (Ne Var Eski Yeni) во македонската лингвистичка литература – Турските лексички елементи во македонскиот јазик од акад. Оливера Јашар – Настева. *Литературен збор*, XLVIII (3-4), 129-130

Со своите богати и бројни примери и со своите аргументирани научни ставови во научните трудови-студии и во двете монографии, од една страна со турцизми го збогатувала лексичкиот фонд на македонскиот јазик, а од друга страна влијаела на нивната стандардизација. Не е случајно што Димитар Пандев, на 11 јануари 2000 година, во говорот на комеморативната седница по повод смртта на Оливера Јашар-Настева го рече следново: „...Оливера Јашар-Настева им припаѓа на оние лингвисти кои во науката влегуваат на голема врата со солидна научна елаборација и јасно оформени научни погледи и ставови, и кои постојано ги продлабочуваат своите научни сознанија со респект спрема резултатите на своите претходници и со обмислен увид во достигнувањата на современата наука за јазикот...“[5] Токму поради овие квалитети таа е избрана за дописен член на Македонската академија на науките и уметностите на 14 мај 1979 година, а за редовен член на 21 ноември 1983 година. Во 1979 година е избрана и за член во „Турк Дил Куруму“ (Türk Dil Kurumu), што е највисока институција во областа на лингвистиката и турскиот јазик во Р. Турција. При ова сакам да истакнам дека таа досега е единствен лингвист од Македонија што била избрана за член во „Турк Дил Куруму“.

Оливера Јашар-Настева почина на 9 јануари 2000 година во Скопје.

### 3. Влијанието на делата и на дејноста на Оливера Јашар-Настева во збогатувањето, стабилизацијата и стандардизацијата на турските лексички елементи во македонскиот јазик

Оливера Јашар-Настева со својата лингвистичка компетенција е една од највлијателните лингвисти на овие простори. Нејзиното влијание во поглед на збогатувањето, стабилизацијата и стандардизацијата на турските лексички елементи во македонскиот јазик може да се разгледа од два аспекта:

-од аспект на влијанието на нејзините дела

-од аспект на влијанието на нејзината дејност

[5] (2000). *Споменица посветена на Оливера Јашар-Настева, редовен член на Македонската академија на науките и уметностите*. МАНУ – Скопје, 20-21

### 3.1. Влијанието на делата на Оливера Јашар-Настева во збогатувањето, стабилизацијата и стандардизацијата на турските лексички елементи во македонскиот јазик

Големиот број научно-истражувачки трудови објавени во разновидни реномирани лингвистички списанија и зборници, докторската дисертација под наслов „Турските лексички елементи во македонскиот јазик" (1962) и монографијата „Турските елементи во јазикот и стилот на македонската народна поезија" (1987) на Оливера Јашар-Настева, се неодминливо четиво кога се обработуваат турските лексички елементи во македонскиот јазик. Таа е првиот лингвист во Македонија кој за свој научен интерес ги имал турските лексички елементи во македонскиот јазик во вистинска смисла на зборот со сета нивна комплексност. Со своите дела влијаела на збогатувањето на македонскиот јазик со турските лексички елементи, но исто така и ги мотивирала и поттикнала другите лингвисти да почнат да ги проучуваат турцизмите во македонскиот јазик. Но факт е дека нејзините научни трудови и докторската дисертација долго време беа критериум и неодминливи дела при проучувањето на турцизмите, и на тој начин влијаеја на стабилизацијата и стандардизацијата на турските лексички елементи во македонскиот јазик.

Освен во овој поглед, научно-истражувачките трудови на Оливера Јашар-Настева влијаеја и на погледот и на ставот на многу лингвисти во Македонија во однос на турцизмите во македонскиот јазик. Таа со своите дела успеа да осветли многу теми и области во однос на турските лексички елементи во македонскиот јазик, но исто така придонесе и да се надминат многу предрасуди во однос на нив. Ова најмногу се должи на нејзиниот хуман стил на презентирање на лингвистичкиот материјал и на аргументираните ставови поткрепени со типични и интересни примери.

### 3.2. Влијанието на дејноста на Оливера Јашар-Настева во збогатувањето, стабилизацијата и стандардизацијата на турските лексички елементи во македонскиот јазик

Оливера Јашар-Настева подеднакво била активна и влијателна во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Во својата дејност привлеку-

вала внимание со својот начин на комуницирање. Колку што била богата со знаење, толку била едноставна, скромна и срдечна во комуникацијата, но никогаш не правела компромис за сметка на квалитетот. Познавањето на повеќе јазици (француски, италијански, турски, албански, романски, влашки, српскохрватски и пасивно сите словенски јазици) ѝ овозможувало во странство, на меѓународните научни собири, конференции и конгреси брзо да воспостави комуникација и контакти, а воедно рефератите да ги изложува на оној јазик кој е најсоодветен.

Оливера Јашар-Настева учествувала на разновидни научни собири, конференции и конгреси во земјава и во странство, пред сѐ со теми од областа на балканистиката и турските лексички елементи во македонскиот јазик, при што компаративно ги презентирала македонскиот и турскиот јазик и нивните меѓусебни влијанија, но воедно со овие изложувања го збогатувала турскиот лексички корпус во македонскиот јазик.

Посебно внимание привлекува нејзината дејност како професор, бидејќи денес нејзините студенти без исклучок ја помнат како одличен предавач. Уште во тие години кога компаративните и балканолошките студии беа во зачеток, таа своите студенти ги подготвувала за овие области и им давала визија што сѐ може да се проучи во областа на меѓујазичните контакти. Преку своите предавања на часовите и своите реферати на научните собири, конференции и конгреси влијаела на перцепцијата на слушателите за овие области и теми, но воедно влијаела на стандардизацијата и стабилизацијата на разновидните ставови кои често пати воведувале несигурност и забуна во лингвстичките кругови и во студиите кај студентите.

Посебно е важна нејзината дејност како редактор на многу важни трудови, пред сѐ лексиколошки, во кои се присутни и турските лексички елементи. Во последниве десет години се објавија бројни дела во кои се застапени и турцизмите, но во нив се забележуваат бројни грешки поради непознавањето на турскиот јазик, неконсултирање на специјалист за турцизми или поради несоодветен редактор. Оливера Јашар-Настева во овој поглед со години беше консултирана и беше педантен и беспрекорен редактор на големите и важните дела кои се

објавуваа во периодот додека можеше да работи. На овој начин не се остави простор големите дела кои најчесто се користат за извор, ексцерпција и цитирање да имаат грешки во однос на турцизмите. И оваа редакторска дејност на Оливера Јашар-Настева влијаела на стабилизацијата и стандардизацијата на турските лексички елементи во македонскиот јазик.

**4. Заклучок**

Оливера Јашар-Настева со целокупното свое творештво и дејност беше лингвист што преку науката се трудеше да влијае на предрасудите во нашата средина и во странство во однос на јазиците кои егзистираат на овие простори. Не случајно нејзиниот научен интерес е сконцентриран на балканистиката, каде што доаѓа до израз поврзаноста, убавината и меѓусебното влијание на сите јазици што се говорат на Балканот.[6] Но при ова треба да се истакне дека во оваа нејзина научна определба таа имаше два стожера во Блаже Конески и Божидар Настев, кои ја поддржуваа и следеа нејзината работа. Затоа, воопшто не е случајно што таа на најважните меѓународни конференции и конгреси настапуваше заедно со нив за балканистиката. Преку балканистиката тие достоинствено, научно и аргументирано го презентираа местото на македонскиот јазик и на турскиот јазик во Балканскиот јазичен сојуз, нивните меѓусебни влијанија, контакти и интерференции.

Ако тргнеме од поговорката дека „делата говорат за човекот", очигледно е дека Оливера Јашар-Настева со своите две капитални дела „Турските лексички елементи во македонскиот јазик" и „Турски елементи во јазикот и стилот на македонската народна поезија" и со бројните научни трудови-студии за турцизмите во македонскиот јазик и литература, има голем придонес во збогатувањето, стабилизацијата и стандардизацијата на турските лексички елементи во македонскиот јазик.

[6] Ова и акад. Милан Ѓурчинов го истакна во својот говор на Комеморативната седница: „...Научниот интерес на акад. Настева се концентрира во неколку области, но пред сѐ, тоа е областа на балканистиката, каде што нејзините научни остварувања се бездруго најголеми и најзначајни..." Види: (2000). *Споменица посветена на Оливера Јашар-Настева, редовен член на Македонската академија на науките и уметностите.* МАНУ – Скопје, 10

На овој начин Оливера Јашар-Настева го исполни воедно долгот кон земјата во која живееше и работеше и кон своето потекло, а тоа причини таа да доживее голема почит за своето дело и дејствување во Македонија и во Турција и пошироко во меѓународните лингвистички кругови. [7]

[7] И нејзината сестра Лидија Кумбараџи-Богоевиќ ја има истата определба. Доказ за тоа е нејзиното капитално дело *„Османлиските споменици во Скопје“* објавено во 1998 година од страна на Исламската заедница на Р. Македонија

## БИБЛИОГРАФИЈА

1. Конески Блаже, Настева Јашар Оливера. (1966). *Македонски текстови 10-20 век.* Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература - Скопје

2. Настева Јашар Оливера. (1987). *Турските елементи во јазикот и стилот на македонската народна поезија.* МАНУ Ђ Скопје

3. Настева Јашар Оливера. (2001). *Турските лексички елементи во македонскиот јазик.* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" - Скопје

4. (2000). *Споменица посветена на Оливера Јашар-Настева, редовен член на Македонската академија на науките и уметностите.* МАНУ Ђ Скопје, 15-16

5. (1996). *Монографија, 50 години Филолошки факултет 1946-1996.* Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Ђ Скопје

6. (2006). *Монографија, 60 години Филолошки факултет „Блаже Конески" 1946-2006*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

7. Гајдова, Убавка. (2001). Што има ново-ветво (Ne Var Eski Yeni) во македонската лингвистичка литература – Турските лексички елементи во македонскиот јазик од акад. Оливера Јашар – Настева. *Литературен збор*, XLVIII (3-4), 129-130

8. Тантуровска Ѓоргиевска Лидија. (2002). Добрата книга не губи вредност (Оливера Јашар Настева, Турските лексички елементи во македонскиот јазик). *Македонски јазик*, LIII (1), 139.

УДК 811.163.3’373

*Лилјана МАКАРИЈОСКА, Бисера ПАВЛЕСКА*

# ЗА УПОТРЕБАТА НА РЕЛИГИСКАТА ЛЕКСИКА ДЕНЕС

Текстовите со црковно-религиозна содржина и на историски и на современ план се богати со црковнословенска лексика, којашто заедно со другите јазични елементи од црковнословенскиот јазик го оформува религискиот јазичен стил и го изделува како засебен со свои карактеристики. Впечатливо е дека црковнословенските елементи преку овие текстови ја зачестуваат својата употреба. Честопати одредени автори на литературни дела при пишувањето користат најразлични јазични елементи што се поврзуваат со религиската сфера, со што јазикот на песната, расказот или романот станува поспецифичен, поекспресивен и се поврзува со одредена епоха[1].

Голем дел од лексемите што му припаѓаат на црковнословенскиот лексички слој се дел од активниот речнички состав на

---

[1] ×ундева (1986 :183-197) осврнувајќи се на стилски маркираните единици во јазикот на Славко Јаневски ја истакнува употребата на црковнословенизмите употребени со цел *да му се даде на текстот историски колорит, како сигнал за припадноста на речта на некое друго време, но и како експресивно средство што му дава на искажувањето нота на свеченост и возвишеност.* пр. *за вас нема сончев пробрезг; повелание божје; пролетно возобновение; нурнати во свое и туѓо блудочинение, воведение во споулавеноста; ги покриле сите воведенија во воспоминанија; обземени од мисли и безмолвие; зрението ми се врати; јазви под ленени преврски.* Сп. и *се ближеше мигновението кога тие ќе не доближат до нашето скончание. ја погледна со скрб во очите; со првите оглашенија на петлите.*

современиот македонски јазик, на пр.: *шрџение, беззаконие, џредание, собрание, џроклешие* итн. (сп. и Гигова 1977: 167). Оваа лексика е застапена и во Толковниот речник на македонскиот јазик и притоа таа се означува како црковна терминологија, како книжна лексика или се укажува на архаизираноста на лексемата. На пр. Толковниот речник на македонскиот јазик ги посочува: *блаѓодаш, Боѓојавление, боѓослужение, боѓочовек, Вознесение, живошворец, жизненосш, исџоведание, ошкровение, џросвешление* и други.

Се согласуваме со мислењето на отец А. Гиревски (2004: 201), како и на повеќемина други теолози, дека несомнено и во македонската црковна терминологија треба да се остави доволно простор и за лексичките елементи со апстрактна содржина, кои се наше црковнословенско наследство. Некои изрази од црковнословенскиот текст се задржани, зашто нивните преводни паралели добиле друго значење во современиот јазик.

Она што е интересно денес е проширувањето на сферата на употреба на религиската лексика. Имено, од година во година, забележуваме засилен стремеж за употреба на религиската лексика во пишаните и електронските медиуми, во неформалната комуникација што се води преку електронските средства за информирање, што им е достапна на сите, во интернет-блоговите и сл.

Во овој труд ќе извршиме анализа на употребата на религиската лексика во информативните текстови со секојдневна содржина, во авторските текстови со актуелна тематика, ќе ја воочиме честотата на нејзината употреба и тежнеењето за замена на постојните современи македонски лексеми со лексеми што му припаѓаат на религискиот стил, како и нивната паралелна, заедничка употреба.

Според Гигова (1977: 164) од современа гледна точка одредени лексеми се сметаат за архаизми (*сџасение, видение, сшрадание, сшорение*) или пак му припаѓаат на пасивниот лексички фонд (*џоучение, венчание*), односно се со ограничена употреба. Тие се во употреба само во рамките на црковно-духовниот живот, односно во текстовите со црковно-религиозна содржина, па се одлика на религискиот функционален комплекс.

Разгледувајќи ги текстовите забележавме дека мал е бројот на црковнословенизмите коишто немаат современа варијанта во македонскиот јазик, односно ако се употребени се дава и нивно објаснување, или пак тоа се зборови што се веќе толку вообичаени што не се ни насетува дека се навлезени од црковнословенскиот јазик. Гигова (1977: 164) издвојува црковнословенизми што проникнале во речта на одделни слоеви, а коишто имаат свои семантички еквиваленти во современиот јазик: *исшточник, конец, кончина, скончание, ӣокоен* (мирен), *ѓибел, леѿо* (година):

Пр. и *Оѿѿоѓаш Музејоѿ ӣлови низ ӣросѿориѿе на музејскаѿа дејносѿ, барајќи ѓо својоѿ исѿочник во вредносѿиѿе создавани во соӣсѿвениоѿ ѓрад; Реӣублика Македонија .. исѿочник на словенскаѿа ӣисменосѿ и земја во која книѓаѿа и ӣишаниоѿ збор оѿсекоѓаш имале „ѿежина на еден живоѿ"; Ако се ӣреземени од „Македониум" ѿреба сериозно да се ӣомисли дали е досѿоен исѿочник; Овој сӣор ... ќе ӣоѿрае уиѿе неколку ѓодини ӣо земнаѿа кончина на ѓлавниѿе ӣроѿаѓонисѿи; Во леѿоѿо ѓосӣодово 2006, Т. П. самоиницијаѿивно ӣосака да ја разѓори љубовѿа кон ѿрадицијаѿа. Шѿо на ӣрофесионалноѿо ӣоле ѓи очекува во* ***леѿо Госӣодово 2006****-ѿо?*

Како покарактеристичен го бележиме всушност случајот кога формите што со текот на времето се осовремениле, односно се адаптирале кон современиот македонски јазик со помош на актуелни суфикси, се заменуваат или се користат напоредно со формите што одамна се сметаат за застарени, или пак упатуваат на религиската сфера на општење. Како причина за ваквата тенденција може да се наведе сé посилното продирање на црквата во општествениот живот, во споредба со едно време кога таа беше речиси целосно тргната настрана од човековото секојдневие. Оттука, авторите на текстовите со секојдневна и современа содржина речиси несвесно ги вметнуваат религиските елементи во својот јазик, но честопати нивната употреба има и определена цел – издигнување на стилот на текстот на повисоко ниво, имајќи предвид дека религискиот стил се одликува со свеченост, па со тоа и текстот во кој се употребуваат од денешна гледна точка звучи посвечено и

повозвишено. На пр.: *Големиот христијански празник започна со Божествена Литургија, со која чиноначалствуваше Митрополитот Повардарски г. Агатангел*, или *Со утринската литургија во црквата Св. Петка чиноначалствуваше поглаварот на МПЦ г.г Стефан*, каде што наместо богослужба е употребена лексемата *литургија,* а се користи глаголот *чиноначалствува* што исто така е преземен од текстовите со религиозна содржина.

Од лексемите што сé почесто се застапени денес се глаголските именки на -ние, пред сé кај имињата на религиозните празници и на светите тајни кон кои е изграден посебен однос: *Богојавление, Сретение, Преображение, крштение* итн. Текстовите во кои се најзаживеани овие лексеми се сепак текстови во кои се опишува начинот на народното одбележување на големите православни празници, на пр. новинарските текстови што информираат за прославувањето на Божиќ, Водици, Велигден и др. во различни краишта на нашата држава. Па така низ текстовите сé почесто читаме за *Рождеството* Христово, наместо за Христовото раѓање или Божиќ, или пак ја бележиме нивната паралелна употреба, во рамките на истиот текст: *Православните христијански верници во Македонија денеска го слават Бадник, ден пред големиот празник Рождество Христово – Божик... Големиот празник на Христовото раѓање го собира семејството дома; Бадник се слави еден ден пред Божик и со коледарските огнови и коледарчињата се најавува Рождеството Христово – Божик; Бадник или Коледе се нарекува денот пред роденденот на Исус Христос (Божиќ), според христијанската традиција... Суштината на празникот е во радоста на христијаните пред големиот ден – Рождеството Христово.*

Во следниов пример бележиме употреба и на современата и на црковнословенската варијанта во една иста реченица, поточно во честитка за празникот упатена до македонскиот народ: *Со особена радост и задоволство, на овој величествен ден кога се прославува најголемиот настан во историјата на човечкиот род, раѓањето на Божјиот син, сакам, вам, на членовите на Синодот и на сите православни верници да ви го*

*честитам големиот христијански празник Рождество Христово – Божиќ.*

За празникот Водици, поточно за денот во кој се вели дека се јавил бог, последниве години обично се употребува и називот *Богојавление*. Честопати овој назив е придружен со народниот назив на празникот како објаснување: *Така во празникот Богојавление – Водици биле слеани повеќе спомени поврзани со животот на Исус Христос на земјата; Епархискотo седиштe на Повардарската епархија, како и епархискиот параклис посветен на „Св. Климент Охридски" беа претесно место за да ги собере сите христијански православни души кои дојдоа заедно да го славиме денот на Богојавлението – Водици; Православните верници денеска го слават големиот христијански празник Богојавление – Водици. Празникот Богојавление е поврзан со крштевањето на Исус Христос во водите на реката Јордан од Свети Јован; На Богојавление на полноќ се верува дека се отвора небото, се појавува Бог; Утре е Богојавление, кај народот познат како Водици; Одбележан празникот Богојавление во Скопје – крстот го фати И. С; По богојавленскиот водосвет и евангелскиот поздрав „Бог се јави, навистина се јави" во водите на студениот Вардар беше фрлен осветениот крст; Празникот Богојавление, ден посветен на јавувањето на светото тројство, кога синот се крштева, Отецот се јавува од небото, а духот се појавува во вид на бел гулаб; Одбележувањето на Богојавление продолжи со традиционалната прослава на голем број верници на богатата братско-сестринска трпеза на љубовта.*

Црковнословенски лексеми што ги сретнавме во рамките на анализираните текстови, а што се поврзани со овој голем празник се крштение и водосвет, поточно *крштевање* и *светење вода*: *Денот на крштевањето на Господ Исус Христос во водите на реката Јордан со водосвет и фрлање на крстот ... Тој чин на светото крштение е услов за секој Христијанин, односно за секој човек да биде Христијанин и да биде член на светата црква; Чинот на водосвет и фрлање на крстот го изврши парохискиот свештеник Ж. М., Празникот се нарекува уште и Водици, заради големиот водосвет, што го извршува*

*Црквата на овој ден; Големиот водосвет е симбол на обновувањето на нашата огревовена природа и на целиот космос преку вода и дух.*

И за Велигден, како за еден од поважните верски празници често се пишува во медиумите, па ја бележиме употребата и на црковнословенизмот Воскресение Христово, честопати заеднички со воскреснување на Христос: *По седумнеделните пости со кои се прочистува и душата и телото и со кој Христијаните се сообразуваат со подвигот на Господ, кој во пустината постел 49 дена следува најголемиот Христијански празник Христовото Воскресение – Велигден; Велигден е најстариот христијански празник, од средината на вториот век христијаните во целиот свет го слават распнувањето на крстот и Воскресението на Исус Христос; Верниците точно на полноќ по веста за Христовото воскресение се кршат со црвени јајца со што го прекинуваат постот; Денешниот ден, Велика Сабота, според христијанското учење е ден на свештен трепет пред Христовото воскресение, кое точно на полноќ ќе го означат биењето на камбаните и радосниот восклик „Христос воскресе"; И токму затоа и Велигден и воскресението е еден од најголемите празници; Токму поради денот на Христовото воскресение; Во пресрет на празнувањето на најголемиот христијански празник Христовото воскресение, Велигден, дозволете ми Вам лично да Ви го честитам Велигден и да Ви посакам здравје, благодет...; Прославувајќи го Христовото воскресение ја славиме безусловната љубов и мирот меѓу сите луѓе на светот; Исусовото воскресение ќе ја потврди човечката природа и човечкото битие; Веста за воскресението в сабота на полноќ ќе ја објават свештениците и архиереите на богослужбите во сите цркви и манастири на МПЦ; Православните верници, во Скопје ќе се соберат на централната литургија, пред соборниот храм, католичката црква воскресението ќе го одбележи во црквата Пресвето срце Исусово; Ова е нешто најубаво, денеска е Христовото воскресение.*

И покрај овие бројни примери ја бележиме секако и паралелната употреба на осовременетата форма воскреснување,

па така во ист текст читаме: *Денеска е Велигден или Ден на Воскресението Христово – најважниот верски празник во Христијанството. Верниците со овој празник го прославуваат воскреснувањето на нивниот Бог, Исус Христос, по неговата смрт со распнување на крст.*

Со овој празник се поврзува и употребата на распетие, паралелно со распнување: *Верниците од православна вероисповед со молитва го одбележуваат вториот ден на жалост по велики петок, денот на распетието и смртта на Исус; Јагнето ја симболизира жртвата Исусова, распетието за човековите гревови, а јајцето го симболизира Исусовото воскресение; Се оди во црква, каде што оставаат дарови на Христовото распетие, а цвеќе на „плаштеникот – оплакувањето Христово“.* Го бележиме и погребение**:** *На Велики Петок Црквата ги споменува смртта и погребението на Господ Исус Христос и Неговото слегување во адот.*

**Деновите пред Велигден освен со разложениот, осовременет назив (Велики понеделник, Велики вторник, Велика среда, Велики четврток, Велики петок, Велика сабота, пр.** *денеска се одбележува Велики петок, Ден на страдањата и смртта на Исус Христос, а Света Василиева литургија ќе се одржи утре на Велика сабота)* **се именуваат и со сложенките: Велипонеделник, Веливторник, Велјасреда, Величетврток, Велипеток, Велјасабота:** *На Велипонеделник, Веливторник и Велјасреда било неговото судење; На Веливторник се подготвуваат јајцата за вапсување; На Велјасреда навечер се зачадува добитокот; Со обичаи и со верувања особено е исполнет Величетврток; На Величетврток тој ја одржал тајната вечера, ја воспоставил тајната причест и им ги измил нозете на апостолите; Велипеток уште се вика и Распети петок зашто на овој ден е распнат Исус Христос; На Велјасабота се чисти куќата, се приготвува храна, се прават последните подготовки пред големиот празник.* ***На полноќ на Велјасабота монах од манастирот ќе го донесе огнот.*** **Исклучок претставуваат примерите од типот** *Христијаните денеска го одбележуваат вториот ден на жалост, по Голем петок – денот на распнувањето и смртта на Исус Христос. Голема Сабота е денот што Исус*

*го минал во Адот па е обичај овој ден да се помине во тишина без богослужби во храмовите, а првата велигденска литургија ќе се служи точно на полноќ.*

И празникот Спасовден има свој црковен назив којшто исто така го среќаваме низ пишаните и електронските медиуми: *Оваа практика и до ден денес е запазена во Светото Послание, па верниците со овој поздрав се поздравуваат се до Вознесението Христово, Спасовден; Се вели дека Марија Магдалена наскоро по Христовото вознесение (Спасовден) го напуштила Ерусалим и тргнала по светот да го проповеда Евангелието.*

Други празници за кои често се пишува во медиумите и за кои се користат црковнословенските називи се и Успение (на пресвета Богородица), Преображение и др.: *Преображение се празнува на 19 август. Исконски, празнувањето е поврзано со преобразувањето на Исус Христос*; *На Преображение за пат се јаде грозје или друго овошје откако свештеникот ќе го отпее и благослови; Поради заладувањето на времето се верува дека на Преображение се преобразува природата; Со Преображение е поврзано и верувањето дека ноќта спроти празникот небото се отворало како на Богојавление; Очигледно празникот Преображение на Господ Исус Христос има длабока смисла во животот на нашиот народ; Во спомен на овој настан, Светата црква го востановила празникот Преображение Господово што се празнува секоја година на 19/6 август, за време на Богородичините пости, пред празникот Успение на пресвета Богородица (Голема Богородица).*

Пр. и: *По повод нашиот православен празник Воздвижение на чесниот и животворен крст – Крстовден иднатa сабота (27 септември) се организира парохиски ден.*

Од епитетите за Христос што се користат во текстовите црковните текстови, во анализираниот материјал често ги среќаваме младенец, Богомладенец, спасител, творец, создател, сеправедниот Создател, Животодател/животодавец, утешител, наш Спасител, вечен Искупител: *Децата ги симболизираат пастирите, а домот, каде што одат ја симболизира пештерата во која е роден Младенецот; Денес кај луѓето доаѓа дол-*

*гоочекуваниот Спасител – Богомладенецот Христос, Оној, Кој создал сè и Кој е Господар на сè, Он е Јагнето Божјо, Кој со Својата смрт ги зеде гревовите на светот; Он е Бог, Син на Отецот, Светлина од Светлина, вистински Бог од вистинскиот Бог, роден, нестворен, едносуштен на Отецот, преку Кого сè станало. Отвори ми ги вратите на покајанието, Животодателу... – како наш Спасител и вечен Искупител.* Исто така и: седржител, Богочовекот Христос, Младоженец, пастироначалник роден од Дева, пастир на заблудените, водач и светлост на неверните, учител на нерасудните, татко на сиромашните, помошник на угнетените.

Денот кога воскреснал нашиот спасител, мудриот народ го нарекол Велигден; А тој, едниот, единствениот, нашиот создател не бара од нас ниту вапсани јајца, ниту полни трпези, ниту лицемерство.

Несомнено вообичаени се денес честитките и празничните поздрави: *среќа, радост, напредок и секоја убавина од Воскреснатиот Господ Бог, мир и благослов во вечни векови. Амин. Христос воскресе! Навистина воскресе!*

Вообичаено е и толкувањето на црковнословенизмите што се сметаат за непознати. Пр. *безмолвие, тихување – мир на срцето, непоматена состојба на умот, ослободување на срцето од помислите; созерцание, согледување, созерцанието е гледање на славата Божја;* Со *послушанието*, односно со *слободното предавање на другиот и со откажување од својата сопствена волја*, *посветуваат големо внимание на поклоните (метаниите)*; божествена *икономија или божествен Домострој; се викаат Евхаристија (Благодарење)*; *на крајот на Литургијата, литургот (свештенослужителот); покајанието (преумување, метаноија).*

Зборообразувачките модели и форсирањето на определени зборообразувачки модели исто така се во функција на одредени стилски фигури. Од стилските особености на религискиот стил би ги спомenале меѓу другото зачестената употреба на фразеолошките изрази, употребата на синонимните форми за поголема експресивност, употребата на антонимите, компара-

цијата, метафорите пр. за Исус *добар пастир*, *спасител*, *јагнец*, за Богородица: *царица, владичица, ѕвезда незаодна.*

Вообичаено е образувањата со -тел: *создател, спасител,* првенствено да се врзуваат со ликот на Христос, а нивните варијанти со суфиксот -ач се со обопштено значење на вршител на дејство. Но она што е специфично е тоа дека формите со -тел во анализираниве текстови ги среќаваме употребени на некој начин преносно, бидејќи го содржат специјализираното значење (епитет за Христос), но упатуваат на други вршители: *З. ја затресе пречката од голот на Д. К. која овој пат беше негов сојузник, а можеби и спасител на Скопје од голем дебакл; Тоа нема сопственик кој би можел да го згрижи, па затоа вие бидете негов спасител; Денес знам кој, повеќе од сите нас, е создател на нашата слобода; Веројатно дошле како декор на Создателот Трендо, бидејќи на „сурат-блогерите" не им се потребни.*

Со толкувањето на православните празници низ секојдневните текстови среќаваме и други поспецифични лексеми на -ние од типот: миропомазание, помазание, елеосвештение и др.: *Потоа сите се враќаат во црквата, каде што се врши миропомазание, односно помазание со свето масло; ... доколку има потреба, ќе му го направи последното помазание; По светата литургија ќе се изврши Света тајна елеосвештение во сите храмови.* Според Минова-Ѓуркова (2003: 148) со општествено-политичките промени на почетокот на последната деценија на дваесеттиот век и со влегувањето на МПЦ во јавниот живот на државата, дојде и до засилено присуство на именките на *-ние*, и тоа не само во рамките на религискиот функционалностилски комплекс: *спасение, покајание, поклонение, завештание.*

Во слични контексти среќаваме и повеќе други религиски лексеми, како што се бдение, исцеление, спасение, смирение, страдание (страданија), поклонение, покајание наместо бдеење, спасување/спас, смирување/мир, страдање, поклонување, исцелување/лекување: *Долгиот богослужбен ден на Велика Сабота завршува длабоко во ноќта со бдението пред Пасха; Црвената боја ја претставува божјата сила и моќ, а воено ја*

*симболизира и Христовата крв, која Исус ја пролеал на крстот за спасение на сите луѓе на земјава. Така, бојата на јајцето не потсетува на крвта Христова и спасението; ... со чисто срце и чиста мисла, да го следиме нашиот милостив Бог, кој воскресна заради наше спасение; Ова е празник на светлината, надежта и спасението; Смирението е најглавното средство со кое можеме да го извршиме делото на нашето спасение; Смирението е нешто повеќе од добродетел – тоа е севкупниот христијански светоглед, почетокот на новозаветниот живот и самиот тој живот; Вечерта ќе бидат прочитани 12 Евангелија за Христовите страданија; Беше поставена украсената маса – плаштеникот која го симболизира гробот на Исус и на неа црвената прекривка на која се прикажани неговите страданија; За иконата се сметало дека има исцелителна моќ, па покрај христијани во црквата за исцеление доаѓале и муслимани; Во црквата се наоѓа и гробот на св. Наум Охридски и многу луѓе го посетуваат и бараат исцеление; Е баш за исцеление на такви хендикепирани смртници – во кои спаѓам и јас – Исус Го дари својот скапоцен Живот, своето Свето Тело и Света Крв; На поклонение дошле и тројца вавилонски мудреци, носејќи му дарови: злато, ливан и смирна; Споменувањето ... ми е со цел да покажам дека имаме и ние Македонците, национални херои вредни за поклонение; Примарна цел на постот е да ги направи верниците свесни за зависноста од Бога и да го поттикне внатрешното покајание; Според православното христијанско учење, големиот пост учи на покајание, прочка и вистинска молитва; Навивачко покајание.*

Особена експресивност на изразот му даваат и сложенките што се карактеристични за текстовите со религиозна содржина, па и за текстовите што информираат или опишуваат секојдневни случувања. Тоа се сложенките што се изградени претежно со компонентите бого-, благо-, едно-, живо-, мило-, прво-, само-, чедо-, човеко- и др.: *таа пее, размислува и зборува благоглаголиво; Доаѓаа да запалат свеќа да се помолат за здравје и благосостојба. Архиепископот, благоволи да го ракопроизведе во чин чтец завршениот богослов Д. И. Асоцијацијата почива на добротворност, хуманост,* ***богољубие****,*

*човекољубие; Тој вели дека тие го познавале како човек кој во секојдневниот живот ги носеше двете скапоцени вредности – богољубието и човекољубието; ... оној кој во себе има љубов и разбирање, а не суета и лажно богољубие; На тој ден богочовекот Исус Христос бил жртвуван и ги поднел сите маки за целото човештво; Што ќе направи нашата богоугодна полиција ...; Верувам дека така ќе престанеме и да ги гледаме другите како непријатели, туку како конкуренти, кои, како и ние, чинат богоугодни дела; Неговото Блаженство ќе богослужи во Архиепископскиот соборен храм „Св. Климент Охридски"; успеа да се наметне на француската електро хип-хоп сцена со деби-албумот што беше еднодушно поздравен; Скопскиот џез-фестивал еднодушно ја прифати; Тоа можеше да се стори ... со целосна еднодушност; Партијата гради едноумие врз основа на безумие; Креваме бунт против демократско* ***едноумие;*** *Бегајќи од* ***едноумие****, добивме безумие;* ***Сакам*** *да знам ... дали во Скопје има такво* ***безумие;*** *Зборувате за* ***едноумие*** *а гледам сите сте неодделиви индивидуи; Ме радува што во случајов сме едномислени. Оној не е едномислен со мене, туку со некои други на форумов; .. со голема животворна сила и енергија; Тоа нé крепи со животворна енергија да истрајуваме и во овие тешки моменти. Затоа да бидеме благодарни на Неговата милосрдност ... сакам да имам онолку колку што ми треба за да не ми завидуваат, но не толку малку за да будам милосрдие кај блиските. Кај нас политичарите не се* ***самољубиви;*** *Стигна нова, амбициозна генерација, сé некои самољубиви. Осуден на 20 години заради* ***чедоморство****; да подариме радост и човекољубие, онака како што ни беше подарено на сите нас; Вистинскиот уметник треба да биде* ***човекољубив****.* Именката чедољубец добива сосема поинаква, негативна конотација во контекстите од типот: *Ќе се појави ли некој „маж", судија јавно да рече тој и тој педофил или чедољубец го направи тоа; До кога ќе се штитат тие педофили, чедољупци.*

Образувањата со префиксот со- се исто така карактеристични за религискиот стил, но ги среќаваме и во анализираните текстови. Префиксот со- упатува на заедничкото извршување на дејството со друг субјект, односно има социјативно значење,

пр.: собеседник, сожител: *Или да цитирам еден мој почитуван собеседник „Се гледа кој од кого учел"; Три месеци малтретирани од нивни сожители; Расправиите започнале кога ги пријавиле сожителите.*

Од бессуфиксните образувања покарактеристична е употребата на: помин, вик и др.: *Од утре започнува хаосот во Скопје, возачи со помин нека е; Дрскост и желба за силен вик на толпата...; Нашиот* ***силен вик*** *се спои со зборовите на претседателот; Дојдоа и сите комшии што го слушнаа викот ... но беше доцна.*

Од глаголите особено се карактеристични оние со префиксот воз-, пр. возвеличи**,** вознесува (се), возобнови, овоплоти (се): *Живееме во сегашнината за да го исполниме со значење нашето минато, но и да ја возвеличиме нашата иднина; Со постењето човек не треба да се вознесува, да се фали или да се жали...; Реал Мадрид го возобнови интересот кон играчот; Над петстотини Македонци ја возобновија партијата ОМО Илинден; Успеа прекрасно да овоплоти неверојатно интересна волуменско – просторна композиција; испрати честитка до верниците: „Да го прославиме сите заедно овој голем христијански ден, да ги успокоиме душите со верба во Бога...".*

Од бројноста на средствата што му се својствени на религискиот јазичен стил, а што се употребуваат во текстови објавувани во печатените и електронските медиуми со секојдневни содржини заклучуваме дека постои тенденција за нивна сé почеста употреба. Ова е особено интересно од аспект на тоа дека поголемиот дел од лексемите всушност имаат своја осовременета варијанта. Од суштинско значење е соодветниот избор на стилско-изразните средства со кои се оформува современиот текст. Мора да се има предвид, од една страна, потребата за едноставен јазик, достапен за обичниот верник, поради неговата недоволна упатеност во одделни апстрактни поими од догматски карактер, а од друга страна настојувањето поточно да се пренесе црковната или библиската содржина.

ЛИТЕРАТУРА


Гигова, Мирјана 1977: Црковнословенската лексика во македонските народни приказни, *Македонистика*, бр. 1, Скопје, 149-180

Гиревски Ацо, 1995: *Чист македонски збор и во нашите црковни проповеди*, Матица македонска, Скопје.

Гиревски Ацо, 2006: Библиски текстови користени при преводот на македонската Библија, *Кирилометодиевистика*, бр. 3, Скопје, 21-32.

Гиревски А., 2008: Употребата на македонскиот јазик во црквата, *Македонскиот јазик во современиот превод на Библијата*, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски", Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" Скопје, Скопје.

Гиревски А., 2011: Приближувањето на богослужението на современите говорни јазици – предуслов за духовна обнова, *Предавања на XLIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура,* Скопје, 51-60.

Макаријоска Л., 2007: Зборообразувањето во текстовите со црковнорелигиозна содржина, *Функционалните стилови во македонскиот јазик*, Скопје, 104-109

Макаријоска Л., 2007а: Јазикот и стилот на текстовите со црковнорелигиозна содржина, *Цроатица ет Славица Иадертина*, Задар, 119-130

Минова-Ѓуркова, Лилјана, 2003: *Стилистика на современиот македонски јазик*, Скопје.

Pranjkoviæ, Ivo, 2006: Hrvatski jezik i biblijski stil, *Raslojavanje jezika i knji•evnosti, Zbornik radova 34. seminara Zagrebaèke slavistièke škole*, Zagreb, 23-32

*Свето писмо на Стариот и Новиот завет*, 1990: Скопје.

*Толковен речник на македонскиот јазик*, ред. К. Конески, С. Велковска, Ж. Цветковски, том I Скопје 2003, том II Скопје 2005, том III Скопје 2006, том IV Скопје 2008.

Црвенковска, Емилија, 2006: *Јазикот и стилот на триодот,* Скопје 2006

Чундева, Нина, 1986: Стилски маркираните единици во јазикот на Славко Јаневски, *Македонски јазик*, XXXVI-XXXVII, Скопје, 183-197.

http://www.mia.com.mk/default.aspx?mId=7&lId=1

http://www.time.mk/read/f284a3e26d/936d7f6869/index.html

УДК 37.017(497.7)
37.014.6(497.7)

*Мирјана Т. РУСЕВСКА*

# УЛОГАТА НА СОВЕТНИКОТ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

## Вовед

Овој труд претставува обид да се подобри воспирно-образовниот систем во Републикаа Македонија со неговите многубројни потсистеми и да влеземе во **училиштето** кое конкретно ги реализира целите преку задачите и содржините на образованието и воспитувањето. Во училниците и на другите едукативни места треба да се одвива воспитно образовниот процес на **новото училиште**.

Крупните општествено-економски и политички промени во државата и пошироко во светот наметнаа неопходни промени и обликување на такво училиште кое правовремено и успешно ќе ги прифати неизбежните промени што подразбира изградба на: **флексибилни**, **творечки** и **отворени** училишта. Започнатиот процес на децентрализација во образованието наметнува промени на неколку нивоа и во повеќе сегменти на образованието особено ако се има предвид фактот дека станува збор за сфера која се однесува на огромен број луѓе, било тоа како вработени или пак, како корисници на воспитно-образовни услуги.

Задачата е многу сложена бидејќи немаме изградена концепција на реформирано (преструктуирано училиште), иако контурите се наѕираат во повеќето трудови што во сегашното училиште треба и може да се менува, тргнувајќи од **Национал-**

**ната нацрт-програма за развој на образованието во Република Македонија, 2005-2015**. **Министерството за образование и наука** предвидува да инсталира „професионални тела кои ќе бидат задолжени за спроведување на конкретните активности базирани на целни исходи и ќе служат за квалитетно спроведување, мониторирање, контрола и евалвација на промените„. Ефикасноста и успешноста во спроведувањето на зацртаните активности се во директна врска со квалитетот и стручноста на кадарот. Најмногу во овој процес може да помогне внимателното и транспарентното управување со промените кои почитуваат: експертиза, отвореност, соработка и ориентираност кон иднината со соодветна одговорност.

Во процесот на проектирање на реформирано ново училиште неопходно е навремено информирање за предвидените активности со цел: вклучување на сите заинтересирани субјекти. До граѓаните навремено да пристигне информација дека со децентрализацијата и пренесувањето на надлежностите од централната власт на локалната самоуправа граѓаните добиваат: подобар сервис, поквалитетно живеење можност да учествуваат во решавање на прашања од значење за наставата во преструктуирањето на три нивоа на образованието. Крајна цел е: **обезбедување на квалитет во образованието** и пристап на социјална правда и еднакви можности за сите граѓани да се вклучат во образовниот систем според исти стандарди и програми, да се воспостават механизми кои ќе го овозможат непреченото функционирање на училиштата, поголема автономност и промоција на доживотното учење. ***Бирото за развој на образованието*** во овој контекст треба да добие нова физиономија со јасно прецизирани и поделени надлежности.

Советниците се носители на советодавната функција во воспитно-образовниот процес, процената на факторите од кои зависи ефикасноста и ефективноста на училиштето, процесот на развој на кадарот во училиштето и процес преку кој се унапредува ефикасноста на училиштето. Главна функција на воспитно-образовното следење-советување е: развој и подобрување на училиштето и обезбедување квалитет на ученичките знаења. Содржината на советувањето и следењето произлегу-

ва од неговата цел. Цел на следењето е советодавната функција за подобрување на училиштата ефективност односно квалитетот на учениковото знаење.

**1. Биро за развој на образованието**

***Биро за развој на образованието*** ( некогаш ***Педагошкиот завод на Република Македонија*** ) во свои ингеренции ќе ја преземе грижата за градење на национални стандарди за обезбедување и одржување на квалитетот во образованието. *Министерството за образование и наука на РМ (МОН)* преку *Бирото за развој на образованието(БРО)* директно ќе соработува со училиштата и локалните власти во дефинирање на влезните и процесните индикатори за квалитет.

***Бирото за развој на образованието*** (во понатамошниот текст: ***БРО***) формирано е во 1955 година, како ***Завод за унапредување и проучување на школството на Народна Република Македонија***. Основните задачи и функции кои ги извршувал тогашниот *Завод* произлегувале, пред сè, од воспитно-образовните потреби на: градинките, основните и средните училишта, ученичките домови, организирање на настава за нашите иселенци во странство и другите институции чија дејност била поврзана со воспитанието и образованието на младата генерација и на возрасните.

Во 2000 година се конституира и формира ***Бирото за развој на образованието на Република Македонија*** во состав на ***Министерството за образование и наука***, но како посебен правен субјект. Работата во ***БРО*** е организирана согласно **Правилникот за систематизација на работни места** и со него раководи директор, именуван функционер од Владата на Република Македонија. Нему му помага и во негово отсуство го заменува заменик на директорот.

Советниците во *Биро за развој на образованието* во Република Македонија во голем број потекнуваат од редовите на наставниците и стручниот кадар во учи-лиштата и во рамките на своето базично образование не ги добиваат потребните сознанија за менаџмент и обавување на советничките функции во Бирото. Оттука може да се третира проблемот, но и во изоста-

нување на обука за остварување на менаџерски, советодавни и други функции кај советниците во образованието и нивната некомпетентност во сегашни услови за извршување на функциите на советникот.

Честите политички промени во раководните структури на *Министерството за образование и наука* и *Бирото за развој на образованието* ја оневозможуваат професионализацијата на советничките функции.Честата промена и реорганизација на самите установи (МОН, училиштата, Бирото) и тимовите во нив оневозможуваат советничките функции да добијат третман на професија. Со тоа би се постогнало отстранување на можноста за поставување на некомпетентни кадри (најчесто со разместување од рдуги установи).

Во насока на подобрување на квалитетот во образованието се наметнува потребата *МОН* да донесе *Правилник за стручно и професионално усовршување на кадарот* за постигнување на квалитет во учениковото знаење преку квалитетна контрола и следење (инспекторирање и советодавна-инструктивна работа) на работата на училиштата.

Неопходна е базична обука и на кадарот во воспитно-образовниот процес. Пред сѐ обука на: наставниците, директорите, стручните соработници и друг кадар од училиштата и од *МОН* и *Биро за развој на образованието* со цел трансврот на знаење и во проектното менторство и во редовната работа (настава) да резултира со квалитет во знаењата на учениците.

Неминовнини се реформи и на високо-образовните институции, особено на оние каде се образува кадар кој учествува во вопитно-образовниот процес во училиштата или во следењето на работата на училиштата и контролата на квалитетот на образованието.

### 1.1. Советници

Од доменот на обезбедувањето на квалитет во образованието ***БРО*** ја остварува својата дејност и преку работните задачи и улогата на советникот, неговите функции и компетенции. Со посебен акт е пропишана стручната подготовка и другите услови за советник. Советникот во *Бирото за развој на обра-*

*образованието* треба да е стручњак со високо образование, потребни години на стаж во соодветна струка и за оддредено подрачје да има искуство во воспитно-образовна работа, да има објавено стручни трудови, да е истакнат и признат во струката на своето подрачје на делување и авторитет стекнат со знаењата за одреденото подрачје.

Појавата истражувана во овој труд е: остварување на функциите на советниците во обезбедувањето на квалитет вообразованието во Република Македонија.

Во таа насока на промена донесен е *Закон за бирото за развој на образованието* во 2006 год.

**2. Функции на советниците**

Советниците во делокругот на своите работи вршат:

- стручен надзор во: планирањето, организацијата и реализацијата на воспитно-образовната работа во: предучилишното, основното и средното воспитание и образование;

- стручен надзор и учество во оценувањето на работата на воспитно-образовните кадри, стручните соработници и раководните кадри;

- непосредно унапредување на образовната практика преку инструирање и менторско водење на воспитно-образовните и другите кадри;

- вреднување на резултатите од реализацијата на годишните програми за работа на воспитно-образовните установи;

- утврдување на успешноста на работата на воспитнообразовните установи и на воспитно-образовните кадри.

Нивното надградување сѐ уште не кореспондира со улогата и функциите што ги остваруваат во воспитно-образовната дејност. Советниците во својата работа користат најразлични форми на делување како метод во работењето во исполнување на своите работни задачи:

- непосредни посети на воспитно-образовни организации;

- водење разговори со: наставниците, учениците, претставници на училишни одбори, директори на училишта и стручните работници;

- увид во годишните програми за работа на училиштето, годишните и тематските планирања на наставникот, квалитет на дневните подготовки на наставниците, во одделенските дневници, во записниците од наставничките и одделенските совети и стручни активи;

- го следат планирањето и реализацијата на воспитно образовната работа во училиштето;

- ги следат условите за работа од: здравствен, хигиенско-технички аспект;

- ја следат опременоста на училиштето со училишен мебел (соодветност на клупи, столчиња), нагледни средства;

Советниците својата активност ја обавуваат преку вршење на увиди: општи (колективни) и поединечни. Специјален надзор во работата се врши во: предучилишното образование, во одделенската настава и во предметна настава, а во средно образованиеи се настојува објективно да се согледа текот на воспитно-образовниот процес планиран со годишните програми на установите со цел да се има целосен увид во реализацијата на зацртаните програмски и законски активности: нивно следење, спроведување и почитување што се однесуваат на условите и начинот на работа на воспитно образовните установи.

Надзорот на советниците треба да се однесува на квалитетно извршување на зацртаните програмски и со закон регулирани активности. Една од задачите на советникот е да изврши увид во **Годишната програма за работа** на училиштето во однос на организациската и програмската поставеност на работата.

Увидот во дневните подготовки, тематскиот план и глобално планирање на наставата го прави советникот со цел да се подигне квалитетот на воспитнието и образованието преку редовно и правилно водење на педагошката документација и евиденција и реализација на наставните програми за што по правило треба да следуваат записници од увидот .

Освен овие задачи, советникот покрај овие планирани активности ги следи и активностите на училиштата по потреба:

- учество во активности што ги остваруваат здруженија, установи;

- присуство и организирање на стручни и други собири (трибини);

советувања, семинари;

- учество во комисии за полагање на стручни испити на наставници приправници;

- учество во експериментални и пилот проекти и програми;

**- учество и мониторинг во изработка на наставни програми, за натпревари, концепции за учебници, мислења по ракописи за учебници и др.**

Во извршувањето на своите задачи советниците остваруваат соработка со повеќе установи и институции: ***Министерството за образование, Државниот просветен инспекторат***, наставничките факултети и институции и со невладини организации, здруженија на граѓани и др.

Заложбите за европска интеграција, забрзан економски, социјален и културен развој го ставаат ***Министерството за образование и наука*** пред значајни предизвици за промена на неговата институционална основа и засилување на неговите капацитети.

**2.1. Улогата на МОН преку БРО**

**Министерството за образование и наука (МОН)** е доследен реализатор на владината програма за развој, фокусирана во секторот на неговото делување. Клучните фактори од кои зависи ефикасноста во работењето на **МОН** се ситуирани во секторот на нормативната регулатива. Интервенциите во сферата на образованието ќе бидат беспредметни и нема да вродат плод доколку не се следени со сеопфатна и прецизна нормативна регулатива. Во таа насока, **Министерството за образование и наука** ќе мора да презема акции за потесно поврзување на нормативната регулатива со **Програмата за развој на образованието**. Притоа, квалитетот на законите мора да биде загарантиран.

Од резултатите на извршетото истражување во 2005 година произлегуваат следниве:

- научни сознанија за функциите на советниците;

- Препораки **МОН** и **БРО** да преземат активности за дефинирање на функциите на советниците и унапредување на менаџерските компетенции на советниците во **Бирото за развој на образованието**;

- со ***Закон за БРО*** да се дефинираат саканите квалитети и стандарди за обавување на советничка работа, но и потребите за постигнување на кваликет;

- актуелните советници да бидат обврзани да преземаат иницијатива за преземање на одговорност за нивниот сопствен професионален развој ;

- наставниците, стручните работници и соработници и директорите да добијат директна поддршка и помош за напредување во работата и кариерата;

- донесување на правилник за напредување на наставниците во основните и средните училишта;

- согледување на реална потреба од програма и правилник за обука на ментори во основните училишта (ОУ) и средните училишта (СУ) и односот помеѓу организациската политика и организациската посветеност;

- воспитно-образовниот систем *(**МОН*** и ***БРО***, воспитно-образовните организации) би добиле компентентни советници со јасно дефинирани функции што ќе обезбедат квалитетно извршување (следење) на работни задачи со своите професионални, менаџерски и водствени цели.

Резултатите од истражувањето би биле од полза за сите учесници во образованието .

**2.2. Досегашен третман на истражуваната појава**

Следејќи ја состојбата со функционирањето на **БРО** и работата на советниците во периодот на транзицијата од осамостојувањето на Република Македонија забележителни се незначителни промени. Присуството на советниците во училиштата

на извршувањето на нивните работни задачи е речиси незабележително. Со ограничувањето на вработувањата намален е бројот на советниците во **БРО**. Нивното присуство во учебникарството и во развојното програмирање и планирање е маргинилизирано.

Квалитетот на образованието во Република Македонија во периодот на преструктуирање како и организационата поставеност во Министерството за образование и наука по донесената *Национална нацрт-програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015* е истражуван од различни аспекти во поголем број магистерски трудови.

### 2.3. Странски искуства

Од странските искуства каде е третирана оваа појава ќе направам осврт како се третира советникот и неговата работа, место и улога, потребни критериуми и стандарди во институциите специјализирани за унапредување на квалитет во знаењето на учесниците.

Советниците служат како инструмент преку кој државите преземаат мерки и одговорност за квалитет на образованието и неговата организација.

Секоја земја која има организаиран воспитнообразовен систем има и педагошка служба, без оглед на тоа како таа е наречена и како е организирана. Педагошката служба делува како стручна служба во воспитно-образовниот систем во целина.

Просветно-педагошката служба делува во сите земји како посебно организиран дел од образовниот систем или како дел од управата.

Просветно-педагошката служба во демократските земји има: **советодавна**, **стручноиноваторска**, **аналитичка**, **евалвациска**, **планска** и **програмска функција** и директно е вклучена во сите облици од стручното усовршување на наставно-воспитниот кадар. Оваа служба ги организира и ги мобилизира во својата работа сите учители, наставници и професори, како и универзитетските професори кои како експерти за разновидни прашања помагаат во унапредувањето на теоријата и практиката на националниот воспитно-образовен систем

Промисленоста на оваа служба се гледа низ пет елементи, а тие се:

-планирање на образованието;

-систеатско воведување на иновации во образованието;

-квалитативен развој на образованието;

-стручно усовршување на наставниот кадар;

-стучно-педагошки надзор.

Како најблиски до нашиот македонски воспитно-образовен систем за разгледување ги одбрав институциите во кои работат советниците кај соседните држави и држави од поранешниот југословенски простор и пошироко: Хрватска, Србија, Словенија, Босна и Херцеговина, Романија, Данска, Норвешка, Молдавија и др. Тоа се држави во транзиција и слични по големина и потенцијал како и нашата.

Анализирајќи ги системите за вршење на надзор во европските држави можев да заклучам дека задачите и функциите на советниците се најразлични.

**3. Компетенции на советникот**

За да можат да одговорат на својата редефинирана улога како обезбедувачи на квалитет во образованието, советниците покрај неопходната стручност и искуство, треба да поседуваат и определени компетенции за успешно извршување на своите функции. Во сегашни услови кај советниците се чувствува недостиг на менаџерски компетенции што ќе се утврди со анализа на нивните работни задачи, на основа на што ќе се утврди и програмското јадро врз кое понатаму ќе може да се изврши моделирање на базичната обука (за советници, директори, наставници).

Како типични компетенции можат да се наведат следниве: организаторска способност; способност за проценување; комуникациска вештина; креативност; менаџерска вештина; лидерски особини и истражувачки поттик.

Грижата и истражувањето на советниците за производот на образованието (ученик, студент) не треба да запре тука. Со

предлог мерки: преку натпревари и награди (мотивирање) да придонесат за личен развој на ученикот, наставникот, советниците и да се укаже на потребата од мултикултура и доживотно учење со цел да се постигне глобализација во образованието и луѓето во системот да ги најдат своите вредности, задоволството, среќата и благосотојбата како лична така и општа.

Во фокусот на советниците треба да биде балансирањето трите димензии на успехот: резултати, процес и односи.

Секој советник, доколку сака да биде успешен треба да се придржува на десете принципи на моќата: убедување; трпеливост; човечност хуманост внимателност; подготвеност за учење; прифаќање; љубезност; знаење; дисциплина; доследност и интегритет.

Развивањето на почитта е процес кој трае, тоа не се постигнува на лесен, брз и едноставен начин, но добивката која ја нуди е баснословна. За да се здобие со моќта на принципите советникот мора да ја стекне довербата, почитта и восхитот на единките со кои што соработува.

### 3.1. Етичкото однесување

Во работењето на советодавната служба (советникот) битен сегмент е **етичкото однесување**. Секоја организација има свои правила регулирани преку легислатива. За таа цел постои и непишано правило кои се почитуваат во деловно однесување на единките:

Овие деловни правила ја отсликуваат организациската структура. Преку нив согледува колку во еден човек (советник) има доблест, чесност, колку тој води сметка за својот стил на однесување и колку тој води сметка за другите. Каков е неговиот изглед (иако костумот не го прави човекот) сепак некогаш тоа отсликува каков карактер е тој и како треба да изгледа. Колку се грижи за другите и на каков начи тој ги покажува чувствата или сочуствува со ситуацијата во која единките се наоѓаат и, секако, умерено и со такт да реагира во одредени ситуации.

Во корелација со етичкото однесување е **етичката дилема**. Тоа се недефинирани ситуации кои не се регулирани со

легислатива, предизвикуваат двоумење, а треба да се донесе одлука односно да се пресече. Овдека советникот треба мудро да размислува за да не биде некој повреден.

Како антитеза на етичкото однесување се појавува неетичкото однесување. Тоа најчесто се јавува во формата **притисок** со вршење притисоци врз советниците за да се оствари одредена цел, тогаш на површината излегуваат аномалиите од човековото однесување: лутина, љубомора, одмазда, подметнување, со еден збор заборавање на вистинските вредности. Многу често во праксата се појавуваат донесување на одлуки без размислување којашто покасно ќе се покаже како неетичка и се јавува чувството на каење. Најчесто во моментот се поставуваат прашања за други алтернативи при изборот за донесување на одлуки или совети. Советниците во текот на остварувањето на својата функција не треба да донесуваат неетички одлуки или да даваат неетички совети, бидејќи такво однесување може да предизвика непријатни ситуации.

**4. Сегашна состојба и една појава**

Дефинирана е теоријата за **улогата на советниците за обезбедување на квалитет во образованието,** а во прксата, во наставните програми и учебникарството настпи турбуленција. Турбуленцијата во природата ја препознаваме откако ќе создаде пустош во форма на: ураган, торнадо, циколони или цунами. Во образованието турбуленцијата настапи со децентрализацијата во образованието во 2005 година и сѐ уште трае. Законската регулатива е недоволна да ја контролира турбуленцијата и хаосот што настана ви учебникарството иако е донесен *Закон за учебници* и Закон за БРО. Во законите не може да се препознае улогата на советникот во обезбедување на квалитет во образованието.

Турбуленцијата и хаосот настапија како нова нормалност и можност што треба да се искористи. И советниците се соочуваат со недостиг на подзаконски акти и систем на донесување на подобри одлуки и влијание во изработката на наставните програми, нивна измена и во контрола на работата на училиштата и квалитет на учебниците за основно и средно образование, ако

ги имаше (учебниците). МОН се соочи со неуедначен пристап во донесените Наставни програми и немање на учебници во насоченото образование па дури и во гимназиското!

На БРО и советниците им е потребмна рамка за менаџирање со системот за соочување со хаосот и во своите надлежности, функции и компетенции и во револуционерната технологија: сè присутна употреба на компјутери, сервери и социјални мрежи. Еден револуционер може да создаде огромна можност, додека тој што е на заминување гледа многу помала можност. Некои од советниците ја видоа својата нова можност и го напуштија БРО и отворија свои или се придружија кон издавачки куќи користејќи ги своите досегашни позиции, изработувајќи учебници по Наставни програми што тие ги креираа и беа и носители на донесување и измени без правила и до 30%. А, кој уште ги измерил тие проценти и со кој инструмент!? Јавна тајна е дека некои од нив, меѓу советниците останаа внатре во БРО, но за нив работат фирми на нивни роднини или членови на нивни семејства, а тие учествуваа со управување со промените и квалитет на наставните програми користејќи ја својата професионална позиција! Дури и стручните советувања ги користеа за промоција на своите учебници делејќи и готови Годишни распределенија по нивните учебници, а потоа контролираа дали наставниците ја реализираат од нив донесената програма по нивните учебници!

Забраната со закон вработени во МОН и БРО да немаат право да пишуваат учебници го продлабочи хаосот. Во процесот на одобрување на учебниците сосема се намали, дури и престана функцијата контрола на советниците. Турбуленцијата во образованието се случи со жестоко темпо, затекнувајќи ги советниците неподготвени во време со голема можност, но и ризик. Улогата на советниците во обезбедување на квалитет во образованието се огледа и во можноста да изберат како ќе се соочат со турбуленцијата и да се фокусираат врз создавање на стратегии, организациски структури и култура на БРО и храбро и промислено ја унапредуваат својата улога и функција.

За време на турбуленцијата, лидерот, првиот човек на БРО, директорот, треба да носи далекусежни одлуки што ќе

имаат долготрајно влијание на улогата на советникот, врз сите вработени, моралот, културата и вредностите што ги дефинираат БРО, и да ги исполнат очекувањата на училиштата, наставниците, родителите, општеството.

Усовршувањата и обуките на советниците ќе влијаат врз нивната компетентност. Тие ќе можат да ги откријат своите слабости, но и вредности и да станат врвно оспособени. Менаџментот на БРО треба да ги зачува талентираните, да вложи во нивни усовршувања и обука, во нивноит развој на БРО.

Во текот на 2009 година бев дел од тимот на *Педагошката служба* во МОН на проектот бесплатни учебници. На реакци од родители, колеги воочив дека во учебникот по *Македонски јазик* за III одделение во деветгодишното образование има букви од ***македонската латиница*** што и јас не ги познавам. Го листав учебникот од авторите: Весна Настоска и Љубица Севдинска, Издавачка куќа,, *Просветно дело,,* одобрен од *МОН* на РМ со Решение бр. 07-5815/1 од 13. 08. 2008 г. На стр. 79 наслов: УЧИМЕ ЛАТИНИЦА испишан со необични графеми за Ѓ, ѓ ; Њ, њ. Во зададената вежба стои: -Напиши по еден ред од новите латинични букви; подолу: -Препиши на макодонска латиница! На страна 81.: - Во македонска латиница има уште неколку гласа кои се пишуваат со две букви: таква е: Љ, љ.. На стр. 90 стои: xelikopter ?!; и С,с . На страна 168: Учиме ракописна латиница: Њ,њ;. На стр. 163 Љ,љ, на 190 -та: S,s.

Во учебникот по *Македонски јазик за III одделение* на ,, *Продсветно дело*,, од авторите: д-р Мито Спасевски, Лидија Гркова и Билјана Лалчевска Серафимова одобрен од *МОН* со Решение бр. 07-5813/1 од 13. 08. 2008 г. на стр. : 14, 19, 29 се наоѓаат необични графеми што јас во моето образопвание не сум ги научила, зашто, не знам! За *Хрватска латиница* знам, оти писмото хрватско е латинично, ама македонското е **кирилично**!?

Во ,,*Наставна програма за македонски јазик* за III одделение за деветгодишно образование од окт./07 бр.19-507 од 08.11.2007 во програмското подрачје*: Почетно читање и пишување(латиница)* во *Поими* стои: *Македонска азбука*

*(печатни букви)* и *Македонска азбука( ракописни букви*). *Во вежби и активности* помеѓу буквите на македонска кирилица и македонска латиница, Комисијата (брои 7члена) која ја составила *Наставната програма* и *БРО* му ја предложила на **Министерот** и тој со Решение број 10-2065/10 од 18. 11. 07 г. ја донел, допуштила вакви содржини. Освен во овие учебници и Наставната програма само во ***Правопис на македонскиот литературен јазик,*** на ***Просветно дело со правописен речник, Скопје,*** 1979 на стр.99 стои: б) нашите гласови се предаваат со овие букви од латиницата: наведени се четири графеми што не одговараат на латиничното писмо, напоредно со оние кои јас сум ги учела и се наоѓаат во латиничното писмо. На стр. 68 од ***Првописот*** во поглавје VI. *Транскрипција на туѓите имиња* дадено е како се транскрибираат туѓите имиња со латинично писмо.

Никаде во науката не сретнав поим: македонска латиница. Се прашував : Кому и зошто е потребна македонска латиница; кој си дал за право да ги внесе поимите во *Наставна програма*, кој дозволил да се печатат и учебници по кои учениците да изучуваат графеми за кои и нивните наставници не знаат, како и зошто да ги учат за нив учениците, и не знаат за примери каде овие букви би нашле примена во македонскиот јазик, но мораат да ја реализираат програмата! Никаде во литературата за македонски јазик научно не е поткрепена оваа необична состојба!

Советниците како учесници во процесот на донесување програми и нивно следење и примена со што би се достигнал квалитет во образованието, молчат или и учествувале и придонеле за ваквата состојба.

Моите обраќања до Министерот за образование и Директорот на *БРО* од 2009 год.остана без одговор*! Министерството за правда, Управната инспекција* ми го цитираше *Законот за основно образование* на мојата претставка дека *МОН* и *БРО* не ми одговориле на барањата за ревидирањена *Наставната програма* и повлекување од употреба на деловите што не се усогласени со **науката за македонски јазик** од споменатите учебници.

Советниците по македонски јазик не се огласија во одбрана на квалитетот во образованието, а некои од нив учествувале и во донесување на спомени*Наставна програма*, па и претходната што е слична по ова прашање*, за II одделение за осумгодишно образование* !

Одговор до денес не најдов за постоење на македонска латиница ниту на: *Филолошки факултет,, Блаже Конески,, Скопје*, на Катедрата за македонски јазик, ниту во *Универзитетската библиотека* ,, Св. Климент Охридски,, Скопје, ниту во *Институтот за македонски јазик ,, Крсте П. Мисирков,,*, затоа го пставив прашањето и на овој собир, на Деновите посветени на Благоја Корубин.

**5. Примерок на истражувањето**

Со ова истражување беа опфатени актуелните советници на Бирото за развој на образованието (105) со што примерокот е исцрпен.

За обезбедување на реперзентативност на примерокот за: директорите, наставниците и стручните соработници, од вкупниот број на наставници кои работат во 341 основно и 90 средни училишта во Република Македонија, по случаен избор беа избрани 30 училишта ( 20 со настава на македонски јазик и 10 на албански јазик), 15 средни училишта (10 стручни и 5 гимназии). Од нив беа анкетирани: директорите на училиштата, по еден стручен соработник и по 5 наставници (315).

Наместо заклучок

Моето досегашно искуство во педагошката работа, интервјуто со советниците и носителите на воспитно-образовната работа во училиштата, искуствата на соседите и други странски држави чии образовни системи ги следев и проучував укажуваат на потребата од стручна државна институција која ќе ги има наслежностите што ги имаше *Педагошкиот завод* согласно потребите што произлегуваат од реформите во образованието. Улогата на *БРО* и советниците да се редефинира врз законски и подзаконски акти, со јасно дефинирање на : целите, стандардите, методологијата и инструментите преку кои ќе се постигне остварување на целите на образованието и

воспитанието на учесниците. Улогата на советниците да е јасно дефинирана со цел: давање на стручна помош на носителите на воспитно-образовната работа и воведување и зајакнување на функцијата **контрола** во процесот во обезбедување на квалитет во образованието, а редефинирање на функциите и компетенциите на Државните посветни инспектори-советници.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Alfricher, H., Posch. P,. Somekh, B. (1996),*Teachers investigate their work,* Roufledge, New York.

2. Влада кантона Тузле,.( 2003),*Извештај Министерства образовања владе Босне и Херцеговине о извршеном школском надозру на подручју Владе кантона Тузла у 2002/2003 години,* Тузла.

3. Дракър, П,(2003),.*Ефективният ръководител*, Класика И стил ООД, София.

4. Elliot, J,( *1991),Action research for Education Change,Develomement Teachers and Teaching,Milton Keynes, Open University. Press, Philadellphia.*

5. *Закон за Биро за развој на бразованието*, „*Сл. весник на РМ,,* бр. 37/06.

6. *Закон о изменама и допунама закона о основању система образовања и васпитања*, Сл. глас РС. бр. 64/03.

7. *Закон о стручно педагошком надзору*, Република Хрватска, *Народне новине*, бр.73/97 Загреб.

8. Котлер, Ф. и Каслионе, Џ. А. (2009), *Хаотика: Менацирање и маркетинг во турбулентни времиња,* Капитал Медиа Гроуп ДОО, Скопје.

9. Ламева, Б.(2005), *Определување на подрачјатаза интегрално евалвирање на работата на училиштата во РМ,* Магистерски труд, ИСППИ, Скопје.

10. Лешковски, И. (2003), Стручен надзор и советодавна работа, *Образовни рефлексии,*бр. 1и2,стр. 113, БРО, Скопје.( pp61-65)

11. *МОН*, (2001), *Биро за развој на образованието*, Скопје.

12. *МОН*, (2004), *Нацартнационална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015*, Скопје.

13. *Образовни рефлексии*, бр. 1/ 2000, Списание за теорија и практика во воспитанието и образованието, БРО, *Алма*, Скопје. (pp. 5)

14. Петковски, К. Трајковска, И. (2004), Прирачник за развојно планирање на училиштето: *Како да се направи добра Годишна програма за работа*, Херакли комерц,Битола.

15.Ratković, M. (2002), *škola- juće, danas, sutra,*Kairos, Sremski Karlovci.

*16. Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања*, (1966) Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков*, Универзитетска печатница, Скопје.

17. Русевска, М. (2006), *Улогата на советникот во обезбедување на квалитет во обтазованието,Скопје, Магистерски труд.*

18. Чапујноски, Ѓ. Чапјунска, В. (1993), *Управување со квалитетот во практиката*, Економски факултет, ГИГ *Гоце Делчев*, Скопје.

19. Џеладини, Ḱ. (2003).*Некои согледувања на стручниот надзор и формата-студија на случај,* Образовни рефлексии, бр.1 и 2, БРО, Скопје. (pp. 53-60)

## КОРИСТЕНИ ИНТЕРНЕТ АДРЕСИ:

*http//www.npro.edu.mk*
*http//www.ed.gov*
*http//www.education_world.com*
*http//www.eng.uvm.dk*
*http//www.edu.gov.on.ca*
*http//www.minedu.govt.nz*
*http//www.education.gov.mt*
*http//www.seiss.org*
*http//www.mszs.si*
*http//www.moe.go.th*
*http//www.education.pww.gov.za*
*http//www.education.gov.ba*
*http//www.moe.gov.sg*
*http//www.education.gouv.fr*
*http//www.minedu.fi*
*http//www.cacem.com*
*http//www.chinaonline.com./refer/ministry_profiles/moe.asp*
*http//www.fao.org*
*http//www.euroeducation.net*
*http//www.eurydice.org*
*http//www.euroeducation.net/prof/yugoco.htm*
*http//www.mps.sr.gov.yu*
*http//www.mips.hr*
*http//www.mpin.sg.yu*
*http//www.skdprosvjeta.com/sskole.htm*
*http//www.vladars.net/it/min/mp.html*
*http//www.poslovniforum.com/zakoni/zakon_o_srednjem_skolstvu.asp*
*http//www.minprozzh.gov.ba/ministarstvo.htm*
*http//www.zavod.skolstvo.htnet.hr*
*http//www.zrss.si*
*http//www.europe.eu.int/comm/education*

УДК 811.163.3:373.3.091.3

*Благица ПЕТКОВСКА*

# НАСТАВАТА ПО ПРЕДМЕТОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО НИЖИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ - СОСТОЈБИ

Во одделенската настава на деветгодишното основно образование во Република Македонија, како и во предметната настава на истото, предметот Македонски јазик го има приоритетното, прво место во наставата од групата на задолжителни предмети, со 6 часа неделно. Македонскиот јазик не само што е средство во наставата по овој предмет, туку тој е средство и на севкупната настава во училиштето за учениците што по националност се Македонци. Како програмска содржина подрачјето *Јазик* е структурна компонента на предметот, кој ги има и следните предметни подрачја: *Подготовка за почетно читање и пишување, Почетно читање и пишување, Изразување и творење,   итање, литература и лектира, Медиумска култура, Додатна и дополнителна настава по предметот Македонски јазик, Слободни ученички активности.*

Овие подрачја теоретски се покриваат со соодветни, релативно самостојни поддисциплини на *методиката на настава по предметот Македонски јазик*. Квалитетните учебници и учебни помагала, прирачниците за наставници и грижата за перманентно стручно дообразование на наставниот кадар, како и примената на други дидактички средства и извори предвидени со единствениот План и програма за работа по овој предмет, треба да поттикнуваат творечка образовно-воспитна работа.

Јазикот на наставата, на воспитно-образовната практика, треба најдобро да ја одрази стандарднојазичната норма на македонскиот јазичен систем. Имено, во таа стварност наставникот треба да има стручни знаења и сензибилитет за јазичното говорно творештво во работата со учениците, да биде образец за акустичка очигледност на култивиран говор којшто ќе придонесе говорот кај учениците да се развива спонтано, а познавајќи ја теоријата на наставата по овој предмет да придонесе функциите на добриот говор да станат моќно својство на изразување и комуницирање, кое што учениците и во иднина самите ќе го развиваат и ќе го збогатуваат, стремејќи се кон висока култура на изразувањето. Теоретски, со завршувањето на средното образование, континуираната образовно-воспитната обука по предметот Македонски јазик треба да обезбеди завидна јазичнофункционална писменост кај учениците.

Овде е неопходно да укажеме како во одделенската и во предметната настава на основното училиште се усвојуваат и се изучуваат содржините од подрачјето Јазик, а како е тоа во средното училиште. Имено, *јазично-изразниот пристап*, базиран на иманентната граматика (организација на вежби на слушање, говорење, читање и пишување, а дури на крајот воочување и именување на основните јазични факти со кои се совладува стандарднојазичната норма на македонскиот јазик) ја карактеризира наставата во иницијалните одделенија. Ваквиот пристап, втемелен на *функционалната дидактичка граматика што инсистира на практични вежби на јазична употреба* продолжува и во предметната настава по Македонски јазик во основното училиште. Во средното образование, покрај *јазично-изразниот*, треба да се вклучи и *лингвистичко-комуникацискиот пристап*, што е заснован на системското проучување на битните структури на стандардниот јазик. Во текот на овој долг образовен период, сега од тринаесет години, треба да се практикуваат ***јазични вежби*** (фонетко-фонолошки, лексички, фразеолошки, синтаксички, семантички, акцентски, изразно читање, изразно говорење и др.), ***правописни*** (диктат, самодиктат, дополнување на текст, преобликување на текст, коректорски вежби), ***стилски вежби*** (вежби во забележувањето, избор на значајни поединости,

избор на зборови, комбинирање на зборови, варирање на исказ, план на писмен состав, принципи за компонирање на текст, зајакнување и ублажување на исказ, стегање и проширување на текст, отклонување на празноречие, метафорично говорење, отстранување на двосмисленост, избегнување заемки итн., итн.), да се пишуваат ***писмени состави*** (со компонентите на писменоста: содржина, композиција, граматичка точност, правопис, стил, естетски вредности) со *примена на четирите водечки стилски форми:* ***нарација*** – во форма на *прераскажување* и *раскажување*, како и другите форми на говорење: *дијалог, монолог, доживеан говор и говорење во одделни граматички лица* (сведоштво за кажаното) првенствено се вклучуваат за оваа стилска форма, ***опишување, известување*** и ***расправа***. Секоја водечка стилска форма опфаќа низа на посебни тематски кругови и се разгранува во специјални форми и видови на писмени состави.

Од самиот почеток на образовно-воспитната дејност во училиштето, подрачјето Јазик е кохезивното средство за другите подрачја, неделиво од *базната писменост* (Подготовка за почетно читање и пишување и Почетно читање и пишување) и од *функционалната писменост* (подрачјето Изразување и творење). Сите овие подрачја, пак, кога станува забор за јазичната и функционална писменост упатуваат на литературната уметност (наставно подрачје итање, литература и лектира), како и на содржините од подрачјето Медиумската култура (филм, драма, детски печат и др.). Писменоста како умеење, вештина, се стекнува единствено преку практиката на пишување. Треба да се има предвид дека секој кој со читање го усовршувал својот функционален стил (научен, публицистички, административно - деловен, литературноуметнички) истовремено и пишувал, а претходно добро ја совладал училишната, т.е. стандардната писменост.

***Тоа е теоретски, но каква е нашата реалност?***

Овде ќе се задржиме на состојбите во одделенската настава, од причини дека кон неа професионално сме ориентирани – на Педагошкиот факултет, од студиската 1999 / 2000 година, држиме настава по предметот Методика на наставата по Ма-

кедонски јазик. Оттука и произлегоа и стремежите, освен со практиката во менторските училишта, што е неопходно, да настојуваме, по своја иницијатива, да бидеме поврзани и вклучени и во други тела на институционалниот образовно-воспитен систем на Р. Македонија. Исто така, за потребите на осовременување на наставата учествувавме на меѓународни и домашни проекти и семинари, научни собири, кои најдоа одраз и во нашиот учебник: „Методика на креативната настава по предметот Македонски јазик во нижите одделенија на основното училиште", објавен во 2008 г., како и други трудови од оваа област.

На почетокот студентите ја усвојуваа теоријата на наставата од авторизираните предавања и прилози за модели на наставна обработка на содржини од подрачјата на преметот, (Скопје 2000), а како современ учебник се препорачуваше и „Методиката на наставата по македонски јазик од I до IV одделение во основното училиште на Р. Македонија", Штип 2001, од д-р Блажо Китанов, како и други учебници и прирачници.

За нашата дејност, но и за севкупното образование по предметот Македонски јазик, недстасуваат прирачници со јазични, правописни и стилски вежби за обуката по функционална писменост.

По кратката информација за теоретската покриеност на наставата по Македонски јазик во нижите одделенија, покажана, главно, преку учебни помагала за студентите, ќе се задржиме на периодот откако се основаа педагошките факултети во Р. Македонија во 1995 г., затоа што непосредно имамаме увид на состојбите за кои сакаме да говориме, а тој период се однесува и на започнати промени во основното образование, во согласност со промените на економскиот и политичкиот систем во земјата, насочени кон современите тенденциии во образованието во други земји од светот.

Тоа подразбира дека со Законот за основно образование се нагласија промени во образовно-воспитната работа, со стратегии кои ученикот го поставуваат во позиција на субјект, што природно упатија на изработка на нови наставни програми,

учебници, прирачници и друга прирачна литература. Исто така, настанаа и промени кои се однесуваат на системот на следење и оценување на успехот на учениците, вреднувањето на квалитетот на наставниот кадар, но и грижа за неговото перманентно стручно и педагошко усовршување. Основното образование се доведува во спрега со семејството и со поширокиот општествен живот во целина.

На Универзитетот, исто така, се случуваше нужната трансформација. Студентите, идни професори по одделенска настава, по стариот План и програма за работа имаа четири семестри настава по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето, а исто толку и Методика на наставата по Македонски јазик. За наставата по подрачјето Литератураа се оспособуваа преку настава од траење на два семестра по предметот Литература за деца. Со новиот кредит-трансфер систем на високото образование, овие стручни предмети се сведени на два семестра, а Методиката на три. Како предмети, со изборен статус се воведени: ***Методика на настава по македонски јазик како втор јазик, Лексикологија и фразеологија, ....*** На вториот циклус на студии, 2010 / 2011 година, го држиме, како изборен и едносеместрален, курсот: „Методски модели на наставата по мајчин јазик и функционалната писменост".

Да почнеме по хронологија на случувањата. Во 1997 г. за основното образование со закон беа усвоени нови „Содржини и организација на воспитно-образовната дејност и наставни програми I – IV одделение", по што следеше „новата генерација на учебници и учебни помагала и по предметот Македонски јазик". Ќе потсетиме, во Институтот за македонски јазик, заедно со Сојузот на друштвото за македонски јазик, во 1999 г. беше одржан Научниот собир**:**„Јазикот во учебниците за основното образование". Тогаш јазично беа анализирани и учебници за одделенска настава. Како и да е, оваа генерација учебници и учебни помагала, и покрај јазични и други материјални грешки во однос на методско-дидактичката опременост, за деценија постоење, сепак, беше функционално употреблива, а некои учебници од нив беа и квалитетни. За деветгодишното основно образование во Р. Македонија, десет години потоа, беа изготвени

нови наставни програми (за одделенската настава во циклусите I-III и IV–VI одделение, во 2007 година, и во согласност со него пристигна и „најновата генерација учебници". Наместо нагорна линија во издаваштвото на учебници, во новиот милениум, како што се нагласуваше, за одделенската настава, со мали исклучоци во понудата, се понудија учебници кои треба да нè засрамат, замислат и да нè обврзат тие веднаш да се најдат надвор од употреба во нашето образование. И – таквото ангажирање да не биде како до сега индивидуално, но преку отворен широк институционален фронт на одговорните и надлежните за тоа. Последиците од ваквото издаваштво на учебникот како појдовно и некогаш и основно дидактичко средство, како што е тоа со учебниците по Македонски јазик во одделенската настава, дури сега, со сета гротескност, за жал, ќе ги почувствуваме и ќе платиме висок данок на нестручноста во употребата на стандарднојазичнатта норма на македонскиот јазик. И не само тоа, отсуството на јазичната и секаква писменост на ученикот нема да му обезбеди позиција на субјект со развиено критичко мислење (најтесна е врската мислење-јазик!), која ќе се реперкуира и во неговото севкупно образование. Читањето и пишувањето, за секој човек, претставуваат најмоќно средство за развој на критичкото мислење.

Ќе укажеме и на лошите резултати што се покажани во образовните тестирања, како и на присуството на проекти во образованието, поврзани со преметот Македонски јазик и употребата на македонскиот јазик во училиштата. Целите се насочени кон подобрување на *јазичното описменување* - читање и пишување, преку обука на наставниците, за да се надминат ваквите образовни состојби.

Невладини организации, во сперга со Бирото за развој на образованието, се разбира, првенствено, ја презеле таа грижа. Министерството за образование, за жал, како структура на воспитно-образовниот систем на Р. Македонија, досега, не ги вклучува педагошките факултети. Експертите од областа (одделенска настава) во нив најмаргинално ги третираа, а кон нив се приклонуваа на крајот, пред промоција на резултатите од проектите, или пред печатењето на прирачници, откако и

стручната јавност веќе имаше сознанија за низа недозволиви пропусти. Македонистите, кога станува збор за факултетското рамниште, беа изоставени, но затоа во таквите проекти, по разни основи, се наоѓаа само педагози и психолози. Имено, не профункционира врската: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието и експертите на педагошките факултети во нашата држава. Кога станува збор и за учебниците, учебните помагала и прирачниците за наставниците, таа врска остана непостоечка, зашто не беше суштински, институционално остварена. Индивидуалните реагирања и до најповиканите во институционалната хиерархија не дадоа траен резултат, не придонесоа до промена на состојбата за подобрување на наставата по Македонски јазик во нижите одделенија. Кога во септември, 2010 година, и Педагошкиот факултет беше вклучен да направи суперревизија на учебниците за одделенска настава, се појави надеж дека конечно нештата ќе тргнат по своите природни текови. По направените експертизи за постоечките учебници од најновата генерација до денес ништо не се презеде, и се остана на констатацијата дека обучените, стручни наставници во училиштата ќе успеат да се справат со лошата понуда на училишните книги. За нас не важи максимата дека *квалитетниот учебник е национално богатство*, па додека медиумите известуваа за тоа, психолози и некои педагози, дури и со поранешна највисока функција во Бирото за образование, истакнуваа дека „господинот учебник“ не го заслужува таквото внимание, дека и без него се може, оти тој е само еден извор за добивање на информации од научната област!

Сепак, овде ќе кажеме – ваквите воопштувања се погрешни. Во различни реални услови на работа во училиштата во Р. Македонија, и покрај пропишаните образовни

стандарди, каде што има и училишта со комбинирана настава, на образованието му е потребен квалитетен, модерен учебник. За тие што ќе можат, квалитетно од него ќе се насочат кон други извори на информации.

Само кај нас може да се случи некој кој не ја познава теоријата на базната писменост на македонски наставен јазик, кој не знае ништо за природата на и нему мајчиниот јазик, кој не

знае дека македонскиот јазик за својата азбука има фонетски принцип на правопис, и кој „господинот буквар“ како специјализиран учебник концепциски не го ни запознал, да реши да ги описмени говорителите на македонскиот јазик (што им е мајчин) само со глобален метод (!!! ), и тоа во новото прво одделение, кога имаме настава само на орално рамниште, а по наставата Подготовка по почетно читање и пишување ученикот треба да се оспособи само да ги препознава големите печатни букви!!! Во Програмата, инаку, се забранува каков било учебник! За ваквите учебници веднаш реагиравме откако ги запознавме („Без азбука за усвојувањето на македонската кирилска азбука“, Прилеп 2008). Но, ништо подобро, со понуда од три можности, (и од истиот автор, сега за второ одделение), не помина „господинот буквар“ . Лоша е состојбата и за трето одделение кога треба да се предаде транскрипцијата на кирилското со латинично писмо.

Заедничка карактеристика на новите учебници е дека тие се подведени под ист наслов: *Македонски јазик за* ....(следи соодветно одделение) на деветгодишното основно училиште. Би било, донекаде, прифатливо ако тој учебник ја има структурата за специјализираните учебници како: буквар, читанка, поуки за јазикот... Но, воопшто не е така, ниту во однос на структурата на тие делови, ниту во методско-дидактичките барања и концепцијата за нивна изработка, па тие треба да не се употребуваат во наставата за соодветното одделение.

Минатата година бевме рецензент за учебник (за петто оделение), и од бројната понуда (девет ракописи), со Комисијата до **Националниот совет за учебници** предложивме само еден предлог-ракопис за учебник, за којшто подвлековме дека *сѐ до неговото издавање треба да биде под надзор на Комисијата.* Во име на Комисијата, пред Советот и со него, ги отфрливме сите жалби за другите предлог-ракописи. Таква можност не ни се даде, но затоа мака мачевме со учебник кој одеднаш се најде рангиран, и тоа со позициона предност – прворангиран (!), пристигнат, по нам, необјасниви патишта, зашто никој не ја отповика нашата Рецензентска комисија и не укажа на никаква некомпетентност и незаконска постапка. Ете, и тоа се случува

кај нас, и така може да се постапи со експерти од областа, кои конечно успеале да се најдат таму каде што сметале дека им е долг стручно да помогнат!

Втората шанса ја гледавме преку институционалното ангажирање, но кажавме веќе, попусто!

Упорноста не престануваше, зашто резултатите од ПИРЛС, Меѓународно оценување на јазичната писменост за Македонија, „спаѓаат меѓу најниските во Источна Европа" (*Прирачник за обучувачи*, стр. 5). УНИЦЕФ, Министерството за образование и наука, Бирото за образование и Светската банка се договорени да работат заедно на подобрување на состојбата преку *Проекӣ за модернизација на образованиеӣо*. Очигледно е дека постои сериозна намера да се помогне на тој план. Но, во втората половина на 2010 година, пред нас се најдоа преведени авторизирани прирачници за читање и пишување, од англиски јазик, кои требаше да ги имаме на увид како експерти од областа. И – повторно бевме на мака. Сфативме дека некој се „изгубил во преводот" – дека синтагмата *кажување ӣриказни* се однесува на стилската форма *нарација* (прераскажување и раскажување), за која имаме училишна обука, а има и други примери што се резултат на лош превод и погрешна употреба на термини (спореди: описен јазик; Да се идентификуваат формите на описниот јазик; Спарување на описен јазик со менторски текстови (стр. 86) (!!!!) итн. Но, замислете, за усвојување на *концеӣӣоӣ за ӣечаӣен ӣексӣ*, за елементот *фонолошка свесӣ*, буквално, *како да нè удри ӣром*, кога видовме дека *сӣелувањеӣо* за македонскиот говорител е фактор за поимањето на текстот! Што е многу, многу е! Пролетва, на состанок, на прекрасните колешки од САД им заблагодаривме и им објаснивме некои работи што се битни, а и тие треба да ги знаат за природата на нашиот јазик и за описменувањето. Со критичко проучување на прирачниците за обучувачи, им кажавме дека можеме да изделиме современи и употребливи нови техники за читање и пишување, како што претходно го направивме тоа и по обуката во рамките на проектот „Креативна настава и учење", организирана од страна на Американската Агенција за меѓународен развој – УСАИД и Фондацијата Институт отворено општество

– Македонија, и иститe да станат дел од нашата методско-дидактичка обука на Факултетот. Тие тоа го сфатија веднаш, како и сите странци кои добронамерно сакаат да ни помогнат во образовниот развој. Само на некој – некои кај нас тоа никако да му- им стане јасно? Па, во едно училиште низ ходникот се слуша: „Леле, колку убаво спелуваше ученикот ...!“. Замислете, на семинари се изведувала обука со нашите наставници, а тие како обучувачи требаше, во ноември 2010 година, да демонстрираат обука за универзитетските професори од трите државни учителски факултети! Додека ги бележевме овие редови, на седница на Наставно-научниот совет на нашиот Факултет, на 20 април 2011, бевме известени дека кон средината на мај (14 – 17 мај), во Охрид, треба да делегираме експерти кои треба да присуствуваат на работилница, во рамките на проектот (финансиски поддржан од УНИЦЕФ): *Градење на капацитетите за јазична и математичка писменост за унапредување на резултатите од учењето кај учениците.*

Во Р. Македонија никако нештата да се поставаат во природниот ред! И оваа обука уште еднаш ќе потврди дека за „болестите“ на нашето образование не се зема ниту „анамнеза“, а камоли да се направи „дијагноза“ за да се отпочне со лекувањето!

Еве, ќе приредиме уште едно свежо изненадување! На Педагошкиот факултет во Скопје, претставници од Нансен Дијалог Центарот во Скопје побарале соработка со институцијата. По одбивањето на Управата на Факултетот таа како модул да биде интегрирана во наставата (!?), што законски е невозможно, требаше да проследиме презентација за нивниот проект: „Интегрирана и билингвална настава“ (!!?). Уште едно големо чудо да видиме! Презентираа содржина што се однесува на изведување настава на ниво на превод: на македонски, односно на албански јазик. Побараа да се пријават студентите од четврта година за учество на нивниот семинар. Им се напомена дека со сертификатот потоа ќе имаат предност при вработувањето, оти тоа е иднина за училиштата во 35 општини во нашава држава, за која по Рамковниот договор, сме обврзани! Презентацијата и не беше прецизна која настава ја засега -

редовната, или воннаставните, слободни ученички активности. Интегрирана, а уште и „билингвална настава" беше синтагмата што претходно нè упати на деканот на Факултетот да му најавиме снимање со дихтафон на презентацијата. Претставниците на проектот за неколку дена очекуваа соработка со нас.

За следната средба со нив, колегите македонсти, четворица, веќе имаа доставено допис до Управата на Факултетот, откако беше преслушана лентата. Копија од него им дадовме и на гостите, зашто по она што го дознавме за проектот, не дадовме поддршка. Билингвална настава нема во образовниот систем во Р. Македонија. Има училишта во кои наставата се одвива, покрај на македонски, и на друг наставен јазик за припадниците на етничките заедници. Билингвизам не постои во македонската реалност за учениците во основното училиште, освен во сосема ретки случаи, кај ученици од мешани бракови и во мултиетничка средина. Потоа, секој јазик во наставата се учи програмски, и има статус на предмет кој е задолжителен, изборен или факултативен. Македонскиот јазик за припадниците од другите етнички заедници се изучува како задолжителен предмет, зашто јазикот има статус на јазик на општествената средина.

Нашите поимања за Проектот, што точно треба да биде именуван, е дека тие одат во насока на воспитната компонента, односно во создавањето на клима во училишта со припадници од различни националности. Оттука, разбираме дека тие можат да имаат интегрирани, но само вонаставни активности, кои ќе водат кон соживот и толеранција на разликите, и по слободен избор и учење на друг јазик на националностите, според законските одредби. Сепак, тоа што треба и таму да се случува, барем засега во овие пилот-училишта, е дека ќе се употребуваат два јазика на ниво на превод (парафраза) - на македонски и на албански јазик во училиштата во општината Јагуновце – селата: Ратаје, Жилче, Шемшево и Прељубиште, по 1 септември 2008 г., и во средното училиште во општина Јагуновце (1 септември 2010 г.), како и на македонски и на турски јазик во ООУ „Маршал Тито"во Општина Струмица (од 3 ноември 2010 г.).

Упорни беа нашите гости, и по електронска пошта ни испратија документ за кој инсистиравме дека е потребен за да се отпочне каква било соработка. За жал, повторно за жал, внатре насекаде се во употреба синтагмите *билингвална настава*, *билингвизам*. Само на кориците насловиле:„Мултикултурни училишта во Р. Македонија“ *(Проект за соработка со педагошкиот факултет во Скопје)*. Носителите во Проектот не се потрудија да го усвојат поимот за билингвизам, и не сфатија дека не само што нема билигвисти во училиштата, туку нема ниту *мултикултурни училишта*, а има училишта во мултикултурна средина, во кои наставата се изведува, најчесто, на два наставни јазика. По нашето укажување, Педагошкиот факултет не воспостави соработка со Центарот.

Сите овие работи и случувања, кои веруваме во Р. Македонија се умножуваат и ја усложнуваат и така обременетата севкупна реалност, не говорат добро и за статусот на македонскиот јазик во училиштата. Би сакале и овде да има – *се изгубиле во преводот*, билингвалноста не им е јака страна на носителите на проектот кои, патем, не сакаа да одговорат што се по стручна вокација!

Едно е сигурно - на наставниците во училиштата на нашата држава им треба помош. Тие се во деликатна, збунувачка позиција, со што уште повеќе се усложнува наставната практика по предметот Македонски јазик.

На овој Научен собир сакаме македонсистичката јавност да дознае за случувањата, што ни малку не се наивни, а се однесуваат на дејноста во базното образование. Треба да размислиме заедно, поддржувајќи се во иднина за сè што е поврзано со употребата на македонскиот стандарден јазик во практиката, особено во организираниот образовно-воспитен систем на сите нивоа, за да настапуваме единствено и во име на научните вистини за јазикот и законските рамки за неговата употреба во училишните установи во Република Македонија.

## ИЗВОРИ:

- ***Основно образование. Содржини и организација на воспитно-образовната дејност и Наставни програми I - IV одделение***, Министерство за образование и физичка култура, Педагошки завод на Македонија, Скопје 1997; ***Основно образование. Содржини и организација на воспитно-образовната дејност и Наставни програми за I-III, IV–VI одделение***, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Скопје 2007.

- Научен собир: „Јазикот во учебниците за основното образование", Сојуз на друштвото за македонски јазик на РМ, Скопје 1999, „Литературен збор", г. XLVI, бр. 5-6, Скопје 1999.

- Благица Петковска, *Без „азбука" за наставата за усвојување на македонската кирилска азбука*, Стручна расправа: *Македонскиот јазик во практиката*, Прилеп 2008, стр. 67-73.

- УНИЦЕФ Македонија, Подучување за пишување во одделенска настава. Обука за обучувачи за јазично описменување – пишување (ООЈО – П), ***Подучување за пишување во одделенска настава.Обука за обучувачи за јазично описменување – пишување(ООЈО –П), Прирачник за обучувачи, ноември 2009, Ненси Клер, Д.Ед., Ричард Холдгрив – Ресендес, м-р, Мишел Монсон, Ед. Д., Џен Вестрик, Д. Ед.***

*Програма за интегрирано образование во мултикултурни училишта во Р. Македонија (неформални семинарски активности со студенти од Педагошки Факултет),* Нансен Дијалог Центар Скопје, Скопје 2011.

УДК 811.163.3'367.633

*Билјана МАЛЕНКО*

# УПОТРЕБАТА НА ПРЕДЛОЗИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ПИСМЕНОТО ИЗРАЗУВАЊЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО РАНАТА УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

Цел на рефератот е анализа на системот на предлозите како неменливи и службени зборови кои, по напуштањето на падежниот систем, имаат особена семантичка и синтаксичка вредност во македонскиот јазик. Исто така, како конкретни показатели, покрај првобитното значење - да укажуваат на просторот, предлозите укажуваат и на други значења.

Материјалот врз кој е извршено истражувањето, а тоа се писмените работи на учениците од основното образование, поточно од 2, 3 и 4 одделение (од училиштето Вера Циривири-Трена, мај 2010 година, вкупно 112 писмени работи), треба да ни го покаже степенот на усвоеност на оваа зборовна група во писмената форма на јазикот, од две причини: прва, да се добие слика за развојот на лексиконот кај децата од раната училишна возраст, и втора, од семантички аспект, да се констатираат значењата кои ги изразуваат овие зборови, имајќи предвид дека значењето на зборовите едновремено укажуваат на јазичниот, емоционалниот, како и на когнитивниот развој на децата од оваа возраст. Едновремено, нивната застапеност укажува и на комуникациската компетенција на децата од аспект на писменоста. Писменоста, пак, претставува посебен вид комуникација која едновремено има потреба од посебен интелектуален и

физички напор, а исклучува присуство на други вербални и невербални средства за комуникација (Howe, с.133).

Во раното детство, меѓу три и шест години, спонтаната употреба на јазикот укажува дека постепено се усвојува и неговата основна граматичката структура (Berk, 2007), односно, според Берк, предлозите се јавуваат на возраст меѓу втората и третата година од животот на детето (Berk, 2007, с. 236). За јазичниот развој на децата, особено е важен почетниот стадиум на основно образование бидејќи, како што вели Берк, *децата од училишна возраст во ова време темелно го менуваат својот став кон јазикот. Тоа се огледа во развојот на 'јазичната свест* (Berk, 2007, 299).

Познато е дека предлозите се неменливи и службени зборови кои, за разлика од менливите и полнозначните зборови, своите значења ги реализираат во именски групи и реченици. Употребата на предлозите претпоставуваме дека е во зависност од избраната тема. Темата на овие писмени работи е *Моето другарче*. Значењата на предлозите се определени според тритомниот Речник на македонскиот јазик, а некои и според Толковниот речник на македонскиот јазик.

На табелата е даден преглед на застапеноста на предлозите во писмените работи на учениците од 2, 3, и 4 одделение.

| | **вк.** | **-** | **со** | **на** | **во** | **од** | **за** | **по** | **кон** | **кај** | **како** | **до** | **околу** | **покрај** | **спрема** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2 одд.** | **38** | **9** | **36** | **16** | **8** | **3** | **2** | **4** | **2** | – | – | – | – | – | – |
| **3 одд.** | **38** | **1** | **29** | **13** | **9** | **4** | **5** | **2** | **2** | **5** | **2** | **1** | – | – | – |
| **4 одд.** | **36** | **4** | **37** | **19** | **30** | **15** | **3** | **4** | **2** | **6** | **5** | **2** | **1** | **1** | **1** |

## ПРЕДЛОГОТ *СО*

Овој предлог е најзастапен во сите три одделенија. Во 2 одделение од 36 примери предлогот *со* го има во 29, во 3 одд. од 29 во 23, а во 4 одд. од 37 во 32.

Од семантички аспект, во сите одделенија, е најраспространето значењето 'за означување на заедница, за укажување на предмет или лице што учествува во заедничкото дејство': 2 одд.- *Се дружам* ***со*** *него дека е добар другар. ..јас се дружам* ***со*** *него јас го одбрав него зошто е добар. ...јас се дружам* ***со*** *него дека ми прави смешки. ...секогаш си игра* ***со*** *мене*; 3 одд. - *Си игра* ***со*** *мене многу се дружиме. Он е добар и секогаш е добар* ***со*** *мене.****Со*** *сите се дружи добар пријател е.Тој учи* ***со*** *мене во 3б одделение.*; 4 одд. - *..многу е добар кон мене си игра* ***со*** *мене затоа ми е другар. ..исто така не ме лаже премногу е добар* ***со*** *мене игра секогаш* ***со*** *мене...*

Другите значења на овој предлог, употребени во писмените работи на учениците од 2 одд. се значително помалубројни, од еден до три примери: 'за означување на предметот, орудието со кое се извршува дејствотое: *се мењаме* ***со*** *сликички, ... заедно си подаваме* ***со*** *топка. .. си играме* ***со*** *играчки.* ***Со*** *картите играме војна.*; 'за означување имање, снабденост; при укажување на признак, особеност, својствое (*тој има прибор* ***со*** *Бентен*).

Во писмените состави на учениците од 3 одд. ги забележавме истите значења: 'за означување на предметот, орудието со кое се извршува дејствотое: *Игра многу бакуган и игра многу* ***со*** *бакуган картите.*); 'за означување имање, снабденост; при укажување на признак, особеност, својствое (*Влади има плава коса, кафеави веѓи, плави очи и портокалова* ***со*** *бела боја. Џемпер* ***со*** *бели рики.. Носи многу сукњи и блузички* ***со*** *голо меше.*

Во 4 одд., покрај овие значења (***Со*** *добра душа е. Некогаш* ***со*** *топка, некогаш бирканица и друго. Елеонора ќе ме изненади* ***со*** *нешто.*), со еден пример е застапено и значењето за 'означување однос кон објектот, при означување лице или предмет кон кој се установува некој однос на друго лице или предмете: *Елеонора ќе ме изненади* ***со*** *нешто.*

Повторувањето на исти предлози, што е релативно мошне застапено во усниот јазик, во писмените ученички работи е незначително. Такви примери има само во 4 одд. (4 примери): *Тој многу се дружи* ***со*** *нас ама и ние* ***со*** *него. Мене Нина ми е најдобра затоа што знае да биде фер другарка, се дели* ***со*** *мене, и во лошо и во добро таа е* ***со*** *мене. ..исто така не ме лаже премногу е добар* ***со*** *мене игра секогаш* ***со*** *мене..*

Мошне малку се застапени и примерите од типот: *Ние* ***со*** *Јана сме најверни другарки. Ние* ***со*** *Андреја си играме* – каде што во подметот е вклучено и именуваното лице, но и во примери каде што подметот е изоставен: *Со него играме фудбал и се бориме. Ми е другарка со неа си играме.Со него си играме карти.* Примери од овој тип има најмногу во 2 одд. - 8, во 3 одд. – 4 и во 4 одд. – 1.

**ПРЕДЛОГОТ *НА***

Овој предлог е втор по застапеност во писмените работи на учениците од сите три одделенија, а според бројноста на примерите, најзастапено значење на предлогот *на* е ’временското значењее: 2 одд. - *Тоа многу знае и слуша* ***на*** *часот по англиски. Таа е внимателна* ***на*** *часови. Ние си играме* ***на*** *голема пауза. Петар е внимателен* ***на*** *час ...* ; 3 одд. - *..со Дениз си играме* ***на*** *одморите. Малце* ***на*** *одмор, многу се дружиме... играме и* ***на*** *секој голем одмор. И со него сме родени* ***на*** *исти ден. Ние заедно одиме* ***на*** *одмор. ... секогаш е* ***на*** *време во училиште. Јас и Бане само си играме* ***на*** *одмор.*; 4 одд. - *...а 10 години ќе наполни* ***на*** *1 април... ,...играме* ***на*** *големиот одмор. Со него се дружам* ***на*** *одморите.* ***На*** *големиот одмор си делиме од ужинките.Втор најдобар другар ми е затоа што* ***на*** *одморите се смееме,...*

Други значења се: ’припадност, поседувањее: 2 одд. - *Нејзината бојата боја* ***на*** *коса и е кафеава. Името* ***на*** *моето другарче е Јасмина.*; 3 одд. - *Кирил е претседател* ***на*** *моето одделение 3А.*; 4 одд. - *чекаме заедно* ***на*** *Ирена да дојде татко и.*; 4 одд. - *чекаме заедно* ***на*** *Ирена да дојде татко и. По желба* ***на*** *Стефан и мене.*; ’пространствено значењее: 2 одд. - *Зашто играм со дени* ***на*** *игралиште. Кога јадеме седиме* ***на*** *иста маса. ..и се среќаваме* ***на*** *пат*; 3 одд. - *Кога излегуваме во паркчето*

*кај што живее она или **на** друго место. Прв пат ја видов кога бев **на** екскурзија во Крушево. Јас ја поканувам **на** мојата роденденска забава.*; 4 одд. *Некогаш ме поканува кај него **на** гости некогаш јас го поканувам **на** гости*; 'целно значењее: 2 одд. - *Ќе одиме **на** скијање.*; 4 одд. - *Оди **на** балет..; Сака да оди **на** балет.*;

'средство, инструмент за вршење на дејствотое: 2 одд. - *ќе се јујаме **на** јујашки.*; 4 одд. - *...скокање **на** јаже.*; 'квалитативен признаке: 3 одд. - *Кирил е претседател **на** моето одделение 3А.*); и како 'трпител на дејствотое: 2 одд. - *...јас и давам **на** другарка ми.. ..**на** Петар ум е кафејава коса.*; ***На** Кико очите му се кафеави. **На** дени очите мос кавејави **на** дени косата муја светло кавена.*; 4 одд. - *..им помага **на** другарите кога се во невоља. И јас **на** нејзе сум и најдобра другарка. А исто така забавно и е и **на** сестра ми Тамара.Многу сака да им помага **на** лугето.*; *..некогаш ми помага во решавањето **на** задачите...*

## ПРЕДЛОГОТ *ОД*

Овој предлог е застапен во сите три одделенија, но најмногу во 4 одд. Тој е употребен во следниве значења: 'пространственото значењее: во писмените составо на учениците од 2 одд. констатиравме примери само со ова значење: ***Од** училиште.Моето другарче е **од** училиште. Ми е **од** училиште.*; 3 одд. - *Ние се знаеме **од** градинка.*; 4 одд. - *Таа ми е другарка **од** одделение. ....и да игра со учениците **од** моето училиште.Еден од училиште и еден **од** надвор тој **од** училиште се вика Леон.*; 'временско значењее: 3 одд. - *Јас и неа се знаеме **од** бебиња.*; 4 одд. - ***Од** 1 одделение сме добри другарки. Јас со Дарко се запознав **од** прво одделение. Таа ми е другарка **од** 5 години. Елена **од** мала **од** мене ме знае.* (со повторување на предлогот); 'дел од нешто, од целинае: 3 одд. - *Тој е дел **од** групата за играње.*; 4 одд. - *На големиот одмор си делиме **од** ужинките.*; 'споредбае: 3 одд. - *Таа е поголема **од** мене.*; 4 одд. - *Тој е малце помал **од** мене.Тој е малце поголем **од** мене.Таа е поголема **од** мене.*; 'признак, особина, карактеристикае: 4 одд. - *Кога ќе не пушти наставничката **од** дневен надвор. Правам ланче за нејзе **од** мирисливи цвеќиња.*

## ПРЕДЛОГОТ *ВО*

Интересно е што не најдовме ниеден пример со разновидноста на овој предлог, т.е. примери со предлогот *в*. Што се однесува до значењата, најзастапено е ’просторното значењее во сите одделенија: 2 одд. - *...и си подаваме боички кога боиме **во** другарче. Јас нејзе ја запознав кога првиот пат отидов **во** училиште. Глеаме филм **во** кино. Со него бефме **во** кино. ..,секогаш е на време **во** училише. Таа ме пушта **во** сите игри.*; 3 одд. - *кога излегуваме **во** паркчето... ...Некога по јадење седиме одмараме да ни спадне јадењето **во** стомак. Таа **во** сите мои тетратки напишала дека ме сака. Прв пат ја видов кога бев на екскурзија **во** Крушево. ...одам **во** зоолошка градина и **во** лунапарк.* ; 4 одд. - *Живее **во** населбата Бардовци. ...живее **во** населба Влае,.. ..живее **во** населбата Карпош 4 на вториот кат. Многу е убаво сите деца **во** целиот свет да имаат најдобри другарчиња.* (со зн. на *од*). *Тој живее **во** населбата Карпош.. Таа живее **во** населбата Бутел. Нена учи **во** ОУ Живко Брајковски. Бојан живее **во** една зграда не е далеку. .. и учи **во** училиштето Вера Циривири-Трена. Другарка ми учи **во** школото... Таа е **во** оделението 2б. Другарка ми учи **во** моето школо и е **во** одделението мое. Таа учи **во** моето школо. Тој учи **во** ОУ Гоце Делчев. Учи **во** мојот клас.Не се каам што дојдов **во** ова прекрасно училиште.*

Други значења се: ’временско значењее: 2 одд. - *Таа ми ѕвони **во** шест часот за да ме викне. ...и таа ми помага **во** сите несакани моменти*; 3 одд. - *Секогаш кога сум во невоља таа ми помага.*; 4 одд. - ***Во** мојот живот има многу другарства.**Во** еден миг ќе и текнат 300 фантазии.Секогаш е покрај мене **во** тешките моменти.*; ’состојбае: 3 одд. - *Тој учи со мене **во** 3б одделение. Учи **во** 5 одд.*; 4 одд. - *..се дели со мене, и **во** лошо и **во** добро таа е со мене. ..ми помага кога сум **во** невоља.. ..ми помага **во** решавањето на задачите. ..., ми помага **во** се и сешто.. ..им помага на другарите кога се **во** невоља.*; ’определбае: 4 одд. - *Сака да црта и да пее и е добра **во** математика. Најдобра е **во** цртање, ... Таа има кратка коса **во** боја е кавена. Елеонора е добра **во** срцето.*

## ПРЕДЛОГОТ *ЗА*

Овој предлог релативно е малку употребен, и тоа: во 2 одд. се јавува со значење на предлогот *во* за изразување ’состојба’ (*...и си помагаме* ***за*** *се..*), и со значење на предлогот *според*, т.е. изразување ’сообразување со некого или нешто’ ( *...**за** мене е супер другарка*);

во 3 одд. се јавуваат следниве значења: ’цел, насоченост на глаголското дејствое (*Секогаш е спремна* ***за*** *се. Секогаш е спремна* ***за*** *час. Ја сакам Јана* ***за*** *другарче...*, но и од типот *И тоа е се за него.*); ’укажува на наменае (*Тој ми чува стража* ***за*** *во веце.*); ’со значење на наменае, или пак со ’значење на признаке: *Тој е дел од групата за играње БАКУГАН..*); во 4 одд.: со значење на сврз. *според*, т.е. изразување ’сообразување со некого или нештое ( *Искра е најдобра другарка за мене.*); ’намена на нештое (*Правам ланче за нејзе..; .., а интерсени цедеа за ДВД.*).

## ПРЕДЛОГОТ *КАКО*

Овој предлог го сретнавме во писмените работи од 3 и од 4 одд. и е употребен во неговото основно значење, односно изразување ’споредбае: 3 одд. -*...и се сакаме* ***како*** *сестри. Најмногу ме почитува* ***како*** *другар.*; 4одд. - *Ние три сме* ***како*** *сестри. Ја Искара ја чувствувам* ***како*** *вистинска сестра. .. и скоро ме прифаќаат* ***како*** *нивна сестра. ..да немаш другари зашто ќе бидеш* ***како*** *бос. Се чуваме двете* ***како*** *сестрички.*

## ПРЕДЛОГОТ *КОН*

Овој предлог се јавува со значењето ’во однос нае, т.е. како и предлогот *спрема* во сите три одделенија: 2 одд. - *..и многу е добра* ***кон*** *мене и јас* ***кон*** *нејзе.*; 3 одд. - *е многу добар и* ***кон*** *мене и* ***кон*** *другите другарчиња*; 4 одд. **-** *многу е добар* ***кон*** *мене..; Јас* ***кон*** *нејзе сум добра и она спрема мене е добра.*

## ПРЕДЛОГОТ *ПО*

Овој предлог исто така е релативно малку застапен. Се јавува со следниве значења: ’специјалносте: 2 одд. - *...слуша на часот* ***по*** *англиски. .. на час по ликовно и* ***по*** *музичко и* ***по*** *физичко.*; 4 одд. - *Заедно работиме* ***по*** *ликовно*; *...и се ме прашува*

***по*** *нешто*.; 'временско значењее (последователност): 3 одд. - *Негоga* ***по*** *јадење седиме одмараме ...*; 'особинае: 3 одд. - *Омилени бои му се сина и црна и* ***по*** *карактер е многу, многу добар.*; 'споредба'( со зн. на предлогот *според*): 4 одд. - *Тој по карактеристика е добар,..* ***По*** *желба на Стефан и мене.*;

и со значење на предлогот *од*: 4 одд. - *учи англиски* ***по*** *книгите ...*

## ПРЕДЛОГОТ *КАЈ*

Овој предлог го има во писмените работи од 3 и од 4 одделение и во сите примери е со 'пространствено значењее: 3 одд. - *Таа ме поканува* ***кај*** *нејзе дома и јас ја поканувам* ***кај*** *мене дома. Со нејзе си играме кога она ќе дојде* ***кај*** *мене. ...или јас* ***кај*** *нејзе, кога излегуваме во паркчето* ***кај*** *што живее* ; 4 одд. - *Некогаш ме поканува* ***кај*** *него на гости. .. и она доаѓа* ***кај*** *мене. Јас* ***кај*** *него или тој* ***кај*** *мене. Секој ден одиме горе* ***кај*** *мајките. Јас одам дома* ***кај*** *нејзе.*

## ПРЕДЛОГОТ *ДО*

Овој предлог е со многу ограничена употреба, односно во писмените работи од 3 одд. го сретнавме во 1 пример,и тоа со значењето 'еден предмет (не) се наоѓа непосредно покрај друге: *Многу несака да седи* ***до*** *Сара и Теди*; а во 4 одд. се јавува со 'целно значењее: *Таа е добродушна, добронамерна, чесна и најважно искрена до крај.*; и со значење 'еден предмет (не) се наоѓа непосредно покрај друге: *Многу сум среќен кога е* ***до*** *мене.*

**ПРЕДЛОЗИТЕ *ОКОЛУ*, *ПОКРАЈ* И *СПРЕМА*** се сретнуваат само по еднаш и тоа во 4 одд.: предлогот *околу* заедно со глаголската именка претставува еквивалент на временска реченица: *Владимир има добро срце и ми помага* ***окулу*** *учењето*; предлогот *покрај* е со 'пространствено значење Ђ еден до друге: *Секогаш е* ***покрај*** *мене во тешките моменти*;

Предлогот *спрема* е употребен синонимно со предлогот *кон*: *Јас* ***кон*** *нејзе сум добра и она* ***спрема*** *мене е добра.*

Од извршената анализа можеме да заклучиме - од морфолошки аспект сложени предлози има само во писмените работи од 4 одделение , а од правописен само во 1 пример од 2

одделение предлогот е напишан заедно со заменската форма. Примерите ги даваме во изворна форма без да се изврши интервенција во соодветната употреба на литературнојазичната норма.

Овие резултати произлегуваат од анализата на писмените работи изработени на оваа тема, но секако, сметаме дека писмени работи на други теми би дале и други резултати, односно употребата на предлозите е условена и од изборот на темата.

Сепак, писменоста, како потешка форма на комуникација, едновремено ја гради и способноста за оформување на сопствените мисли, а употребата на предлозите открива значења и односи кои се важни за децата на возраст од 7 до 10 години: не само односот кон материјалниот свет што го опкружува детето туку и односот кон луѓето што се околу него, во конкретниов случај кон неговите врсници. Едновремено, употребата на предлозите укажува и на должината на исказот, кој има развојна тенденција, а на тој начин се огледа и јазична компетенција кај децата. Лексичкото богатство се констатира од бројот на предлозите употребени зависно од возраста, односно тоа се зголемува рамномерно.

Пијаже заклучува дека I*во оваа возраст егоцентричниот говор речиси наполно исчезнува, а спонатниот говор на детето сведочи, со својата граматичка структура, за неговата потреба да ги поврзува идеите и логички да ги докажуваг* (Пијаже, с.120). Пијаже, исто така, смета дека преобразбите што се случуваат се резултат на способноста на детето да размислува. Со усвојувањето на рефлексијата како постапка – дека *не е ништо друго како внатрешно заседавање, т.е. расправа со самиот себеси* (Пијаже, с.122), а еден начин таа да се констатира е и писмениот јазик: детето расправа самото со себе за вредностите на своето другарче. Токму во тоа се огледа и создавањето на новите морални чувства (Пијаже, 132-133) како што се заемното почитување, чувството за праведност и чувството за еднаквост. Од изнесените примери можеме да ја констатираме појавата или зачетоците токму на овие нови морални вредности кои се и најмногу застапени.

На крај, можеме да се согласиме со Васиќ кога вели дека *познавањето на психофизиолошките својства на човекот и целовитиот холистички пристап на јазичните проблеми е неопходност* (Васић, с.77), но и со Ренцо Титоне дека во *усвоениот јазик се наоѓа целата личност на детето како творечко суштество. Тоа во суштина е целата култура која ја пренесува една човечка заедница* (Титоне, с.117).

ЛИТЕРАТУРА


1. Конески, Бл. (1967): Граматика на македонскиот литературен јазик, дел I и II. Култура, Скопје.
2. Минова-Ѓуркова, Л. (1994): Синтакса на македонскиот стандарден јазик. Радинг, Скопје.
3. Пијаже, Ж. (1988): Развој на интелегенцијата: учење и развој – теорија на стадиумите во когнитивниот развиток. Просветно дело, Скопје.
4. Vigotski, L. (1977): Mišljenje i govor. Nolit, Beograd.
5. Berk, E. L. (2007): Psihologija cjeloživotnog razvoja. Naklada Slap, Zagreb.
6. Titone, R. (1977): Primijenjena psiholingvistika. Skolska knjiga, Zagreb.
7. Васић, См. (1994): Психолингвистика. Димитрије Давидовић, Смедерево.
8. Толковен речник на македонскиот јазик. Т.1, 2,3,4 (2003, 2005, 2006, 2008). Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје.
9. Речник на македонскиот јазик, т. 1,2,3 (Скопје, 1961, 1965, 1966). Институт за македонски јазик, Скопје.
10. Kristal, D. (1987): Kembrička enciklopedija jezika. Nolit, Beograd.
11. Ivić, M. (2002): Red reči, Biblioteka XX vek: Čigoja štampa: Krug, Beograd.
12. Grupa autora (1997): Razvoj govora kod deteta. Zavod za udžbenike I nastavna sredstva, Beograd.
13. Howe, A.J.M (2008): Psihologija učenja. Naklada Slap, Zagreb.
14. Топлиска-Евроска, К. (2005): Предлогот в(о) во современиот македонски јазик. Македонски јазик , год. LVI (2005), Скопје.

УДК 811.163.3'367.625.44

*Фани СТЕФАНОВСКА-РИСТЕСКА*

# ЛИНЕАРИЗАЦИЈА НА ИМЕНСКИТЕ ГРУПИ ЗАВИСНИ ОД ГЛАГОЛСКА ПРИДАВКА

При проучувањето на глаголската придавка и нејзината атрибутска функција, посебно внимание предизвикува линеаризацијата на именските групи зависни од глаголска придавка, која се јавува како дел од друга именска група во вид на придавски кондензатор на конститутивната именка на предикатско-аргументската структура, односно конструкциите во кои се јавуваат глаголски придавки кои влечат зависни именски групи. Станува збор за конструкции во кои на глаголската придавка (како придавскиот кондензатор) ѝ се потчинува втора именска група (ИГ$_2$), која може да претставува или назив на вториот аргумент или темпорална определба на втората предикатско-аргументска структура (ПАС$_2$) или пак кондензирана трансформа на некоја трета предикатско-аргументска структура (ПАС$_3$).

Во овој случај анализираната именска група (ИГ$_1$) се состои од три компоненти:

- конститутивна именка (КИ), која претставува аргумент на втората предикатско-аргументска структура (ПАС$_2$);
- дополнителна компонента во форма на придавски кондензатор на втората предикатско-аргументска структура (ПАС$_2$), односно глаголска придавк а (ГП);
- втора именска група која е зависна од придавскиот кондензатор (ИГ$_2$ )

Од овие три компоненти теоретски можат да се образуваат шест комбинации:

**1. ГП ИГ$_2$ КИ**
**2. КИ ГП ИГ$_2$**
**3. ИГ$_2$ ГП КИ**
**4. ГП КИ ИГ$_2$**
**5. ИГ$_2$ КИ ГП**
**6. КИ ИГ$_2$ ГП**

**1.** Првата комбинација **ГП ИГ$_2$ КИ** која е присутна во сите словенски јазици, се јавува и во македонскиот јазик. Кај оваа линеаризација придавскиот модификатор, односно глаголската придавка, заедно со зависната од него втора именска група се вградува неразбиен пред конститутивниот член на именската група. Глаголската придавка со зависната од него втора именска група се јавува како атрибут на конститутивниот член на именската група кој во реченицата може да се јави:

а) во функција на субјект: ***Вцрвените од недвижност нозе*** *како и тие се радуваа на зракот, разлеан врз грубата калдрма.* (ЃА 46); ***Закрвавениот од бес полицаец*** *ги стегаше тупаниците, и викаше со сета сила:*( ИТ 139); ***Пробиените низ густата шума сончеви зраци*** *што паѓаа на поседнатиот народ предизвикуваа кај сите радост.* (ИТ 153)

б) во функција на директен објект: *Не виде дека ја голтаат* ***избезумените од страст погледи***. (ИТ 11); *Тој ги скрсти рацете на гради и ги закова своите* ***живи и наедрени од возбуда очи.*** (ЃА 55)

в) во функција на предлошки објект: *Андон остана како вкаменет* ***со подадената напред рака.*** (ИТ 56); *Човекот ја одметна забратката и* ***на загорenoто од сонце и ветришта лице*** *се белнаа јадри заби.* (ЃА 104) - *Слобода! ...-изусти и две големи солзи му се сркалаа* ***низ подгорените од сонцето образи.*** (ИТ 125); *Во* ***преситениот со прав воздух*** *се заби и одекна остар метален звук.* (ИТ 102)

Објаснувајќи ја атрибутската служба на глаголската придавка од непреодни, главно свршени глаголи Б. Конески (1981)

во својата *Граматика на македонскиот јазик* наведува неколку примери од К. Чашуле во кои се среќава токму овој тип линеаризација: *вивнато од радост лице, излитениот и станат грутки-грутки јастак, прокиснатиот од подпраг трем.* И во анализираниот материјал ваквата линеаризација е најчеста во случаите кога глаголската придавка е изведена од непреодни свршени глаголи (вцрвени се, закрвави се, наедри), а многу поретки се примерите со глаголски придавки изведени од преодни свршени глаголи (подаде, пренасити). Покрај тоа се забележува дека овој тип линеаризација се среќава во случаите кога имаме адјективизирана глаголска придавка која означува некаква физичка состојба на лицето (вцрвенети нозе, закрвавен полицец, наедрени очи, загорено лице) или пак емотивна состојба на лицето (избезумен поглед) предизвикана од некој внатрешен или надворешен причинител, а зависната од неа именска група ги дава само информациите за причинителот.

Според Л. Минова-Ѓуркова (1994), оваа комбинација е неприфатлива бидејќи се губи врската помеѓу придавскиот модификатор, во случајов глаголската придавка и конститутивната именка.

Во ексцерпираниот материјал ваков тип конструкции сретнавме кај Ѓ. Абаџиев и кај И. Точко, додека кај преводната литература иако постои можност за образување на ваква конструкција, таа како да се одбегнува.

**2.** Втората комбинација **КИ ГП ИГ**$_2$ исто така се среќава во сите словенски јазици. Според З. Тополињска (1987) ова е една од двете паралелни македонски шеми и таа само прозодиски се разликува од основната шема за апозитивно определување. Се чини дека во македонскиот јазик таа е доминантна, односно најзастапена. М. Марковиќ (2008) во својата статија посветена на линеаризацијата на именските синтагми зависни од ГП, истакнува дека во македонскиот јазик, избивањето на прв план на овој тип на линеаризација е предизвикано од поголем број фактори, и тоа: аналитичкиот начин на изразување на падежните односи во македонскиот јазик и големата употреба на предлозите со граматичка функција; расколебувањето на преодноста;

на опозицијата актив-пасив и навлегувањето на конструкциите со има/сум + ГП.

Кај овој тип линеаризација конститутивниот член на именската група во реченицата најчесто се јавува во функција на директен и на предлошки објект, а многу ретко во функција на субјект:

а) во функција на директен објект: *И сопственикот и Аргир ја испратија со поглед таа* ***сива маса наежена од гнев и умора...*** (ИТ 103); *Со палтото на К. тој го избриша своето* ***лице облеано со солзи.*** (ФК 86); *Навистина, носеше типична* ***баварска торба префрлена преку рамо...*** (ТМ 8); *К. во првите редови, десно и лево, речиси не забележа* ***ниедно лице свртено кон него...***(ФК 39) *Додека уште ја држеше* ***главата измолкната малку надвор од шаторот****, се кренаа пискотници во ноќта...* (ЃА 175);

б) во функција на предлошки објект: *затоа останува со колениците под брадата и* ***со поглед вперен кон свијокот.*** (ДС 21); *-Подолни од питачи не сметаат...-му велеше јадосано Вита, кога ќе поминеше крај нив Владо* ***со цигара вечно запалена в уста*** *и на нивниот поздрав не им одговараше.* (ИТ 55); *Двајцата стражари седеа на* ***куферот покриен со украсна покривка*** *и си ги триеја колената.* (ФК 16); *Кога се враќаа во шаторите, сонцето проблеснуваше на* ***зрнцата задржани по нивната руба****, веѓи и коса.* (ЃА 207);

в) во функција на субјект: ***Луѓето потпрени со рацете на колената*** *се тресеа како да имаа тежок напад на кашлица.* (ФК 41).

Од примерите може да се забележи дека карактеристично за овој тип линеаризација е дека таа најчесто се среќава во случаите кога глаголските придавки се изведени од глаголи кои бараат врзување на аргументи (искази) т.е на регувани ИГ. (пр. сврти кон..., впери кон..., измолкне од..., облее со..., префрли преку... итн.). Покрај тоа тука се јавуваат, пред сè, глаголски придавки изведени од преодни глаголи (пр. запали, задржа), а ретко од непреодни (наежи се).

**3.** Третата комбинација **ИГ**$_2$ **ГП КИ** ја среќаваме во примерите: *Ја вика да ги види и таа, како светкаат над небото*

*небаре* ***на мев превртени риби врз вода***. (ДС 24); *Зад К. беше прозорецот низ кој можеше во маглата да се види само* ***со снег покриениот покрив од соседната куќа***. (ФК 142) Во овие примери ГП повлекува две зависни ИГ при што едната се јавува пред ГП, а другата по КИ. Освен оваа комбинација кај овие примери е можна само уште првата комбинација: *превртени на мев риби врз вода, покриен со снег покрив од соседната куќа.*

Во следниов примерот се јавуваат глаголски придавки образувани од преодни несвршени глаголи: *Но точно на полноќ се врати полицијата и, во затворен камион, ја крена и протера,* ***од целото гратче саканата и почитувана старица***...(ИТ 202)

Третата комбинација многу ретко се среќава во македонскиот јазик, и иако врската меѓу придавскиот модификатор и конститутивниот член е зачувана, сепак ваквата линеаризација се смета за обележана. Овој тип линеаризација се одбегнува, пред сè, за да се избегне натрупувањето на предлози, коешто се јавува поради македонскиот аналитизам. Истото важи и за петтата комбинација, за која во материјалот не најдовме примери.

**4.** Комбинацијата **ГП КИ ИГ**$_2$ ја среќаваме во следниве примери: *Грбот пред него е на една жена од која на тој грб се гледа само* ***собраната коса на тилот***. (ДС 89); *Не може да чуе други гласови освен оние што излегуваат меѓу* ***прибиените грбови над него***... (ДС 95); *Другиот ден капетанот пред стројот нареди* ***затворени камиони со мушами*** *и издаде команда да се качат во нив.* (ЃА 178).

Во примерите: *И не е свесен дека сè уште ги стиска во дланката* ***згмечените купони за леб***. (ДС 97); ... *се пуштија во акција за собирање* ***изгорени дрвца од кибрит.*** (ДС 36) иако се јавува овој тип на линеаризација, глаголската придавка не влече зависна именска група, туку во нив имаме номинална именска низа составена од ГП како модификатор и друга именска група зависна од име *купони за леб* и *дрвца од кибрит* којашто не може да биде разбиена. Во овие примери оваа комбинација е единствено можна, односно секоја друга би дала семантички нелогична реченица.

Во следниве примери се јавува предлогот *на* со посесивно значење *фенерот на татко му*, *лисја на багремите*, *соголените кисти на дрвјата, удрите на пумпата, водата од чешмата* кој не дозволува разбивање на групата и ја прави оваа комбинација најприфатлива.

*Ацо Пац немаше страв од никого, но кога по пољаната ќе се затетеравеше* ***изгаснатиот фенер на татко му*** *- си плукаше на петиците и се прибираше дома пред него.* (ДС 51); *Улицата е пуста и само ветрот ја мете* ***од испаѓаните лисја на багремите****.* (ДС 14); *Во* ***соголените кисти на дрвјата по дворовите*** *не се слушаше повеќе запавнувањето од крилата на птиците...* (ДС 78); *Некаде далеку зад неколку покриви се дочуја* ***закашлани удари на пумпата...*** (ДС 78); *Го соблече палтото и приседна на дрвениот диван, а кога ја слушна* ***пуштената вода од чешмата*** *рече: - Сакаш ли леб со мармалад?* (ДС 9).

Овој тип линеаризација во македонскиот јазик е почеста и некои автори ја сметаат за најприфатлива. Од примерите се забележува дека ваквата линеаризација е прифатлива во случаите кога глаголската придавка е во функција на придавски модификатор кој не влече зависна именска група. Исто така примери со ваков тип линеаризација среќаваме и во случаите кога ИГ$_2$ е зависна и од конститутивниот член и од придавскиот модификатор, односно од ГП. Случаите кога придавскиот модификатор стои пред, а зависната од него втора именска синтагма (ИГ$_2$) по конститутивниот член, се сметаат за неприфатливи, бидејќи ГП и ИГ$_2$ преставуваат неразделива целина.

Според З. Тополињска (1987) оваа шема е широко застапена во македонскиот јазик и поместувањето на зависната именска група ИГ$_2$ зад именката, подвлекува дека ИГ$_1$ како целост претставува кондензација на ПАС$_2$ и како таква влегува во ПАС$_1$.

**5.** Комбинацијата **ИГ$_2$ КИ ГП** не ја најдовме во ниеден пример.

**6.** Комбинацијата **КИ ИГ$_2$ ГП** ја среќаваме само во еден пример, во кој ГП повлекува две зависни ИГ: *се најдоа на* ***доста***

***йросшрано месшо, од сише сшрани зашворено со ѕид***. Шестата комбинација на линеаризација во македонскиот јазик се смета за стилски обележана.

На крајот можеме да кажеме дека ова сложено прашање во однос на линеаризацијата на именските групи зависни од ГП, сепак, бара една поопфатна анализа на глаголската придавка како во однос на нејзината семантика така и во однос на нејзината именска функција во реченицата.

Исто така врз линеаризацијата влијае и одразот на некои граматички категории на глаголот врз глаголската придавка, а тоа е губењето на пасивното значење и можноста за образување на глаголски придавки и од непреодни глаголи, како и можноста покрај од свршени и повратни глаголи, таа да се образува и од несвршени глаголи.

Од друга страна посебен проблем претставува и аналитичкиот начин на изразување на падежните односи и употребата на предлози (начесто на предлозите *со, од* и *на*), кои, често пати, знаат да претставуваат пречка за образување на одреден тип конструкции, зашто би дошло до појава на семантички нелогични реченици или до промена на значењето на реченицата.

Само преку сеопфатно проучување на сите овие прашање ќе можат да се согледаат и да се утврдат правилата за линеаризација на именските групи зависни од глаголска придавка.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Конески, Б. *Граматика на македонскиот јазик.* Култура, 1981

Марковиќ, М. *Линеаризација на именските синтагми зависни од глаголска придавка.* Studia linguistica Polono-Meridiano slavica, Скопје, 2008

Минова-Ѓуркова, Л. *Синтакса на македонскиот јазик.* Радинг-Скопје, 1994

Topoliñska, Z. *Polsko~Macedoñski; Konfrontacja gramatyczna; 7. Wokól struktyry semanticznej zdania*, Polska akademija umiejêtnoœci, Kraków, 2007

Тополињска, З. *Полски ч Македонски; Граматичка конфронтација; 6. Синтаксичка деривација.* МАНУ, Скопје, 2003

Тополињска, З. *Од механизмите на кондензација во рамките на именската синтагма.* Студиа лингуистица Полоно-Југославица, т. 5, МАНУ, Скопје, 1987

## Ексцерпирани примери

Абаџиев, Ѓорѓи (1961) *Пустина.* Кочо Рацин, Скопје (ЃА)
Солев, Димитар (1998) *Лудо лето.* Наша книга, Скопје (ДС)
Точко, Иван (1987) *Приказна за очите.* Мисла, Скопје (ИТ)
Кафка, Франц (1970) *Процес.* (превод: Тодор Димитровски), Македонска книга, Скопје (ФК)
Ман, Томас (1997) *Смрт во Венеција.* превод: Здравко Ќорвезироски; Детска радост, Скопје (ТМ)

УДК 811.163.3'367.625

*Катица* ТОПЛИСКА-ЕВРОСКА

# ЗА ГЛАГОЛСКАТА ЛЕКСИКА ВО ТЕМАТСКОТО ПОДРАЧЈЕ ХРАНА И ПОДГОТВУВАЊЕ ХРАНА

По овој повод се определивме да зборуваме за лексиката од тематското подрачје *храна и подготвување храна* и тоа селективно за глаголската лексика. Притоа, внатрешно ја селектираме глаголската лексика, па ги разгледуваме само глаголите, односно личноглаголските форми, додека другата глаголска лексика, неличните глаголски форми, како и именската и придавската лексика со глаголска мотивација ги оставаме за друг наврат кога сета глаголска лексика ќе биде разгледувана интегрално. Целта на нашето излагање е да направиме еден преглед на глаголската лексика од споменатото тематско подрачје. Притоа, ќе понудиме можности за нивна класификација и различни аспекти на опфаќање на оваа лексика. Не претендираме на исцрпност туку на можности за нивно групирање по различни основи, со заеднички белег - употреба во сферата на кулинарството, поточно, во тематското подрачје *храна и подготвување храна*. Нашите согледувања ќе се темелат на материјал ексцерпиран од периодични и монографски изданија со постар и со понов датум. Од постарите, го користевме обемното издание *Современ готвач* (1967 год.; јазична редакција на Благоја Корубин), како и броеви од дневниот весник *Нова Македонија* (1961 год.), а од поновите - монографското издание *Готвење за семејството* (Младинска книга, 2007 год.), како и периодични списанија како *Теа-кујна,*

*Храна и вино* и други периодични списанија со тематски карактер *Пити, Обланди, Посни колачи* и др. (Топер 2010/2011 год.).

I Првиот аспект на набљудување односно појдовната точка е семантиката т.е. колку таа е општа, па оттаму глаголите имаат поширока сфера на употреба или пак таа лексика е со тесноспецијалистичка употреба, а тоа значи дека се употребува првенствено во кулинарството. Во првата група би ги вброиле глаголите: ***чисти, мие, реди, распореди/-ува, украси/-ува, меша, сече/сечка, затвора, трие, зема, става, додава, вади, врти, замрзне*** и др. Наспроти оваа група, во друга група би ги вклучиле глаголите со специфична семантика поврзана со процесот на подготвување храна, како на пр.: ***вари, пече, пржи, меси***. Кога сме кај овие глаголи да споменеме дека Станислава - Сташа Тофоска за овој тип глаголи зборува како за еден вид „креативни глаголи" во рамките на поголемата група телични глаголи - според посебна теорија за глаголскиот вид. Нашиот пристап кон овие глаголи е поинаков, но секако, во определени точки при нивното разгледувањето наоѓаме совпаѓање. Покрај овие глаголи (*вари, пече, пржи, меси*) коишто ги сметаме за најпоказателни, во семантичка смисла за сферата што ја разгледуваме, во оваа група ги вклучуваме и: ***посоли, панира, похува, поширa, шпикува, (се) пасира, (се) сервира, филетира, маринира, динста/-ува, зачини/-ува*** итн. Списокот, се разбира, е долг, но нашата цел не е опфат на сите глаголи туку нивната семантика како разграничувачки фактор.

II Друг пристап кон глаголите од тематското подрачје *храна и подготвување храна* е зборообразувачкиот момент. Тука, би издвоиле, условно „основни" глаголи-непрефиксирани, како: ***вари, пече, пржи, меша, сече, мачка, дели, мати, топи*** итн. Наспроти нив би била друга група глаголи, изведени глаголи со префикси, од основните-непрефиксирани. Па така од ***вари → свари, обари, проварu, изварu; пече → запече, испече, потпече; пржи → испржи, запржи, допржи, пропржи; меша → замеша, измеша, промеша; сече → исече, расече, потсече, засече; мачка → намачка, размачка, премачка; дели → подели, раздели; мати → измати, размати; топи → растопи, истопи, натопи*** итн. Значи, овде ја разгледавме можноста за префиксација. Се разбира, во рамки-

те на оваа група би можело да се оддели и посебна подгрупа каде што би се вброиле глаголите од ова тематско подрачје добиени со суфиксација. Тука, пред сè ги имааме предвид суфиксите *-ува* и *-не*, коишто имаат речиси неограничени можности, како и специфичните префиксно-суфиксни образувања од типот: ***пропасир(а)/-ува, пропрж(и)/-ува, наструж(и)/-ува*** итн.

III Домашната лексика наспроти лексиката од туѓо потекло, исто така, би можел да биде критериум при разгледувањето на глаголите од тематското подрачје *храна и подготвување храна*. Овде, на една страна би биле глаголите: ***пече, вари, реди, сее, прави, меле***, и многу др. наспроти туѓите глаголски образувања: ***бланшира, шпикува, миксира, поширa, филетира, маринира, пасира*** и сл.

Во рамките на последниве глаголи можна е дополнителна селекција на оние кои се и со основа и со суфикс од туѓо потекло и на оние кои со текот на времето се усвоиле, па на туѓата основа прилепиле наш суфикс, на пр.: ***пасира-испасира, испасирува, пропасирува, миксира-миксува, измиксува*** итн.

Разгледувајќи ја глаголската лексика по однос на нејзиното потекло, се отвораат и други интересни јазични прашања поврзани со практиката. Тука мислиме пред сè на адаптацијата на туѓите лексички елементи, на нивниот развоен пат, но и временската рамка кога се случувале тие процеси. Во тие рамки би можеле да се задржиме на повеќе глаголи кои покажуваат интересни тенденции. Еве на пр. глаголот ***сервира***, којшто претставува интернационализам и го сопоставуваме наспроти домашниот ***служи***, навлезен е од поодамна. Потврда за ова наоѓаме во материјал од весникот *Нова Македонија* (август 1961 год.) каде што се среќава овој глагол во еден напис од обласата на кулинарството. Пр. (1) *Се чистат две круши, две кајсии и две банани. Се сечат на ситни коцки и добро се мешаат со две лажици шеќер, се додава четврт литар студено млеко и издробена коцка мраз. Потоа се меша уште неколку минути,* ***се сервира*** *во високи чаши.* Наспроти овој пример, нешто подолу во текстот го сретнавме примерот: (2) *Две цели јајца, две исчистени и на коцки исечени праски, четврт, млеко, 50 гр.*

*шеќер и едно лажиче издробен мраз добро се меша додека не се добие еднолична смеса.* ***Се служи*** *во чаши.* Значи, уште во тој период функционирале и двете глаголски лексеми *сервира* и *служи*, состојба што не е многу изменета ниту денес, иако нашето мислење е дека се оди кон почеста употреба на глаголот *служи* отколку на глаголот *сервира.* Сличен е случајот со глаголскиот пар ***декорира*** : ***украсува***. Во обемното издание *Современ готвач* (1967 год.; јазичен советник Б. Корубин) среќаваме: (3) *... можат од која било погуста маса, солена или слатка, да* ***се декорираат*** *јадења на безброј начини.* Малку подолу во текстот: *Металната влошка да се држи што поблизу до предметот што* ***се украсува****...*

Што се однесува до туѓата глаголска лексика воочлива е тенденцијата за навлегување на туѓи зборови, иако постојат соодветни домашни лексеми. Пр.: (4) *Ставете ги фестациите (или оревите) во плех и нека* ***се тостираат*** *(=потпече, запече) во рерна 5-6 минути, потоа оставете ги да се ладат...;* (5) ***Бланширајте*** *(=обарува, попарува) ги листовите од кељот 2 минути во врела солена вода...;* (6) *(Фестациите) ставете ги во блендер со шеќерот, циметот, кратко* ***блендирајте*** *(=сечка) 8-10 пати или додека бидат убаво сечкани, но не мелени...;* (7) *Додајте го млекото и* ***миксирајте*** *(=меша)„.* Во примерот (4) од апаратот *тостер* се проширува значењето со оглед на повеќефункционалноста на апаратот, па се образувал глаголот *тостира*, иако лексемите *потпече, запече* се со истата семантика. Во примерот (5) наместо нашите глаголски лексеми *обари, попари* се јавува лексемата *бланшира.* Во примерите (6) и (7) се јавуваат туѓите лексеми *блендира* и *миксира* наместо соодветните домашни лексеми *сечка(/ситни)* односно *меша.*

Ова се само некои од прашањата што се отвораат кога се разгледува глаголската лексика во тематското подрачје *храна и подготвување храна.* Но, иако во ограничена мера, сепак се наметнува заклучокот дека разгледувајќи ја оваа тематска лексика, тргнувајќи од нејзината семантика како разликувачки момент, понатаму можат да се следат тенденциите во зборообразувањето, како и сопоставувањето на домашната со туѓата лексика и нивните адаптациски модели. Секако, опсежното

иследување на овие тенденции изискуваат сеопфатна ексцерпција и подетална експликација на секоја одделна лексичка единица што е наш следен предизвик.

УДК 811.163.3'367.625

*Снежана* ПЕТРОВА-ЏАМБАЗОВА

# ЗА УПОТРЕБАТА НА МОДАЛНИТЕ ГЛАГОЛИ

Нашиот осврт на модалните глаголи и нивната употреба во електронските и во печатените медиум се темели на повеќе статии на Благоја Корубин во неговата четврта книга *Јазикот наш денешен* (Скопје, 1986) и тие статии се однесуваат на два плана на јазикот. Корубин (1986:123) зборува конкретно за употребата на еднинската и на множинската форма на модалниот глагол **може**, а патем и за другите модални глаголи (или како што ги нарекува тој: модални предикативи) и на планот на преведувањето на македонски јазик, а на таа тема авторот посветува особено внимание со неколку статии (стр. 45-59) во истиот труд. Според нашите согледувања, грешењето во формите при употребата на модалните глаголи е во најтесна врска токму со преведените текстови, уметничката литература и титлувањето во електронските медиуми.

Во рефератов ќе се задржиме, главно, на трите глагола **може, мора** и **треба** како најрепрезентативни кога се зборува за модалноста, а од нив одделно внимание ќе му обрнеме на глаголот **треба**, заради неговата посебност на повеќе планови.

Неопходно е да напоменеме дека во нашата научна средина на ова прашање му обрнуваат внимание повеќе лингвисти, меѓу кои: Илија Чашуле, Лилјана Минова -Ѓуркова, а за изразувањето на модалноста во македонскиот јазик или споредбено со рускиот во повеќе статии и руската лингвистка - македонистка Рина Усикова.

Главно, модалните глаголи во македонскиот јазик (според споменатите автори) изразуваат два вида модалност: **деонтичка** - кога се изразува можност, неопходност или пожелност за ситуацијата изнесена во реченицата и **епистемска модалност** - кога се изразува веродостојност за она што се соопштува, односно: знаење, увереност, претпоставка итн.

Акцентот го ставаме на глаголот **треба** поради неговата посебност во однос на другите модални глаголи, неговата исклучиво безлична употреба и кога изразува деонтичка и кога изразува епистемска модалност. Како семантичка дефиниција, Чашуле го цитира К. Конески (1977: 112) дека **треба** *изразува наложување, но обично засновано врз внатрешно сознание на субјектот, за разлика од* ***мора****, кога...*,според него *...надворешните околности се јавуваат како одредувачки фактор*. в Чашуле ја надополнува оваа дефиниција со свои видувања дека **треба** *искажува поблага дебитативност и отвора можност за поголема слобода на субјектот... повеќе се искажува посебен вид објективна состојба, при што деонтичкиот извор се појавува во советодавна, упатувачка функција.* (1989:110).

Во врска со формата во која се пројавува глаголот **треба** во медиумите, забележавме многу честа употреба на неговите лични форми, што се должи на употребата на **треба** како личен глагол во српскиот (односно, повеќе во хрватскиот јазик), но и во англискиот, па при преводи, титлувања и сл., многу честа е употребата на неговата лична форма, што во нашиот јазик е надвор од нормата. Влијанието, очигледно, е многу големо, зашто веќе и во случаи кога не се работи за превод и во разговорниот стил (*Си требала да ми кажеш!),* се употребуваат личните форми. Се разбира, не ја исклучуваме и можноста ваквите форми да се јавуваат по аналогија на другите модални глаголи: **може, мора** итн., коишто се употребуваат во својата целосна лична парадигма.

Примерите се најчести кога се работи за перфективни форми, очигледно согласувањето по лице, род и број, особено по род, им недостасува на македонските зборувачи, па наоѓаме вакви примери во сите пишан и говорни медиум: *Ти благодарам, меѓутоа* ***не си требал*** *вакви подароци да ни носиш!* (ТВ

емисија 5+, 4.02. 2009); *Комшике, па* ***не си требала***! (ТВ емисија Кукен совет, Сител, 14. 12. 2008);*... кога некој ќе прочита нешто друго во напишаниот текст, а не тоа што* ***требал*** *да го прочита, значи грешки во читањето.* (кн. Грешки, Сигмунд Фројд, Ѓурѓа, 2008, стр. 26.); *... добро знаеме дека не* ***требал*** *да ја затвори, туку - да ја отвори седницата.* (исто, стр. 50); *Фала многу,* ***не сте требале***! (ТВ серија на хрватски јазик Сè ќе биде добро, А1, 9.02. 2009); *...* ***не сте требале*** *да ме чекате мене за храната!* (ТВ серија на хрватски јазик, Срекни луѓе, Канал 5+, 3.09.2009); *Врз база на овој записник, тие* ***требале*** *да донесат решение.* (Вести, Телма, 31.03. 2008); *Бункерите...* ***требале*** *да послужат за одбрана на земјата од инвазија на непријателски сили.* (дневен весник Дневник, интернетско издание, 23. 07.2009); *Иконите биле изработени во Грција, а* ***требале*** *да завршат на српскиот пазар.* (Вести, А1, 31.08. 2008).

Ваквите примери се поретки кога се работи за првото лице, но ги има и нив: *...* ***сум требал****, за разлика од тоа да се внесам, да се обидам повторно да се сосредоточам на самиот себе.* (Проширување на полето за борба, Мишел Велбек, Или-или, 2007, стр. 156 - превод од француски јазик); ***Сум требал*** *да инсистирам да се видам со Катрин Лешардуа* . (исто, стр. 27).

Како особено застапени, ваквите примери ги наоѓаме и во изразувањето на можниот начин, без ограничување во однос на категоријата лице: *Извинете што пречам, но* ***би требал****...!* (ТВ серија на хрватски јазик Сè ќе биде добро, А1, 29. 01. 2009); *Кога* ***би требале*** *да бирате меѓу три теми... што би одбрале?* (ТВ квиз Добра шанса, Сител, 29. 06. 2009); *... најизложен на нив* ***би требал*** *да биде токму виртуозот.* (кн. Грешки, Сигмунд Фројд, Ѓурѓа, 2008, стр. 33); *Наместо говор што* ***би требал*** *да ја обедини македонската нација, имавме говор што разединува*! (Вести, Канал 5, 18. 12. 2008); *Матко, можеби сепак* ***би требале*** *да разговараме*! (ТВ серија Сè ќе биде добро, А1, 19.12. 2008) итн.

Ќе наведеме еден пример што сметаме дека претставува асимилација од личната употреба на модалниот глагол **може**: *Кога некоја актерка* ***би требала*** *или би можела дури и да пролее крв ако е потребно за фустан, тоа дефинитивно е Џенифер Лопез.* (спис. Теа модерна, 14. 06. 2006).

Првото и второто лице еднина од сегашното време се најнезасегнати од ова појава, сепак, ретко при преводи се случуваат вакви употреби: *Значи,* ***требаш*** *да останеш малку подолго да седиш!* (на хр. *требаш остати* ) (ТВ шоу Хрватска бара ѕвезда, Сител, 24. 05. 2009).

Ова може да се констатира и за минатите определени времиња, барем што се однесува до регистрирани, пишани примери: *За да стигнат до неа, требаа да прошетаат само неколку метри.* (ТВ емисија Славен живот, А2, 5.08. 2009).

Што се однесува на употребата на глаголот **мора**, кај него ќе ја одбележиме специфичната употреба за претпоставка, кога се јавува исклучиво во безлична форма. Во одделни примери на преводна литература, тој се јавува употребен лично, иако е очигледно дека се работи за претпоставка: *Кој и да го сторил тоа,* ***морал*** *да биде подобар од неа.* (Кој и да го сторил тоа, мора да бил подобар од неа.)(Истрага на местото на злосторството, А1, 8.02.2009); *Првиот човек кој се искачил на овие планини,* ***морал*** *да си го постави истото прашање.* (мора да си го поставил) (Собраниски канал, документарна програма, 19. 01. 2009); *За да ги препознаваат мирисите за опасност, некој* ***би морал*** *некогаш да ги подучи. (мора некој некогаш да ги подучил)* (Собраниски канал, документарна програма, 19. 01. 2009); *Прстенот* ***морал*** *да падне за таа да го земе. (мора да паднал за таа да го земе)* (ТВ серија на хрватски јазик Забранета љубов, А1, 27.01.2009) итн.

Во тесна врска со изразувањето деонтичка или епистемска модалност е личната или безличната употреба на глаголите **може** и **мора**, Забележуваме (а тоа го забележува и Корубин во својата статија (123)) дека има примери и со лични и со безлични форми со истото значење. Според нас, поприфатливо е, во одделни случаи, да се направи разлика во употребата, па за изразување деонтичка модалност (дозвола, забрана и сл.) да се употреби безличната форма, а за изразување епистемска модалност - личната. Еве неколку примери: (со **мора**) ... *премрзнатите прсти* ***морале*** *да им бидат ампутирани.* (морало) (Собраниски канал, документарна програма, 19. 01. 2009) *; Тој не барал обична принцеза, не, таа* ***морала*** *да биде вистинска.* (морало) (Прин-

цезата на зрно грашок, Телма, 7.02.2009); *Господин Здравев морал да се изземе од гласањето, бидејќи имал личен интерес.* (морало) (Вести, А1, 2007); со **може**: *Но, **не би можел** ли само да прочитам книга за тоа?* (не би можело ли) ( Тело, Ханиф Курејши, стр.31).; *Сте работеле ли нешто за кое **сум можел** да слушнам*? (можело) (исто, стр. 27). Во ваквите примери доаѓа до мешање на епистемската и деонтичката модалност во свеста на соговорникот. Ваквите примери Благоја Корубин (1986: 123) ги зема за тични со напомена дека се работи за производ од засилен контакт меѓу македонскиот и српскохрватскиот (тогашен) јазик.

Од наш агол, можеби треба да се внимава и на ваквата употреба на модалните глаголи, зашто во чести ситуации, токму нијанси го одредуваат вистинското значење и непреченото разбирање од страна на соговорникот.

ЛИТЕРАТУРА:

1. Л. Минова-Ѓуркова (2000) Синтакса на македонскиот јазик, Магор, Скопје.

2. И. Чашуле (1989) Модалните глаголи во македонскиот јазик, Прилози на МАНУ, XIV/II, Одделение за лингвистика и литературна наука, Скопје.

3. Р. Усикова (1997) Забелешки кон значењата на некои модални глаголи во македонскиот јазик контрастивно со рускиот, во: *Зборник во чест на Радмила Угринова-Скаловска*, Филолошки факултет, Скопје.

4. Сн. Петрова (2001) Белешки околу употребата на модалниот глагол *треба* во печатот, во: *Македонскиот глагол - синхронија и дијахронија,* Институт за македонски јазик *Крсте Мисирков, Скопје.*

5. Бл. Корубин (1986) Јазикот наш денешен - книга четврта, Огледало, Скопје.

УДК 811.163.3'373.422

*Елизабеѿа БАНДИЛОВСКА-РАЛПОВСКА*

# АНТОНИМИЈАТА ВО СЕМАНТИЧКИОТ СИСТЕМ НА БОИТЕ

Суштина или основа на лексичката антонимија претставува логичкото спротивставување на поимите како определени репрезенти на една реална нејазична категорија. Тоа значи дека спротивноста како семантички критериум својата подлога ја има во нејазичната стварност и во логичкото спротивставување на поимите кои се во некаква врска со социјалната и културната средина на човекот, со неговото мислење и субјективно сфаќање на стварноста која ја гледа низ призмата на различни спротивности и ја доживува преку различни опозиции.

Антонимијата, првенствено, се сфаќа како придавска категорија што значи дека таа е карактеристична за зборовите коишто означуваат некакви качествени, количествени, просторни или временски значења, односно антонимијата најмногу е развиена кај придавските зборови кои ги поседуваат овие признаци и кои најлесно подлежат на спротивставување. Тоа им овозможува на поимно изразените придавски содржини многу подобро да се реализираат, да се протолкуваат и да се разберат на планот на воспоставената спротивност. Истовремено, ваквото спротивставување на поимите ни ја предочува антонимијата како појава која може да се сфати како еден вид граница на крајно, дефинитивно појавување на сите тие својства, признаци и односи, а антонимите можат да се третираат

како ознаки на таквата граница. Но дали ова во целост се однесува и на ОП кои ја сочинуваат лексичко-семантичката група со значење *боја*, дали бојата како реална нејазична категорија можеме да ја сфатиме како граница на крајно, дефинитивно пројавување во реалноста и во нашата слика на реалноста и кои се нејзините крајни точки што ја имаат улогата на определени јазични репрезенти. Ако е многу лесно да одредиме дека *студен* и *жежок* се граничните ознаки на оската која покажува температурни својства, односно ги претставуваат двете крајни точки на изразената температурна поларност кои заемно се негираат и се надополнуваат во лексичката и во реалната конкретизација, а меѓу нив се наоѓаат определен број сродни точки кои покажуваат делумна сродност и со едниот и со другиот антоним (*студеникав – ладен – ладникав – млак – топличок – топол*), тогаш кои се граничните ознаки на оската на боите, каков е односот на поларизација, дали меѓу нив постојат сродни точки и кои се тие. Во продолжение ќе се обидеме да дадеме одговор на овие прашања.

Откривањето на можностите за лексичка идентификација на придавските контрасти во рамките на лексичко-семантичката група со значење *боја* претставува потрага по асоцијативно поврзаните семантички содржини на две лексеми кои се наоѓаат во однос на меѓусебна спротивставеност според доминантната сема во која се наоѓа основата за антонимиско спротивставување и поврзување во антонимиска двојка. Анализирајќи го богатиот инвентар со кој располага оваа група, откривме само еден вистински (прав) антонимиски пар претставен преку придавките *бел* и *црн*. Овие антоними ги дефинираме како нестепенувани (неградациски) бидејќи антонимиската врска ја воспоставуваат според односот *присуство/отсуство на боја*, признак што го издвоивме според терминолошкото објаснување дека обоеноста на една површина е бела ако таа ги одбива сите светлосни зраци, а доколку ги впива таквата површина е црна, односно нема боја. Ваквата определба на антонимискиот пар *бел - црн* значи дека тие воспоставуваат бинарен однос кој го исклучува постоењето трета опција, нема среден член/членови со меѓувредност/и, како што тоа многу убаво го илустрираат примерите од типот: *верен*

– *неверен, вистинит – лажен, точен – грешен*. И ако кај наведениве парови многу јасно се забележува дека антонимискиот опфат ги засега само двете лексеми со спротивставени семантички содржини и дека комплементарната спротивставеност се манифестира преку меѓусебното надополнување и создавање на едно референцијално поле, еден семантички простор кој целосно го покриваат двете лексеми истовремено делејќи го на два комплементарни дела, ваквата определба не можеме да му ја припишеме на паротот *бел - црн*. Иако ги определивме како нестепенувани антоними поради препознатливоста на признакот присуство/отсуство а не минимална/максимална застапеност на својството, не можеме дека кажеме дека нивниот бинарен однос го исклучува постоењето на една или повеќе меѓувредности, ниту дека двете антонимиски лексеми со своите спротивставени семантички содржини создаваат комплементарна спротивставеност која се манифестира со нивно целосно заемно покривање на референцијалното поле *боја*, односно на семантичкиот простор на боите зашто и премногу е очигледно дека и реално и јазично тој простор го покриваат стотина (во некои јазици можеби и стотици) лексеми кои именуваат и означуваат различни бои. Ова значи дека антонимискиот пар *бел – црн* влегува во групата нестепенувани антоними кај кои реално постои можноста за градација и компарација, а тоа ќе го објасниме на следниов начин.

Нестепенуваниот антонимиски пар *бел - црн* не именува две крајни вредности на значенската димензија на боите туку искажува апсолутно присуство или отсуство на поимот боја како суштествена особина што го маркира нивното пројавување во определеното семантичко пространство кое го замислуваме како оска на која на едниот крај се наоѓа лексемата што ја означува бојата која го обојува тој простор во бело одбивајќи ги сите светлосни зраци, а на другата страна се наоѓа лексемата која го обојува просторот во црно впивајќи ги сите зраци. Меѓу двата краја на оската се наоѓа голем простор, обоен простор чија обоеност зависи од тоа кои светлосни бранови ги впива во себе, елиминирајќи ја нивната видливост, а кои ги одбива и ги емитира до човечкото око регистрирајќи ги како црвена, зелена, сина

или друга боја. Овој обоен простор го претставува неутралното подрачје кое не може да се покрие со ниедна од двете апсолутни лексеми, а го сочинува мноштво од меѓувредности кои, всушност, го претставуваат светот на боите како референцијално поле, односно спектарот на боите и сите светли и темни нијанси и премини кон една или кон друга боја создавајќи подрачје со неограничени можности и варијации. На овој начин, двете логички спротивставени значења на белото и црното создаваат целосно покриено поле заедно со меѓувредностите што се простираат на нивната оска и кои во содржинското простирање колку што заемно се надополнуваат (од типот: има боја што оди кон или влече кон некоја друга боја, или содржи нијанса на друга боја) толку и меѓусебно се исклучуваат (означувајќи точно определена боја според локалната боја на конкретен прототип без примеси од други бои). Значи, во семантичкиот простор на боите двете спротивни крајни точки *бел* и *црн* немаат апсолутна вредност иако се сфаќаат како спротивни точки на една оградена и именувана целина, тие не се единствените точки што го дефинираат семантичкото поле на боите, во него постојат уште многу реални сродни точки кои именуваат поими што се значенски повеќе или помалку блиски до едната или до другата спротивна точка, меѓу нив постои цела низа од зборови кои поседуваат средна вредност и кои ја имаат улогата на спојница меѓу двете крајни спротивни точки, покажувајќи делумна антонимност кон едната или кон другата лексема од антонимискиот пар, добиената средишна вредност меѓу едниот и другиот спротивен пол на оската на боите им го носи статусот на неправи антоними.

Меѓу важните обележја што ги маркираат комплементарните антоними е и фактот дека појавата на негација на една од лексемите со кои се именува еден од комплементарните поими подразбира афирмација на другата лексема, на пример: тоа што не е точно е грешно; тоа што не е вистинито е лажно. Но дали во ваков комплементарен однос можат да се доведат лексемите *црн* и *бел*, дали безусловно можеме да кажеме дека тоа што не е бело е црно или обратно тоа што не е црно е бело. Јазичната и нејазичната стварност многу јасно покажуваат дека негацијата

на едната или на другата лексема во овој случај отстапува од горенаведеното дефинирање, а исказот *што не е бел* (или *што не е црн*) може да се интерпретира на два начини: 1. што содржи нијанси на други бои, што влече кон други бои, но останува како доминантна семата на именуваната (бела или црна) боја и 2. што има некоја друга боја, што има друга доминантна сема на која и да било боја од спектралниот систем. На овој начин се создаваат две негирани лексеми *небел1/нецрн1* и *небел2/нецрн2* со различни семантички содржини кои во ниеден момент не ја потврдуваат афирмацијата на негираниот исказ дека тоа што не е бело е црно, односно тоа што не е црно е бело. Токму ваквото толкување го маркира антонимискиот пар *бел – црн* и му овозможува да биде единствениот антонимиски пар меѓу ОП којшто претставува пример за лексичка антонимија исполнувајќи го само првиот услов дека спротивставувањето се остварува меѓу основните значења на лексемите, но не и вториот дека меѓу спротивставените лексеми постои семантички сооднос, односно едниот антоним не може да се дефинира со помош на другиот по пат на т.н. негативна дефиниција од типот *долго е тоа што не е кратко, кратко е тоа што не е долго* затоа што исказот *бело е тоа што не е црно, црно е тоа што не е бело* не нуди ниту дефинирање ниту објаснување на едниот антоним преку другиот туку претставува проблем со мноштво од можни решенија понудени како избор од неутрални вредности и сместени на оската меѓу двата антоними *бел* и *црн*.

Неправата антонимија во рамките на лексичко-семантичката група со значење *боја* се манифестира на два начина: преку откриената антонимиска низа од множество лексеми со средна вредност кои го претставуваат семантичкиот простор на боите сместен на оската меѓу ахроматските бои *бела* и *црна* и преку антонимискиот однос што го воспоставуваат секундарните значења на двете посебни лексеми *светол* и *темен*. Нивното присуство во рамките на оваа група се должи на метонимиските реализации што ги остваруваат и со кои се доближуваат до значењата на правите антоними *бел* и *црн*. Поврзувањето на *светол* и *темен* во неправа антонимиска двојка и нивното семантичко доближување до *бел* и *црн* прет-

ставува асоцијативно поврзување кое произлегува од колективната експресија и општото сфаќање дека сето она што во природата или во својот надворешен изглед има боја блиска до белата поседувајќи бледа, отворена или светла нијанса од која и да било друга боја подлежи на делумна идентификација со белата боја наспроти постоењето на исти такви, слични или различни објекти кои имаат боја што оди или влече кон црно поседувајќи ги затворените или темните нијанси на одделни бои што им ја овозможува нивната делумна идентификација со црната боја. Примерите од типот: *светла облека – темна облека; светла коса – темна коса; светло лице – темно лице; светли облаци – темни облаци; светли ѕидови – темни ѕидови* доволно впечатливо ја маркираат семантичката слика за сопоставување на реални поими со кои секојдневно се среќаваме и во чија основа лежи секундарната номинација извлечена од исконската опозиција на двете ахроматски бои – белата и црната.

Новоформираниот антонимиски пар според секундарните значења на лексемите *светол* и *темен* и како резултат на секундарна (метонимиска) номинација се разликува од антонимискиот пар *бел – црн* не само според односот *права – неправа антонимија* туку и според уште еден многу важен признак кој ја определува нивната припадност врз основа на спротивставените семантички содржини. Ако антонимискиот пар *бел – црн* е маркиран од признакот *присуство/отсуство* на определено својство (боја) и го сместивме во групата нестепенувани антоними, неправиот антонимиски пар *светол – темен* преку спротивставувањето на своите семантички содржини пројавува градација и го манифестира признакот *значителна* или *максимална застапеност/незначителна* или *минимална застапеност* на својството (бојата). На тој начин значенски се оддалечува од антонимиската матрица која послужила како основа за неговото создавање, покажувајќи семантичка самостојност во продуцирањето на новиот антонимиски однос, но и што е уште поинтересно, сега тој станува антонимиска матрица според која во системот на боите можеме да издвоиме множество од антонимиски парови во чија основа лежи сопоставувањето светла – темна нијанса, односно спротивставеноста на лексе-

мите се заснова на признакот *значителна* или *максимална застапеност/незначителна* или *минимална застапеност* на бојата содржана во доминантната сема на лексемите. Вака издвоените антонимиски парови можеме да ги сместиме во две групи:

**1. Антонимиски парови образувани како сложенки** со прв елемент отворено – затворено или светло – темно. Во ваквите антонимиски образувања, основните лексеми се јавуваат како носители на номинацијата на неутралното подрачје претставувајќи ја средната вредност на низата на чии крајни точки се сместени лексемите кои означуваат најслаб и најсилен интензитет на бојата содржана во доминантната сема. На ваков начин добиваме степенувани антоними кои образуваат антонимиски низи со именувана средна вредност:

*отвореновиолетов/светловиолетов*–***виолетов***– *затвореновиолетов/темновиолетов;*
*отвореножолт/светложолт* – ***жолт*** – *затвореножолт/темножолт;*
*отворенозелен/светлозелен* – ***зелен*** – *затворенозелен/темнозелен;*
*отворенокафеав/светлокафеав* – ***кафеав*** – *затворенокафеав/темнокафеав;*
*отворенорозов/светлорозов* – ***розов*** – *затворенорозов/темнорозов;*
*отвореносив/светлосив* – ***сив*** – *затвореносив/темносив;*
*отвореносин/светлосин* – ***син*** – *затвореносин/темносин;*
*отвореноцрвен/светлоцрвен* – ***црвен*** – *затвореноцрвен/темноцрвен.*

Ваквите образувања се невозможни кај лексемите *бел* и *црн* кои немаат нијанси, белото не може да биде ниту помалку ниту повеќе бело или црното да биде помалку или повеќе црно. Единствено кај некои од лексемите вклучени во семантичките полиња на белата и на црната боја може да се јави како дополнителна семата *сјаен* со цел да го засили т.е. да го истакне интензитетот на белата боја (*сребрен, сребреникав, сребрест, срмен*) или на црната боја (*вран, вранест, смолест*). Сепак, јазичната практика покажува дека сѐ почести се обидите за нијансирање или истакнување на интензитетот на овие две

ахроматски бои преку новите образувања од типот *снежнобела боја, бисернобела боја*.

Во врска со горенаведените антонимиски низи, сметаме дека има простор за уште едно дополнително согледување. Имено, јазичната практика покажува дека се сѐ почести и повообичаени образувањата од типот *бледовиолетова боја, бледожолта боја, бледозелена боја* или *нежнозелена боја, нежнорозова боја, нежносина боја* итн. Сметаме дека овие сложени форми семантички не можат да се изедначат со образувањата од типот *отвореножолта/светложолта боја* бидејќи не означуваат ист степен на интензитет на именуваната боја туку покажуваат градација на интензитетот на бојата во надолна линија. Нивната појава е можна кај лексемите-носители на основните бои, а нивното пројавување во антонимиската низа е на самиот почеток, па според тоа една таква низа може да се претстави на следниов начин: *бледозелен – нежнозелен – отворенозелен/светлозелен –* ***зелен*** *– затворенозелен/темнозелен*.

2. **Антонимиски парови од домашни или туѓи лексеми** во кои светлата или темната нијанса се јавуваат како посебни диференцијални семи во рамките на значенската структура на лексемите. Во овие случаи на антонимиско поврзување не секогаш лексемите-носители на семантичкото поле се јавуваат и како носители на номинацијата на неутралното подрачје, претставувајќи ја средната вредност на низата на чии крајни точки се сместени лексемите што означуваат различни светли или темни нијанси на бојата содржана во доминантната сема. Па така, имаме три антонимиски низи во кои лексемите-носители на семантичкото поле се јавуваат како една од крајните вредности на низата не оставајќи простор за создавање неутрално подрачје и за негово именување. Во продолжение ќе ги наведеме вака добиените степенувани антоними кои образуваат антонимиски низи со именувана и неименувана средна вредност:

*лила/лилав –* ***виолетов/виолетен****, морав/морлија, темјанугав/темјанужен* (семантичко поле на виолетовата боја);

*крем, лимонов/лимонлија, сламен –* ***жолт*** *– златен, килибарен, окер* (семантичко поле на жолтата боја);

*резеда* – ***зелен*** – *зејтинлија, маслинен/маслинест* (семантичко поле на зелената боја);

*беж/бежов, драп, каки, песочен* – ***кафеав/кафен****, костенов/костенлив, махагони, чоколаден* (семантичко поле на кафеавата боја);

***розов*** – *пембе/пембен/пембелија, циклама* (семантичко поле на розовата боја);

*азурен, аквамарин, тиркиз/тиркизен* – ***син, модар*** – *индиго, лазур/лазурен, тегет, ултрамарин, чивит* (семантичко поле на сината боја);

*ал/ален/алест/алов, кана, лис/лисест, огнен, руд, руен, румен* – ***црвен*** – *бакарен/бакарлија, бордо, вишнов, ѓувез/ѓувезен/ѓувезија, порфирен, пурпур/пурпурен* (семантичко поле на црвената боја).

Од наведените антонимиски низи се забележува дека трите лексеми-носители на семантичко поле кои се јавуваат како една од крајните лексеми во низата, всушност, претставуваат изведени лексеми (во процес на зборообразувачко и семантичко варирање), добиени по метафоричен пат според локалната боја на претходно изделен и именуван прототип со општоприфатена хроматска вредност. Тоа се лексемите: *виолетов* (според бојата на violette, францускиот назив за темјанушка, лат. Viola odorata); *кафеав* (според бојата на плодот на растението кафе, лат. Coffea) и *розов* (според розовиот цвет на растението Rosa damascena).

На крајот од овој приказ, во вид на заклучок, ја изнесуваме констатацијата дека иако антонимијата е типична придавска категорија, карактеристична за нивниот лексичко-семантички опис, таа подеднакво не ги опфаќа сите ОП, односно претставува маргинална парадигматска појава за ОП од лексичко-семантичката група со значење *боја*.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Бандиловска-Ралповска 2008 – Бандиловска-Ралповска Е. 2008: *Обид за семантичко претставување на лексичко-семантичката група со архисема „боја“ во македонскиот јазик*, Македонски јазик LVIII – LIX (195 – 206), Скопје.

Бандиловска-Ралповска 2009 – Бандиловска-Ралповска Е. 2009: *Турцизмите во лексичко-семантичката група со значење „боја“ во македонскиот јазик*, Зборник на трудови од научниот собир „Балкански јазичен светоглед“ (89 – 98), ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.

Бандиловска-Ралповска 2010 – Бандиловска-Ралповска Е. 2010: *Еднокоренската антонимија со префиксот не- кај описните придавки во македонскиот јазик*, Македонски јазик LXI (73 – 84), Скопје.

Велева 1993 – Велева С. 1993: *Боите како продуктивни зборообразувачки основи*, Прв научен собир на млади македонисти (15 – 22), Скопје.

Велковска 2008 – Велковска С. 2008: *Антонимијата во народната поезија*, Литературен збор 4-6 (9 – 21), Скопје.

Вињерон 2004 – Vigneron J. P. 2004: *Chimique IV, Introduction aux Sciences des Couleurs*, Paris.

Втов 1998 – Ви́тов В. 1998: *Лексикологиў на би́лгарскиў език*, Велико Ти́рново.

Гортан-Премк 1997 – Гортан-Премк Д. 1997: *Полисемија и организација лексичког система у српскоме језику*, Београд.

Драгиќевиќ 2007 – Драги• еви• Р. 2007: *Лексикологија српског језика*, Завод за уџбенике, Београд.

Ѓукановиќ 2002 – • уканови• В. 2002: *Негирање боје (илустративна атипичност у логици и лингвистици)*, Дескриптивна лексикографија стандардног језика и њене теоријске основе (263 – 272), Нови Сад – Београд.

Ивиќ 2002 – Iviæ M. 2002: *Red reèi*, Beograd.

Јашар-Настева 1984 – Јашар-Настева О. 1984: *Лексичко-семантичкиот потсистем на бои во современиот македонски јазик*, Прилози VI/2 (59 – 75), МАНУ, Скопје.

Кузнецова 1982 – Кузнецова Ý. В. 1982: *Лексикологиў русского ўзûка*, Вûсшаў школа, Москва.

Макаријоска, Павлеска 2006 – Макаријоска Л./Павлеска Б. 2006: *Антонимијата во македонските црковнословенски текстови*, Македонски јазик LVII (85 – 95), Скопје.

Макаријоска 2011 – Макаријоска Л. 2011: *Кон развојот на хроматската терминологија*, Славистички студии 14, Скопје (во печат).

Ордев, Ордев 2010 – Ордев Д./Ордев А. 2010: *Ликовно образование за осмо одделение*, Министерство за образование и наука на Република Македонија, Скопје.

Петковска 1994 – Петковска Б. 1994: *Преглед на сликарската терминологија во една ерминија од 1869 година*, XX научна дискусија на XXVI меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 30. VII – 13. VIII 1993 година), 109 – 114, Скопје.

Станковска 1970 – Станковска Љ. 1970: *Застапеноста на називите за боите во македонската топонимија*, Македонски јазик XXI (107 – 122), Скопје.

Телија 1977 – Телиў Н. В. 1977: *Вторичнаў номинациў и ее видû. ß зû коваў номинациў (Видû наименованиé)*, Издателûство „Наука“, Москва.

ТРМЈ – *Толковен речник на македонскиот јазик, том 1-4*, 2003 – 2008, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.

Шариќ 2007 – Šariæ Lj. 2007 – *Antonimija u hrvatskome jeziku: semantièki, tvorbeni i sintaksièki opis*, Hrvatska sveuèilišna naklada, Zagreb.

Шипка 1998 – Šipka D. 1998: *Osnovi leksikologije i srodnih disciplina*, Novi Sad.

Шкалиќ 1965 – Škaljiæ A. 1965: *Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku*, Svetlost, Sarajevo.

УДК 811.163.3'367.622.22

*Снежана ВЕНОВСКА-АНТЕВСКА*

# ТАВТОЛОШКИТЕ ДЕМИНУТИВНИ ОБРАЗУВАЊА ВО МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК - СТИЛСКА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА ИЛИ ПОТРЕБА

Во градбата на информацијата има мал број примери каде што составувачот не внесува субјективност која може да биде изразена со различни средства. Изборот на определена лексика и определени јазични модели и во примерите кога навидум станува збор за автоматизирано дејство за да се состави информацијата, се покажува како резултат на претходни искуства кои во основата го содржат искуството од претходно интерпретирани или пренесени информации. Понекогаш е тешко да се определи дали субјективноста е во рамките на вообичаеното пренесување или преоѓа во стилска обоеност и користење на јазични средства за искажување определен став кон соопштеното. Потврдата за тоа дали станува збор за основна поврзаност меѓу знакот и означеното или како дополнување на семантиката што во основа ја има содржината на знакот и формата на означеното каде врската се јавува во еден случај како релација на форма и содржина, а во вториот како реализација на формата и реализација на содржината во менталниот лексикон на личноста.

Поттикот за обработка на една ваква тема беа огласите за продажба на различни стоки и услуги, движен и недвижен имот, животни и сл. каде што ни остави впечаток употребата на определени деминутиви и именските групи каде што се среќаваа тие како нивни центри. Такви беа примерите:

> Се продава **мала куќичка** од 62 квадрати. Пред бараката има **мало оградено дворче**. **Расно мало сортно кученце**... Се продава стан... со **мало балконче**...

Употребата на зборови со субјективна оцена се карактеристика на определени функционални стилови, не само во македонскиот туку и во други јазици (во разговорниот јазик, во уметничката литература; ретко, речиси по исклучок, може да се јават во другите јазични стилови). Примерите како што се наведените отвораат неколку јазични прашања. Одговорот во основата треба да се побара во појдовна рамка во дефинирањето на деминутивите и хипокористиците, на тавтологијата и на редунданцијата. Колкав е опфатот каде што се пројавите на овие процеси, дали тие се јавуваат само како определени процеси во кои имаме двојна информација за обележувањето или се јавуваат како основна карактеристика што овозможува еднозначна информација.

Деминутивите се зборови каде што е дадена информација за малата димензија на предметите, обично тоа се збороформи од основната форма која има една определена димензија во нашата свест. Оттаму кај некои збороформи означеното веќе во основната форма упатува кон мали димензии и дополнителната форма со емотивна обоеност е дополнителна потврда или пак може да се јави како информација дека определена димензија има уште помала вредност од вообичаената (бебе/ бебенце; дете/ детенце).

Хипокористиците ја носат информацијата за позитивниот став кон определен предмет, појава и сл.; еден начин на изразување симпатија и милост кон определениот субјект.

Тавтологијата, карактеристична за реториката и со посебен интерес кон неа во рамките на логиката претставува непотребно повторување, обично се повторуваат ставови искажани со други зборови, за да се даде уверлива информација за вистинитоста на искажаното, повторувањето на идентични форми и искази влегува во рамките на стилското обојување на исказот, а различните форми може да се јават како јазична замка бидејќи не е дадена директно информацијата (особено кога ќе се јават во синонимна низа од зборови од исто или различно потекло).

I...терминот редунданција се употребува со таков вишок на селективна информација на знакот што не се ползува непосредно при пренесувањето/ примањето на соопштението. Редундацијата застапена во извесна мера, се јавува како потребна во секој комуникациски систем и тоа да се спречи и да се надмине искривувачкиот ефект на шумот и стои во врска со барањето за максимална ефективност на информацијата и за нејзината сигурност, кои си противречатг (*Л.Минова Ѓуркова, Синтакса на македонскиот стандарден јазик, Скопје 1994:16; За некои случаи на редунданција во македонскиот јазик, Предавање на XV семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 1983:73-81*)

Овде издвоивме неколку модели за анализа на примерите каде што станува збор за тавтолошки деминутивни образувања преку именски групи составени од центар и определба.

ИГ – центар деминутивна форма
детерминатори, модификатори

Детерминаторот го определува центарот и ја дава информацијата дали е издвоен од определеното опкружување, исто така, се јавуваат и помошни детерминатори. Модификаторот во функција на преобразувач или дотерувач го стеснува обемот на именката што е центар на ИГ, а наедно ја збогатува нејзината содржина.

Во оваа пригода издвоивме само дел од примерите и ќе прикажеме само некои од нив.

Примерот од типот **мала** државичка означува дека станува збор за просторна определба и мал број жители:

*Монако е мала (најмала)државичка во Европа.*

од друга страна тоа може да биде економска, политичка немоќ:

*Не очекуваме од една мала државичка да ја диктира светската економија.*

Во примерите од овој тип се јавува како неприродно да се дава деминутивна форма на именката држава, а во тие контексти се и земја ( мала земјичка), иако не станува збор за лексикализирани форми каде што се поведуваме од контекстот

да ги толкуваме како такви. Намерата, ако се земе предвид контекстот, не е да се минимизира уредувањето, туку да се укаже само на дел каде што имаме просторно или некој друг вид ограничување. Но, во лингвистичките толкувања потребно е недвомислено објаснување, одговор кој ќе се најде во јазичниот систем. Такво место може да определиме само ако при толкувањето на овие примери, ги издвоиме како прагмеми во определена комуниколошка и лингвистичка ситуација. Сосема поинаква конотација ќе се јави ако на местото од Монако е некоја просторно голема или финансиски моќна држава (на пр. Франција, Германија и сл.). Во голем број случаи лексичко-семантичката анализа на определени тематски подрачја ќе насочува кон определени толкувања кон вообичаени, обоени, стилски маркирани или прагматски потврдени комбинации.

Оттаму, сосема поинаков е примерот кога станува збор за определено занимање кога деминутивната форма освен што може да означува мало по раст и каде што нема да доминира галовниот елемент, од друга страна може да означува младо (со мал број години), со краток временски период во искуството во некаква дејност. Сосема одделно од овие примери се примерите кога во уметничко-литературниот стил во потстилот литература за деца ќе се јават ваквите деминутивни форми :

**мало (многу младо)**

кралче, мајорче, офицерче, учителче, ученичe, докторче, екимче, професорче, критичарче, инженерче, егуменче, капетанче, келнерче, кондураџиче, млекарче, овчарче, рибарче, чираче, воловарче, говедарче, дрварче....

Овие форми може да ги сретнеме и во поинакви контексти каде што доминира иронијата и подбивноста, но тоа може да се протолкува од контекстот. Особено во примерите *овчарче, рибарче, воловарче* и сл. Каде што станува збор за дете, а појавата на модификаторот мало, дробно, ситно, слабо ќе биде дополнување на центарот дека станува збор и за нешто што е мало по тежина или по обем. Сосем поинаква конотација може да се добие кај овие форми кога станува збор за именки селективни по род, тука емотивната обоеност е доминантна.

Во примерите: *мали каналчиња*; *мали ситни кристалчиња*. Задоволена е едната димензија, но не е задоволена другата (по големина, по обем, широчина, должина). Овие форми може да ги сретнеме и во функционални стилови каде што емотивната обоеност на лексиката речиси и не се среќава. Вакви форми среќаваме во лексика од областа на хемијата, физиката, медицината кога станува збор за именување на поими што се мали по обем или речиси невидливи без помош на соодветни апарати, на пр. : *Во водата се формираат мали невидливи кристалчиња. Течноста се кристализира во мали кристалчиња, почнувајќи од дното на садот.* (Хемија, I година за средно образование).

Градбата на именски групи каде што ќе се јави модификаторот како дополнување на центарот и ќе даде двојна информација дека станува збор за нешто мало зависи од природата на центарот. Во некои примери центарот се јавува како лексикализирана форма која во толкувањето на поимот, поаѓајки од коренот, семантиката ќе ја содржи во основата која од друга страна може да ја сметаме како одделна лексема и како процес кој може да се следи во зборообразувачкиот модел, но од лексички и од морфолошки аспект ќе ја докаже својата самостојност и ќе се третира како одделна лексичка единица со сопствени морфолошки карактеристики во однос на граматичките категории. Такви се наредните примери:

| | | |
|---|---|---|
| **авион** | мал авион = | авионче |
| | | мало авионче |
| | | многу мало авионче |
| | ...најмалото авионче што го имам видено... | |
| | ...едно многу мало дрвено авионче... | |
| | ...во кутијата имаше две мали метални авиончиња... | |
| **автомобил** | мал автомобил = | автомобилче |
| | | мало автомобилче |
| | | многу мало автомобилче |
| | Детето си играше со мали автомобилчиња. | |
| | ...мали метални автомобилчиња во различни форми. | |
| | Пари има само за мало автомобилче. | |

Овде се јавуваат две ситуации. Едната кога станува збор за центар кој не е лексикализиран со вграден емоционален елемент и центар што се јавува како лексикализиран. Кога станува збор за детските играчки, тогаш се среќаваат различни деминутивни форми од именките и дополнувањето мало ја определува димензијата на предметот, на пр.:

| | |
|---|---|
| мал, мала, мало, мали, малецко, | авионче, автомобилче, ангелче, балонче (мало шарено балонче, мали (малечки балончиња), барабанче (мало метално барабанче), војниче (мали дрвени војничиња), мало железно војниче |

Кај животни се подразбира дека станува збор за подмладокот, но се дополнува со квалитативно обележување дека станува збор за ситно, мало по раст или според некоја димензија.

| | |
|---|---|
| мал, мала, мало, мали... | биволче, бикче; бубалка, бубалки; бумбарче; вервериче, верверичиња, верверичка; видричка; воленце; волче; врапченце, врапчуле; гавранче; галапче; гасениче; гуштерчиња; гугувејче; гуденце; ждребенце; желче; животинче; загарче; зајаче, зајаченце; змииче, змијуле; јагненце... |

Карактеристични се примерите во исхраната, на пр:

**алвичка** (мали (малечки) алвички од 10 гр); **бастунче** (шарени шеќерни малечки (мали) бастунчиња); **бонбонче, бонбонка** (малечки шеќерни бонбонки (бонбончиња), ...кумот фрлаше свадбарски мали бонбончиња...); **векничка** (тазе мала векничка); мало **лепче**/ мали **лепчиња**; **кифличка /кифлички / кифлиња** ( мали солени кифлички, благи мали посни кифлиња); **топче/ топчиња** ( колачиња во форма на мали топчиња; **тортичка/ тортички** ( мали чоколадни тортички) итн.

Станува збор за парчиња или делови што се мали, ситни. Во исхраната ваквите форми се познати солени и благи, мали,

ситни. Во лексиката поврзана со исхраната ќе се јават именските синтагми од типот:

*Се додава* ***една мала лажичка*** *сол...* (во овој случај станува збор и за квантификатори бидејќи центарот е сол); за разлика од примерите: *Лебот се дроби на* ***мали парченца****. Месото се сече на* ***ситни коцкички****. Тестото се истура во* ***мали калапчиња****.*

Кога станува збор за сместилишта што определуваа одделна локација (куќа, делови од куќа, мебел и сл. ) може да се јават нелексикализирани форми што укажуваат на мала димензија или на димензија што ја толкуваме како мала во определени критериуми за мерка на нешто што е мало. Градбата за лексемата која ја носи емоционалната карактеристика се базира на семантичката категорија степен, но во процес што се движи спротивно од граматичката категорија степен што се јавува во некои зборовни групи. Овде градацијата се движи од поголемото кон помалото, а со дополнувањето на центарот кога ќе се јави како конститутивен елемент во именската група се дава ознака за нешто уште помало од нешто што е мало (релации од типот **куќичка** – лексемата веќе го носи емотивниот белег на нешто што е куќа со мали димензии или со некој друг елемент што означува емотивна карактеристика; **мала куќичка**- добиваме дополнителен елемент на семантичката категорија степен за нешто што е помало од малото), на пр.:

| | | |
|---|---|---|
| **соба** | мала соба = | собиче, собичка |
| | | мало собиче, мала собичка |
| | | многу / мало собиче, мала собичка |
| | Изгради **една мала собичка**... | |
| | ... **многу мало собиче** со прозорец кон југ... | |
| | Живее во **една мала собичка**... | |

Така се јавува еден процес обратен од она што го подразбираме под градација, процеси што може да не поврзат со внатрешната уникална референција, а целта е да добиеме недвосмислено толкување. Ваквите лексеми се директно поврзани со основната градба на менталниот лексикон, процес во кој секој создава претстава за поимите за појавите и врз основа на

тој ментален лексикон ги поврзува, а меѓу другото определува за нив димензија, па од таа димензија го поставува центарот на една права. Сето она што се движи кон едната страна дава една емотивна карактеристика, наспроти другиот дел што дава поинаква карактеристика. За разлика од примерите каде што имаме двојна обележаност за намалена димензија, примерите со двојна обележаност за зголемена димензија се многу ретки и кај нив останува да направиме подетална анализа за тоа дали постои лексикализирани форми (сретнавме примери од типотголемо мажиште, крупно жениште, огромно куќиште; кон ова се дополнуваат формите што имаат модификатори од типот: екстра, супер и сл., но тие се со дополнителен елемент на стилска обоеност). Паралелата на деминутивите, а наедно и сопоставеноста со хипокористични, наедно и нијансираноста на лексиката со емотивна обоеност (предвид се земаат аугументативите и пејоративите) покажува дека двојна информативност се јавува кај деминутивите (нелексикализирани форми) како центар на именски групи каде се јавуваат тие.

Наспроти горните примери се појавува еден дел на лексикализирани форми кои, според формата, соодветствуваат на зборообразувачкиот модел за градба на деминутивите во македонскиот јазик. Такви се на пр. *количка, столче* и сл. Станува збор за форми што се лексикализирале и ние добиваме семантичка информација дека станува збор за карактеристика на означеното, на пр. *бебешка количка, бебешко (сигурносно, детско) столче, лигавче (дел од облеката кај бебињата)* итн. Појавата на некои такви форми каде што постапно доаѓа до петрифицирање на деминутивната форма, па до нејзино лексикализирање може да се јави и во примери од типот на викендица / викендичка (куќа наменета за повремено живеење, што не претставува постојано живеалиште, во слободно време, обично за викендите). Во Толковниот речник објаснета како IКуќичка во која се поминува викендот, куќичка за одморг( ТРМЈ, том 1, стр. 245). Оттаму примерите како што се : IСе продава мала викендичка во околината на Велесг (Огласник М, 2011); не даваат двојна информација, туку со придавката се дава опис на обемот. Сосема обично се јавуваат примерите од типот:

голема викендичка (кај некои автори влегуваат во скриени оксиморонски творби каде паралелно се јавуваат вакви именски групи во англискиот јазик).

Сите деминутивни форми не влегуваат во вакви зборовни состави. Во анализите ги издвоивме оние што влегуваат и ги групиравме според горните примери. Станува збор за 339 деминутиви што се јавуваат во ИГ каде што има дополнителна информација за некоја нивна карактеристика кога се јавува придавката мал, мала, мало, мали (кај сите примери); најмало..., ситен...дробен. Од друга страна нив ги среќаваме и во именската синтагма каде што центарот е основната форма која се јавува необоена, а придавката ја дава карактеристиката за мало, нежно, ситно, младо и сл.

Ваквите модели не се непознати и ги среќаваме и во народната проза и во поезијата (*дробни дечиња, мало алтанче, ситни јаболчиња* итн.). Дали треба да се гледа кон овие примери како кон логичка замка или како кон стилска диференцијација, а во некои примери како потреба, особено кај оние каде што деминутивната форма се јавува како основна, останува да се види по целосната анализа.

## Литература (користена и консултирана)

Сн. Веновска-Антевска, Карактеристики на лексиката со емотивна оцена во раниот развој на децата, Меѓународен собир, Врање 2011, зборник во печат.

Елена Јованова-Грујовска, Лексичко-семантичка анализа на именките со субјективна оценка во македонскиот јазик (деминутиви, хипокористици, аугументативи, пејоративи), Скопје 2009 (докторска дисертација).

Блаже Конески, Граматика на македонскиот литературен јазик, Скопје 1982.

Димка Митева, Лексикализирани деминутиви кај именките, сп. Литературен збор, бр.2, Скопје 1984.

Владимир Цветковски, Семантиката на деминутивните форми во македонскиот јазик и нивните форми во англискиот, сп. Литературен збор, бр.2, Скопје 1983.

Pierre Guiraud, Stilistika, Sarajevo, 1964.

Roman Jakobson, Style in Language, ed. Thomas Sebeok, 1960.

Selected Writings, ed. Stephen Rudy, The Hague, Paris, Mouton in 6 volumes: Phonological Studies, 1971; Word and Language, 1971; The Poetry of Grammar and the Grammar of Poetry, 1980

ТРМЈ, Толковен речник на македонскиот јазик, ред. К. Коневски, Сн. Велковска, Ж. Цветковски, група автори, том 1 (2003), 2 (2005), 3(2006), 4(2008, 5(2012), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков.

Otto Jespersen, Mankind, nation and individual: from a linguistic point of view. 1925. Èovjeèanstvo, narod i pojedinac, Sarajevo, 1970.

Zdenko Lešić, Jezik i književno delo, Svjetlost, Sarajevo, 1976.

**Забелешка**: при изработката на рефератот користени се картотеките на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков"- Скопје и материјали од дневниот печат во РМ и огласниците за купопродажба на интернет.

УДК 811.131.1:811.163.3
811.163.3:811.131.1

*Наташа ВОИНОВСКА*

# ЛОКАТИВНАТА ИНВЕРЗИЈА КАКО ФАКТОР ЗА ПОСТГЛАГОЛСКИОТ СУБЈЕКТ ВО ДЕСКРИПТИВНИТЕ РЕЧЕНИЦИ ВО ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК СО ЕКВИВАЛЕНТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

## Локативна инверзија

Покрај слободната и презентативната инверзија, F.Cornish посочува и постоење на еден друг, посебен случај на инверзија на редот субјект-глагол.

Станува збор за т.н. локативна инверзија.[1] Според него *„La qualification locative" tient au fait que dans ce genre d'inversions, le verbe est généralement précédé d'un syntagme adverbial (un SP locatif ou temporel)."*

Се работи за конструкции кои дозволуваат инверзија на субјектот во речениците и последователно негово позиционирање по глаголот, како резултат на експлицитно присуство на дополнителни аргументи поточно на прилошката синтагма (определба) за место, на иницијалната позиција. По аналогија може да се претпостави дека постглаголската позиција на субјектот во редот Г-С, којашто прагматички не е маркирана и е типична за инакузативните конструкции, (станува збор за еден ex abrupto исказ), исто така е присутна и во ваков тип на конструкции.

Значи кај локативната инверзија се работи за еден друг фактор кој исто така има влијание врз постпозицијата на

субјектот независно од типот на глаголот како во италијанската реченица така, како што ќе видиме подоле и во македонската реченица.

Renzi (2001:136) за додатоците, истакнува дека во една синтаксички немаркирана реченица претставена во редот С+Г+ДО...., без разлика дали се работи за транзитивен или интранзитивен глагол, тие го следат глаголот и тоа прво се позиционира директниот објект, па потоа и другите определби. Меѓутоа, ако во реченицата има повеќе прилошки определби, се јавува проблем да се задржи немаркираниот, односно неутралниот зборороед во структурата.

Таков типичен случај е присутен со временските определби кога тие се опфатени од интранзитивните глаголи „на случувања" како на пример: *succedere, cominciare, nascere, morire, cominciare, finire....* и стојат на постглаголската позиција како на пример:

1. а. Questo fatto e' successo *l'anno scorso.*
   б. Dante e nato *nel 1265.*
   в. Il film comincia *alle 8.*

Но кога со истите овие глаголи субјектот стои на постглаголската позиција, временските определби ја заземаат иницијалната позиција:

2. *а. L'anno scorso* e' successo questo fatto.
   *б. Nel 1265.* e nato Dante.
   *в. Alle 8* comincia il film.

Значи, кога глаголот има повеќе додатоци, позицијата на временската определба на почетокот на реченицата е немаркирана. Нејзината функција повеќе не е додаток за време *на глаголот*, но пред сѐ е додаток *на временската рамка* на целиот контекст искажан од реченицата, како што беше илустрирано во горенаведените примери.

На оваа проблематика, покрај Renzi работеле бројни лингвисти. За италијанскиот јазик, Suzuki (2001:103-117), повикувајќи се на Antinucci&Cinque (1977:131-132), елаборира дека кога на глаголите со еден аргумент во редот С+Г се додаде еден еле-

мент X = временска определба (*in piena notte,* во примерот што следи), очигледно редот С+Г+X во конструкцијата може да биде употребен како *ex abrupto* (спонтана, природна) и таа се смета за прагматички немаркирана:

3. Pucci è fuggito *in piena notte.*

Меѓутоа, според него, секогаш кога се прави обид во речениците од редот Г+С да се додаде елементот X како на пример: *È fuggito Pucci/ Е избеган Пучи/ Избега Пучи,* добиените реченици во еден *ex abrupto* исказ изгледаат чудни, необични, како во следните примери:

3. а. È fuggito Pucci *in piena notte.*

б. È fuggito *in piena notte* Pucci.

в. *In piena notte* è fuggito Pucci.

Но и покрај тоа, авторот смета дека во реалноста, одредени реченици во италијанскиот јазик кои на површинско ниво се слични на речениците дадени во погоре наведениот пример (3.в) : *In piena notte* è fuggito Pucci. од редот X+Г+С, тие сепак можат да се употребат ex abrupto.

Во врска со предглаголската позиција на одредени прилошки определби Marandin (2003:378) исто така ја разгледува инверзијата на субјектот во романските јазици и цитира еден пример на структура на реченичните елементи во францускиот јазик, каде на почетокот на наративната реченица стои елементот X (во случајов се работи за просторната определба *Dans/dentro)*:

4. а . ***Dans une forêt lointaine*** *vivait <u>un</u> <u>vieil</u> <u>ermite</u>.* (Marandin, 2003, p.378)

б. ***Dentro una foresta lontana*** *viveva <u>un</u> <u>vecchio</u> <u>ermite</u>.*

в .***Во една далечна шума*** *живееше еден стар испосник, пустиник.*

Според него, можноста за присуство на една прилошка определба на иницијалната позиција на дискурсот во одредени искази, како на пример во францускиот јазик, е ограничена на т.н. „локативна инверзија“, заради нејзиниот дескриптивен карактер.

Според Marandin и Suzuki, во италијанскиот јазик ситуацијата секако е различна но и покрај тоа, ако од една страна во италијанскиот превод (4.б.) на француskiот пример (4.а.), прилошката определба може исто така да се употреби на почетокот на нарацијата и ако од друга страна, во претходно наведениот италијански пример во (3 в.): *In piena note è* fuggito **Pucci**, **(**Suzuki 2001:103-117) иницијалната позиција е соодветна за еден *ex abrupto* исказ, тогаш според него сепак и во италијанскиот јазик хипотетички постои една одредена поткласа на структури од редот Х+Г+С којашто непречено може да се појави на почетокот на дискурсот. Таквата поткласа несомнено би требало да ја опфаќа локативната инверзија. Тој исто така претпоставува дека вакви слични примери би требало да има и во романскиот како јазик од групата на словенски јазици.

И Korzen (1996:167,199) дава примери на дескриптивни реченици каде на иницијална позиција стојат временски и просторни определби (елемент Х во конструкции од редот Х+Г+С):

5. а. ***Nel negozio*** *entro’ gente*

в. ***Poi da lontano*** *giunsero voci incerte (*Buzzati, Boutique: 60)

г. ***Dalla parete*** *pendono cordicelle a campanacci*,..(De Carlo, Yucatan: 64)

д. ***Poi*** *entrarono facce bruciacchiate dal freddo* (Pavese, Compagno: 54)

Со цел да се поткрепи присуството на ваков тип на конструкции во италијанскиот јазик, издвоивме неколку примери од современото дело на Alessandro Barrico „*Oceano mare*“.

***Nella tazza di rame*** *c’e’ solo acqua.* A.B:10

***Sulle labra della donna*** *rimane l’ombra di un sapore…* A.B:11

**Nel cerchio fisso ritagliato dal suo sguardo** calo’ un silenzio irreale, A.B: 32

***Li’*** *finisce il mare.* A.B:33

***Ma sull’acqua*** *oscillava un piccolo vascello.* A.B: 50

***Nelle acque di Bogador*** *era scomparso un convoglio di Quattro navi militari.* A.B: 53

***Dalle finestre aperte*** *giungeva* *il* *ritmico* *rumore* .. A.B:55

***Su una sedia, di fianco al letto,*** *se ne stava* *Dira* A.B: 69

***Poi*** *si sentirono delle griga i colpi d'ascia* …….. A.B:115

***E allora, nel silenzio****, fui* *io* *a parlare..* A.B:116

***Nell'arcipelago di Tamai*** *si alzava* ogni sera *una* *nebbia*.. A.B:143

***Nelle acque di Daraghar*** *era stato catturato* *il* *pirata* *van* *Dell*. A.B:143

***Sulle lance*** *sono stipati* *i* *naufraghi*. A.B: 172

***Nella tempesta*** *si scorgono* *due* *navi* *che stanno soccombendo al mare* A.B:171

***Dalla settima stanza*** *usci'* *un* *uomo…* A.B:219

***E allora su quela nave****, sale* *un* *omino*, *vestito* *da* *nero* A.B: 222

Тргнувајќи од хипотезата на Suzuki за локативната инверзија во италијанските конструкции и споредувајќи ги истите во романскиот јазик, се наметна претпоставката дека вакви примери би требало да има и во македонскиот јазик, со оглед на тоа дека со италијанскиот јазик споделува одредени суштински карактеристики : 1) јазик со нулта заменски субјект; 2) јазик со збороред кој не е толку затврднат и строг, но со одредена можност за флексибилност во редот на реченичните елементи, кои се во тесна врска со предметот на трудот.

Со цел да се поткрепи постоењето на ваков тип на конструкции во македонскиот јазик се пристапи кон издвојување на примери[2] од современите дела: 1. „*Разбој*" од Владо Малевски (В.М.) и 2. „*Последните селани*" од Петре М. Андреевски (П.М.А.) со цел: а) да се утврди дали најчесто станува збор за дескриптивни реченици (како што понапред беше поосочено од Marandin, според кого појавувањето на прилошка определба на почетна позиција на дискурсот во одредени искази е ограничено на тнр. „локативна инверзија", заради нејзиниот дескриптивен карактер (Marandin 2003:373); б) да се одреди степенот на застапеност на конструкции од редот ПО+Г+С *;* в) да се одреди соодносот на застапеност на просторната и временската определба.

1. **Во Дрим** плавеа жени. В.М:15

**Следната ноќ** *дојдоа неколцина со мистрии и чекани...* В.М:24

***Само ноќе*** *идеа луѓето, а пиштиите дојдоа дење.* В.М:25

**Крај тебе** летаат птичишта трудни со бомби. В.М:27

**На првиот прозорец од чардакот** ѕирна лицето на Славејка. В.М:.28

**Низ него** проструи морничава жал. В.М:36

**Потоа** зататнеа **железните сараи** со железни гасеници под колцата... В.М:45

**Одамна** го снемало девојчето**.** В.М:48

**На подот под иконата** лежеше Благуна леунка.. В.М:

**До постелата** седеше сколеници весела сосетката, бабицата. В.М:53

**Таму** одат мнозина уште и таму имало многу работа.... В.М:56

**Под кожиштето на мојот барабан** со години чмае една диплома**,**.. В.М:.59

**Врз тeснолинејката** профучи мала локомотива, како играчка за деца мала. В.М:65

**Во животот човечки** никогаш не се здружиле сите пригоди.... В.М:.66

**Однадвор** се чуја рафали. В.М:126

**Сега** влегоа тројца голобрадци**.** В.М:128

**А надвор пак** заштракаа машингевери и пак нетолку далеку. В.М:129

**Од пареата, од далечини низ црната пареа**, се задал Нестор Дабовјански В.М:.158

**Од шеварјето** прпна штрк. В.М:169

**Првин** се зажеравија тие во кафаната и тивко замрморија. В.М:181

**И надвор** мрмореа војниците**.** В.М:181

**Тогаш** се крена една врева, се направи една мешаница**,**.. В.М:181

**Само пред станицата** стоеше стражар регуларец, не фашист со поскул. В.М: 191

**Зад него** стоеше тој со очите огнебојќи. В.М:191

**Десно од него** седеше Филка, рацете свиткани на мевот. В.М: 194

**До вртелешката оддалеку** се носат грохотмни смеења. В.М:212

**Во него** тапо ечеа шумови и зборови без значење и астматично кашлање. В.М:245

**Први** станаа Катеринче и Сисој Слаткареви. В.М:260

**А надвор** туриваа дождови. В.М: 261

**Пред патната-врата** наеднаш се кренаа викотници. 308

**Во градинката** втона џагорот.. В.М:312

**Но тој час** во градината влезе Пере, сиот земјосан. В.М:314

**Од мракот повторно** изнурнаа оцрти на детето,... В.М:326

**Потоа** се измешаа бели маици и бели кошули со завртени ракави.. В.М:.326

**Тогаш** на вратата се покажа Бојан Караѓуле,. В.М: 330

**Не потера многу време, во приемната** влезе Огнебоецот. В.М:332

**Во приемната** завладеа молк. В.М: 341

**Долу во меѓувратите** имаше жени што шепотум разговараа. В.М:367

**Кога ја отвори вратата, од градината** се втурнаа студени ветрови. В.М: 367

**Низ отворените прозорци, во собата** се истурила темничината**.** В.М:368

**Низ него** се развражија мравки студена пот**.** В.М: 368

**На дванаесетте столови поредени покрај ѕидовите** седеа забрадени жени. В.М:374

**И долу, на ќилимот чивитлија,** се беа свиткале сколеници. В.М:374

**А до самиот ќиор,** тажеа тажачките, меѓу кои и прочуената Вела Размоска..374

**Околу мене** се разгореле страшни војни....379

**Под клашната** имаше протегавица на здравје. В.М: 410

**Низ малото** се врвчеа војски. В.М:414

**Полни две недели** наминуваше Бојан. В.М:418

**На клупата десно** седеа млади луѓе и џагореа.... В.М: 419

**Низ него** се развражија морници. В.М:426

**Уште во јуни** исчезнаа десетици млади луѓе, јасно беше дека в планина фатиле. 430

**Меѓу зелените и црните војници** настана мешаница донемајкаде В.М:433

**А од планините в град** долета врапче, врапчето билопесна.. В.М:433

**Во Кичево** се врвчеа милиони луѓе. В.М:437

**На шалот кај рамењата** останаа две брашнени дланки. В.М: 447

**Сега пред малку, под јорганов** легна смртта. В.М: 451

**А крај струшките огништа** се предеа прикаски. В.М: 461

**Во куќите** се влачеа прикаски. В.М: 461

**А однадвор** забучија матни потоци и минаа низ ушите. В.М: 469

**На крајдримјето** се насобрал свет. В.М: 475

**Откај Мостот** замаршираа војници со автомати и без веѓи. В.М: 476

**Врз лицето на Благуна** заиграа жолтоцрвени птици**.** В.М: 478

**Далеку некаде** ревеа волци. В.М: 482

2. **Секој понеделник, среда и петок во селото** доаѓа комбито со леб. П.М.А.:

**Тука понекогаш** слегува и Солунка Зенговска. П.М.А.:8

**Кај што** заоѓа сонцето. П.М.А.:14

**Откај јазот** се задава Гоше...... П.М.А.:19

**Пред говедата** седеше кучето.... П.М.А.:.32

**Оздола** се ганѕа Цара Петреска со заврзано зелје на главата. П.М.А.:60

**Надвор** кукурикаат петли... П.М.А.:76

**Во едно село,** останати се уште двајца. П.М.А.: 92

**Пред неа** потулено плачеа децата. П.М.А.:103

**Надвор уште** лаеше кучето со несмалена силина. П.М.А.:104

**Оздола** се задаваат Варвара и Теофил П.М.А.: 117

**Покрај нив** претрчуваат Гологазови, од зад куќа ќе вика Варвара. П.М.А.:118

**Од некаде** иде мирис на пиперки. П.М.А.:120

**Потоа** дојде и војска**.** П.М.А.:125

**Во вода** се капе сонцето и ги истерува рибите на пасење. П.М.А.:129

**Кога** си отидоа Србите**, дојдоа** Бугарите. П.М.А.:133

**Околу Теофил** играа и неколку испотени војници. П.М.А.:135

**Зад нив** одеше Гоше и се што правеа тие, тој го повторуваше. П.М.А.:138

**Одзад работ на шумата** се појави хеликоптер П.М.А.: 141

**И тогаш** дојде Цара Петреска. П.М.А.:180

**Од носот** му излегуваат муви**,** од очите пепелави мушички. П.М.А.:194

**И тогаш на патот** се појавува војска и милиција. П.М.А.:195

**На плочите** не се гледа никаков знак. П.М.А.:210

**Од една проретчена шумишка** излегува крава со ѕвонец на вратот. П.М.А.:214

**Од ридот** слегуваат жени натоварени со везници**.**. П.М.А.:242

**Некаде** залајува и куче.. П.М.А.:258

**А после одеднаш** надојдува цело стадо зајаци. П.М.А.:260

**Кон шумата** трчаше Огнен Кежаровски и правеше топол ветар. П.М.А.:293

Откако се разгледаа и анализираа сите примери на реченици од редот ПО-Г-С издвоени од современите дела „*Разбој*" од Владо Малевски и „*Последните селани*" од Петре М. Андреевски, со цел да се потврди присуството на ваков тип на конструкции во македонскиот јазик, можеше да се утврди дека во издвоените примери речениците се од дескриптивен карактер што е типично за локативната инверзија со прилошка определба на почетна позиција.

Во однос на степенот на застапеност на конструкциите од редот ПО-Г-С, во делото „*Разбој*" на Владо Малески тој изнесува 4,4 примери на секоја страна (483 стр.: 111примери = 4,36 ) додека во делото „*Последните селани*" Петре М. Андреевски 7,2 примери на секоја страна (325 страни: 45= 7,2). Во врска пак со соодносот на застапеност на просторната и временската определба, во делото „*Разбој*", се издвоија 84 примери на присуство на просторна определба и 37 примери на временска определба (со напомена дека во 10 примери на на иницијалната позиција на реченицата има присуство и на просторна и на временска определба, додека во делото „*Последните селани*" се издвоија 32 примери на присуство на просторна определба и 14 примери на присуство на временска определба (со еден пример на присуство и на просторна и на временска определба). Оттука, може слободно да се потврди дека просторната определба има доста поголема застапеност за разлика од временската определба што исто така е карактеристична појава кај дескриптивните реченици во италијанскиот јазик.

Заклучок

На прашањето дали покрај инакузативноста и имплицитното присуство на прилошката определба за место постојат и некои други конструкции од редот Г-С, се пристапи кон истражување на зададената цел. Се утврди дека бројни лингвисти работеле на ова прашање. Но покрај слободната и презентативната инверзија како фактори за постглаголското место на субјектот, F.Cornish посочува постоење и на еден друг, посебен случај на инверзија на редот С-Г во францускиот јазик чија квалификција „локатив" се основа на фактот дека општо земено, во овој вид на инверзија, на глаголот му претходи една прилошка определба (просторна или временска). Според него, можноста за присуство на прилошката определба на иницијалната позиција на дискурсот во одредени искази, како на пример во францускиот јазик, е ограничена на тнр. „локативна инверзија" , заради нејзиниот дескриптивен карактер. Всушност, се работи за конструкции кои како резултат на експлицитното присуство на просторни и временски определби на иницијалната позиција во реченицата, дозволуваат инверзија на субјектот која резултира со негово позиционирање по глаголот.

По аналогија на претходно изнесеното, се тргна од претпоставката дека ваков тип на конструкции со постглаголска позиција на субјектот во редот Г-С, прагматички немаркирани и типични за инакузативните конструкции, (станува збор за еден ex abrupto исказ) присутни се и во италијанскиот, како појдовен јазик во трудот. Во врска со тоа се пристапи кон презентирање на примери на италијански дескриптивни реченици со временски и просторни определби на иницијална позиција означени како елемент X во конструкции од редот X+Г+С предложени од Korzen I. (1996:167, 199) и потоа се тргна од хипотезата на Suzuki за присуство на локативна инверзија во одредени италијански конструкции.

Поаѓајќи од оваа проблематика и од претпоставката дека и во македонскиот како јазик со нулта заменски субјект и со релативно слободен зборораед би требало да има ваков тип на дескриптивни конструкции, се пристапи кон емпириско истражување и издвојување на примерите од современите дела „*Раз-*

*бој*" од Владо Малевски и „*Последните селани*" од Петре М. Андреевски за потоа да се утврди дека речиси во сите изложени примери станува збор за реченици од дескриптивен карактер, што е типично за локативната инверзија со прилошка определба на почетна позиција.

Од претходно изложеното се наметна заклучокот дека и во италијанскиот и во македонскиот јазик ваквиот тип на конструкции е доста застапен при што може да се зборува за еквивалентна појава присутна и во двата јазика.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

### А. Единици на латиница:

Antinuci, F. and Cinque, G., 1977. Sull' ordine delle parole in italiano: l' emarginazione. Studi di Grammatica Italiana 6, pp. 121–146. Barbosa, P., 1995.

Babiè S. (1974) *O redu rijeèi u ju•noslavenskim jezicima.* Makedonski jezik, Skopje (109-121), Zbornik 25 godina Seminara za strane slaviste (1950-1974), 1975 (43-63), Sarajevo.(HJE)

Barrico A. (1993) *Oceano mare.* Milano: Rizzoli

Belletti A. (1988) The Case of Unaccusatives. Linguistic Inquiry, 19,1

Brunet J. (1986-1987) *Grammaire critique de l'italien, vol. 8* : *Les pronoms personnels* , 1986 e vol. 9 *Tu, voi, lei* , Saint-denis, PUV, 1987

Cinque G. (1995) *Italian syntax and universal grammar.* Melbourne: Cambridge University Press.

Cornish Francis (2001) *L'inversion « locative » en français, italien et anglais : propriétés syntaxiques, sémantiques et discursives*. Cahiers de Grammaire 26 *Sémantique et Discours.* Université de Toulouse-Le Mirail , ERSS p. 101-123

Dardano M. et Trifone P. (1997) *La nuova grammatica della lingua italiana.* Milano:Zanichelli, p.504

Genot. G. (1973) *La grammaire de l'italien*. QSJ numéro 1513, Paris: PUF, p.61

Jernej J. (1999) *Talijanski jezik: Talijanska konverzacijska gramatika.* Zagreb: Školska knjiga, p. 66

Korzen, I. (1996) *L'articolo italiano fra concetto ed entita.* Vol.1, Museum Tusculanum press *Grammatica*. prima edizione 1981 Milano: edizioni Studi Bompiani

Renzi L. (2001) *Grande grammatica italiana di consultazione*. vol.1. Bologna: edizioni Il Mulino

Rizzi L. (1982) *Issues in Italian syntax.* Dordrecht: Foris

Rohlfs G. (1969) *Grammatica storica delle lingua italiana e dei suoi dialetti*: *Sintassi e Formazione delle parole. Torino: ed. piccola biblioteca Einaudi, Rosseta L.(1987) Strade di polvere Torino: Einaudi, p.10 (a); 14-15 (б)*

Sensini M. (1997) *La grammatica della lingua italiana*, Prima edizione (1988) Milano: Arnoldo Mondadori

Suzuki, S. (2001) L'ordine delle parole dell'italiano e del romeno: alla ricerca della non marcatezza in una prospetiva pragmatica : Tokyo Ongaku Daigaku kenkyi kiyo, 25, pp. 103-117

Tekavcic P. (1972) *Grammatica storica dell'italiano*: *Morfosintassi.* vol. 2 Bologna: Il Mulino

Tesniere L. (1959) *Elements du syntaxe structural*. Paris: C. Klincksieck

**Б. Единици на кирилица:**

Андреевски П. М. (2007) *Последните селани*. Скопје: Табернакул.

Бојковска С. Минова- Ѓуркова Л., Пандев Д., Цветковски Ж (1998) *Македонски јазик за средното образование.* Скопје: Просветно дело.

Дучевска А. (1991) *За употребата на личните заменки во текстот*. Литературен збор, XXXVIII/5-6, стр. 55-56.

Кепески К. (1982) *Граматика на македонскиот литературен јазик за училиштата за средното образование.* 5 изд. Скопје: Просветно дело.

Кепески К. (1950) *Редот на зборовите во македонскиот јазик*, Билтен на катедрата за јужнословенски јазици бр.7. стр. 155

Конески Б. (1950) *За падежите.* Билтен на катедрата за јужнословенски јазици при филозофскиот факултет во Скопје, бр.8.

Конески Б. (1999) *Граматика на македонскиот јазик,* Скопје: НИП, Нова Македонија

Корубин Б.(1990) *На македонско граматички теми.* Институт за македонски јазик, Скопје

Малески В.( 2001) *Разбој.* Скопје : АЕА Издавачи.

Минова- Ѓуркова (2000) *Синтакса на македонскиот стандарден јазик.* Скопје: Магор.

УДК 811.163.3'367.623.6
811.131.1'367.623.6

*Катерина* СЕКОВСКА-АНЃЕЛОВИЌ,
*Кристина* НУШЕВСКА

# УПОТРЕБАТА НА ОПРЕДЕЛЕН ЧЛЕН ПРЕД ПРИСВОЈНА ПРИДАВКА КАЈ ИМЕНКИ ШТО ОЗНАЧУВААТ БЛИСКО СРОДСТВО ВО ИТАЛИЈАНСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Податоците презентирани во овој труд се однесуваат на присвојните придавки во италијанскиот и во македонскиот јазик.кога придружуваат именки коишто означуваат блиско сродство. Испитуваните конструкции можат да се сумираат во долуприкажаната морфосинтаксичка шема(табела 1):

Табела 1

| | | | |
|---|---|---|---|
| | (член) | присвојна придавка | именка што означува блиско сродство |
| Итал. јазик | *(La)* | *mia* | *madre* |
| | присвојна придавка + член | | именка што означува блиско сродство |
| Мак. јазик | *моја (та)* | | *мајка* |

Тргнувајќи од морфолошката анализа на присвојните придавки во италијанскиот и во македонскиот јазик и од описот на употребата на присвојната придавка со именките што покажуваат блиско сродство во двата јазика, се обидовме да анализи-

раме кои карактеристики, треба да се стават во релација со специфичната синтакса која ја претставува оваа класа именки во однос на присуството или отсуството на определениот член.

Од семантичка и синтаксичка гледна точка, според Лонгобарди (1999), класата на именките што означуваат блиско сродство, може да се смести помеѓу класата на сопствени именки и класата на општи именки. Имено, додека сопствените именки се внатрешнојазично „референцијални", именките што означуваат блиско сродство се внатрешнојазично „релациски". Всушност именките што означуваат блиско сродство се здобиваат со референцијална вредност единствено кога нивниот релациски елемент (еден вид на „поседувач„) е пополнет со референт. Нашата претпоставка е дека именките што означуваат блиско сродство субкатегоризираат еден елемент (роднина) којшто мора задолжително да биде пополнет за да се детерминира референцијата кај овие именки што означуваат блиско сродство. Земајќи ја предвид оваа претпоставка како и предлозите на Ренци (1997) и Џусти (2001а) за создавањето на определениот член во романските јазици, се обидовме да објасниме зошто токму класата на именките што означуваат блиско сродство развила поинакво однесување во италијанскиот јазик наспрема македонскиот, во однос на присуството односно отсуство на определениот член со присвојните придавки.

**Морфосинтаксата на присвојните придавки**

Во италијанскиот и во македонскиот јазик присвојните придавки имаат различни форми во зависност од поседувачот или објектот на поседување: варијациите на формите зависат од лицето на поседувачот[1] и од родот и бројот на објектот на поседување, како што е илустрирано во табелата (2) каде е прикажан системот на присвојните заменски придавки во македонскиот и во италијанскиот јазик. (Кордин 2001/ Ѓуркова 2000:49) :

[1] Поседувач и објект на поседување, се термини кои според Кордин (2001:619) треба да се сфатат во поширока смисла на зборот за да се означи релацијата што се воспоставува помеѓу лицето на кого се однесува присвојната заменка и референтот од именската синтагма (ИС) кого го придружува присвојната заменка.

Како што се забележува од табелата и во двата јазика присвојните заменски придавки се парадигматски по број (бидејќи поседуваат и еднински и множински форми). Во однос на категоријата род во италијанскиот јазик за разлика од македонскиот јазик присвојните придавки не поседуваат морфеми за среден род[2], но поседуваат соодветни морфеми за другите два рода. Оттука согласувањето на објектот на поседување со поседувачот нема потреба од морфолошка дистинкција во поглед на родот на поседувачот:

Questa matita è mia. Овој молив е мој. (*mia* = ,del parlante, - на говорителот, на пример на Марко или на Ана.).

Questa matita è sua. Овој молив е негов/нејзин (*sua* = ,di Marco, или ,di Anna, на Марко или на Ана.).

Исклучок претставува присвојната заменка за трето лице множина во италијанскиот јазик *лоро* која се јавува во иста форма за двата рода и броја, наспрема македонскиот јазик кој поседува многучлена категорија за ова лице (нивни, нивна, нивно, нивни). Со други зборови кога поседувачот е во трето лице множина не постои морфолошка дистинкција во поглед на родот и на бројот на објектот на поседување во италијанскиот јазик. Секако, во случаи кога поседувачот е придружен од член, членот е тој што ги определува родот и бројот на објектот на поседување, дури и кога се работи за заменка во трето лице множина (Примери во Кордин 2001:620):

Queste matite sono loro./ Sono le loro. (Овие моливи се нивни. Нивните се.)

Questo libro è loro./ È il loro. (Оваа книга е нивна. Нивната е.)

Друга суштествена разлика во однос на формите на овие два система се однесува на третото лице еднина, за кое во македонскиот јазик постојат различни форми за сите три постојни рода а кои упатуваат на лицето на поседувачот, додека во италијанскиот јазик постои само една форма за двата постоечки рода. На пример:

Таа е нејзина книга – È il suo libro,

[2] Италијанскиот наспрема македонскиот јазик парадигматски се разликува по категоријата род каде отсуствува средениот род

Таа е негова книга - È il suo libro.

За присвојните заменски придавки лицето е важно затоа што покажува припадност, пред сѐ, врз основа на опозициите по таа категорија: припадност на првото, на второто лице итн. (Ѓуркова 2000:56)

И на крај од оваа морфолошка контрастивна анализа на придавките за кои станува збор ќе додадеме дека во македонскиот јазик постои по една множинска форма за трите рода во сите лица, а кои упатуваат на објектот на поседување, додека во италијанскиот јазик се јавуваат посебни множински форми за двата рода во сите лица освен во трето лице множина:

I **miei** libri – **моите** книги / le **mie** amiche – **моите** пријателки/

I **miei** bambini - **моите** деца.

Односот на поседување во македонскиот јазик, освен со присвојните заменски придавки (неговиот татко, неговиот дедо) кога се именуваат најблиските членови на семејствата на идентификуваните лица, може да се изрази и со кратките личнозаменски форми за индиректен (дативен) објект (татко му, дедо му), во којшто случај појавата на членот е блокирана со позицијата на личнозаменските форми. Оваа појава не ја среќаваме во италијанскиот јазик. (Ѓуркова 2000: 130) Покрај официјалното *мојот татко* и неутралното *татко ми*, се јавуваат и примери од типот – *татко ми мој, баба ми моја* и сл. карактеристични за разговорниот стил. Во овие примери присвојната заменска придавка се прима како редундантна, но овие изрази се прифаќаат како експресивно обоени. (Ѓуркова 2000: 114)

### Позицијата на присвојната придавка во рамките на именската синтагма

Основната функција на придавката е да ја определува именката. Притоа формите на присвојните придавки не се менуваат, независно од тоа дали се наоѓаат во предноминална или постноминална позиција. Најчестата и највообичаена позиција на присвојната придавка и во двата јазика - притоа мислиме на литературниот јазик и во двата случаја - во рамките на именската синтагма е непосредно пред именката. Сепак, и во двата

јазика среќаваме случаи во кои присвојната придавката стои зад именката. Во постноминална позиција присвојната придавка во италијанскиот јазик се јавува во емфатични контексти (2), односно кога придавката носи експресивен признак, како и во синтагми со фиксен зборород (3) примери од Кордин (2001).

(1) Le **mie** idee sono migliori - Моите идеи се најдобри

(2) Le idee **mie** sono le migliori

(3) Bada ai fatti **tuoi**! Qesti sono i fatti **miei**. Гледај си ја твојата работа. Ова е моја работа.

Вообичаеноста на начинот да дојде определбата зад именката во македонскиот јазик е најизразита токму кај присвојните заменски придавки. Кај нив во народниот јазик при личните и роднинските имиња, кога не е членувана, придавката може да стои само зад именката: *Цвеѿко наш, мајка наша* (никогаш *наш Цвеѿко, наша мајка*, но: *со наши**ош̄*** *Цвеѿко, наша**ѿа*** *мајка* - *мајка**ѿа*** *наша* и сл.). Македонскиот литературен јазик ја допушта употребата на присвојната заменска придавка зад именката, но во него таа, сепак, е поограничена во однос на народниот јазик. (Конески 1996:309)

Кога во рамките на именската синтагма покрај присвојната придавка се јавуваат и други придавки, вообичаениот збороредот на елементите и позицијата на присвојната придавка во италијанскиот и македонскиот јазик е пред именката како што е прикажано во следнава шема:

а. Определувач (детерминант) + присвојна придавка + придавка + именка

| | | | |
|---|---|---|---|
| La | sua | bella | casa |
| | *Нејзинаѿа* | *убава* | *куќа* |

б. Определувач (детерминант) + присвојна придавка + именка + придавка

| | | | |
|---|---|---|---|
| La | sua | casa | nuova |
| | *Нејзинаѿа* | *нова* | *куќа* |

Во однос на членувањето во најголем број случаи во вакви примери каде има присуство на повеќе придавки во македонскиот јазик (Конески 1996: 311), само првата придавка се членува, а во нашиот случај тоа е присвојната заменска придавка.

**Определениот член како детерминант на присвојната придавка**

Меѓу другите граматички ознаки што ги прима придавката преку поврзаноста со именката спаѓа членувањето. Вообичаено и во двата јазика придавката го прима членот од именката кога се наоѓа пред неа:

Дојде стариот Петре. È venuto il vecchio Pietro.

Врзувањето на членот за придавката се разликува во двата јазика со оглед на фактот што во македонскиот јазичен систем имаме постпозитивен член со додавање на членските морфеми на самата форма на придавката, додека во италијанскиот јазик тој се јавува пред придавката односно е препозитивен.

Присвојните заменски придавки изразуваат припадност кон соодветните лица. Според тоа, овде може да се изврши поделба на оние што покажуваат припадност кон првото и второто лице (а тие се определени со оглед на говорната ситуација) и на тие што се однесуваат на лица или на предмети за чија припадност станува збор во говорната ситуација, а на кои може да се упати со личната заменка за трето лице, односно анафорската заменка. Меѓутоа, определеноста на поседувачите не влијае секогаш на определеноста на присвојните заменски придавки зашто нивната определеност зависи од определеноста на објектот на поседувањето – затоа тие се врзуваат со членските морфеми, на пример – *Тој учеше од* ***мои*** *книги*, наспрема *Тој учеше од* ***моите*** ***книги.***

Присвојната придавка во италијанскиот и во македонскиот јазик во случаи кога придружува општи именки вообичаено се јавува со член. Сепак, постојат некои контексти во кои присвојната придавка не е претходена од каков било детерми-

натор[3], односно се упоребува без член. Во двата јазика ги наоѓаме следниве случаи во кои присвојната придавка се јавува без член:

1. Кога присвојната придавка се употребува во функција на предикативен елемент во реченици со глаголи од типот *essere, sembrare, diventare*:

   Non voglio correre questo rischio: la pelle è **mia**. *Не сакам да ризикувам. Живош̄от̄ е* ***мој***.

   Attento a non rovinare niente nel trasloco, perché i mobili sono **miei**.

   *Внимат̄елно да не униш̄т̄иш̄е неш̄т̄о ӣри селењет̄о, бидејќи мебелот̄ е* ***мој.***

2. Кога присвојната придавка придружува именки што означуваат блиско сродство (овој случај ќе го разгледаме поподробно во следниот параграф каде ќе ја воочиме разликата во двата јазика):

   Tuo padre è molto stanco. *Твој****от̄*** *т̄ат̄ко (или т̄ат̄ко т̄и) е многу уморен.*

   Ascolta tua sorella! *Слушај ја т̄војат̄а сест̄ра (или сест̄ра т̄и)*

3. Кога придавката влегува во извични изрази и во тој случај вообичаено ја следи именката:

   Mamma mia!/ Caro mio!/ Dio mio! *Мајко моја! Мил мој! Госӣоде мој!*

[3] Членските морфеми не се единствените јазични средства со кои се сигнализира определеноста или неопределеноста на една ИС, но тие се најважно такво средство. Непосредните изразувачи на определеноста/неопределеноста, т.е. на референцијалната карактеристика на ИС (операторите по определеност/неопределеност) ги нарекуваме **детерминатори**, а во нивните рамки ги вклучуваме: членските морфеми, показните заменки, неопределените заменки од типот *некој, неш̄т̄о* и сл., броеви, неопределениот член во италијанскиот јазик или во македонскиот јазик: *еден, една, едно, едни*, прашални зборови и др. (Ѓуркова 2000 :119). Оттука присвојната придавка и во двата јазика, освен од определениот член може да биде претходена и од други детерминатори. На пр: la/una/quella/qualche/quale sua amica; *една/ онаа/ некоја/ која моја ӣријат̄елка*).

4. Кога присвојната придавката придружува именка во рамки на вокативни изрази и во тој случај претежно се јавува во постименска позиција:

   Amico mio, vedrai che presto starai meglio. *Пријателе мој, ќе видиш дека наскоро ќе бидеш добар.*

   Figlia mia, sta' più attenta! *Ќерко моја, биди повнимателна*!

5. Испуштањето на членот во македонскиот јазик воопшто е често кај овие придавки во состави како: *со твоја помош, со негово учество, од твоја рака* (Конески 1996:312), како и во постари изрази заостанати од времето кога членот не бил развиен: *И во ваши куќи, да Бог да. И на твоја глаа* итн.

**Присвојната придавка и именките што означуваат блиско сродство**

Во италијанскиот јазик (цф. Ренци 2001а) среќаваме определени именски синтагми во кои именките што означуваат блиско сродство, како што видовме погоре, се јавуваат без определениот член (и тоа исклучиво во еднина). Фреквентноста на формата без член во однос на онаа со член или на онаа со присвојна придавка (со или без член) варира од регион во регион[4]. Во италијанскиот стандарден јазик со именките што означуваат блиско сродство во еднина може да се употребат сите комбинации на присвојната придавка без член: мио, туо, суо, ностро, востро, **освен** лоро. Од оваа можност исклучени се именките што означуваат блиско сродство употребени во деминутивна форма и во случаи кога се придружени од уште една придавка покрај присвојнаа заменска придавка. Следствено, дозволени се синтагмите во примерите (1) и (6), но граматички неприфатливи се примерите (2) – (5):

1. Sono andato da **mio** cugino – *Отидов кај мој**от** братучед.*
2. …*da **loro** cugino - ... *кај нивни**от** братучед.*

[4] Во Тоскана и во северна Италија дозволени се и формите: *il mio cugino*, додека во Фриули членот не се употребува ниту кога овие именки се во множина: __ *mie sorelle*

3. …*da **miei** cugini - ... *кај мои**ше** браѿучеди.*

4. …*da **mio** cuginetto – *кај мое**ѿо** браѿучедче.*

5. …*da **mio** caro cugino - ... *кај мој**оѿ** мил браѿучед*

6. …*da **mio** cugino di Como - ... *кај мој**оѿ** браѿучед од Комо.*

Именките што означуваат блиско сродство, а кои можат да се употребат без член во италијанскиот јазик се следниве:

*Padre, papà, babbo, madre, mamma, figlio, figlia, fratello, sorella, marito, moglie, zio, zia, nipote, nonno, nonna, genero, nuora, cugino, cugina, cognato, cognata, suocero, suocera*.

Како што споменавме погоре, деминутивните форми на именките што означуваат блиско сродство во еднина редовно се употребуваат со член, но од ова правило исклучок прават именките: *papà, babbo, mamma,* како и другите именки кога:

- лицето е или роднина на говорителот :

Vieni con noi? No io vado a casa da papà, che è malato

Доаѓаш со нас? Не одам дома кај тато, болен е.

- или родител на детето:

Non fare i dispetti a nonna (=a tua nonna)

Не и води инает на баба (на баба ти)

- што не е дозволено за надворешен член:

- *Vada via, torni da mamma (da sua mamma), и следствено: *Torno da mamma di Carla.

Исто е и во македонскиот јазик. На пример, само со формата *ѿаѿко* или *мајка* ние го означуваме нашиот татко и нашата мајка: *Коѓа и чула мајка ѿие зборои од мајка си*, *наздраво веќе се уверила оѿи машко деѿе ќе роди* (М. Цепенков). Во ваква употреба тие именки добиваат, всушност, значење на еден вид лични имиња. Така се употребуваат и овие називи за сродство: *сѿрико, чичко, чиче, вујко, вујче, баѿко, баѿе, ѿеѿка, ѿеѿа, ѿеѿе, сѿрина, вујна, баба, сесѿра* идр. Сите тие носат една ознака на интимност. Акоречеме *Одам кај баба* и *Одам кај бабаѿа*, тогаш ќе забележиме едно интересно разделување по линијата на сродство: во првиот случај се мисли на мојата баба

(по татко, по мајка), а во вториот на мојата тешта. Именката *шура* исто така бара поблиско определување (*шурата, шура ми*), бидејќи изразува исти степен на сродство како и *тешта* или *баба* (во значење на *тешта*). (Конески 1996 :226)

Понатаму во италијанскиот јазик кога присвојната придавка се употребува веднаш по именката што означува блиско сродство, задолжително е присуството на определениот член, освен во вокатив, наспрема претходно разгледаните случаи кога присвојната придавка и претходеше на именката:

tua figlia/ la figlia tua/ *figlia tua

Доколку именката што означува блиско сродство е придружена освен од присвојната придавка и од некоја друга придавска определба, присуството на членот е задолжително: la mia sorella maggiore – *мојата постара сестра*; додека пак кога таа определба е именска во вид на антропоним или на некаков друг вид именка, во тој случај повторно не се употребува членот: Alcune pagine sono quelle che egli dedica alla figura **di suo fratello pittore.**

**Класата на именките што означуваат блиско сродство**

Како што рековме класата на именките што означуваат блиско сродство во романските јазици се наоѓа некаде помеѓу класата на сопствените именки и класата на општите именки. Лонгобарди (1999) на пример, предлага различни семантички и синтаксички тестови[5] кои покажуваат различно однесување на именките од овие три класи.

Најрелевантната разлика меѓу сопствените именки и именките што означуваат блиско сродство се состои во фактот што додека сопствените именки се внатрешнојазично референцијални, именките што означуваат блиско сродство се внатрешнојазично релациски и субкатегоризираат еден елемент (роднина): тој елемент мора задолжително да биде пополнет за

[5] На пример укажува на различното синтаксичко однесување на сопствените именки, именките што покажуваат блиско сродство и општите именки разгледувајќи го реципрочниот збороред на член – присвојна придавка – именка.

да се определи референцијата[6] на именката што означува блиско сродство.

Бројот на членовите во класата на именките што означуваат блиско сродство варира од еден јазик до друг. Постои централна група на именки (оние кои означуваат припадност на семејството, сфатено во најтесна смисла на зборот, односно крвно поврзани или членови на основното нуклеарно семејство (мајка, татко, син, ќерка, брат и сестра) кои се заеднички за сите индоевропски јазици и се стабилни, како во италијанскиот стандарден јазик така и во неговите дијалекти. Од друга страна пак доколку ги земеме предвид именките што означуваат блиско сродство во кои врските се послаби (било да се воспоставени преку брак или станува збор за духовно сродство) разликите од еден до друг јазик/дијалект се поевидентни. Може да се идентификуваат три поткласи во класата на именките што означуваат блиско сродство:

1. relazione di sangue: *fratello*) - консангвинално сродство или сродство по крв (брат, сестра);
2. relazione legale: *cognato* - сродство по брак или афинално сродство (свекор, свекрва, зет, золва);
3. relazione religiosa: *padrino*) – духовно сродство (кумство и побратимство/посестримство, кум, кума).

## Заклучок

Се поставува прашањето зошто токму класата на именките што означуваат блиско сродство – во различни јазици – покажува специфичност во однос на присуството/отсуството на определениот член со присвојната придавка?

Во врска со прашањето за потеклото на отсуството на членот во присвојна синтагма со именки што означуваат блиско сродство постојат различни мислења помеѓу малубројните научници кои го допреле ова прашање. Еден од нив, Meyer Lübke, ја истакнува можноста дека вокативот извршил влијание да не

[6] Референцијата на именката што означува блиско сродство може исто така да биде генерична како во следнава реченица: „Le sorelle sono le migliori amicher.

се употребува членот. Според Кастелани Полидори (1967 – 70:97) тоа може да се примени на општите именки кадешто влијанието на вокативот е несомнено, а таа го истакнува психолингвистичкиот елемент којшто секако во овој случај треба да се земе во предвид: „A nostro avviso, la resistenza della forma sintetica può aver tratto alimento, in primo luogo, da un fattore d'ordine psicologico. L'espressione col possessivo e il nome di parentela possiede già, di per sé, una completa carica individualizzante che la pone sullo stesso piano, ad esempio, dell'antroponimo. *Mio fratello, tuo figlio*, come *Pietro* o *Giovanni*, possono fare a meno – e questo da sempre, per intrinseca autosufficienza – dell'aggiunta d'un ulteriore elemento determinante".

Отсуството на членот со именките што означуваат блиско сродство придружени од присвојната придавка треба да се поврзе со потеклото на членот, со неговата првобитна деиктична функција која не била неопходна кај најблиските членови од семејството кај кои референцијата е недвосмислена (како што се padre и madre). Кога во таквите случаи и ќе се јавел членот, тоа бил стилистички избор (во функција на нагласување или афективност) или пак механичко влијание на другите лексеми кои барале употреба на член пред присвојната придавка.

Да тргнеме од некои семантички разгледувања на именките што означуваат блиско сродство. Именските синтагми можат да се разгледуваат како скалеста категорија, односно како поларизирачки ориентирана категорија околу прототипи кои се карактеризираат со збир на спротивставени црти. Тие се совпаѓаат во сопствената именка и дивергираат во различна мерка во другите именски синтагми. Именките што означуваат блиско сродство содржат дел од карактеристичните црти на сопствената именка во поголема мерка отколку општите именки; може да бидат заменети со лични имиња во вокативен говор, но допушта множина и присуство на неопределен член во помалку маркирани случаи од оние во кои ги допушта сопствената именка (Лаџерони 1999:212).

Границата помеѓу скалестите категории не е јасна: една целина која се наоѓа помеѓу два пола може да се разгледува како припадник на едната или на другата категорија во зависност од говорната ситуација или евентуално индивидуалниот избор

на говорителите. Колку повеќе црти целината споделува со прототипот, толку е поверојатно таа да се манифестира во формата на прототипот (Лaсерони, 1992: 241).

На тој начин именките што означуваат блиско сродство се здобиваат со  посебниот статус поради фактот што овие именки поседуваат специфични морфосинтаксички црти типични за личните имиња. Со други зборови, некои именки што означуваат блиско сродство можат да се употребат како лични имиња во секојдневната неформална комуникација (мамма, папя́, нонна и др.)

Според Џусти (2001а) членот ги изгубил поголемиот дел од своите семантички карактеристики така што неговото присуство е регулирано повеќе од синтаксички отколку од лексички или семантички начела: членот од структурална гледна точка претставува функционална глава, маркер на граматичката функција (Џусти 2001а:167). За да ја поткрепиме претпоставката дека членот претставува функционална глава треба да потсетиме дека единствено членот – во однос на демонстративот и заменката – недостасува во значителен број јазици. Следејќи го општиот факт дека морфолошките разлики се една од причините за јазичната варијација, присуството наспрема отсуството на членот во еден јазик се сведува на неговата функционална/морфолошка природа.

Интересно е да се забележи дека во некои варијетети на италијанскиот јазик наоѓаме случаи на употреба на членот со лични имиња: со женските лични имиња во северна Италија и во Тоскана, и со машки лични имиња во ломбардиските варијетети и во Трентино (цф. Ренци 2001б): Според Џусти употребата на членот со сопствените имиња претставува многу непотребен морфолошки феномен.

Оттука, присуството односно отсуството на членот станува непотребен морфолошки феномен, исто како и кај сопствените именки. Кога пак именката што означува блиско сродство добива морфолошки маркери (множина, деминутив) што ја оддалечуваат од прототипот, се стреми да и се приближи на класата општи именки и секако се враќа присуството на определениот член.

## ЛИТЕРАТУРА

Castellani Pollidori, Ornella, 1966, „Ricerche sui costrutti col possessivo in italiano",in *Studi Linguistici Italiani* (I, 4–48; II 81–137; 1967 – III, 37,97).

Cordin, Patrizia, 2001 [1988], „I possessivi: pronomi e aggettivi", in L. Renzi / G.Salvi / A. Cardinaletti (a c. di), *Grande Grammatica Italiana di Consultazione*, Il Mulino, Bologna, vol. I, cap. 13.

Giusti, Giuliana, 2001a, „The Birth of a Functional Category: from Latin ILLE to the Romance article and personal pronoun", in G. Cinque / G. Salvi (a c. di),

*Current Studies in Italian Syntax. Essays offered to Lorenzo Renzi*, Amsterdam, North Holland, 157–171.

Giusti, Giuliana, 2001b, „La sintassi dei determinanti: un problema per la semantica?", seminario di ricerca per il Corso di Dottorato in Linguistica di Padova eVenezia (8.11. 2001).

Giusti, Giuliana, 2001c, „I possessivi in Italiano Antico",  Università di Venezia.

Конески Б., 1996, *Граматика на македонскиот јазик*, Детска радост, Скопје

Lazzeroni, Romano, 1992, „L'espressione dell'agente come categoria linguistica. I nomi indoeuropei in *tér/tór* ", in *Studi e Saggi Linguistici*, XXXII, 233–246.

Lazzeroni, Romano, 1999, „Dall'antroponimo al paradigma. Storia di una declinazione latina", in *Archivio Glottologico Italiano*, LXXXIV–II, 207–214.

Longobardi, G., 1999, „Some reflections on Proper Names", ms, Università di Trieste.

Минова – Ѓуркова Л., 2000, *Синтакса на македонскиот стандарден јазик*, Магор, Скопје.

Renzi, Lorenzo, 1997, „Fissione di lat. ILLE nelle lingue romanze". In: G. Holtus / J. Kramer/ W. Sweckhard (a c. di) *Italica et Romanica. Festschrift für Max Pfister zum 65*. Geburtstag. Niemeyer. Tübingen.

Renzi, Lorenzo, 2001a [1988], „L'articolo", in L. Renzi / G. Salvi / A. Cardinaletti (a c. di), *Grande Grammatica Italiana di Consultazione*, Il Mulino, Bologna, vol. I, cap. 7.

Renzi, Lorenzo, 2001b, „I dialetti italiani centro-meridionali tra le lingue romanze.

Uno sguardo alla sintassi", in *Lingua e Stile*, XXXVI, 1, 81–96.

| поседувач | | | објект на поседувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | итал. | мак. | итал. | мак. | мак. | итал. | мак. јаз. | итал. | мак. јаз. | мак. јаз. |
| | | | м.род едн. | м.род едн. | ж.род едн. | ж.род едн. | ср.род едн. | м.род мн. | м.род мн. | ж.род мн. | ж.род мн. | ср.род едн. |
| 1 | еднина | | mio | мој | mia | моја | мое | miei | мои | mie | мои | мои |
| | множина | | nostro | наш | nostra | наша | наше | nostri | наши | nostre | наши | наши |
| 2 | еднина | | tuo | твој | tua | твоја | твое | tuoi | твои | туе | твои | твои |
| | множина | | vostro | ваш | vostra | ваша | ваше | vostri | ваши | vostre | ваши | ваши |
| 3 лице | едн. | м.род | suo | негов | sua | негова | негово | suoi | негови | суе | негови | негови |
| | | ж.род | suo | нејзин | sua | нејзина | нејзино | suoi | нејзини | sue | нејзини | нејзини |
| | | ср. род | / | негов | / | негова | негово | / | негови | / | негови | негови |
| | множина | | loro | нивни | loro | нивна | нивно | loro | нивни | loro | нивни | нивни |

Табела 2. Системот на присвојните заменски придавки во италијанскиот и во македонскиот јазик

УДК 811.163.3’367
811.112.2’367

*Емилија БОЈКОВСКА*

# ГРАНИЧНИ СЛУЧАИ НА МАКЕДОНСКИТЕ И НА ГЕРМАНСКИТЕ РЕЛАТИВНИ РЕЧЕНИЦИ: НЕОПРЕДЕЛЕНИ ЗАВИСНИ РЕЧЕНИЦИ

Ова е вториот труд од циклусот контрастивни проучувања на граничните случаи на релативните реченици во македонскиот и во германскиот јазик. Во првиот труд, релативната реченица беше определена како зависна реченица воведена со релативен подредувачки збор[1], кој се однесува на релативизиран именски збор во надредената конструкција (в. Бојковска 2010)[2]. Применувајќи ја истата дефиниција, во овој труд се

[1] Постулирањето на зборовното множество подредувачки зборови (сврзувачки зборови) и на зборовните групи подредници (субординациски сврзници) и приредници (координациски сврзници) се должи на примената на дистрибуцискиот критериум за класификација на зборовите, кој покажа дека подредниците и приредниците се јавуваат во сосема различни околини и вршат сосема различни синтаксички функции, така што немаат заеднички дистрибуциски и функциски белези, поради што се напушта зборовната класа сврзници, а досегашните зборовни поткласи субординациски сврзници и координациски сврзници се издигнуваат на ниво на зборовни групи подредници и приредници без да се постулира нивни хипероним (сп. Бојковска 2011а)

[2] Во првиот труд од циклусот се разгледуваа надоврзувачките зависни реченици *(Посетивме многу музеи, што ни причини големо задоволство./Wir besichtigten viele Museen, was und große Freude bereitete.),* кои, меѓу другото, не ја исполнуваат дефиницијата бидејќи не се однесуваат на именски збор од надредената реченица, туку на целата нејзина содржина, макар што се воведени со релативна заменка (в. Бојковска 2010б)

проучуваат речениците од типот *Шшо видел, куџил.* за да се утврди дали имаат статус на релативни реченици.

Појдовна точка за проучувањето се следниве реченици преземени од Минова-Ѓуркова (2000: 257):

1а. ***Кој*** *ѓо носи шоварош, шој му ја знае шежинаша;*
1б. ***Шшо*** *сакаш, шоа ши се слуша;*

која истакнува дека се денес пообични речениците:

2а. *Тој шшо ѓо носи шоварош - му ја знае шежинаша*;
2б. *Тоа шшо ѓо сакаш – ши се слуша;*

Меѓу примерите под 1. и тие под 2. постојат разлики во позицијата на соодносниот збор и во морфолошката реализација на подредувачкиот збор. Во примерите под 1., соодносната заменка *(шој, шоа)* стои зад зависната дел-реченица како прв реченичен сегмент[3] од главната дел-реченица и нема контактна позиција со подредувачкиот збор[4], а во тие под 2., релативизираната заменка непосредно Ќ претходи на релативната заменка. Во примерите под 1., подредувачкиот збор гласи *кој* (за лице), одн. *шшо* (за другите ентитети), а во тие под 2. се јавува релативната заменка *шшо*. Од друга страна, меѓу 1.б. и 2.б. постои разлика во удвојувањето на директниот предмет: тој е удвоен само под 2б.

Ако се измени редоследот на дел-речениците во примерите под 1. и под 2., се добиваат речениците:

3а. **Тој му ја знае шежинаша кој ѓо носи шоварош.*
3б. **Тоа ши се слуша шшо сакаш.*
4а. *Тежинаша му ја знае шој шшо ѓо носи шоварош.*
4б. *Ти се слуша шоа шшо ѓо сакаш.*

[3] Под „реченичен (глаголски) сегментг се подразбира реченичен член. Терминот „(синтаксички) сегментг означува збор/група зборови што е именуван(а) според својот надворешен регенс. Тој го заменува терминот „членг поради совпаѓањето со истоимената детерминаторска погрупа, со оглед на тоа што сегментот не мора да биде реченичен, туку може да биде и именски, придавски итн., со што се избегнуваат формулациите дека членот (како зборовна поткласа) е синтаксички член, на пример, на именката (в. Бојковска 2004).

[4] За толкувањето на категоријалниот статус на подредувачкиот збор во речениците како под 1. од страна на Корубин (1980), в. д.

Во примерите под 3. и 4. зависната дел-реченица стои зад главната. Во примерите под 3. (како и под 1.), отсуствува контактната позиција меѓу зависната дел-реченица и показната заменка, а во примерите под 4. таа се задржува (како под 2). Речениците под 3. се евентуално можни во маркиран контекст, а тие под 4. се граматички правилни. Директниот предмет во 4.б. е удвоен (како во 2б.). Значи, при контактна позиција меѓу показната заменка и подредувачкиот збор се можни двете позиции на зависната дел-реченица и тогаш предметот се удвојува.

Зависните реченици под 1. ги исполнуваат критериумите од горенаведената дефиниција: тие содржат подредувачки збор и се однесуваат на релативизиран збор во главната дел-реченица, па заедно со тие под 2. и 4. се сметаат за релативни реченици, со оглед на тоа што наведените разлики во однос на позицијата на зависната реченица, на позицијата на релативизираниот збор и на реализацијата на подредувачкиот збор *(кој ..., тој ...,* наместо*: тој што ...* или: *..., тој што ...)* не се критериуми за идентификација на релативните реченици.

Речениците под 1., Минова-Ѓуркова ги нарекува релативни реченици со зависната во препозиција. Во натамошното излагање тие ќе се нарекуваат едноставно препозитивни релативни реченици.

Структурата на релативните реченици под 1., 2. и 4. се прикажува на примерите под 5.-7. (при што не се зема предвид удвојувањето на директниот предмет под. 2б. и 4б.):



5. *Кој ја решил задачата, тој ќе добие награда.*

6. *Тој што ја решил задачата, ќе добие награда.*

7а. *Ќе добие награда тој што ја решил задачата.*

7б. *Награда ќе добие тој што ја решил задачата.*

Релативната заменка, како што е познато, покрај анафорската, има уште две функции: подредувачка функција и функција на реченичен сегмент во релативната реченица (сп. Минова-Ѓуркова 2000: 137). За да се прикажат дијаграмски последните две функции, подредувачкиот збор се разложува на еден подредувачки елемент и на еден елемент со синтаксичка функција во релативната реченица (*што = ш- + тој; кој = к- + тој*)(в. Бојковска 2010а).

Дијаграмите на релативните реченици 5.-7. се структурно идентични и имаат ист дијаграм на зависност со оглед на тоа што тој не го отсликува зборoредот. Единствената разлика меѓу нив се состои во подредувачкиот збор (во првата и во третата стои *што,* а во втората – *кој*).

Во врска со предметот на трудов, се поставува прашањето дали може да се изостави соодносниот збор во речениците под 1. Одговорот е потврден.

8а. *Кој го носи товарот, му ја знае тежината;*

8б. *Што сакаш, ти се слуша;*

Овој зборoред е карактеристичен за идиоматизираните изрази, при што е можен и зборoредот со зависната делреченица во постпозиција:

9. *[...] Да е жив, кој е крив; Да ми е мило што ми е живо; Купи ми што ти реков. Нека го плати стаклото кој го скршил.*

(Корубин 1990: 258)

Ако во примерот под 5. и во тие под 7. се изостави соодносниот збор се добиваат примерите 10. и 11.:

10. *Кој ја решил задачата, ќе добие награда.*

11а. *Ќе добие награда кој ја решил задачата.*

11б. *Награда ќе добие кој ја решил задачата.*

а дијаграмот изгледа вака:




И во овој дијаграм, подредувачкиот збор е разложен на елемент со подредувачка функција и на елемент со синтаксичка функција во зависната дел-реченица *(кој = к- + тој).*

Од примерите под 2а., 4а. и 8а. се гледа дека заменката *кој* во зависните дел-реченици, за која отсуствува соодносениот збор во главната дел-реченица, одговара на *оној кој* или на *оној што* во релативните реченици. Според Корубин (1980: 258 и следн.), „заменката *кој* ни се јавува еднаква на спојот *оној што* т.е. како *онојшто*, зашто тоа не е релативната придавска заменка *(кој, која, кое),* ами именската *кој*", што се гледа и од неговите примери: „*Оној што* е крив, да е жив" и: *Кој е крив, да е жив.* Заменката *тој,* вметната во главната дел-реченица (Кој ќе најде пријател, т о ј нашол богатство;), според Корубин (1980: 259) „не е онаа заменка што ја третираме како отсутна, ами дополнителна за потсилување. Тоа се гледа и оттаму што на нејзино место не може да се јави нејзината варијанта *оној:* ,оној нашол богатствое [...] – од една страна, а од друга страна што на местото на *кој* и *што* од овие реченици пак може да стои *оној што, она што* при отстанување на дополнителната заменка: ,*Оној што* ќе најде пријател, *тој* нашол богатствое, [...]".Значи, заменката *кој,* употребена без соодносен збор, претставува супстантивизирана заменка, која ја апсорбирала во себе и показната.

Во германскиот јазик се поаѓа од следниве примери, при што 13. одговара на 1. и 5., а 14. одговара на 2. и 6. :

13. *Wer die Aufgabe gelöst hat, der bekommt einen Preis.*
 ,Кој ја решил задачата, тој ќе добие награда".

14. *Der, der die Aufgabe gelöst hat, bekommt einen Preis.*
 ,Тој што ја решил задачата, ќе добие награда"

Следува дијаграмот за примерите 13. и 14., во кои подредувачкиот збор се разложува на елемент со подредувачка функција и на елемент со синтаксичка функција во зависната дел-реченица *(der = d- + er; wer = w- + er):*




И во германскиот јазик се јавува истата ситуација со прифатливоста на пермутираните конструкции, при што 15. одговара на 3., а 16. одговара на 4. и на 7б.:

15. **Der bekommt einen Preis, der die Aufgabe gelöst hat,*
 *Тој ќе добие награда кој ја решил задачата,.

16. *Einen Preis bekommt der, der die Aufgabe gelöst hat.*
 ,Награда ќе добие тој што ја решил задачата'.

Ако се изостави релативизираната заменка, се добива структура идентична како во македонскиот јазик (17. одговара на 8. и 10., а 18. одговара на 9. и на 11.б.):

17. *Wer die Aufgabe gelöst hat, bekommt einen Preis.*
‚Кој ја решил задачата, ќе добие награда.'
18. *Einen Preis bekommt, wer die Aufgabe gelöst hat.*
‚Награда ќе добие кој ја решил задачата.'

Дијаграмот на последниве две реченици изгледа вака:




И овде подрдедувачкиот збор се разложува на елемент со подредувачка функција и на елемент со синтаксичка функција во зависната дел-реченица *(wer = w- + er):*

Кога отсуствува контактната позиција меѓу соодносниот и подредувачкиот збор[5] и кога отсуствува соодносниот збор, и во германскиот јазик се јавува инаква категоријална реализација на подредувачкиот збор *(wer* или *was* наместо *der* или *das).* Според тоа, во двата јазика да се констатираат реченици со иста структура (под 8.-11. и под 17. и 18.) кои се предмет на истражувањето.

[5] Овде се говори едноставно за подредувачки збор без да се навлегува во ставовите на лингвистите за неговиот категоријален статус. Додека Ајзенберг (2004: 272 и натаму) постулира зборовна подгрупа релативни заменки *(der, welcher* и *wer/was),* кај Енгел (1996: 662) само *der* е релативна заменка, додека *welcher* е прашален детерминатор, а *wer* и *was* се прашални заменки. Според Хелбиг/Буша (2001: 236), показната заменка *der* и прашалните заменки *welcher, wer* и *was* ја вршат функцијата на релативните заменки.

Ако се земе дефинцијата наведена во почетокот на трудов како критериум за идентификација на релативните реченици, тогаш зависните реченици под 8.-11. и под 17. и 18. не ја исполнуваат со оглед на тоа што немаат релативизиран збор во надредената конструкција. Меѓутоа, отсуството на релативизираниот збор нема само квантитативна димензија и не повлекува со себе само формална разлика во категоријалната реализацијата на подредувачкиот збор (*кој, wer* наместо *шӣо, der* итн.), туку доведува и до промена на синтаксичката функција на зависната дел-реченица. Од горенаведената дефиниција на релативната реченица произлегува дека е таа атрибут на релативизираниот именски збор. Ако отсуствува тој збор, тогаш зависната дел-реченица, со оглед на тоа што зависи директно од надредениот глагол, ја губи атрибутската функција и придобива реченичносегментна функција во надредената конструкција. Тоа е суштествената разлика меѓу релативните реченици и зависните реченици што се предмет на овој труд.

Наспроти овој став, во контекст на релативните реченици со зависната во препозиција, Минова-Ѓуркова (2000: 257) го приведува и примерот:

12. *Каде шӣо владее лаѓаѿа, не ѿреба висѿина*[6]

од што произлегува дека таа ги смета за релативни и опишаните зависни реченици, за кои нема соодносен збор во надредената реченица.

И покрај наведените разлики, постојат големи сличности меѓу релативната реченица и овде разгледуваната зависна реченица, која во секое време може да се претвори во релативна реченица ако во надредената конструкција се вметне релативизиран збор и се направат потребните изменувања на кате-

[6] Ако во овој пример се вметне соодносниот збор, ќе се добие конструкцијата: *Каде шӣо владее лаѓаѿа, ѿаму не ѿреба висѿинаѿа.* Сп. и: *Оѿидовме* ***ѿаму каде шӣо*** *не исӣраѿија;* (Минова-Ѓуркова 2000: 258). Дискутабилен е статусот на ваквите зависни дел-реченици. Оваа авторка ги смета за релативни реченици, со тоа што показниот заменски прилог се јавува како релативизиран збор. Можно е и нивно толкување како пространствени (локални) реченици, при што *ѿаму* е корелат. Според овој став, и зависната реченица под 12. претставува пространствена реченица, во која отсуствува корелатот.

горијалната реализација на подредувачкиот збор. Трансформацијата се гледа од примерите под 5.-7. 10., 11., 13., 14. и 16.-18., кои овде се повторуваат под 19.-23., при што примерите под б. содржат релативна реченица.

19а. *Кој ја решил задачата, ќе добие награда.*
19б. *Тој што ја решил задачата, ќе добие награда.*
20а. *Ќе добие награда кој ја решил задачата.*
20б. *Ќе добие награда тој што ја решил задачата.*
21а. *Награда ќе добие кој ја решил задачата.*
21б. *Награда ќе добие тој што ја решил задачата.*
22а. *Wer die Aufgabe gelöst hat, bekommt einen Preis.*
22б. *Der, der die Aufgabe gelöst hat, bekommt einen Preis.*
23а. *Einen Preis bekommt, wer die Aufgabe gelöst hat.*
23б. *Einen Preis bekommt der, der die Aufgabe gelöst hat.*

Со оглед на можноста за трансформација во релативни реченици, зависните дел-реченици во 19.-23. под а. се определуваат како нивни граничен случај. Тие се одликуваат со две семантички особини: неопределеност и рестриктивност. Неопределеноста произлегува оттаму што овие реченици означуваат неопределено множество, а во случаите кога означуваат конкретно затворено множество, тогаш тоа или не му е познато на говорителот или тој не сака да го определи поблизу. Рестриктивноста, пак, се должи на тоа што тие изразуваат дистинктивен белег, по кој од надреденото множество се изделува едно подмножество (во случајов на лицата што ја решиле задачата). Заеднички белег на релативните и на наведените зависни реченици е што имаат референцијално значење.

Се наметнува потребата од именување на овие зависни реченици. При тоа може да се појде од наведените значенски белези. Тие изразуваат множество како „неопределена“ значенска компонента на надредената конструкција, па затоа можат да се наречат неопределени зависни реченици. (сп. Енгел 1996: 248: indefinite Nebensätze).

Називот „неопределени“ може да се примени и во однос на релативните реченици под 1. и 5., кои се овде повторени под 24 (при што 24а. и 24б. се преземени од Минова-Ѓуркова 2000: 257):

24а. ***Кој** го носи товарот, тој му ја знае тежината;*

24б. ***Шшо*** *сакаш, шоа ши се слуша;*
24в. *Кој ја решил задачаша, шој ќе добие наѓрада.*

Примерите под 24. можат да се наречат неопределени релативни реченици. Тие разликуваат од соодветните неопределени зависни реченици, наведени под 8. и 10./19а. по присуството на релативизираниот збор. Од „вистинските" релативни реченици се разликуваат и по категоријалната реализација на подредувачкиот збор. Заеднички белег на неопределените релативни и на неопределените зависни реченици е што вршат „неопределена" карактеризација и што ги содржат *кој*-подредувачките зборови. Разликувачки белег меѓу релативните реченици и неопределените зависни реченици е што првите содржат релативизиран именски збор во главната дел-реченица, кој отсуствува во неопределените зависни реченици.

Во рамките на својата семантичка анализа, Цифонун и др. (1996: 2264 и натаму) ги определуваат овие зависни реченици како предметно засновани *w*-реченици (gegenstandsfundierte W-Sätze) во референцијална употреба[7].

Термините на Енгел (1996) и на Цифонун и др. (1997) се семантички мотивирани. Како што беше кажано во врска со Енгеловиот термин, неопределените зависни реченици, можат да изразуваат и конкретна компонента на дејството, која се означува како „неопределена" само затоа што не се именува попрецизно (сп. примери под 19.-23. под а.). Значи, овде може да се говори за „неопределен" начин на карактеризацијата на предметот (Цифонун и др. 1997: 2274).[8]

Ајзенберг (2004: 275), пак, ги нарекува слободни релативни реченици (freie Relativsätze), назив, кој се однесува на морфосинтаксичкото рамниште и кој може да се објасни со отсуството на соодносен (релативизиран) именски збор во надредената кон-

[7] Хиперонимот предметно засновани *w*-реченици ги опфаќа и речениците од типот: *Кој и да ја реши задачаша, ќе добие наѓрада. Wer auch immer die Aufgabe lost, bekommt einen Preis.*, кои се јавуваат во есенцијална употреба. Овие зависни реченици, кои се блискозначни со овде рзгледуваните, кај Енгел (1996: 248 и натаму) се нарекуваат обопштувачки зависни реченици (generalisierende Nebensätze)

[8] За значењето на овие реченици во зависност од фактивноста на контекстот и од синтаксичката позиција, в. Бужаровска (2008).

струкција. И кај Бужаровска (2008) се јавува терминот слободна релативна реченица за постпозициската зависна реченица (како под 20а. и 21а.), а препозициската зависна реченица (како под 19а.) се нарекува фокусирана слободна релативна реченица бидејќи се наоѓа во иницијалната реченична позиција, наречена фокус.

Останува да се провери соодветноста на називот „слободна релативна реченица". Следниве примери треба да покажат дали се споменатите зависни реченици „послободни" од соодветните релативни реченици.

24. *Кој ја решил задачата, ќе добие награда.*
25. **Кој ја решил задачата, ќе соработуваме идната година.*
26. **Кому му дале награда, ќе се потпираме при соработката.*

Значенски соодветните германски примери гласат:

27. *Wer die Aufgabe gelöst hat, bekommt einen Preis.*
28. **Wer die Aufgabe gelöst hat, werden wir nächstes Jahr zusammenarbeiten.*
29. **Wem ein Preis verliehen wurde, werden wir uns bei der Zusammenarbeit verlassen.*

Се поставува прашањето зошто е можно изоставањето на релативизираниот збор во 24. и 27., а не е можно во 25., 26., 28. и 29. Зависната дел-реченица во 24. и 27. *(Кој ја решил задачата,/Wer die Aufgabe gelöst hat,)* претставува подмет на глаголот *добие* во главната дел-реченица и ја содржи заменката *кој/wer,* која претставува подмет на личноглаголската форма *решил,* одн. на личноглаголскиот комплекс (сложен прирок) *gelöst hat* во зависната дел-реченица. Суштествен белег на овие зависни дел-реченици е фактот што заменката *кој* одн. *wer* врши синтаксичка функција во зависната дел-реченица идентична на таа што ја врши зависната во главната дел-реченица. Поточно кажано, заменката *кој/wer* е елементот што ја врши истата синтаксичка функција и во зависната и во главната дел-реченица, чии глаголи мораат да се совпаѓаат во таа валентност. Значи, строго земено, само заменката *кој/wer* има реченич-

носегментен статус бидејќи зависи директно од глаголот во главната реченица, а остататокот од зависната реченица има атрибутски карактер (Енгел 1996: 249). Така заменката *кој/wer* би придобила една синтаксичка фуниција повеќе од другите подредувачки зборови: таа не само што има подредувачка функција и функција на реченичен сегмент во зависната дел-реченица, туку претставува реченичен сегмент и во главната дел-реченица. Меѓутоа, дури и со ваквото толкување, зависната реченица не може во целост да се смета за атрибут.

Во примерите 25. 26., 28. и 29. овој услов не е исполнет: во 25. и 28. *кој/wer* е подмет, а во 26. и 29 *кому/wem* е индиректен/ дативен предмет во зависната дел-реченица, додека личноглаголската форма во главната дел-реченица во сите четири примери изискува појава на предлошки предмет.

Наспроти тоа, кај релативните реченици не постои ограничување во однос на синтаксичката функција на релативизираниот збор во главната дел-реченица и на релативната заменка во релативната реченица, кои можат да вршат различни синтаксички функции. Тоа се гледа од трансформацијата на граматички неправилните неопределени зависни реченици во релативни реченици (25., 26., 28. и 29. соодветно се трансформираат во 30.-33.):

30. *Со шој шшо ја решил задачаша, ќе соработуваме иднаша година.*
31. *На шој шшо му дале нагрда, ќе се пошпираме при соработкаша.*
32. *Mit dem(jenigen), der die Aufgabe gelöst hat, werden wir nächstes Jahr zusammenarbeiten.*
33. *Auf den(jenigen), dem ein Preis verliehen wurde, werden wir bei uns der Zusammenarbeit verlassen.*

Кога отсуствува релативизираниот збор, подредувачкиот збор мора да ја задоволи валентноста и на глаголот во зависната и на глаголот од главната дел-реченица. Наспроти тоа, присуството на релативизаниот збор го „ослободува“ подредувачкиот збор од „обврската“ да биде реченичен сегмент со истата синтаксичка функција и во зависната и во главната

дел-реченица, па тој се приспособува исклучиво кон валентноста на глаголот во релативната реченица. Според тоа, неопределените зависни реченици не се „пословодни" од релативните реченици, туку подлежат на рестрикции во однос на синтаксичката функција на подредувачкиот збор. Споредбата меѓу овие зависни реченици и релативните реченици покажува дека „вистинските" релативни реченици се „пословодни" затоа што не подлежат на такви рестрикции (в. д.).

Меѓутоа, постојат отстапувања од барањето за идентична синтаксичка функција на подредувачкиот збор во зависната и во главната дел-реченица. Во врска со падежот на подредувачкиот збор во германскиот јазик, утврдена е т. н. падежна хиерархија: номинатив > акузатив > датив > предлошка синтагма (Ајзенберг 1997: 327), одн. номинатив акузатив > датив > генитив? > предлошка синтагма (Цифонун и др. 1997: 2271 и следн.). Сложената реченица е граматички правилна ако падежот на подредувачкиот збор е пониско рангиран од оној што го бара глаголот во надредената конструкција. Примерите под 34. и 35. содржат по една релативна реченица *(der hilft dir auch)* и по една неопределена зависна реченица *(hilft dir auch)*:

34. *Wen du bezahlst, der hilft dir auch/hilft dir auch.* (акузатив „ номинатив)
35. *Wem du Geld gibst, der hilft dir auch/hilft dir auch.*[9] (датив „ номинатив)

(Ајзенберг 2004: 327 и следн.)

Според Ајзенберг, примерите се граматички правилни бидејќи ја задоволуваат падежната хиерархија. Меѓутоа, не постои единствен став за прифатливоста на овие конструкции. Наведувајќи ги речениците:

36. *(?) Wen sie mir empfohlen hatte, erwies sich als ungeeignet.*
37. *(?) Wen sie mir empfehlen würde, bliebe nicht lange ohne Arbeit.*

во кои е застапена падежната хиерархија акузатив „ номинатив, Енгел (1996: 249) смета дека ваквите конструкции се ретки и дека нивната граматичка правилност е дискутабилна.

[9] Во курзив од Е. Б.

Падежната хиерархија од германскиот јазик, пренесена во македонскиот јазик, гласи: подмет – директен предмет – индиректен предмет – предлошка синтагма. Следуваат значенски соодветните македонски примери, кои се исто така граматички прифатливи:

38. *Кого ќе (го) платиш, ќе ти помогне.* (директ. предм. „ подм.)
39. *Кому ќе му дадеш пари, ќе ти помогне.* (индирект. предм „ подм.)
40. *Кого ми го препорача, се покажа неподобен.* (директ. предм. „ подм.)
41. *Кого да ми (го) препорача, нема да остане долго без работа.*
(директ. предм. „ подм.)

Следува македонски пример со нарушена падежна хиерархија:

42. *Кој било да сака да ми помогне, ќе го прифатам.*
(подм. – директ. предм.)

Се чини дека оваа конструкција не е помалку прифатлива од оние што ја задоволуваат падежната хиерархијата. Тоа веројатно се должи на удвојувањето на директниот предмет во главната реченица, што придонесува за еднозчначност на синтаксичките односи. Во примерите под 25. и 26., кои овде се повторуваат под 43.-44.

43. **Кој ја решил задачата, ќе соработуваме иднава година.*
(подм. – предл. синт.)
44. **Кому му дале награда, ќе се потпираме во соработката.*
(индирект. предм. – предл. синт.)

не само што е нарушена падежната хиерархија, туку во нив нема ниту удвоен предмет, па затоа владеат нејасни синтаксички односи.

Следниов двојазичен пример е граматички правилен макар што е нарушена падежната хиерархија, а во македонскиот јазик нема ниту удвоен предмет. Заменката *што/was* е подмет

во зависната дел-реченица и директен/акузативен предмет во главната, што значи дека синтаксичката функција во зависната реченица е повисоко рангирана од таа во зависната. Граматичката правилност се должи на хомонимноста на заменските форми:

45. *Купи си што ти се допаѓа.* (директ. предм. „ подм.)

46. *Kauf dir, was dir gefällt.* (акуз. предм. „ подм.)

Како што веќе беше кажано, неопределената зависна реченица, која Минова-Ѓуркова (2000: 185) ја приопштува кон релативните реченици, „може да се јави во функција на подмет, заменувајќи именка или супстантивизирана придавка: ***Кој не работи***, *не треба да јаде* = ***неработникот*** *Ш...Ќ*". Меѓутоа, наведената синтаксичка функција, со која почнува прегледот, не е единствената:

- подмет

47. *Кој последен се смее, најслатко се смее.*

48. *Wer zuletzt lacht, lacht am besten.*

- директен/акузативен предмет:

49. *Прифати што му понудија.*

50. *Er akzeptierte, was man ihm angeboten hatte.*

- индиректен/дативен предмет:

51. *Кому му веруваш, можеш да му позајмиш пари.*

52. *Wem du traust, kannst du Geld leihen.*

- генитивен предмет

53. *Er wurde angeklagt, wessen er sich schuldig gemacht hatte.*

54. *Er entledigte sich von Zeit zu Zeit, wessen er nicht mehr bedurfte.*

(Енгел 996: 250)

- предлошки предмет

55. *Со кого телефонирав, сакам да се сретнам.*

56. *Mit wem ich telefoniert habe, möchte ich mich auch treffen.*

- предикативен предмет (именски дел од глаголско-именски прирок)[10]

[10] Тука може да се вброи и следниов пример, во кој глаголот во зависната дел-реченица е изоставен: Мајсторската титула не е што и грофовска титула. (БК Пз 1981: 33)

57. *Остана каков што си беше.*
58. *Er blieb, wie er immer gewesen war.*

- просторна определба (дополнение)[11]

59. *Живее каде што е роден.*
60. *Er lebt, wo er geboren ist.*

- просторна определба (додаток)

61. *Се занимава со хоби каде што никој не му пречи.*
62. *Er beschftigt sich mit seinem Hobby, wo er von niemandem gestört wird.*

- директивна определба

63. *Никогаш не би отишол каде што се пресели.*
64. *Wohin er ausgewandert ist, würde ich niemals fahren.*

- модификативна определба (дополнение)

65. *Однесувај се како што доликува.*
66. *Benimm dich, wie es sich gehört.*

- модификативна определба (додаток)

67. *Пишувај како што зборуваш.*
68. *Schreibe, wie du sprichst.*

Анализата покажа дека неопределените зависни реченици во морфосинтаксички поглед се разликуваат од релативните реченици по отсуството на релативизиран збор и по категоријалната реализација на подредувачкиот збор *(кој/wer* наметсо *тој/der* итн.). Се покажа и дека терминот слободни релативни реченици е неприкладен поради ограничувањата во однос на синтаксичката функција на подредувачкиот збор. Со оглед на тоа што неопределените зависни реченици можат да се трансформираат во (неопределени) релативни реченици, тие можат да се наречат потенцијални релативни реченици.

[11] Дополненијата (комплементи) претставуваат групи зборови што зависат од валентноста на валенцискиот центар. Тие исполнуваат барем еден од следниве два критериума: супкласна специфичност и облигаторност. Наспроти тоа, слободните додатоци (суплементи) се аспецифини и факултативни. Кај синтаксичките функции каде што нема спецификација во заграда, станува збор за дополненија. (в. Бојковска 2005а, 2005б).

Останува уште да се да се укаже на две слични структури што треба да се разграничат од неопределените зависни реченици.

Во врска со заменката во релативните реченици, Корубин (1980: 259) го наведува следниов пример, по кој следува значенски соодветниот германски пример:

69. *Оној шūо* ќе најде пријател, *ūој* нашол богатство.
70. *Der(jenige), der einen Freund findet, der hat Reichtum gefunden.*

Не постои сомнеж дека се ова релативни реченици, со таа особеност што показната заменка е содржана два пати. Станува збор за специфична конструкција, која може да се означи како „изделување" (Herausstellung, сп. Енгел 1996: 318 и натаму). Изделениот елемент, овде релативната реченица заедно со релативизираната заменка, се истакнува со тоа што се поставува надвор од реченичната структура пред главната дел-реченица, од која е одделен со запирка. Соодносниот збор во главната дел-реченица (обично показна заменка), овде гласи *ūој,* одн. *der*. Освен релативни реченици, можно е изделувањето и на други конструкции (обично именски, заменски и предлошки синтагми), кои се синтаксички секогаш факултативни и кои се совпаѓаат со соодносниот збор по род и број, а во германскиот јазик и по падеж. Тие претставуваат објаснувања на својот соодносен збор (на пример: *Победникоū, ūој ќе добие наīрада. Der Sieger, der wird einen Preis bekommen.).*

За второто разграничување, се поаѓа од примерите:

71. *Исūи шūо му дадоа.*
72. *Заборави шūо му дадоа.*
73. *Праша шūо му дадоа.*
74. *Er trank, was man ihm gegeben hatte.*
75. *Er vergaß, was man ihm gegeben hatte.*
76. *Er fragte, was man ihm gegeben hatte.*

Примерите под 71. и 74. содржат неопределена зависна реченица, која е директен/акузативен предмет на личноглаголската форма *исūи/trank*. Речениците под 72. и 75. се двозначни. Може да се толкуваат како неопределени зависни

реченици или како индиректни прашања. Во првиот случај, лицето заборавило (да го земе) тоа што му го дале (на пример, подарокот). Во вториот случај, лицето заборавило што е тоа што му го дале. Примерите под 73. и 75. содржат индиректно прашање. Двозначноста на речениците под 72. и 75. и еднозначноста на другите реченици под 71.-76. се должат на (категоријалната реализација на) валентноста на полнозначниот глагол и на референцијалноста, одн. есенцијалноста. Во примерите 71. и 74. и кај првото толкување на двозначните примери (72. и 75.), станува збор за предметно засновани *кој*-реченици, употребени референцијално. Кај речениците под 73. и 76. и кај второто толкување на речениците 72. и 75., се работи за пропозициски засновани *кој*-реченици, кои секогаш се употребуваат есенцијално (сп. Цифонун и др. 1997: 2264 и натаму).

Следува преглед и споредба на карактеристиките на неопределените зависни реченици со тие на другите зависни реченици, од кои треба да се разграничат.

| | Неопределена | Релативна | Неопределена | Индиректно |
|---|---|---|---|---|
| Пример: | *Платив што купив.*<br>*Кој дојде вчера, ни беше гостин.* | *Го платив тоа што го купив.*<br>*Човекот* што дојде вчера, ни беше *гостин.* | *Што купив, тоа го платив.*<br>*Кој дојде вчера, тој ни беше гостин.* | *Прашав што купил.*<br>*Прашав кој дошол.* |
| Поредувачки збор: | *кој*-подредувачки збор | *што* (во рестрикт.), *кој* (во нерестрикт.) | *кој*-подредувачки збор | *кој*-подредувачки збор |
| Однос спрема надворешнојаз. дејствителност | референцијалност | референцијалност | референцијалност | есенцијалност |
| „Неопределена" карактеризација на ентитет | да | не | да | - |
| Блискозначност со неопр. зависна реч. | - | да | да | не |
| Рестриктивност | да | да/не | да | - |

ЛИТЕРАТУРА:

*Единици на кирилица:*

Бојковска, Емилија (2004): „За проблематиката на некои македонски граматички термини“. Во: *XXX научна конференција на научна конференција на XXXVI меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. Охрид 11-13 август 2003*, стр. 471-487.

Бојковска, Емилија (2005а): „Дополненија и додатоци на глаголот“. Во: *Литературен збор* (LII), бр. 1-3, стр. 15-24.

Бојковска, Емилија (2005б): „Разграничување меѓу дополненијата и додатоците на глаголот“. Во: *Литературен збор*, бр. (LII), бр. 4-6, стр. 43-56.

Бојковска, Емилија (2010а): „Функциите на релативниот субјункциски збор во македонскиот и во германскиот јазик“, *Македонски јазик* LXI, стр. 85-102.

Бојковска, Емилија (2010б): „Гранични случаи на македонските и на германските релативни реченици: надоврзувачки зависни реченици“, *Литературен збор* 4-6, стр. 35-46.

Бојковска, Емилија (2011а): „Предлог за класификација на неменливите зборови во македонскиот јазик според дистрибуцискиот критериум“, *XXXVII научна конференција на XLII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. Охрид 5 и 6 јули 2010*, стр. 75-92.

Бужаровска, Елени (2008): „Прономинални релативни реченици“, *VI македонско-северноамериканска конференција за македонистика. Охрид 11.-13.VIII 2006.* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје.

Корубин, Благоја (1990): *На македонско граматички теми*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.

Минова-Ѓуркова, Лилјана (2000): *Синтакса на македонскиот стандарден јазик.* Скопје: Магор.

*Единици на латиница:*

Енгел - Engel, Ulrich (1994): *Syntax der deutschen Gegenwartssprache.* Berlin: Schmidt.

Ајзенберг - Eisenberg, Peter (2004): *Grundriß der deutschen Grammatik. Band 2: Der Satz.* Stuttgart, Weimar: Metzler.

Хелбиг/Буша - Helbig, Gerhard / Buscha, Joachim (2001): *Deutsche Grammatik: EinHandbuch für den Ausländerunterricht.* Berlin usw.: Langenscheidt.

Цифонун и др. - Zifonun, Gisela u. a. (1997): *Grammatik der deutschen Sprache. Band 3*. Berlin/New York: de Gruyter.

*Извор:*

БК Пз - Конески, Блаже (1981): „Потез“, *Лозје*. Скопје: Култура и др.

УДК 811.163.3'373.45

*Симона ГРУЕВСКА-МАЏОСКА*

# ЗА УПОТРЕБАТА НА ЛАТИНИЦАТА ВО КИРИЛИЧНИ ТЕКСТОВИ

Темата што самата секојдневно, ми се чини, на сите ни се наметнува е која е границата на употребата на латиницата во македонски текстови? Ова прашање или тема секако дека е најмногу поврзано со прашањето за влијанието на англискиот јазик на светски план, а со тоа и врз македонскиот јазик, но проблемот што нам ни се појавува и е особено актуелен и важен е тоа што ние имаме различно писмо од она на англискиот јазик и со тоа ситуацијата кај нас станува многу покомплексна.

Што предизвикува тоа кај нас во секојдневната практика? Низа проблеми од кои некои може да бидат лесно решливи, а некои малку потешко. Ако ги разгледаме списанијата што излегуваат на македонски јазик низ практични примери, можеме да добиеме јасна слика за ова прашање. Како највпечатливо ми се виде, а наедно и ме поттикна да се зафатам со оваа тема, списанието „Јуник". Всушност, името му е напишано со големо латинично у – U и во продолжение „Unique", напишано на англиски јазик и, се разбира, со латиница. На насловната страница на последниот број (а не е различно и во претходните), покрај името на списанието, ги имаме и насловните теми во кои исто така имаме доста од нив напишани во оригинал на англиски јазик – тоа е името на актерката Сара Џесика Паркер, потоа градовите Милано, Париз и Лондон и зборовите онлајн и фејсбук. Поната-

му, во внатрешноста на списанието, имаме уште редица примери на употреба на латиницата и наслови целосно напишани на англиски јазик, како на пример:

*Uniquescope, Unique Fashion, Spring Must-have производи, Living, Party совети* со поднаслов: *Како со малку труд да ја претворите вашата дневна соба во fancy кафуле?*

Сите имиња на познати личности се напишани на англиски јазик, а, на пример, името на францускиот град Бордо е напишано во оригинал на француски.

Освен личните имиња, тука се, се разбира, имињата на познати модни и козметички марки – сите напишани во оригинал.

Посебна тема се и рекламите. Разбирливо е доколку името на марката е напишано во оригинал, но зошто целата реклама да биде на англиски? На пример, во списанието „Убавина и здравје“ имаме реклами за парфеми *The new fragrance for woman Daisy Marc Jacobs Eau so fresh; Chloé eau de parfum Chloé celebrates spring with rose edition* итн. Употребата на англискиот знак т.н. амперсенд е веќе правило.

Ова е само мал дел од мноштвото примери на употреба на латиницата особено во медиумите. Но, каква е ситуацијата во останатите јазици? Како тие се справуваат со ваквото влијание од англискиот јазик и напливот на англиски зборови? За јазиците на кои официјална азбука им е латиницата тоа можеби не претставува толку голем проблем (останува проблемот со англицизмите), но каква е ситуацијата кај јазиците коишто ја употребуваат кирилицата?

Еве примери од руските весници „Правда“ и „Газета“ од кои може да се види дека во рускиот јазик се употребува латиницата слично како и кај нас:

***Осеннўў коллекциў Вивйенн Вествуд***

*Новаў коллекциў* *__Vivienne__ __Westwood__ __Red__ __Label__* *бûла совершенно не похожа на то, что рûжеволосаў бунтарка делала на протўжении последних нескольких сезонов: на смену подчеркнуто театралйнûм, ýксцентричнûм нарўдам пришли куда более спокоéнûе образû, не лишеннûе, впрочем, „фирменноé“*

*атрибутики дизае́нера вроде асимметричнûх драпировок, корсетов, смеси различнûх принтов.* (примерот е од рускиот весник „Правда“)

*Решение о продаже акцие́ Google Шмидт принўл через десўти месўцев после того, как покинул пост исполнителйного директора Google, которûе занимал 10 лет. Его преемником стал сооснователй интернет-корпорации Ларри Пее́дж.*

*В 2010 году Пее́дж и соучредителй Google Серге́е Брин заўвлўли о планах, согласно которûм каждûе из них продаст 5 млн акцие́. Распродажа будет завершена в 2015 году.*

*Пее́дж, Брин и Шмидт ўвлўфтсў держателўми болйшее́ части голосуф ѝих акцие́ Google. Даже снизив своф долф, они сохранўт контролй.*

*В 2011 году 56-летние́ Шмидт занўл 136 место рее́тинге Forbes самûх богатûх лфдее́ мира и 44 место в рее́тинге самûх богатûх американцев. Его состоўние оценивается́ в ѝ7 млрд. С момента, когда Google в 2004 году вûшла на IPO, он уже продал 5,7 млн акцие́ компании.*

*С конца 2007 года популўрности акцие́ Google падала, решение может означати, что он «просто устал ждати, когда бумаги вûрастут», отмечафт ўксперты Financial Times.* (примерите се од рускиот весник „Газета“)

А еве примери од бугарските медиуми од кои може да се види дека сите странски зборови се напишани на кирилица:

*Ловки компфти́рни измамници точат сметките ви през* ***интернет*** *с различни оригинални методи, алармират анти-мафиоти от ГДБОП.*

*Мошениците стават все по-изобретателни в опитите да от-ми́кват ЕГН, лични данни, номера на кредитни карти и банкови сметки,* ***имее́ли*** *и дори профили на хора от социалните мрежи.*

*За пи́рви пи́т в страната на 18 април 2011 г. бе направен опит за нанасўне на тежи́к удар по би́лгарска финансова институциў. Тогава стотици клиенти на Уникредит Булбанк получиха* ***имее́ли****, в които пишеше, че* ***онлае́н*** *сметките им са блокирани.*

*В **имеéлите** на получателите се предлагаше да вúзстановўт профилите си в Уникредит Булбанк, като натиснат приложениў в писмото **линк**.*

*Тоé водеше кúм фалшив **саéт** на банката, а вкарването в него на лични данни (вклф чително цифровиў сертификат) гарантираше и източването на лични и фирмени сметки.*

*По сú ùата схема тарикатите могат да откраднат вашиў **акаунт** от **и-беé** или **пеé пал**. После с този профил се вúрти фалшива тúрговиў в интернет. През последните години набира скорост и кражбата на самоличност в социалните мрежи. От профила ви там измамниците могат да измúкнат много лична информациў, ако сте решили да публикувате свои данни като телефон, адрес, електронна поù а.*

*Нова измама, подобно на **фишинга**, циркулира в интернет от нўколко години. Това е т.нар. **вишинг**.*

Се разбира дека има многу проблеми во врска со транслитерацијата на странските имиња, но навистина е позитивен случајот во Бугарија. Имено, на веб-страницата на Институтот за бугарски јазик и БАН, постои програма или алатка за пренесување на имињата од латиница на кирилица. И не само на имињата туку и на севкупните правила за транскрипција и транслитерација со примери. Па, така, тоа навистина ја олеснува многу работата, бидејќи треба само да се впише името и еднаш да се кликне и ќе се добие правилната форма. Не е лошо да се угледаме и ние на нив.

Се работи за еден проект со наслов „Разбираема Бúлгариў" којшто настанал како резултат на неопходноста да се уедначи современата практика при транслитерацијата на бугарските имиња на латиница, бидејќи претходно имало навистина голема разнообразност, па така некои од бугарските букви се предавале на три, четири, па дури и пет начини. За време на проектот системот за транслитерација бил предложен за разгледување на широк круг интелектуалци од современото бугарско општество: освен на претставници на сите универзитети, во дискусијата учествувале и писатели и преведувачи, претставници на медиумите итн. Освен на имињата, на веб-страницата е дадена и

транслитерација на имиња на географски објекти, на имиња на објекти во населени места и сл. Проектот е финансиран од Министерството за државна администрација и административна реформа, а е реализиран од тим соработници од Институтот за бугарски јазик при БАН, од одделението за современ бугарски јазик и соработници од групата за стандардизирање на сопствените имиња, а на почетокот од работата учествувале и соработници од одделението за компјутерска лингвистика и информатичкиот центар при Институтот за бугарски јазик. Одобрено е за употреба од Министерскиот совет во 2006 година и постои постојана соработка на канцеларијата на Европската комисија со институциите на ЕУ .

И уште нешто, Институтот за бугарски јазик при БАН е авторизиран од Министерскиот совет на Република Бугарија да ја проучува современата бугарска литературнојазична практика, да ги определува и да ги менува јазичните норми. Во одделението за современ бугарски јазик работи т.н. Служба за јазични проблеми и консултации која е поддржана од висококвалификувани специјалисти за бугарски јазик и којашто се добива на телефон со префикс 0900 итн. – идеја што постоеше и во Институтот за македонски јазик уште од пред неколку години, но не се реализира.

Ситуацијата со употребата на латиницата во македонскиот јазик е повеќе од алармантна. За тоа придонесуваат повеќе фактори, и тоа: степенот на образование и писменост на тие што ги пишуваат текстовите, потоа немањето овластени лектори кои би ги поправиле грешките, но и немањето понов, дополнет Правопис на македонскиот литературен јазик со кои ќе се разрешат низа дилеми на кои наидуваат и лекторите и, пошироко, сите што се служат со јазикот. Се разбира, неопходна е голема поддршка од државата (како што е тоа случај со Република Бугарија, а не е случај кај нас) бидејќи само така може да се зачува македонскиот јазик и писмо.

УДК 81

*Јане ЈОВАНОВ*

# ПРЕЦЕДЕНТНИТЕ ФЕНОМЕНИ КАКО ФЕНОМЕНИ ВО ЈАЗИКОТ, СВЕСТА И КУЛТУРАТА

Во период кога лингвистиката добива се „почовечен лик“, се појавува потребата за проучување на внатрешната страна на јазикот, на неговата применета комуникативна компонента. Уште во 80-те години на XX век во Советскиот Сојуз почнуваат истражувањата на прецедентните феномени, воведени во лингвистичката практиката од Јуриј Караулов, а кои денеска се истражувани од речиси сите лингвисти во Русија кои се занимаваат со меѓукултурната комуникација и лингвокултурологија. Овој труд го пренесува „скелетот“ на она што во суштина претставува самиот поим „прецедентни феномени“.

## 1. Вовед

Во централниот дел на националната јазична свест која рефлектира и ја одредува спецификата на националниот карактер, етничката и јазичната свест - обично се наоѓаат феномени на материјалниот и духовниот свет, т.е. прецеденти, кои постојат во свеста јазикот и говорот. Прецедентните феномени претставуваат рефлексија на колективната свест, тоа се зборови кои се основни компоненти на општата лингво-културна заедница, заедно со нејзиното знаење и претстави.

Парадигмата на современата лингвистичка мисла се повеќе внимание посветува на комуникативните аспекти на јазикот. Проблемот со интертекстуалноста, кој има непосреден од-

нос со комуникативната компетенција на јазичната личност, покажува силен интерес од страна на лингвистите во Русија и Европа. Еден од најперспективните правци за развиток на таа теорија се прецедентните феномени, теорија обработена детално од Дмитриј Гудков, Иља Захаренко и Викторија Красних. Феноменот на прецедентноста има интертекстуална природа. Прашањето за критериумите за разграничување на поимите „прецедентност/интертекстуалност“ останува еден од најактуелните во руската лингвистика денес.

**2. Прецедентни феномени**

Терминот „прецедентен“ текст бил воведен во научна употреба од Јуриј Караулов во неговиот труд „Улогата на прецедентните текстови во структурата и функционирањето на јазичната личност“ во 1986 година на Шестиот конгрес на МАПРЈЛ (Меѓународната асоцијација на наставниците по руски јазик и литература). Во тој свој труд, Караулов ги одредил основните црти на прецедентните текстови и ги разгледал нивните различни видови, користејќи примери од литературата. Прецедентните феномени од него се дефинирани како феномени кои се значенски за една или друга личност во спознавачки и емоционален однос, кои имаат надличностен карактер, т.е. добро се познати на широк круг луѓе, вклучувајќи ги претходниците и современиците, и на крај, обраќањето кон прецедентните феномени постојано постојано се врши во дискурсот на јазичната личност.

Прецедентните феномени се предмет на широки расправи денеска во лингвистичките истражувања на руските лингвисти. Ако се спореди ситуацијата со македонската лингвистичка средина, веднаш можеме да констатираме дека во руската лингвистика оваа проблематика е многу подлабоко и пошироко разработена. Најпознати имиња во руската лингвистика кои се занимаваат со национално-културната условеност на значењето на зборовите во областа на меѓукултурната комуникација се – Е. Верешчагин, В. Красних, В. Костомаров, Д. Гудков, Г. Слишкин и др.

Терминот „прецедентен феномен“ добил главно коренско значење во однос на термините „прецедентен текст“, „прецедентен исказ“, „прецедентна ситуација“ и „прецедентно име“.

**Прецедентен текст** - е завршен продукт на говорно-мислечката дејност, сложен знак чиј збир значења не е еднаква на неговата смисла. Прецедентниот текст е добро познат на секој просечен член на лингвокултурната заедница, обраќањето кон него многупати се врши во процесот на комуникација преку поврзаните со него искази и симболи. Во прецедентните текстови влегуваат книжевните дела (Евгениј Онегин), текстовите на песните (Jingle Bells), рекламните текстови, политичките и публицистичките текстови.

**Прецедентни искази** - завршен продукт на горовно-мислечката дејност, сложен знак чиј збир на значења не е еднаква на неговата смисла. Влегуваат во когнитивната база како такви. Во нив влегуваат: цитатите – фрагмент од текстот на литературното дело, име на дело, целосниот текст (на книга, песна, филм) претставен преку еден или неколку искази.

**Прецедентна ситуација** - „еталонска" ситуација со конотации. Во когнитивната база влегува како збир од диференцијалните признаци на прецедентната ситуација (Јудин бакнеж, 30 сребреници – еталон за предавство, подлост на човекот кому му веруваат, награда за предавство).

**Прецедентно име** - индивидуално име, име поврзано или со широко познат текст (Тарас Буљба, Обломов, Мртви души) или со ситуација која е добро позната на носителите на јазикот – Иван Сусанин, Прометеј, Дејвид Коперфилд итн.).

Актуализацијата на прецедентната ситуација се случува при нејзино ставање наспроти друга ситуација во говорот. Таа припаѓа на когнитивната свест и се појавува на јазичен степен со помош на различни средства на вербалната актуализација. Тоа можат да бидат прецедентните имиња, прецедентните искази и прецедентните текстови.

Прецедентната ситуација се јавува како втор член на доста сложена метафора: реалната ситуација на говорот се компарира со прецедентната ситуација која е модел за слични ситуации.

**Прецедентност** – е севкупност на признаци кои ги има еден феномен ако тој:

1. е факт,

2. се карактеризира со повторливост,

3. има маркираност, рефлексивност, клишираност,

4. претставува мрежа од асоцијации,

5. има скала на оценки.

Дополнително прецедентните феномени можеме да ги поделиме на:

**Социумско-прецедентни феномени** – се феномени кои се познати на секој просечен претставник на една или друга заедница (социјална, конфесионална, професионална итн.) и кои влегуваат во колективното когнитивно пространство, т.е. тоа се феномени кои можат да не зависат од националната култура: се општи , на пример, за сите муслимани (конфесионална заедница) или за лекарите (професионална заедница).

**Национално прецедентни** – се феномени кои се познати на секој просечен претставник на една или друга етнолингвокултурна заедница и кои влегуваат во националната когнитивна база. Треба да се забележи дека при преводот, особено на книжевните дела, квалификуваните преведувачи даваат дополнителни објаснувања, коментари или интерпретации, откривајќи ја инваријантата на восприемање на еден или друг феномен кои се очигледни за носителот на јазикот од кој потекнува тој феномен, но е затворен за читателите на преводот. Ако не се дадат такви коментари, тогаш смислата на алузиите може да остане затворена за читателите на преводната верзија на делото.

**Универзално-прецедентни** – се феномените кои се познати на секој просечен современ хомо сапиенс и влегуваат во „универзалното“ когнитивно пространство („универзалната“ когнитивна база).

**3. Когнитивна база**

Човекот има индивидуално когнитивно пространство, збир од колективни когнитивни пространства на тие заедници во кои тој влегува, и когнитивна база на таа национално-лингвокултурна заедница каде самиот е член.

Националното културно пространство – тоа е информациско-емоционално поле, виртуелно, а во исто време и реално

пространство во кое човекот постои и функционира и кој станува „допирлив“ при судир со појавите од друга култура. Тоа е форма на постоење на културата во свеста на човекот. Културното пространство – тоа е севкупност на сите индивидуални и колективни когнитивни пространства, тоа претставува различност на знаењата и претставите на носителите на ментално-лингвистичкиот комплекс. Во руското културно пространство, на пример, ќе влезат сите елементи на когнитивната база и сите составни делови на сите когнитивни пространства. Во културното пространство, исто така, влегуваат и стереотипите (стереотипите на однесување и стереотипните претстави).

Индивидуалното когнитивно пространство задолжително вклучува во себе не само елементи од когнитивната база, но и елементи на колективните когнитивни пространства, а исто така и индивидуални знаења и претстави за самата личност кои не секогаш се совпаѓаат со колективните (социумски или национални) пространства. Фрагменти на индивидуалното или колективното когнитивно пространство се таквите, како: каде имено, кога имено, што имено се случило; имињата на конкретни учесници во историската случка; знаења и претстави за различни дела (научни, литературни, музички итн.), посветени на одредено историско лице или случка итн.

Когнитивната база е неопходен задолжителен минимум на знаења, севкупност на национално-детерминирани и минимизирани претстави. Таа претставува општ дел, зона на пресек на севкупноста на знаења и претстави на се што влегува во една или друга национално-лингво-културна заедница. Когнитивната база е „центар“ на сите когнитивни пространства, служи како центар кој ги зацврстува и предопределува националните специфики, таа се проектира на руското културно пространство и влегува во него како негов неоткинлив дел. Когнитивната база не го вклучува во себе целиот вариетет на феномените, туку само тие кои се национално прецедентни.

Разлики:

1) Во когнитивната база вербализираните прецедентни феномени влегуваат како национално-детерминирани, миними-

зирани инваријанти на восприемањето, додека во исто време во когнитивните пространства можат да влезат не само тие инваријанти, туку и индивидуалните и колективни инваријанти на восприемањето, а исто така и знаењето на самиот прецедентен текст, прецедентна ситуација, а исто така одредени знаења и претстави за нив.

2) Когнитивното пространство и когнитивната база се разликуваат преку „целината" која ја опфаќаат преку внатрешниот простор и надворешниот размер.

Надворешниот размер е бројот на јазични личности за кои когнитивната севкупност е општа. Притоа когнитивната база не секогаш е поширока од колективното когнитивно пространство, бидејќи последното може да ги опфаќа претставниците на неколку различни национално-лингво-културни заедници, на пример, заедниците на христијаните или муслиманите, професионалните заедници итн.

Внатрешниот размер е „опфат" на севкупностите на знаења и претстави како такви. Притоа когнитивната база во секој случај е помала од индивидуалното когнитивно пространство, бидејќи, од една страна, во когнитивната база влегуваат не сите културни феномени, туку само инваријантите на нивното восприемање. Од друга страна, индивидуалното когнитивно пространство задолжително вклучува во себе не само елементи на когнитивната база, но и елементи на колективните когнитивни пространства, а исто така индивидуални знаења и претстави за самата личност кои не секогаш совпаѓаат со колективните (социумски или национални).

3) Когнитивната база има, во пред ред, хоризонтална структура, т.е. има центар и периферија, а културното пространство има и вертикална структура. т.е. има длабочина. Во длабинските слоеви на културното пространство влегуваат тие претстави кои потекнуваат од најстарите претстави, се поврзани со нив и претставуваат основни опозиции на културата. Овие опозиции носат универзален карактер, но нивните конкретни пројави и тежината во секоја конкретна култура се национално-културно маркирани. Во редот на таквите основни поими кои

имаат врски со првичните форми влегуваат опозициите „горе-долу", „далеку-блиску", „добро-лошо", „многу-малку", „свој-туѓ".

Когнитивната база е неопходен и задолжителен минимум на знаења, севкупност на национално-детерминирани и минимизирани претстави. Таа претставува посебен дел, зона на пресек на севкупните знаења и претстави на сите кои припаѓаат во една или друга национална-лингвокултурна заедница. Прецедентните феномени се централни елементи на когнитивната база која се создава од когнитивните структури (КС). Прецедентните феномени како елементи на когнитивната база исто така се создаваат од когнитивните структури и во форма на когнитивни структури се наоѓаат во когнитивната база. Когнитивните структури служат како еден вид „градежен материјал", како за прецедентните феномени, така и за когнитивната база. Прецедентните феномени, јавувајќи се како основни составни делови на когнитивната база, создаваат одредена конфигурација на последната и даваат специфичен облик.

Зад секој прецедентен феномен секогаш стои комплекс на когнитивни структури, како лингвистички, така и феноменолошки. Така, вербалните прецедентни феномени (прецедентното име, прецедентниот исказ) се создаваат и од едните и од другите. Вербализираните прецедентни феномени – пред се прецедентната ситуација – се претставени во когнитивната база во вид на комплекс на феноменолошки когнитивни структури, но сепак, при актуализацијата на прецедентната ситуација во комуникацијата „во дело стапуваат" лингвистичките когнитивни структури. Што се однесува до прецедентниот текст, во тој случај треба да се разграничи:

1. самиот текст (како вербален феномен) – и тогаш станува збор за два вида когнитивни структури;

2. инваријантата на неговото восприемање (како вербализиран феномен), и тогаш ние имаме работа, пред се, со феноменолошки когнитивни структури.

## ЗАКЛУЧОК

Прецедентните феномени претставуваат нова единица во лингвистиката, единица која ги обединува поимите текстуални реминисценции и интертекстуалност во уште поголема и зголемена целина на значења, што ги прави посебно интересни во проучувањето на применетите постапки и методи на предавање и изучување на странските јазици. Преку контактите со лингвистите кои се занимаваат со оваа проблематика вон Русија, забележлив е интересот за овие феномени и во многу други држави од Источна Европа, секаде изучувани и применувани заедно со сопствените национално-когнитивни бази. Примената на прецедентни феномени не само што е интересна и корисна за изучувањето на странските јазици, туку е интересна и во поглед на нивната примена во изучувањето на македонскиот јазик како странски, имајќи предвид дека во нашата секојдневна комуникација се служиме со прецедентни феномени кои се навлезени во нашата национално-лингвокултурна јазична свест.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. Вереѝ агин, Е.М., Костомаров, В.Г. (1990). *ß зû к и кулйтура*. Москва: Русскиé ўзû к;

2. Гудков, Д.Б. *Теориў и йрактика межкулйтурноé коммуникации*. Москва: Гнозис;

3. Караулов, Þ .Н. (1987). *Русскиé ўзû к и ўзû коваў личностй*. Москва: Наука;

4. Краснû х, В.В. (2002). *Ýтнойсихолинѓвистика и линѓвокулйтурологиў*. Москва: ИТДК Гнозис;

УДК 81
316.77

*Наташа АЛЕКСОСКА*

# ВЕРБАЛНАТА УЧТИВОСТ ВРЗ ОСНОВА НА МОДЕРНИТЕ ПРАГМАЛИНГВИСТИЧКИ ТЕОРИИ

Вербалната учтивост е тема што, несомнено, навлегува во сферата на прагматиката каде што настанува конвергенција на различни дисциплини како лингвистиката, аналитичката филозофија, социјалната психологија итн. Теориите за говорните чинови (Џ. Л. Остин, Џ. Р. Серл), конверзациските максими (Х. Грајс, Џ. Лич) и релевантноста (Д. Спербер и Д. Вилсон) ја сочинуваат основата на сите денешни истражувања.

Како што упатува етимологијата на терминот, потеклото на учтивоста, односно куртоазијата (courtoisie) треба да се бара во животот на кралскиот двор и влече корени од 12-тиот век од старофранцускиот збор *curteisie*[1]. Кај западните култури е релевантно дека на крајот на средниот век француските дворјани започнале да се разликуваат од „обичниот народ“ со создавањето на формален систем, кој послужил како социјална водилка: етикетата (*etiquette*), односно „препорачаното однесување“, кое произлегува од старофранцускиот термин *estiquette* со значење *белешка*, а се однесувало на малите картички со инструкции како треба да се однесува лицето правилно во кралскиот двор. Етикетата подразбирала форми на јавно однесување (на пример, кодификацијата на нормите на однесување на свадби и на

[1] *Le roman de Brut* од нормандскиот поет Wace (1155 год.).

погреби) и форми на приватно однесување (на пример, социјалното однесување со припадниците на двата пола).

Х. Хаверкате (1994: 11–17) смета дека социокултуролошката важност што и? се придава на етикетата е причината поради која родителите, и до денешен ден, се трудат да ги научат децата на постојните норми на учтивост. Иако учтивоста се смета за универзално човечко однесување, постојат интеркултуролошки разлики не само во поглед на формалната манифестација туку, исто така, и во поглед на интерактивната функција на нормите во секоја култура поединечно.

Нормите на учтивост го одредуваат стилот на вербална интеракција, но не влијаат врз содржината на тоа што се соопштува. Поинаку кажано, искажувањето учтивост само по себе не претставува автономен чин; тоа е чин што се реализира во рамките на говорниот чин. Врз база на класификацијата на Серл (1969: 33–42) можеме слободно да кажеме дека нормите на учтивост функционираат како регулативни мерки, односно како правила што ги регулираат формите на човечко однесување што постоеле уште пред да се формализираат тие правила. Затоа вербалната комуникација може да се реализира во целост и без да се применат нормите на учтивост. Едно лице што се однесува како да не постојат тие норми грубо ќе ги прекрши конвенционалните правила, но без никакви тешкотии ќе биде разбрано од другите луѓе. Од друга страна, нормите на учтивост комплетно се разликуваат од граматичките норми. Вербалната комуникација би била невозможна ако не се базира на формални правила што ја одредуваат структурата на лингвистичката порака. Оттука, лице што се однесува како да не постојат граматички правила нема да биде разбрано од другите луѓе.

За појасно карактеризирање на вербалната учтивост потребно е да се разјаснат уште неколку елементарни концепти. Начинот на кој му се обраќаме на едно лице не зависи само од нашата комуникативна намера туку и од серија други фактори, како што се степенот на доверба, разликите во возраста, хиерархијата итн. Со други зборови, помеѓу говорителот и слушателот постои тоа што К. Кербат-Орекиони (1992) го именува како *социјална врска*, која се темели врз две базични

оски: хоризонтална оска, која го одредува степенот на претходно познавање, степенот на доверба и блискост, кои резултираат со односи воспоставени на исто рамниште, односно на ниво на еднаквост; и вертикална оска, која воспоставува хиерархиски разлики врз основа на возраста, статусот, стекнатите знаења итн.

За начинот на кој социјално се поврзуваме во комуникацијата важни се уште два поима.

Првиот е *лицето (face)*. Е. Гофман (1967) ја сфаќа комуникативната активност како еден вид театарско дело во кое учесниците интерпретираат улоги што се дефинираат во текот на интеракцијата. Лицето не е тоа што реално го претставуваме, туку приказот што го создаваме за нас самите и што се стемиме да им го прикажеме на другите. Во врска со лицето се развива една серија ритуали што имаат за цел да се избегне нанесувањето штета на лицето на учесниците, односно да се поправи или компензира ако веќе се нанело штета.

Другиот клучен концепт е *територијата*. Во суштина, се работи за поим што се врзува за поделбата на просторот, но лесно може да му се даде психолошко и симболично значење со што би можел да се однесува на сето она што индивидуата го чувствува како свое и кое, во случај да биде загрозено, може да генерира конфликт. Постојат одредени теми што ги чувствуваме како приватни и за кои не сакаме да зборуваме, бидејќи тоа би претставувало мешање во нашата интима.

Овие два поима се камен-темелници на теоријата за вербална учтивост, која имаше огромни реперкусии во последните децении: објавувањето на *opus magnum* на П. Браун и С. К. Левинсон од 1987 год. насловено како „Учтивост. Некои универзални принципи во употребата на јазикот“ (Politeness. Some universals in language usage).

Според овие автори, секој член на општеството поседува свое јавно лице. Ваквото лице е формирано од мноштво споделени желби и има два комплементарни аспекта:

- *негативно* лице: желбата за слобода во дејствувањето, слободно контролирање на сопствената територија;

– *позитивно* лице: желбата да се биде ценет и прифатен од другите.

Во контекст на вербалната комуникација, се констатира дека постојат говорни чинови што се карактеризираат токму со загрозувањето на јавното лице на учесниците во некој од наведените аспекти. На тој начин постојат:

– *чинови што го загрозуваат негативното лице на индивидуата што ги реализира*: понуди, ветувања и сл., затоа што ја ограничуваат слободата да направи нешто или не;

– *чинови што го загрозуваат позитивното лице на индивидуата што ги реализира*: признавање, самокритика и сл., затоа што се самодеградирачки и ја доведуваат во опасност сопствената социјална слика;

– *чинови што го загрозуваат негативното лице на другиот*: барања, наредби и сл., затоа што навлегуваат во неговата територија и ја лимитираат неговата слобода да направи нешто или не;

– *чинови што го загрозуваат позитивното лице на другиот*: навреди, исмевања, критики и сл., затоа што ја загрозуваат неговата желба да биде ценет и уважен од другите.

Потенцијалот за загрозување што го поседува еден говорен чин се утврдува врз основа на следните варијабли (Brown, P. Ѝ Levinson, S. C. 1987: 76): *социјалната дистанца* помеѓу соговорниците (хоризонталната оска), *релативната моќ* помеѓу нив (вертикалната оска) и *степенот на наметнување* на говорниот чин, односно трошокот/користа што ќе ја генерира реализацијата на чинот за секој од соговорниците. Колку повеќе се зголемува една од овие компоненти, толку поголема треба да биде искажаната учтивост. На пример, во однос на последната варијабла, степенот на наметнување, не е исто од некого да се побара да ни го позајми пенкалото што му е на дофат или да се побара да ни позајми поголемо количество пари.

Учтивоста интервенира како корективна мерка за да се одржи социјалната рамнотежа и да се избегне конфликт. Во

зависност од јавното лице што се претпочита, разликуваме *позитивна учтивост*, ориентирана кон позитивното лице на соговорникот (покажување на интерес за него, покажување на емпатија, доверба и сл.) и *негативна учтивост*, која се грижи за неговото негативно лице: ништо да не се наметнува, да се ублажува кажаното и да не се загрозува територијата на другиот[2].

Врз база на изложеното, авторите востановуваат цела серија на стратегии, кои вербално можат да се изразат на најразлични начини. Секоја стратегија одговара на различните начини на поимање на социјалната релација со соговорникот. Ако ги подредиме според степенот на ризик за загрозување, од најмал до најголем, се добиваат следните пет основни вида:

1. отворени и директни стратегии што не водат сметка за јавното лице на другиот (во ситуации на блискост, јасна и нагласена хиерархија, екстремна итност и сл.): „*Измиј ги садовите веднаш!*";
2. отворени стратегии ориентирани кон позитивното лице: „*Ајде душо, те молам, ти измиј ги садовите, а јас ќе ја раскренам масата!*";

[2] Р. Лакоф (1973: 292–305) разликува три основни стратегии, кои ги формулира во вид на максими:

*1) Не ја наметнувај својата волја врз соговорникот;*

*2) Понуди опции;*

*3) Направи твојот соговорник да се чувствува добро; биди пријателски настроен.*

*Не ја наметнувај својата волја врз соговорникот* и *понуди опции* се стратегии што се применуваат за да се спречи соговорникот да се чувствува загрозен од директивниот чин, или, со други зборови кажано, говорителот со директивниот говорен чин навлегува во просторот на соговорникот наложувајќи му да реализира одредено дејство во корист на говорителот. Тој што ги почитува максимите 1) и 2) му става на знаење на соговорникот дека ја загрозува неговата слобода на дејствување. Накратко, кога избегнуваме да ја наметнеме нашата волја и нудиме опции, искажуваме молба, а не наредба: „*Дојди со нас или повеќе сакаш да останеш дома?*".

Примарна функција на третата максима не е да спречи соговорникот да се чувствува загрозен, туку да создаде во него впечаток дека се смета за почитуван и ценет човек.

Двата вида на учтивост, кои се манифестираат со помош на стратегиите 1) и 2), од една страна, и стратегијата 3), од друга страна, Р. Лакоф ги именува како *позитивна* и *негативна учтивост*.

3. отворени стратегии ориентирани кон негативното лице: *„Марко, ако не си зафатен, би можел да ги измиеш садовите? Нема ниту една чиста чинија.“*;
4. скриени стратегии: се навлегува во доменот на индиректни употреби на јазикот. Се даваат навестувања, кои му овозможуваат на соговорникот да ја разбере вистинската намера на говорителот: *„Мијалникот е полн со садови и веќе нема чисти чинии за вечера.“*;
5. избегнување да се реализира загрозувачкиот чин.

Делото на П. Браун и С. К. Левинсон (1987) е едно од највлијателните дела што ја третираат оваа проблематика, но исто така е предмет и на бројни критики. Особено му се припишува одреден етноцентризам, односно се обвинува дека моделот ја рефлектира учтивоста што доминира во западната култура од англосаксонски тип. Оваа критика не е во целост оправдана затоа што, од една страна, П. Браун и С. К. Левинсон континуирано наведуваат податоци од неевропски јазици и култури (малгашки, тамилски итн.) и, од друга страна, авторите јасно истакнуваат дека за универзални ги сметаат само општите принципи на моделот, додека примената варира од една култура до друга (1987: 283). Според тоа, универзално е јавното лице и потребата тоа да се заштити во односите со другите луѓе, додека конкретните фактори што одредуваат какво е посакуваното лице варираат во зависност од културата.

Можеби пооправдано е обвинувањето дека авторите презентираат една песимистичка и малку параноична визија за социјалните односи. Се чини дека еден човек не може да направи ниту чекор без да го загрози сопственото или туѓото јавно лице. Оттука произлегува и исклучителната важност што и ја даваат овие автори на негативната учтивост. Наспроти ваквите тврдења, К. Кербат-Орекиони (2004: 39–53) истакнува дека, освен чинови што го загрозуваат лицето, постојат и други што го постигнуваат токму спротивното: го валоризираат јавното лице на другиот. Затоа ваквите чинови се интринзично односно внатрешно учтиви и ги засилуваат социјалните односи: пофалбите, заблагодарувањата, честитките итн.

Во врска со вербалното искажување на учтивоста, немаме намера да понудиме исцрпна листа на учтиви формули, туку концизно ќе се задржиме на генералните стратегии, кои, иако не се ексклузивни за учтивоста, тесно се поврзани со неа: вербалните операции за ублажување (атенуација[3]) и засилување (интензификација). Ублажувањето е „стратегиска лингвистичка операција за минимализирање на кажаното и ослабување на гледиштето" (Briz, A. 2004: 230). Се работи за редуцирање, односно намалување на илокуторната сила, поправање на штетата, прикривање на вистинската намера со цел да се одбегнат можните последици и да се спаси лицето на соговорникот (или понекогаш сопственото) во ситуации кога се реализира тоа што во теоријата на вербалната учтивост се нарекува, почнувајќи од П. Браун и С. К. Левинсон наваму, *чин што претставува закана за лицето* (Face Threatening Act). И бидејќи најтипични чинови што претставуваат закана за лицето се директивните и асертивните говорни чинови, ублажувањето е карактеристично за *негативната учтивост*.

Автори што подлабински го имаат проучувано ублажувањето се Р. Мејер-Херман (1988: 275–290), В. Фрејзер (1980: 341–350) и К. Кафи (1999: 881–909) и сите тие имаат изложено многу лингвистички механизми не само за експлицитно туку и за имплицитно ублажување на исказите, на пример, преку метакомуникациски чинови, прашања за потврдување (англ. tag questions) или други механизми за дефокусирање на темата и/или деперсонализација на искажувањето. На тој начин, како што вели К. Кафи (1999: 883), „ублажувањето дејствува на повеќеслоен и повеќедимензионален начин, истовремено одразувајќи се врз мноштво лингвистички нивоа и интеракциски димензии".

Според К. Бланш-Бенвенист и Д. Вилем (2007) ублажувањето е еден од двата пола на модулацијата на дискурсот, чиј

[3] Во англиската литература од областа на прагматиката *ублажувањето* на исказот може да се сретне како *attenuation*, *mitigation* или често како *hedging*, а во домашната литература некои автори (на пример, д-р М. Кусевска) го користат терминот *омекнување*. Во сите случаи значењето е намалување на интензитетот на исказот со дадени јазични средства.

спротивен (комплементарен) пол е засилувањето (интензификацијата). Во одредени контексти засилувањето се чини како далеку поадекватна стратегија. Со примена на засилувањето, говорителот ги манифестира своите дела и мисли подиректно и поинтензивно. Во поглед на учтивоста, тоа подразбира навлегување на теренот на *позитивната учтивост*, која се одликува со блискост, доверба и отсуство на закана.

Ф. Гранде (2005: 332–339) преку конкретни примери ги илустрира овие две фундаментални стратегии, кои вербално можат да се изразат на најразлични начини (лексички, морфолошки, со стереотипни изрази и формули, фонетски и паралингвистички итн.):

– Ручекот беше добар. Ручекот беше одличен! (засилување, позитивна учтивост);

– Имаш направено грешка. (неутрално[4])
Цел ден само грешки правиш! (засилување, негативна учтивост)

Имаш направено една мала, неважна грешка. (ублажување, позитивна учтивост).

Како што веќе споменавме, начинот на кој еден говорен чин лингвистички се манифестира не зависи исклучиво од намерата на говорителот туку, исто така, и од *односот* што постои помеѓу соговорниците (степенот на доверба, хиерархијата итн.) и од ефектите што реализацијата на говорниот чин може да ги има врз таквиот однос (Escandel, M. V. 2004: 179–197). Овие ефекти можат да се измерат со помош на скалата на штета/корист на Џ. Лич (1983), која ни овозможува да направиме разлика помеѓу две големи категории на говорни чинови:

[4] Според Џ. Мej (1979: 134) ниту еден говорител, каков и да му е мајчиниот јазик, не е способен да се изразува во неутрална форма, неговите искази се учтиви или неучтиви, односно учтивоста е присутна или отсутна, не постои неутралност, односно средина. Ако се следи ваквата логика, исказот „*Имаш направено грешка*“ не може да се смета за неутрален, но во конкретниов пример неутралноста ја разбираме како исказ без применета стратегија за ублажување или засилување со што се разликува од другите два наведени исказа.

– *учтиви*: подразбираат корист за соговорникот и штета за говорителот и се типични за социјалните односи. Во нив влегуваат експресивните чинови (честитања, заблагодарувања, извинувања и сл.) и комисивните чинови (ветувања, покани и сл.);

– *неучтиви*: подразбираат некаква штета за соговорникот и одредена корист за говорителот. Тука се вбројуваат асертивните чинови и директивните чинови (совети, барања, наредби и сл.).

Лингвистичките последици што произлегуваат од оваа разлика се исклучително важни. Типично *учтивите* чинови се искажуваат на директен начин, без стратегии за компензација. Кај нив можноста за експресивно засилување е добредојдена.

Наспроти нив, чиновите што се сметаат за типично *неучтиви* налагаат примена на различни стратегии со цел да се компензира за неучтивоста во ситуации кога се сака да се одржи одредена социјална рамнотежа. Во вакви случаи ублажувањето е исклучително корисно.

Како пример за неучтиви чинови често се наведуваат директивните чинови. Со нив говорителот се обидува да го натера соговорникот да реализира дејство што е од корист за говорителот, на пример, искажувањето на барање или наредба. Да претпоставиме дека сакаме соговорникот да ја затвори вратата од просторијата во која се наоѓаме. За да ја искажеме таа намера, се наоѓаме исправени пред мноштво различни алтернативи. Можеме да прибегнеме кон директна формула како што е императивот: „*Затвори ја вратата!*“, која може да се ублажи со помош на маркерот за учтивост *те молам*: „*Те молам, Марко, затвори ја вратата!*“, или пак да се засили со помош на извик: „*Затвори ја вратата, човеку!*“ Исто така, можат да се употребат и глаголи што го означуваат дејството што се реализира: „*Те молам да ја затвориш вратата*“ (без модификација), „*Морам да те замолам да ја затвориш вратата*“ (со модификација). Подеднакво се корисни и формулите за искажување на негативна учтивост, таканаречените индиректни чинови: „*Можеш да ја затвориш вратата?*“, „*Ќе сакаш да ја затвориш врата-*

*та?*“ Воведувањето на кондиционалот, како резултат на метафоричкото дистанцирање што се искажува со него, додава дополнителна учтивост: „*Би можел да ја затвориш вратата?*“, „*Би сакал да ја затвориш вратата?*“ Од друга страна, инклузивното прво лице, кое е типично за несиметрични релации помеѓу соговорниците (на пример, меѓу родител и дете), може да послужи за искажување на симболична солидарна учтивост меѓу супериорниот говорител и неговиот соговорник (Haverkate, H. 1994: 183–184): „*Затвораме врата?*“ Секако, постојат и мноштво алтернативни изрази, кои можат да се окарактеризираат како *нeексплицитни* бидејќи прецизното значење на барањето единствено може да се одреди дедуктивно во многу специфични контексти. Степенот на учтивост исто така може многу да варира: „*Ej! Вратата!*“, „*Си ја оставил отворена вратата!*“, „*Ја затвори вратата?*“, „*Ладно е овде, нели?*“, „*Колку е ладно овде!*“, „*Ќе измрзнеме!*“ итн.

Ф. Гранде (2005: 332–339) укажува дека искажувањето на говорните чинови, било учтиви било неучтиви, е потребно да се разгледува и од друг аспект: еден ист лингвистички експонент може да се поврзе со различни комуникативни функции. Затоа треба да се избегнува негово поврзување со еден конкретен говорен чин. Таков е случајот, на пример, со императивот. Во најосновните граматички описи императивот се идентификува со изразувањето на наредби и на него се гледа како на неучтива постапка. Но, реалноста е многу покомплексна. Императивот може да манифестира интринзично учтиви чинови како што се поканите: „*Послужете се со супа, многу е добра!*“; желбите: „*Помини си добро!*“, „*Оздрави!*“; дозволите: „*Може да влезам? – Влезете, влезете!*“ (удвојувањето уште повеќе ја засилува учтивоста) итн. Повремено може да добие и вредност на кондиционал: „*Следи ги моите совети и нема да зажалиш*“, „*Положи и ќе ти купиме автомобил*“. Во рамките на директивните чинови, императивот се користи за искажување на молби, барања, наредби, совети, сугестии итн. Треба да биде јасно дека императивот сам по себе не е ни учтив ни неучтив. И кај императивните реченици (со одредена штета за соговорникот) примената на императивот не е секогаш неучтива (Haverkate, H.

1994: 165–166), на пример, во контексти на блискост: „*Душо, направи ми едно кафе со млеко!*“, или кога се работи за барање на дејства што не имплицираат голем напор. Наспроти ваквото богатство и разновидност на употреби на императивот, објаснувањата во граматиките општо земено се многу оскудни и ретко ги земаат предвид различните контексти на употреба.

Од дидактичка гледна точка на изучувањето како на мајчиниот јазик така и на странските јазици, јасно е дека не се очекува ученикот да научи опширни листи на различни алтернативни стратегии за искажување на иста комуникативна функција. Во секој момент треба да се имаат предвид контекстите во кои ваквите лингвистички постапки можат да се применат и различните степени на учтивост што се поврзани со нив. Наставата, особено по странските јазици, треба да биде контекстуализирана, затоа што, во спротивен случај, постои опасност ученикот да примени исказ во контекст што не е соодветен. Контекстуализацијата е важна затоа што и најконвенционалните формули за искажување на учтивост („*Можеш ли да ја затвориш вратата?*“, „*Би ти пречело ли да ја затвориш вратата?*“) со соодветна интонација можат да добијат неучтиви контекстуални вредности, кои изразуваат гнев, нетрпеливост, иронија и сл.

Оттука, дидактичките материјали што се користат за да се презентираат дадени јазични цели во текот на изучувањето на современиот македонски јазик, но, пред сè, на странските јазици, би можеле да се искористат за да се поттикне кај ученикот размислување за важноста на вербалната учтивост. Речиси е невозможно да се третира учтивоста без да се третираат теми од граматиката (личните заменки, заповедната форма, условниот начин итн.) или од комуникативните функции (поздрави, молби, наредби итн.). Се чини дека учтивоста има трансверзална природа, која, иако е повеќе поврзана со одредени граматички и комуникативни категории, всушност го засега поголемиот дел од нивоата на јазикот. Би можело да биде корисно ако вербалната учтивост им се доближи на учениците на еден поинтегриран и поглобален начин, посветувајќи и? едно посебно поглавје во кое, со примена на јасни и едноставни при-

мери, ќе се поттикне размислувањето за тоа што претставува вербалната учтивост и ќе се разјаснат основните дилеми:

– дека во која било комуникативна ситуација се соочуваме со две алтернативи: да се биде учтив или да не се биде учтив;

– дека употребата на учтивост не треба да се меша со употребата на формалниот јазик;

– дека можеме да бидеме учтиви на различни начини во зависност од аспектот на јавното лице што го претпочитаме;

– дека постојат две основни стратегии: едната е насочена кон емпатија (позитивна учтивост), а другата кон немешање, ненавлегување на теренот на другиот (негативна учтивост).

## ЛИТЕРАТУРА


Austin, J. L.: *How to do Things with Words*, Ed. J. O. Urmson, Oxford: Clarendon, 1962.

Blanche-Benveniste, C. Ѝ Willems, D.: *Verbes faibles à valeur épistemique en français parlé: "il me semble, il paraît, j`ai l`impression, on dirait, je dirais"*, CILPR XXV, Innsbruck, 2007.

Brown, P. & Levinson, S. C.: *Politeness. Some universals in language usage*, 2nd ed., Cambridge University Press, Cambridge, 1987.

Briz, A.: *Aportaciones del anáisis del discurso oral*, Vademecum para EL2, SGEL, Madrid, 2004.

Caffi, C.: *On mitigation*, JoP 31, 1999.

Escandel, M. V.: *Aportaciones de la pragmática*, Vademecum para EL2, SGEL, Madrid, 2004.

Fraser, B.: *Conversational mitigation*, JoP 4, 1980.

Goffman, E.: *Interaction ritual: Essay on face to face behavior*, Garden City, New York, 1967.

Grande Alija, F. J.: *La cortesía verbal como reguladora de las interractiones verbales*, ASELE XVI, 2005.

Grice, H. P.: *„Logic and conversation" – Syntax and semantics 3: Speech acts,* Eds. P. Cole Ѝ J. L. Morgan, New York, Academic Press, 1975.

Haverkate, H.: *La cortesía verbal*, Gredos, Madrid, 1994.

Kerbat-Orecchioni, Ch.: *Les interactions verbales II*, Armand Colin, Paris, 1992.

Kerbat-Orecchioni, Ch.: *Es universal la cortesia?*, Pragnatica sociocultural. Estudios sobre el discurso de cortesia en espanol. Bravo, D. Ѝ Briz, A. (eds.), Ariel, Barcelona, 2004.

Lakoff, R.: *The logic of politeness; or, minding your p's and q's*, Papers from the regional meeting, Chicago linguistic society, IX, 1973.

Leech, G.: *Principles of pragmatics*, Longman, London, 1983.

Mey, J.: *Pragmalinguistics. Theory and practice,* Mouton, Hague, 1979.

Meyer-Hermann, R.: *Atenuación e intensificación*, AEF 11, 1988.

Searle, J. R.: *Speech acts. An essay in the philosophy of language*, Cambridge, Cambridge University Press, 1969.

Sperber, D. Ѝ Willson, D.: *Relevance*. *Communication and cognition*, Blackwell, Oxford, 1986.

Wace: *Roman de Brut*, ed. I. Arnold, 2 vols., Paris, 1938-1940, стр.9031.

# Содржина

*Снежана* ВЕЛКОВСКА
90 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА БЛАГОЈА КОРУБИН ................. 9
*Олīица* ДОДЕВСКА-МИХАЈЛОВСКА
РЕЧНИКОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК – ЗНАЧАЈНА ПРИДОБИВКА НА МАКЕДОНСКАТА НАУЧНА МИСЛА ........ 17
*Живко* ЦВЕТКОВСКИ
СТАРО-НОВИ ПРОБЛЕМИ НА КОНГРУЕНЦИЈАТА ................ 23
*Еленка* СТОЕВСКА-ДЕНЧОВА
КОН ЕТНОЛИНГВИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ВО МАКЕДОНИЈА ........................................................................ 29
*Димиūар* ПАНДЕВ
МАКЕДОНСКАТА ВАРИЈАНТА НА ЦРКОВНОСЛОВЕНСКИОТ ЈАЗИК .................................................. 41
*Јаворка* МАРИНКОВИЋ, *Драīана* МАРИНКОВИЋ
САВРЕМЕНИ СТАТУС ИДИОМА УРБАНИХ СРЕДИНА У ЈУЖНОСЛОВЕНСКИМ ЈЕЗИЦИМА ............................................... 51
*Мери* МОМИРОВСКА
ОНОМАСТИКАТА И СТАНДАРДИЗАЦИЈАТА ......................... 59
*Лидија* ТАНТУРОВСКА
„РЕЧНИКОТ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК СО СРПСКОХРВАТСКИ ТОЛКУВАЊА“ – ОСНОВА ЗА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ РЕЧНИЦИ ................................................... 67
*Марија* ЛЕОНТИЌ
ПРИДОНЕСОТ НА ОЛИВЕРА ЈАШАР–НАСТЕВА ВО ЗБОГАТУВАЊЕТО, СТАБИЛИЗАЦИЈАТА И СТАНДАРДИЗАЦИЈАТА НА ТУРСКИТЕ ЛЕКСИЧКИ ЕЛЕМЕНТИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК .................................. 77
*Лилјана* МАКАРИЈОСКА, *Бисера* ПАВЛЕСКА
ЗА УПОТРЕБАТА НА РЕЛИГИСКАТА ЛЕКСИКА ДЕНЕС ...... 87
*Мирјана Т.* РУСЕВСКА
УЛОГАТА НА СОВЕТНИКОТ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ............................................... 101

*Благица* ПЕТКОВСКА
НАСТАВАТА ПО ПРЕДМЕТОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО НИЖИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ - СОСТОЈБИ ........ 121

*Билјана* МАЛЕНКО
УПОТРЕБАТА НА ПРЕДЛОЗИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ПИСМЕНОТО ИЗРАЗУВАЊЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО РАНАТА УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ ........ 135

*Фани* СТЕФАНОВСКА-РИСТЕСКА
ЛИНЕАРИЗАЦИЈА НА ИМЕНСКИТЕ ГРУПИ ЗАВИСНИ ОД ГЛАГОЛСКА ПРИДАВКА ........ 145

*Катица* ТОПЛИСКА-ЕВРОСКА
ЗА ГЛАГОЛСКАТА ЛЕКСИКА ВО ТЕМАТСКОТО ПОДРАЧЈЕ ХРАНА И ПОДГОТВУВАЊЕ ХРАНА ........ 153

*Снежана* ПЕТРОВА-ЏАМБАЗОВА
ЗА УПОТРЕБАТА НА МОДАЛНИТЕ ГЛАГОЛИ ........ 159

*Елизабета* БАНДИЛОВСКА-РАЛПОВСКА
АНТОНИМИЈАТА ВО СЕМАНТИЧКИОТ СИСТЕМ НА БОИТЕ ........ 165

*Снежана* ВЕНОВСКА-АНТЕВСКА
ТАВТОЛОШКИТЕ ДЕМИНУТИВНИ ОБРАЗУВАЊА ВО МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК - СТИЛСКА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА ИЛИ ПОТРЕБА ........ 177

*Наташа* ВОИНОВСКА
ЛОКАТИВНАТА ИНВЕРЗИЈА КАКО ФАКТОР ЗА ПОСТГЛАГОЛСКИОТ СУБЈЕКТ ВО ДЕСКРИПТИВНИТЕ РЕЧЕНИЦИ ВО ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК СО ЕКВИВАЛЕНТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ........ 187

*Катерина* СЕКОВСКА-АНЃЕЛОВИЌ,
*Кристина* НУШЕВСКА
УПОТРЕБАТА НА ОПРЕДЕЛЕН ЧЛЕН ПРЕД ПРИСВОЈНА ПРИДАВКА КАЈ ИМЕНКИ ШТО ОЗНАЧУВААТ БЛИСКО СРОДСТВО ВО ИТАЛИЈАНСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ........ 201

*Емилија* БОЈКОВСКА
ГРАНИЧНИ СЛУЧАИ НА МАКЕДОНСКИТЕ И НА ГЕРМАНСКИТЕ РЕЛАТИВНИ РЕЧЕНИЦИ: НЕОПРЕДЕЛЕНИ ЗАВИСНИ РЕЧЕНИЦИ ........ 217

*Симона ГРУЕВСКА-МАЦОСКА*
ЗА УПОТРЕБАТА НА ЛАТИНИЦАТА ВО КИРИЛИЧНИ ТЕКСТОВИ ........ 237
*Јане ЈОВАНОВ*
ПРЕЦЕДЕНТНИТЕ ФЕНОМЕНИ КАКО ФЕНОМЕНИ ВО ЈАЗИКОТ, СВЕСТА И КУЛТУРАТА ........ 243
*Наташа АЛЕКСОСКА*
ВЕРБАЛНАТА УЧТИВОСТ ВРЗ ОСНОВА НА МОДЕРНИТЕ ПРАГМАЛИНГВИСТИЧКИ ТЕОРИИ ........ 251